ВЕСЕЛИНКА ЛАБРОСКА

КИЧЕВСКИОТ ГОВОР

ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ - СКОПЈЕ
L'INSTITUT DE LA LANGUE MACÉDONIENNE „KRSTE MISIRKOV“ - SKOPJE

Посебни изданија, кн. 50 ● Éditions spéciales, livre 50

ВЕСЕЛИНКА ЛАБРОСКА

КИЧЕВСКИОТ ГОВОР

СКОПЈЕ 2008

Рецензенти:

академик Зузана Тополињска
д-р Марија Коробар - Белчева

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ Скопје

811.163.3'282.2(497.781)

ЛАБРОСКА, Веселинка
Кичевскиот говор / Веселинка Лаброска. - Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2008. - 321 стр. ; 21 см. - (посебни изданија / Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ ; кн. 50)

Библиографија: стр.315-321

ISBN 978-9989-640-81-0

а)Македонски јазик - Дијалекти - Кичево
COBISS.MK-ID 72553738

На мајка ми Лела,
од срце

Забелешка:

Поради технички пропуст, бројот на страницата
со кој се упатува низ *Текстовите*, треба да биде +3.

СОДРЖИНА

0. ВОВЕД 11
0.1. Скратеници на имињата на селата од Кичевско 19
I. ФОНОЛОГИЈА 21
1. Гласовниот систем 21
1.1. Современа состојба на вокалниот систем 21
1.2. Од историјата на вокализмот 27
1.3. Современа состојба на консонантскиот систем 29
1.4. Од историјата на консонантизмот 31
1.5. Други промени кај консонатите 34
2. Акцент 37
2.1. Општо за акцентот во кичевскиот говор 37
2.2. Акцентски целости 40
2.2.1. Акцентски целости со енклитички заменски форми 40
2.2.2. Акцентски целости со проклитики т.е. со заменски форми, со сврзници и др. пред глаголот 41
2.2.3. Акцентски целости од атрибут и именка 41
2.2.4. Акцентски целости од предлог и именски збор 42
II. МОРФОСИНТАКСА 45
3. Преглед на зборовните групи и на категоријалните парадигми 45
3.1. Именски зборови 45
3.1.1. Именки 45
3.1.2. Заменки 53
3.1.2.1. Лични заменки 53
3.1.2.2. Лично-предметни заменки 54
3.1.2.3. Показни заменки 55
3.1.2.4. Заменски придавки 55
3.1.3. Броеви 57
3.1.4. Придавки 59
3.1.5. Бројни придавки 62
3.1.6. Прилози 62
3.1.7. Глаголи 64
3.1.7.1. Вид 64
3.1.7.2. Категории начин и време 67
3.1.7.2.1. Индикативни (модално немаркирани) конструкции 67

3.1.7.2.1.1. Морфолошки (синтетски) глаголски конструкции ... 67
3.1.7.2.1.1.1. Презент (сегашно време) ... 67
3.1.7.2.1.1.2. Имперфект (минато определено несвршено време) ... 69
3.1.7.2.1.1.3. Аорист (минато определено свршено време) ... 71
3.1.7.2.1.2. Перифрастични („аналитички") конструкции ... 73
3.1.7.2.1.2.1. Перфект I и плусквамперфект I ... 73
3.1.7.2.1.2.1.1. Перфект I (минато неопределено време) ... 73
3.1.7.2.1.2.1.2. Плусквамперфект I (предминато време).. 74
3.1.7.2.1.2.2. Перфект I I и плусквамперфект I I (има - конструкции) ... 74
3.1.7.2.1.2.3. Конструкции од типот сум/бев дојден ... 75
3.1.7.2.2. Модално маркирани конструкции ... 76
3.1.7.2.2.1. Морфолошки модално маркирани конструкции ... 76
3.1.7.2.2.1.1. Императив (заповеден начин) ... 76
3.1.7.2.2.2. Перифрастични модално маркирани конструкции ... 77
3.1.7.2.2.2.1. Прохибитив ... 77
3.1.7.2.2.2.2. Кондиционал (ќе - конструкции) ... 77
3.1.7.2.2.2.2.1. Кондиционал praesentis (идно време) ... 77
3.1.7.2.2.2.2.2. Кондиционал praeteriti (минато идно време) . 77
3.1.7.2.2.2.3. Потенцијал (можен начин) ... 78
3.1.7.2.2.2.4. Оптатив (желбен начин) ... 78
3.1.7.2.2.2.5. Субјунктив (подреден начин) ... 78
3.1.7.3. Конструкции маркирани по статус - имперцептив (прекажаност) ... 79
3.1.7.3.1. Имперцептив ... 79
3.1.7.3.2. Имперцептив conditionalis (идно прекажано време) ... 80
3.1.7.4. Именски форми на глаголот ... 80
3.1.7.4.1. Глаголска л -форма ... 80
3.1.7.4.2. Глаголска придавка ... 81
3.1.7.4.3. Глаголски прилог ... 82
3.1.7.4.4. Глаголска именка ... 82
3.1.8. Предлози ... 83
3.1.9. Сврзници ... 84
4. Функционална анализа на граматичките категории ... 87
4.1. Реченица ... 87
4.1.1. Проста реченица ... 87
4.1.1.1. Граматички категории на конститутивниот член ... 88
4.1.1.1.1. Вид - внатрешна временска организација на дејството ... 88
4.1.1.1.2. Начин - односот кон категоријата фактивност ... 97
4.1.1.1.2.1. Модалност, употреба на глаголските начини ... 98
4.1.1.1.2.1.1. Употреба на кондиционал ... 98

4.1.1.1.2.1.2. Употреба на субјунктив 101
4.1.1.1.2.1.3. Императив, оптатив, прохибитив 104
4.1.1.1.2.1.4. Употреба на потенцијал 106
4.1.1.1.3. Прекажаност (категорија статус) 107
4.1.1.1.4. Време 109
4.1.1.1.4.1. Сегашност - средства 109
4.1.1.1.4.2. Минато 112
4.1.1.1.4.3. Иднина 118
4.1.1.1.4.4. Двојна сооднесеност: перфект и плусквамперфект 119
4.1.1.1.5. „Дистанцирани форми" - прекажаност 123
4.1.1.1.5.1. Адмиратив (односот кон фактивноста) 125
4.1.1.2. Дијатеза 126
4.1.1.3. Негацијата како доминантен реченичен предикат ... 128
4.1.1.4. Прашални искази 131
4.1.1.5. Валенција 134
4.1.1.5.1. Изразување падежни односи 134
4.1.1.5.1.1. Именски синтагми во номинативен однос 135
4.1.1.5.1.2. Именски синтагми во акузативен однос 140
4.1.1.5.1.3. Именски синтагми во дативен однос 144
4.1.1.5.1.4. Именски синтагми во инструментален однос 150
4.1.1.5.1.5. Именски синтагми во локативен однос 153
4.1.1.5.1.6. Именски синтагми во предикативен однос 157
4.1.1.5.1.7. Именски синтагми во генитивен однос 160
4.1.1.5.2. Комплементарни реченици 164
4.1.2. Сложена реченица 170
4.1.2.1. Конструкции конституирани од сврзнички предикати 170
4.1.2.1.1. Асоцијативна врска меѓу настаните 171
4.1.2.1.1.1. Конјункција 171
4.1.2.1.1.2. Адверсативна врска 174
4.1.2.1.1.3. Алтернатива 177
4.1.2.1.1.4. Сврзнички показатели на споредба 178
4.1.2.1.2. Сврзнички предикати - показатели на темпоралната врска меѓу настаните 179
4.1.2.1.3. Причински релации 182
4.1.2.1.3.1. 'причина' 182
4.1.2.1.3.2. 'последица' 185
4.1.2.1.3.3. 'концесија' 185
4.1.2.1.3.4. 'услов' 185
4.1.2.1.3.5. 'со оглед на' 187
4.1.2.1.3.6. 'цел' 188
4.1.2.2. Реченични трансформи 188

4.1.2.2.1. Апсолутни конструкции конституирани од нефинитни глаголски форми ... 189
4.1.2.2.1.1. Трансформи конституирани од глаголски прилог ... 189
4.1.2.2.1.2. Трансформи конституирани од глаголска придавка ... 191
4.1.2.2.1.3. Трансформи конституирани од глаголска именка ... 192
4.1.2.2.2. Предлошки трансформи ... 193
4.1.2.2.2.1. Предлошки трансформи од (од)глаголски именки .. 193
4.1.2.2.3.2. Предлошки трансформи со предлогот како единствен показател на предикатот ... 198
4.2. Именска синтагма (ИС) ... 200
4.2.1. Структура на именската синтагма ... 200
4.2.1.1. Придавските зборови како дополнителни членови на јадрената именска синтагма. Конкуренција со предлошките именски синтагми ... 203
4.2.1.2. Именка како дополнителен член на јадрената ИС ... 209
4.2.2. Количествена информација во ИС ... 210
4.2.3. Референцијална карактеристика на ИС ... 214
4.2.3.1. Именски синтагми со идентификуван референт ... 215
4.2.3.2. Именски синтагми со неидентификуван референт ... 221
4.2.3.3. Именски синтагми употребени генерично ... 224
4.2.4. Релативна реченица ... 226
4.2.5. Апозитивни определби ... 230
III. ОД ЛЕКСИКАТА И ОД ФРАЗЕОЛОГИЈАТА ... 233
5. За особеностите на лексичкиот состав во кичевскиот говор ... 233
5.1. Зборови од словенско потекло ... 234
5.2. Зборови по потекло од други индоевропски јазици ... 238
5.3. Зборови по потекло од турскиот јазик ... 240
6. Избрани фразеологизми ... 252
ЗАКЛУЧОК ... 254
CONCLUSION ... 265
ТЕКСТОВИ ... 274
БИБЛИОГРАФИЈА ... 315
КАРТА НА КИЧЕВСКИОТ ГОВОР ... 322

0. ВОВЕД

0.0. *Предмет* на обработка на овој труд претставува говорот на градот Кичево и неговата околина, анализиран на сите негови нивоа (фонолошко, морфолошко, синтаксичко и лексичко), но со посебен акцент на морфолошко - синтаксичкото ниво.

0.0.1. Градот *Кичево* се наоѓа во западниот дел на Република Македонија на 620 до 650 м надморска висина, распослан во централниот дел на Кичевската котлина. Оваа котлина е од сите страни оградена со високи планини: од источната страна е ограничена со планината Песјак и Кула, од јужната страна со Арбит, Баба Сач и Мусица, од западната со пространите планински масиви Бистра и Стогово, а од северната страна со Буковиќ, Корито и Добра Вода (Владо Матевски, Кичево и Кичевско 1998: 9). Низ Кичевската Котлина течат повеќе реки од кои главна е реката Треска, чија должина од изворот сè до мостот кај селото Дворци изнесува 32 км. Треска има неколку големи притоки, од кои најзначајни се Студенчица, Темница и Рабетинска Река, од левата, и Беличка Река од десната страна. Реката Студенчица извира од истоимениот извор кај месноста Д. Фрлогоец. Од овој извор се снабдуваат со вода за пиење жителите на градовите Кичево, Македонски Брод, Крушево и Прилеп. Освен со споменативе реки, Кичевската област е богата и со други помали реки и притоки, што го прават овој крај погодно место за живеење и за развој на земјоделие. Кичевската област изобилува и со разновидна флора и фауна. Пространите предели на листопадни шуми нудат поволни услови за развој на шумското стопанство, а природните пасишта се вистинско природно богатство за одгледување на добиток. Кичевскиот крај изобилува и со рудни богатства и тоа: јаглен, железна руда, бакар, манган и мермер.

0.0.2. Во самиот средишен дел на градот се наоѓа кичевското *Кале*, возвишение на кое се наоѓаат археолошки остатоци. Ова Кале го носи името *Китино Кале* и за него постои прекрасна легенда. Според легендата, со градот Кичево владеела сестрата на Марко Крале која се викала Кита и таа имала тука своја тврдина. Кога Муса

Кесеција ја нападнал Кита, таа побарала да ѝ помогне брат ѝ Марко, но пред да запеат првите петли. Арно ама, тоа утро петлите запеале порано и Кита, без да ја дочека помошта, се повлекла накај манастирот Кнежино. Муса ја стигнал и ја погубил, а манастирот го уништил. Кога втасал Марко, се судрил со Муса Кесеција кај манастирот. Марко Крале победил и се одмаздил за сестра си. На тоа место луѓето покажувале стапалки од коњот и траги од ударите на сабјата на Марко Крале. „И денес во синорот меѓу с. Кнежино и с. Осој се наоѓа камен што се нарекува *Маркова Стапалка,* каде што има стапки од коњот на Марко и белези од удари од неговата сабја – траги од борбата со разбојникот" (Олга Иванова 1999: 86). Оваа легенда, како и блискозвучноста на името Кита и името на градот Кичево, можеби има врска со значењето на името на градот (види: 0.0.3.2.) и се вклопува во поширокатa тенденција на народниот етимолог и раскажувач да ги поврзува имињата на сестрите на Марко Крале за одделни населби и места, од кои најголемиот дел се токму во овој регион – Кичевско, Прилепско и Поречијата (види: Олга Иванова 1999: 84-89).

0.0.2.1. Инаку, археолошкиот локалитет *Китино Кале* е утврдена населба од бронзеното и железното време и од средниот век. „На висок рид со две платоа, кој претставува најдоминантна точка во средишниот дел на градот се гледаат остатоци од темели од бедем и кули. По површината има фрагменти од керамички садови и градежен материјал. Најдени се и монети." (Гордана Димитриоска, Кичево и Кичевско 1998: 81-82).

Освен овој археолошки локалитет, во разгледуванава област се регистрирани 51 археолошки локалитет кои сведочат за постоење на населби на овој регион во разни историски периоди. Овие локалитети денес се внесени во *Археолошката карта на Република Македонија* (том II, МАНУ, Скопје 1996 година) и на некои од нив се вршат постојани истражувања.

0.0.3. Градот *Кичево* за прв пат се споменува во 1019 година, во грамотата на византискиот владетел Василиј II како место *Кицавис* кое, во црковен поглед, ѝ припаѓало на Охридската архиепископија и тоа по распаѓањето на Самоиловото царство. Во градот живеело племето *Брсјаци* кое се занимавало со земјоделие и сточарство.

Градот Кичево се споменува и во *Битолскиот (Кичевскиот) период* од крајот на 11 и почетокот на 12 век, каде што архиепископот Теофилакт ја споменува парохијата Κιτταβα, што е веројатно погрешно запишано наместо правилното Κιτζαβα. Во историјата на Георги Акрополит од 1250 е забележено την Κυτζαβιν...(Станковска

1995: 133). Во повеќето средновековни записи од 13 век и подоцна градот Кичево се бележи како ѕичава (в. 0.0.3.1.). Иако официјалното име на градот е *Кичево* (име добиено подоцна по аналогија на други топоними со *-ово/-ево)*, месното население сè уште го чува постарото именување *Кичава,* односно *Кичаа* според локалниот изговор, со губење на интервокалното *в.*

0.0.3.1. Според Петар Илиевски името *Кичава* е добиено од називот на реката *Кичава,* односно од постарото име на реката *Кичевска Река* или *Темница.* Хидронимот *Кичава* < **Кычава* е добиен со суфиксот *-ава* којшто обично означува 'води' 'реки' (пр. : *Бошава, Морава, Серава*, чешка *В'лтава* и др. реки по целата словенска територија). Основата **Кыч-* од **кык-* во **Кычава*< **Кык-јава* се доведува во врска со ие. корен **kĭk-* (*keuk-) 'крив, грбав' од ие. корен *qeu-/*qou-/*qu- 'свиен, крив', „а се мисли на завојот што го прави Кичевската река околу Калето" (Илиевски 1988: 513), сп. и стсл. апел. кыкъ 'завој, свијок', хрв. *kik* 'грба', срп. *окука* 'свијок', *кика* 'плетенка', лет. *kukurs, kukūms* 'грба, оток', лит. *kaukarā* 'брдо' (Дуриданов 1975, 62-63; Скок 1972, 79; Шиц 1957, 22). Оттука може да се заклучи дека хидронимот *Кичава* < **Кычава* <**Кык-јава,* всушност, е образуван од прид. **кукъ* ' крив, свиен' со суф. *-јава* и означувал 'крива река, река со свијоци'." (истото објаснување за името на градот Кичево го наоѓаме и кај Љ. Станковска (Станковска 1995: 135). Дека името на *гр̄адоѿ* е добиено од име на *река* сведочи и записот од Виргинската грамота на Константин Асен од крајот на 13 век (некаде пред 1300 година), со која ги подарува имотите на манастирот Св. Георги-Горг Скопски каде стои: шт Кичавѫ до Тѣдорова Дола (Мошин 1975: 190), како и записот од Милутиновата грамота од 1299 - 1300: ставши на оушчи шть Кичавє на Тоудорошь Дол (Мошин 1975: 227).

0.0.3.2. Називот *Киѿино Кале* исто така може да се доведе во врска и со името на градот *Кичево* < *Кичава.* Блаже Конески именувањето *Киѿ(к)а* го сврзува со митолошки мотив на кој упатуваат некои називи сврзани со паганскиот обичај да се китат свештени дрвја на култни места. Понатаму Б. Конески истакнува: „Најмногу нè тера да мислиме на митолошки мотив легендата за *Киѿа* во врска со *Киѿино Кале* или *Киѿин Град,* возвишение во самото Кичево, на кое се наоѓаат археолошки остатоци. Марко Цепенков раскажува за тоа во своите записи „Град Кичаа или Китино Кале" и „Село Кнежино (Кичевско), Кнежин манастир" (Б. Конески 1993: 9). Понатаму Б. Конески ја дава легендата за Кита (види: 0.0.2.) и укажува дека во оваа легенда може да се препознае

подновена варијанта на основниот мит за Громовникот и Демонот, каде што исто така насреде се јавува една женска фигура. Во литовскиот основен мит тоа е Дејве, жената на Громовникот, а во нашето предание тоа е Кита, сестрата на Марко Крале, којшто, пак, го заменил ликот на Громовникот. Се наложува претпоставката дека во самото име Кита се открива признак на некое паганско женско божество. „Може да се помисли дека личното име *Кита* се јавило во оваа сказна само поради созвучноста со името на *Кичево*, онака како што во преданието од Пореч женското име *Дева* се сврзало со *Девич*. Во истото предание се кажува, во врска со *Кичево*, не за *Кита*, ами за *Кича*. До толку поголемо значење придобиваат некои потврди од места, каде што вакви асоцијации по звукова блискост не можеле да се јават. Главна таква потврда е називот *Бански* или *Китин Рид* во синорот на с. Облавце (Кумановско)" (Б. Конески 1993: 10).

0.0.4. Во средниот век Кичево, како и другите македонски градови, потпаѓа под власта на средновековната српска држава. Кон крајот на 14 век Кичево потпаѓа под турска власт. Во 15 и 16 век Кичевската нахија се нашла во составот на Скопскиот пашалак. Со Кичево и со уште 30 села од неговата околија во 15 век владеел субашата Али-бег. Според пописот од 1468 година, Кичевската нахија опфаќала 142 села со вкупно 18.965 жители - христијани. Во градот Кичево, според овој попис, христијани имало 173 семејства и 12 неженети, а муслимани имало 31 семејство. Според пописот од 1569 година во оваа нахија веќе имало 480 муслимани. Бројот на христијаните во градот спаднал на 39 семејства, 16 неженети и 2 вдовици, а на муслиманите се покачил и изнесувал 77 семејства и 9 неженети (А. Стојановски, Д. Ѓоргиев: 2001: 106). Бројот на исламизирано население со текот на времето почнал да се зголемува, па во 18 век Кичево е еден од побројно исламизираните градови. Според пописот од почетокот на дваесеттиот век, Кичевската каза ја населувале околу 5000 жители, од кои половината биле Македонци, додека другата половина Турци и сосем мал број Албанци и други националности. Со падот на Турската империја и со завршувањето на Првата балканска војна, Кичево и Кичевијата конечно се ослободиле од петвековното турско ропство. Тогаш почнала да се менува констелацијата на населението во Кичевско, зашто најголем дел од турското население се иселило во Турција. Денес во Кичево и Кичевско има сосем мал број на Турци со мајчин јазик турски, како и значителен број Македонци со исламска вероисповест кои се декларираат како Турци, но кои не го говорат турскиот јазик. Денес,

за разлика од почетокот на 20 век, соодносот на населението е изменет во полза на албанското население кое е речиси половина од вкупното население во Кичевско. Така, според пописот од 1953 година Кичевската околија ја населувале вкупно 41.240 жители, од кои 20.878 се Македонци, 12.792 се Албанци, 6.600 Турци, 526 се Срби, 68 се Роми и мал број други националности; според пописот од 1961 год. вкупно имало 39.883 жители, од кои 21.194 се Македонци, 14.316 се Албанци, 3.468 се Турци, 447 се Срби и мал број други националности (Naselenie po narodnost i naselbi vo SRM, Skopje 1964: 35). Според пописот пак од 1994 година, Кичевската котлина ја населувале 51.973 жители, од кои 21.054 се Македонци, 26.100 се Албанци, 2.842 се Турци, 1.401 се Роми, 117 се Срби, а неопределени биле 504 жители. Само градот Кичево, според пописот од 1994 година, брои 25.129 жители, од кои 15.255 се Македонци, 5.902 се Албанци, 2.175 се Турци, 1.235 се Роми и само 99 се Срби; има и бројка од 471 жител кои национално не се изјасниле. Власите не се евидентирани во овој попис, не се знае од кои причини, иако тие реално постојат во градот Кичево и се околу педесеттина на број, но главно не го владеат добро влашкиот јазик. *

0.0.5. За *просветителската дејност* во Кичево и Кичевско голема улога одиграл манастирот *Св. Богородица Пречиста.* Овој манастир, познат уште како *Крнински манастир*, е едно од најмаркантните христијански просветно-културни светилишта во Западна Македонија. За тоа од кога точно датира овој манастир нема прецизни податоци. Од неколкуте скудни податоци, содржани во записот при препис на *Акатистот на св. Богородица* од 1857 година, дознаваме дека тука постоела мала црквичка која, по опожарувањето во 1558 година, била обновена во 1564 година, во времето на султанот Сулејман, на архиепископот Софроние и на епископот кичевски Герман (Јулија Тричковска, Кичево и Кичевско 1998: 57). Овој манастир одиграл посебно значајна улога во периодот на петвековното турско ропство. Тука се описменувале повеќе луѓе од Кичевскиот крај и се оспособувале за културно- просветна дејност, преку која ја буделе народната самосвест на населението од Западна Македонија. Особено изразена активност имал манастирот во 19 век, кога тука престојувале и работеле повеќе наши преродбеници, како Кирил Пејчиновиќ, можеби и Јоаким Крчовски, Партениј Зог-

* Податоците за Кичево - кога се споменува и каков бил составот на населението во минатото, како и оние што следуваат подолу, сметаме дека се многу битни со оглед на темата што ја обработуваме.

рафски, Васил Икономов и други. Од овој манастир потекнуваат два мошне значајни ракописа од црковнословенскиот период, имено *Кичевскиот зборник* и *Македонскиот превод на дамаскинот*, познат уште и под името *Крнински дамаскин.*

0.0.5.1. *Кичевскиот зборник* е еден вид ракописен устав, типик, закон за животот на монасите во манастирот. Овој ракопис датира од крајот на 16 и почетокот на 17 век. Тоа е огромен ракопис со мешан состав, пишуван ситно, во две колони на 457 листа. Не се знае точно дали е пишуван во Св. Пречиста, но се знае дека во 18 век се наоѓал во Крнинскиот манастир, според записот на стр. 125 од раката на Кирил Пејчиновиќ, а за Кирил Пејчиновиќ точно се знае дека до 1800 година бил во Пречиста. Денес овој ракопис се чува во Хлудовата збирка и се наоѓа во *Государственая библиотека* во Москва (Петар Хр. Илиевски, Кичево и Кичевско 1998: 64).

0.0.5.2. *Крнинскиот дамаскин,* пронајден во манастирот св. Пречиста, е многу значаен ракопис од крајот на 16 век (Петар Хр. Илиевски, Кичево и Кичевско 1998: 65). Овој ракопис е еден од најстарите преводи на *Дамаскиновиот зборник Thesauros* (*Сокровиште*) и ги содржи првите дваесет слова од вкупно 36 слова колку што има зборникот. Преводот го извршил епископот Григориј Пелагониски во втората половина на 16 век. Јазикот на којшто е пишуван дамаскинот е црковнословенски, но со многу елементи од народниот говор на западно македонско наречје, што сведочи за желбата на просветителите да им ги приближат проповедите на луѓето, на јазик којшто е разбирлив за сите.

0.0.5.3. Од манастирот Св. Пречиста потекнува и еден зборник со мешана содржина од 19 век, кој сега се наоѓа во *Универзитетската библиотека* во Белград. Овој зборник, покрај некои црковни служби и поменици, содржи девет Дамаскинови слова во слободна парафраза и неколку евангелски четива на чист мијачки дијалект (Петар Хр. Илиевски, Кичево и Кичевско 1998: 66).

Манастирот Св. Пречиста, со ширењето на идеите од дамаскинарската литература, одиграл многу значајна улога во зачувувањето на македонскиот национален идентитет и тоа не само во западна Македонија, туку преку дејноста на просветителите и во другите делови на Македонија. Овој манастир бил центар за ширење на просветителска активност, центар за чување на христијанската вера во времето на засилената исламизација, како и постојано прибежиште за народот од овој крај во различни тешки моменти од историјата. Меѓу другото, писмената дејност што се одвивала во овој центар е еден од условите што придонесле за зачувување на кичев-

скиот дијалект таков каков што е, со многу архаизми, народен говор којшто е вистински одраз на духот на народот на овој простор од нашата држава.

0.0.6. Освен манастирот Св. Пречиста, голема улога во доменот на духовната, културната и црковната историја има и манастирот *Свети Ѓорѓија* во селото Кнежино, познат како *Кнежински манастир*. Корените на овој манастир се многу стари. Постојат показатели и археолошки наоди за овој манастир од 4 до 5 век од нашата ера. Според историските записи, старата црква врз чиишто темели е изградено денешното црквиче, функционирала во времето на кралот Милутин (Гордана Димитриоска, Кичево и Кичевско 1998: 83). Според преданието, овој манастир бил од *Кита*, сестрата на Марко Крале, но бил срушен од страна на Муса Кесецијa (види: 0.0.2.). Дали има вистина во ова предание не можеме да знаеме, но факт е дека по поделбата на Душановата држава во Прилеп и во Кичевската котлина владееле Волкашин и Марко Крале (О. Иванова 1999: 88). Сè до рушењето на манастирот во средината на 18 век, тој извршил битна улога во зачувувањето на верските и културните традиции на овој простор.

0.0.7. *Кичевскиот говор*, иако изобилува со карактеристики што се интересни за проучување, освен во трудовите на Б. Видоески (види подолу), многу малку е проучуван. Затоа и Божидар Видоески во студијата за *Кичевскиот говор* од 1957 година истакнува: „Во оваа група говори, што ја сочинуваат основата на современиот литературен јазик, најмалку досега се знаеше за кичевскиот. Уводните белешки од Е. Спространов кон приказните од кичевското периферно село Црско, објавени во министерскиот *Сборникъ на народни умотворения, наука и книжнина,* (кн. XIX, София 1903, стр. I-III +1-131), се единствена литература во која непосредно се третира јазичната материја од кичевското јазично подрачје. Малку има публикувано од оваа област и фолклорен материјал“ (Видоески 1957: 31). Оваа забелешка за објавената литература во врска со кичевскиот говор, што Б. Видоески ја дал во 1957 година, сега ќе ја дополниме со сите трудови кои Б. Видоески ги напиша во својот плоден творечки опус, а се однесуваат на Кичево и Кичевско. Тоа се следниве трудови: *Кичевскиот говор* (MJ, VIII, 1, Скопје 1957, стр.31-90), *Говорот и топонимијата на кичевските села од тајмишката група. – I: Говор; II: Топонимија* (MJ, IX, 1-2, Скопје 1958, стр. 17-65: 1 к.), *Дијалектната база на македонскиот литературен јазик* (Предавања – VI семинар, 1973, стр. 1-10), *Централните говори* (Дијалектите на македонскиот јазик, том 1, МАНУ, Скопје 1998,

стр.189-212), *Западно наречје* (Текстови од дијалектите на македонскиот јазик, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје 2000, стр. 78-85) и сите други негови трудови кои третираат одделни дијалектни црти на целата македонска дијалектна територија, следствено и на дадениот регион (види: *Библиографија*). Во овие свои трудови Б. Видоески разработува најголем дел од фонолошките и морфолошките карактеристики на кичевскиот говор, сфатен во неговата целина, т.е. заедно со селата кои спаѓаат во ова дијалектно подрачје. Од тие причини ние, во овој труд, ќе направиме само сумарен преглед на фонолошките и морфолошките особености (со истакнување на измените што ги претрпел денешниот градски говор во споредба со периодот од пред четириесет години), а ќе се задржиме повеќе на морфосинтаксата и на функционалната анализа на збороформите. Анализата ќе ја правиме според семантички ориентираната синтаксе, застапена меѓу другото и во работите на З. Тополињска, односно ќе утврдиме на кои начини содржината на јазичното коминике се оформува на површината на текстот. За таа цел појдовна точка ќе ни бидат трудовите: *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, Синтакса I дел* (Скопје 1995), *Македонските дијалекти во Егејска Македонија, Синтакса II дел*, (Скопје 1997), како и другите трудови на З. Тополињска кои ја обработуваат морфосинтаксата на македонскиот јазик, било на дијалектно, било на стандардно рамниште (види: *Библиографија*).

0.0.8. Дијалектниот материјал што е обработен во овој труд е собиран на теренот на Кичево во текот на летниот период 2001 година од десеттина информатори од различна возраст. Повеќето информатори се, главно, родени во Кичево и тука постојано живееле. Подоцна се направени уште неколку пократки истражувања, со цел да се доуточнат некои податоци или да се дооформи сликата за некоја јазична појава.

Им изразуваме срдечна благодарност на сите информатори за времето што го одвоија и за нивната несебична желба со своите кажувања да придонесат во реализацијата на овој труд.

Правени се споредби и со дијалектниот материјал од *картотеката на МДА* при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков", како и со неколку *семинарски работи* за градот Кичево и неколку кичевски села кои се собрани од студенти на Филолошкиот факултет, под менторство на проф. Видоески, а денес се дел од *картотеката на МДА*. Користени се и материјалите од книгата *Македонски народни умотворби од Кичевско* од д-р Благој Стоичовски (Скопје 1992) кои во понатамошниот текст ќе бидат

посочувани со кратенката МНУК, како и приказните од книгата *Приказни од село Црско* собрани од Спиро Иванов, објавени во Софија, 1908 година (преобјавени во 2001 година во Скопје) кои ќе бидат посочувани под името Црско (примерите ексцерпирани од овие извори ќе бидат дадени без интервенции во начинот на запишување).

Иако описот направен во овој труд се однесува на градскиот кичевски говор, во анализата што е правена на морфосинтаксичко рамниште користени се и дијалектни материјали од кичевските села. Со оглед на фактот дека синтаксичките особености се заеднички за целиот кичевски регион и се поконстантни од фонетските особености (кои варираат од село до село, а впрочем за нив Б. Видоески веќе дал доволно податоци), заклучоците што ги донесуваме на морфосинтаксички план се однесуваат на целиот кичевски говор. Таму каде што некоја морфосинтаксичка црта се разликува на релевантен начин од некој соседен говор, правиме споредба и со тој говор. Секако најбитен параметар за споредување претставува стандардниот јазик и нормите што ги потврдила секојдневната практика. Најголем дел од примерите што се наведуваат во самата анализа се земени од дијалектните текстови, кои се наоѓаат на крајот од овој труд, и можат да се проверат во контекст.

0.1. Скратеници на имињата на селата од Кичевско

Ат -Атишта
Бел - Белица
Вид - Видрани
Вел - Велмевци
Вр - Вранештица
ГЦр - Големо Црско
Дуп - Дупјани
Ив - Иванчишта
ЈД - Јагол Доленци
Кар - Карбуница
Кн - Кнежино
Лаф - Лафчани
МЦр - Мало Црско
Мра - Мраморец
Ос - Осој
Ор - Ореојц
Под - Подвис
Пат - Патејц
Попл - Поплжани
Прос - Пространье
Пл - Пласница
Прег - Преглово
Раш - Раштани
Рус - Русјаци
Ст - Старојц
Чел - Челопеци

I ФОНОЛОГИЈА

1. Гласовниот систем

1.1. *Современа состојба на вокалниот систем*

Основниот вокален систем на кичевскиот говор се состои од 5 вокали исто како и вокалниот систем што е карактеристичен за стандардниот јазик:

и у
е о + р̥, л̥
а

1.1.1. Функција на силабеми вршат и сонантите /р̥/ и /л̥/ (поопширно за нив види подолу во текстот). Сите вокали во кичевскиот говор, без оглед на нивното потекло, се изговараат со средна висина како и во стандардниот јазик. Темниот глас отсуствува од вокалниот систем на кичевскиот говор. Дури и во заемки од турскиот јазик (со кои изобилува овој говор), турските гласови *ı* и *у* се предаваат со вокалот /*а*/ поретко со вокалите /о/ и /и/: *'алтан, б'акар, з'абан, јаз'ак, к'адар, к'алај, к'ана, с'андак* односно *ац'амилок, кал'абалок, ч'адор; боз'ација, кавг'ација, јаб'анџија* и др.

Вокалното /р̥/ се јавува во сите позиции што се карактеристични и за стандардниот јазик и претставува рефлекс на старото вокално *ъ. Примери: *врф, в'рот, вр'ончиња* ('последните пиперки што растат пред да падне слана'), *в'рба, гр̄ (По-т̄у́-гр̄ ст'ајој н'е-болат̄), г̄рло, г̄рклан, д'рво, з'рно, 'изрт̄и, крс–к'рстот̄, к'рсти, к'ршт̄евај, крф–крфта, прс, п'рстен, п'рут̄* (<*прхут̄ /прхот̄*), *прф-прва, рж, 'ржан, 'р́га, 'р́госан, рск'ајца, 'ртит̄, смрт̄, с'рна, срп̄, с'рце, тр̄н, т̄'рска, ц'рвен, црв'еника, ц'рква, ц'ркна, црн.* Вокалната компонента кај вокалното /р̥/ не се чувствува речиси воопшто (за разлика, на пример, од соседниот охридски говор каде што имаме двофонемна секвенца со изразен вокален елемент пред /р/; Видоески 1998: 248). Овде слоготворноста на сонатот „можеме да

ја опишеме како вдолжување што соодветствува на фонетската реализација на слоготворноста, како еден од елементите на зголемувањето на гласноста.“ (Савицка, Спасов 1997: 151). Оттука Божидар Видоески со право констатира дека вокалното /р̥/ во дел од централните говори, во коишто спаѓа и кичевскиот говор, има статус на одделна фонема бидејќи нејзината појава не зависи од контекстот (примери: *в'р̥от* (<*в'р̥вот*); *п'рут*; Видоески 1978: 80).

Вокалното /л̥/ пак, се јавува во позиција на местото на старото вокално *ļ. На фонолошко рамниште една од специфичностите на кичевскиот говор е токму овој рефлекс [ᵃ̆л] место вокалното *ļ во сите позиции. Притоа, како што истакнува Видоески, вокалниот елемент пред /л/ е со слаб интензитет, па слоговноста ја носи целата гласовна група, а не само /ă/, односно се работи за монофонемна секвенца што ќе ја означиме со вокалното /л̥/. Фонетската реализација на оваа фонема е иста како и кај вокалното /р̥/, т.е. се работи за зајакната продолжена реализација на сонантот. Примери: *б'л̥ва* (но и *б'л̥а*), *б'л̥ват* ('повраќа'), *вл̥к, в'л̥на, г'л̥тка, г'л̥тај, д'л̥го, жл̥т, ж'л̥тица, ж'л̥чка, з'ал̥скат, з'асл̥ни, 'издл̥жи, ј'абл̥ко, к'л̥баси, кл̥к, к'л̥кат, к'л̥фат (св'ездите и-к'л̥фат), 'л̥скат, м'л̥зет, мл̥зница, н'апл̥ни, п'л̥жаф, п'л̥ни, с'л̥зи (Дробни сл̥зи истуруам,* МНУК: 126), *с'л̥нце, ш'л̥чет, ш'л̥чник.* Ваков рефлекс сретнуваме дури и во позиции каде што не се работи за старо вокално *ļ туку за старото *ъ: *м'л̥кнет, 'измл̥кна* (*Се-'измл̥кна от-кај-кап'инката..* од стсл. млькнѫти). Дека во оваа позиција имаме вокално /л̥/ доказ е и фактот што понеписмените кичевчани овој глас го предаваат во пишувањето само со буквата *л* (*влна, млзет*) (Видоески 1957: 48-49). Меѓутоа, ваквиот изговор сè уште целосно се чува само кај најстарите генерации кичевчани. Помладите генерации (помлади од четириесетина години) го изговараат овој глас само во лексеми чија литературна форма не е многу фреквентна (пример: *кл̥к, к'л̥фат, к'л̥кат: Н'е-можа да-к'л̥ка п'ојќе*). Во другите лексеми веќе регуларно се изговара двофонемниот рефлекс */ол/* што е карактеристичен за литературниот изговор (*волк, в'олна, д'олго, жолт, к'олбаси).* Во другите македонски дијалекти вокалното /л̥/ се чува уште во малореканскиот говор (в. Облак 1994: 68, Белиќ 1935: 104 -105), и во говорот на костурското село Бапчор (в. Лаброска 1993: 314).

1.1.2. Сите вокали во кичевскиот говор се реализираат исто без разлика во која позиција се наоѓаат, под акцент или надвор од акцентиран слог. Отвореноста на вокалите е иста како и во стандардниот јазик и во тој поглед кичевскиот и поречкиот говор прават

една целина и се издвојуваат од битолскиот и од охридскиот говор каде што имаме поширок изговор на вокалите (посебно во охридскиот говор, сп. Видоески 1998: 248). Извесна отвореност во изговорот се создава кај фонетски долгите вокали кои се резултат на контракција на вокалните секвенци (види: 1.1.3.4.).

1.1.2.1. Позатворен изговор се сретнува само кај вокалот /о/, дури и негов премин во повисокиот корелат /у/. Овој премин во кичевскиот говор не е обусловен од акцентот, туку од соседството на заднонепчените *г* и *к*, појава што е позната во повеќе западни говори. Во градскиот кичевски говор како посебно впечатлив е изговорот на синтагмата *к'о̰ј-знајт̄ / к'уј-знајт̄ (К'уј-знајт̄ кај-му-'е-летнал Саше на-'играње)*. Во говорот на селата се сретнуваат и други вакви примери: *бог̄о̰р'ојца, г̄о̰јдо, г̄о̰јдар, г̄о̰спот̄, г̄о̰лем, ко̰м'исија, ˣо̰јше, ˣо̰јт̄* (Видоески 1957: 37).

1.1.2.2. И други измени кај вокалите имаме главно кај вокалот /о/ кој во повеќе лексеми е заменет со /у/: (кај прилозите) *к'олку, мн'ог̄у, т̄'олку; м'о̰кум, н'ичкум;* (премин пред /м/ и во следниве лексеми) *с'едум, 'осум, су(м);* (во наставката *-ош) *л'иг̄уш, в'арш; 'еднуш, в'еднуш, 'одеднуш;* (кај придавките) *дл'абук, во длаб'уконо, 'уг̄ол-г̄'ол;* (во поздравот) *добр'утр̄у.*

1.1.2.3. Губење на вокалите имаме редовно на граница меѓу клитика и акцентоген збор, ако акцентогениот збор почнува со вокал или меѓу два акцентогени збора, ако на нивниот спој се јавуваат два вокала, или меѓу две клитики, ако втората почнува со вокал (при што секогаш се губи првиот вокал): *с-'исп̣нит̄, за-да-г̄-'удрит̄, д-иб'ереме, ќ-и-р'едефме, в-'онаква, с-'оп̄улиф, д-и-п̄'омог̄нет̄, да-с-'от̄ворит̄, ќе-т̄-уп̄'ејат̄, ја ќе-в-'однеса, т̄а: н-'однесе, ш̄т̄-уб'о:-је, добр-'утр̄у, уш̄т̄-'еднуш* и сл. Оваа појава е карактеристична за македонскиот јазик, а особено доаѓа до израз во говорите со третосложен акцентски систем (Видоески 1957: 43).

1.1.2.4. Кај вокалите, поради губењето на интервокалното *в* и други консонати (*ј, х, д*), имаме појава на многу вокални секвенци, кои, понатаму, има тенденција да се отклонат од системот. Тоа отклонување се врши на различни начини, или со контракција и добивање на еден долг вокал, или со измена на вториот вокал во неслоговно [i̯] (ова важи за вокалните секвенци со вокалите /е/ и /и/ како втор вокал, види: 1.1.2.6.), или пак со вметнување на /ј/ меѓу двата вокали за да се избегне хијатот.

Најголем дел од еднородните вокални секвенци преминуваат во еден долг вокал, а само мал дел од нив остануваат неизменети, што се совпаѓа со општата тенденција на колоквијалниот изговор во

македонскиот јазик (сп. Савицка, Спасов 1997: 55). Не е секогаш лесно при слушањето да се утврди дали се работи за два еднородни вокали или за еден долг вокал. Ние се потрудивме да ја претставиме ситуацијата така како што го слушавме изговорот на терен. Ако е вокалната секвенца од два исти вокали најчесто доаѓа до контракција, па се добива еден долг вокал. Примери: *б'ара:т (<бараат), б'ега:т (<бегаат), в'етка: (<веткава), в'ика:т (<викаат), гл'а:та (<главата), гл'еда: (<гледаа), д'еца: (<децава), др'уго: (<другово), 'едно: (<едново), изв'идо: (<извидоа), к'оши: (<комшии), к'оса: (<косава), мр'ежа: (<мрежава), нег'о:то (<неговото), пра:т (<прават), сп'ука: (<спукаа), та: (<таа), т'епа:т (<тепаат) 'уба: (<убава), ч'ува: (<чуваа)*; но има и случаи каде што се слушаат два исти вокали: *з'аслаај (<заслагај), п'оојт (< пооди), поотв'орено* и сл., и, како што се забележува, овде се работи за вокални секвенци кои имаат разликувачка функција, за да не дојде до нетранспарентност на значењето на самиот збор (најчесто двата вокала се наоѓаат на меѓуморфемска граница и се јавува неможност на контракција во еден долг вокал).

Во вокативните форми од типот *Драг'ице:!, Бој'ано:, Мил'ево:! Брај'ане:!* (Видоески 1957: 60), има продолжено изговарање на вокативната наставка, па често се добива впечаток дека се работи за слеан изговор на два вокала. Ваквиот впечаток е поткрепен и со фактот дека доаѓа до поместување на акцентот за еден слог наназад (на пенултима), за разлика од акцентирањето на истите вокативни форми придружени и со повикувачки збор кај кои акцентот е на антепенултима, а долг вокал нема: *О, М'илане!, Ори Б'ојано!*. Во првиот случај се работи за посебно истакнување на зборот во реченицата, со специјална нијанса на емоционалност, а во вториот случај за обично повикување (Видоески 1957: 60).

Кај вокалните секвенци од два различни вокали, доаѓа прво до прогресивна асимилација, вториот вокал се асимилира спрема првиот, а потоа доаѓа до контракција. Примери: *гл'е:ме (<гледаме), д'адо: (<дадоа), д'ојдо: (<дојдоа), д'р̨же: (<држеа), з'ато: (<затоа), изв'идо: (<извидоа), м'еле: (<мелеа), н'ег: (<негова), 'о:ње (< одење), 'ожне:т (<ожнеат), 'осно: (<основа), ост'ане: (<останеа), п'осто: (<постоја), се: (<сега), с'еде: (<седеа), сто:т (<стојат), то: (<тоа), 'успе:в (<успеав)*. Исклучок од принципот на прогресивна асимилација кај разнородните вокални секвенци имаме во случаите кога морфолошкиот завршеток го попречува тоа, па така имаме *к'олко:* (< *колкаво*) за да се разликува од формата за женски род *к'олка:*

(<колкава). Истово се случува и кај други придавски форми: *'убо: : 'уба:, кр'асто: : кр'аста:, п'ало: : п'ала:* и сл.

1.1.2.5. Должината на вокалите добиена на овој начин во кичевскиот говор (како и во други западни говори, види: Видоески 1999б: 117) е секундарна, но во некои позиции има разликувачка вредност, на пример: *к'оза* (нечленувано) / *к'оза:* (членувано <козава); *м'ака / м'ака:* (<макава); *ч'едо / ч'едо:* (<чедово) и сл. Од примерите може да се забележи дека оваа разликувачка вредност на должината е изразена само кај двосложните именки каде што не доаѓа до промена на местото на акцентот. Кај тросложните именки пак, акценот во членуваната форма се наоѓа на пенултима затоа што се работи всушност за две мори, односно границата на слогот поминува низ долгата самогласка, па така членуваната форма акцентски се разликува од нечленуваната: *к'апинка* (нечленувано) / *кап'инка:* (членувано <капинкава). Со право тврди Б. Видоески дека на должината на вокалите не можеме да и дадеме статус на дистинктивен признак (Видоески 1999б: 118), а ова мислење е прифатено и во однос на ситуацијата во стандардниот јазик (Савицка, Спасов 1997: 56).

Должината на вокалите доведува понекогаш до извесна поголема отвореност во изговорот којашто е поизразена во некои села од пограничјето со охридскиот и демирхисарскиот говор на север и североисток до Голема Река (Б. Видоески 1957: 39) каде што „двете самогласки се стегнале по таков начин што дале нов квалитет, најчесто дифтоншки глас (*ќе бро^{а} <бро(ј)а, бро^{а}т, сно^{а}т, се засто^{а}ф* итн.) (Видоески 1957: 39).

Во говорот на селата северно од линијата Мало Црско - Цер, па до Голема Река наместо асимилација и добивање на долг вокал, кај вокалната секвенца */еа/* имаме појава на дифтонг (Видоески 1957: 39) кој не е карактеристичен за градскиот кичевски говор. Сп. *б̯е: (< беа)* Кичево : *бја (< беа)* Цер, *ж'ивеит (<живеат)* Кичево : *ж'ивјат* Иванчишта; *прогледа* (Кичево) : *пр'оглја: (<проглеа<прогледа)* Вранештица. (види: Видоески 1998: 196).

Освен со контракција на двата вокали, хијатот во кичевскиот говор се отклонува и со вметнување на глајдот /j/, појава што е карактеристична за повеќе македонски говори (сп. и во стандардниот јазик Б. Конески 1981: 102, Савицка, Спасов 1997: 60). Примери: *што-је-'уба:, н'еја, п'ијет, т'аја,* и др. Во вакви позиции глајдот /j/ има статус на факултативна фонема, може да се појави, но и не мора. Фактот дека и во нашиот стар јазик во погоре наведените примери

постоела фонемата /j/ (ѥѣ, ѣ, пиѥтъ), не наведува на помислата дека ова /j/ можеби е стара фонема, па примерите со /j/ ја отсликуваат постарата состојба, а оние со неговото губење се понова појава предизвикана од општата тенденција за скратување на зборовите со губење на интервокални консонанти.

Треба да нагласиме дека не доаѓа до менување на вокалните секвенци кај оние лексеми кај коишто би дошло во прашање значењето на дадената лексема, односно имаме семантичка блокада како во примерот: *ж'иоѳоф (<животов), ѳеесеѳ, девеесеѳ (< ѳедесеѳ, деведесеѳ)* или имаме морфолошка блокада односно не доаѓа до асимилација на вокал којшто е носител на дадена граматичка категорија: *д'еѳео* (<детево), *друг'аркие, д'уњие, ем'ишие, каѳ'инкие* и сл.

1.1.2.6. Вокалните секвенци кај коишто вториот вокал е /e/ обично се менуваат во кичевскиот говор на тој начин што ова /e/ преминува во неслоговно [i̯] (овој алофон во сите примери ќе го обележуваме со /j/) односно во /j/. Примери: *бајѳ, вејѳ, в'еѳрејѳ, г'ојдо, грејѳ, дајф, ж'ивејѳ, знајш, ј'азојц, клајш, м'р̩ѳојц, 'ојше, ѳ'ојќе, ѳосѳ'ојше, ѳрајл, сѳ'ојше, ѳк'ајме, ѳ'р̩гојц, 'удајн, чојк.*

Исто така и во суфиксот *-ува,* по губењето на интервокалното *в,* секвенцата *уа* преминува во *уј*: *бол'едујл, зб'еснујѳ, к'упујѳ, к'ажујѳ, м'енујф, нав'алујѳ, огл'увнујѳ, ѳовер'ујле, ѳок'ажујф, ѳотв'р̩дујѳ, ѳ'очнујѳ, ѳрецѳ'авујл, ѳрибл'ижујѳ, разм'ислујѳ, сн'ајдујф, с'онујѳ, св'ирнујш, сѳан'ујла (*но и *ѳовер'увале, цар'увале).*

Во вокалните секвенци со /u/ како втор вокал исто така е регистриран премин на /u/ во [i̯] односно /j/, ситуација што е карактеристична за поголемиот дел од македонските западни дијалекти (Видоески 1950: 15). Примери: *Блаж'ејца, број'ојѳе, 'извајл, Кр̩сѳ'ејца, кум'ојѳе, л'ајца, н'ајрајѳ, најр'ајфѳе, 'олкај, 'осѳај, син'ојѳе,* и др. Во селата коишто гравитираат кон Охрид и кон Битола имаме појава на метатеза во зборови од типот *варе*ница> *варе*инца при што доаѓа до образување на дифтонг: *вар'ејнца, машѳ'ејнца, бодин'ајнца, бр̩к'ајнца.* Овие примери не се карактеристични за градскиот говор каде што изговорот на овие лексеми е како во стандардниот јазик: *машѳ'еница, бодин'аница, бр̩к'аница, миж'аница.*

Во сите погоре наведени примери во кои има промени на вокалните секвенци, може да се забележи дека кај тросложните и повеќесложните зборови акцентот визуелно останува на пенултима. Тоа ни дава за право да констатираме дека секвенците од вокал и

неслоговното [i̯] претставуваат дифтонгоиди со две мори (Видоески 1978: 80) и акцентот фактички е антепенултимски.

1.2. *Од историјата на вокализмот*

Овде ќе се осврнеме на континуантите на веќе непостојните фонеми од нашиот стар јазик, кои се карактеристични за кичевскиот говор.

1.2.1.***ъ̥***. Во кичевскиот говор темниот вокал *ъ̥ во јака позиција е заменет со /е/. Примери: *Велиг̄ден, ден, д'еној, лен, л'енен, 'овес, 'орел, 'остен, п'етел* (но *п'етли), р'аздени, разд'енујт̄, св'етец, с'ег̄а/се:, се-ст̄'емни, ш'емница, ш'емно, б'олен* (но *б'олна, -о, -и), в'олнен, г̄л'аден, зл'атен, л'аден, стр'ебрен, ш'есен; п'алец,* (но *м'р̥тојц* поради промена на *ое* во *ој*, види: 1.1.2.6.), *показ'алец, св'етец; бр'ашенце, ј'аг̄ненце* и др.

1.2.2.***ъ̥***. Темниот вокал од заден ред *ъ̥ во кичевскиот говор дал рефлекс /о/. Примери: *бос, б'очва, б'очвиште, во (во-с'елото), в'ошка, дош, д'ождлиф, дожд'овница, з'олва, з'олвичка, моф, н'ошви, со (со-к'ола), сон;* во суфикси: (-ъкъ) *м'озок, н'изок, п'еток, ч'етврток, ш'анок,* (-ъвъ) *к'акоф,* во членската морфема: *б'убрег̄от, дв'орот, м'ажот, н'осот, п'атот, с'удот.*

Лексемите *б'аздит, сна:* и *ч'аштит* (со значење 'споменува некого') во споменативе форми се употребуваат и во други наши централни и западни говори (Видоески 1957: 44; 1962: 40).

Групите **сvь-* и **зvъ-* во кичевскиот говор дале *цу-, зу-: з'унит, цут, ц'утит, р'асцути / р'афцути.*

1.2.3. ***ę***. Носовката од преден ред, како што е во најголемиот дел од македонската јазична територија, го дала рефлексот /е/: *г̄р'еда, д'евет, д'есет, ж'етва, зет, д'омазет, м'есо, ог̄л'едало, пет, п'ета, п'еток, рет, р'едој, ч'едо, бр'атучет.* Во позиција зад *ј*, поради познатата замена на носовките што се одвивала на теренот на западна Македонија, *ę преминало во *ǫ, па примерите што ја илустрираат оваа замена ќе ги дадеме во прегледот на рефлексите на *ǫ.

1.2.4.***ǫ***. Носовката од заден ред *ǫ на територијата на кичевскиот говор ги дала следниве рефлекси. Како основен рефлекс е вокалот /а/: *вн'атре, г̄'аба, г̄'азер, г̄ас, г̄ас'еница, г̄н'асен, г̄р'ади, г̄'улаб, дат, дл'абок, длаб'очина, зат, з'абите, заз'абица, з'абле, ј'аг̄лен, ј'адица, ј'аже, ј'азол, ј'аток, к'аде / кај, к'адела, к'адраф, к'адри, к'атет, к'атинка, к'атник, м'адро (С'еди-си м'адро да-не-ј'адеш м'одро), м'ака, м'атна, маш, м'ажиште, п'ајак, пај'ажина, пат, п'атека, п'атник,*

по̄г'азечки, п'онада, пра̄т, раб, ра'би, р'ака, р'акаф, рак'ајца, р'акашка, р'ачка, с'аботта, сак, скај, скај'отија, ст'апало, т'аг̄а, т'ажит, т'апан, тај'анција, тр'аба, тр'ат. Истиот рефлекс за носовката од заден ред го имаме и во морфемите: *б'ера, 'има, ј'ада, к'оса, н'оса* (прво лице презент); *'б'ерат, 'имат, ј'адат, к'осат, н'осат* (трето лице множина презент); *'има:, к'оја:* (трето лице мн. имперфект) и во суфиксот *-на-: д'иг̄нал, п'аднал, л'ег̄нал.* Овде ќе ги наведеме и примерите каде што имаме стара замена на *ę со *ǫ зад *j*: *ј'аг̄ула, ј'адро, ј'азик, ј'ат̄рва, ј'ачмен, з'ајак.*

Лексемите во кои за носовката од заден ред имаме рефлекс */у/* се импорт од северните дијалекти: *вр'уќина, г̄рут̄ (г̄руба), г̄'уска, к'уќа, суд, с'удија, расп'ушило, тр̄ут̄.* Лексемите *б'убрек, н'ужда, 'оружје, 'оскуден* и *с'уредит̄ - сур'едувај̄т* претставуваат стари дублети.

1.2.4.1. Остатоци од назализмот во кичевскиот говор речиси и да нема. Во материјалот собран во градот Кичево ги регистриравме само лексемите *г̄анзало* и *ј'анза.* Според Б. Видоески во кичевските села се сретнуваат уште и лексемите: *г̄'анг̄лиф, г̄'анг̄ало, ганг̄'олешко* и *г̄'анг̄олит̄* и сите овие лексеми се познати и во другите централни говори (Видоески 1957: 48).

1.2.4.2. Кон оваа група примери ги приклучуваме и следниве лексеми: *л'аг̄а, л'аже, л'ажг̄о, л'ајца, м'аг̄ла* каде што т.н. секундарен ер *$ъ_2$ во коренскиот слог дал рефлекс идентичен со рефлексот на *ǫ и тоа не само во кичевскиот говор, ами и во другите македонски говори.

Различни рефлекси за т.н. секундарен ер имаме пред финалните *-р,-л, -м* и *-н*: *б'истар, в'едар, в'ејар, в'ејтар, д'обар, 'ит̄ар, м'одар; п'екол, т'опол,* (и во глаголските *л* - форми) *р'екол, м'ог̄ол; с'едум, 'осум, с'у(м); 'ог̄он.* Како што се гледа од примерите освен пред *-р*, пред другите сонанти главно се јавува вокалот *о* кој понатаму пред *-м* преминал во *у*. Финалната група *-*tr* во поглед на својот развиток не е единствена во кичевскиот говор. Во градскиот кичевски говор, примерите што ги наведовме погоре, освен со рефлексот */а/*, можат да се слушнат и со затворено [ą] како позициска лексикализирана варијанта на */а/* пред */р/*, па дури и со вокално /ǫ/: *б'истąр, м'одąр,* но и *мод'ąкамен, д'обąрден* (поздравот 'добар ден') во усталени синтагми од овој тип. Како што истакнува Видоески вокалното /ǫ/ во оваа позиција може да претставува една постара фаза во развитокот на *-tr. (Видоески 1957: 46). Судејќи според многубројните архаизми што ги чува кичевскиот говор оваа претпоставка ни се чини сосема оправдана.

1.2.5. ***ě**. Вокалот *ě во кичевскиот говор дал рефлекс /е/: *бел, б'елиш, б'елка, беф – б'еше, брек – бр'егој, в'ера, в'ега, вл'езе, вр'еме, гн'ездо, г'олем, гр'еота, греф, д'едо, д'ете, две, дв'есте, дрен, др'енка, ж'елезо, ждр'ебе, св'езда, свер, 'излезе, кл'еишти, к'олено, леш, л'ешче, лек, л'ето, м'есец, м'есто, мл'еко, мл'екар, мр'ежа, нем, н'екој, н'ешто, н'едела, н'евеста, п'ена, пл'ева, пл'емна, р'ека, с'енка, с'екој, с'еме, с'ечило, слеш, снек, ср'еда, ш'еме, ш'есто, шр'еба, шр'ева, ц'ефка, ц'еди, ц'ена, цвеш, ч'овек,* и во глаголските форми: *(ќе) в'идеф – (ќе) в'идефме, 'изгореф – 'изгорел, ј'адеф – ј'адефме, р'азболеф – р'азболел, с'едеф – с'едел, 'умреф – 'умрел.*

1.2.6. ***у**. Рефлексот на *у во кичевскиот говор е ист како и на најголемиот дел од македонската јазична територија, а тоа е вокалот /и/: *бик, бил, м'ошика, р'иба, р'ипче, син, с'инко, ши, ш'иква.*

1.2.7. ***ŗ**. Старото вокално *ŗ во кичевскиот говор, како што веќе кажавме во погорниот текст, дало вокално /р̥/ во сите позиции што се карактеристични и за стандардниот јазик. Примери: *вр̥ф, в'р̥ош, вр̥'ончиња, в'р̥ба, гр̥ш, г'р̥ло, г'р̥клан, г'р̥не, гр̥сш, д'р̥во, з'р̥но, кр̥с-к'р̥стош, к'р̥сши, к'р̥шшеваш, кр̥ф – кр̥фша, пр̥с, п'р̥стен, пр̥ф – пр̥ва, р̥ж, р̥жан, р̥ѓа, 'р̥ѓосан, р̥ск'ајца, смр̥ш, с'р̥на, ср̥ш, с'р̥це, шр̥н, ш'р̥ска, ц'р̥вен ц'р̥ква, цр̥н.*

1.2.8. ***ļ**. Како континуант на старото вокално *ļ во кичевскиот говор кај постарите говорители се јавува монофонемна група [ᵃ̯л] што ќе ја цениме како факултативна варијанта на вокалното /л̥/ (види: 1.1.1.). Примери: *б'л̥ва, вл̥к, в'л̥на, в'л̥нено, гл̥шај (Н'а-ши еден-гл̥шај мл'еко, пак-'излагај!), гл̥шка, гл̥шнеш, д'л̥го, жл̥ш (Донкината коса, како жл̥ша срма* МНУК: 121*) ж'л̥шица, ж'л̥чка, 'изд̥жи, ј'абл̥ко, к'л̥баси, кл̥к, к'л̥каш, к'л̥фаш (св'ездише и-к'л̥фаш), м'л̥зеш, м'л̥зница, н'ап̥лни, п'л̥жаф, п'л̥ни, с'л̥зи (Дробни сл̥зи исшуруам,* МНУК: 126), *с'л̥нце, з'асл̥ни, ш'л̥чеш, ш'л̥чник.* Ваков рефлекс сретнуваме лексикализиран и таму каде што не се работи за старо вокално *ļ туку за старото ъ: *м'л̥кнеш, 'измл̥кна* (Се-'измл̥кна *ош-кај-кај'инкаша...* од стсл. мъкнѫти).

1.3. *Современа состојба на консонашскиош сисшем*

Консонатскиот систем во кичевскиот говор се состои од следниве фонеми:

п	*б*			*ф*	*в*	*м*		
ш	*д*	*ц*	*s*	*с*	*з*	*н*	*л*	*р*
		ч	*џ*	*ш*	*ж*			
		ќ	*ѓ*			*њ*	*л'*	
								j
к	*г*			*х*				

1.3.1. Од прегледот на фонемите може да се види дека како специфичен за кичевскиот говор се јавува изговорот на т.н. меко /л'/. Гласот што е означен во погорниот преглед /л'/ е особеност на кичевскиот говор, но се почесто во изговорот на помладите генерации се слуша фонетската варијанта [л'], а во кои позиции ќе кажеме во текстот што следува. Како што истакнува Видоески, палатализираното /л'/ во кичевскиот говор освен пред предните вокали и пред /j/ (*В'ел'јан, з'ел'је, 'ил'јада, к'ол'је, л'ил'јак, ӣ'ол'јак*) се среќава и во следниве лексеми и лични имиња: *'Ил'о, Л"аде, Л"але, Л"амо, Л"убе, л"убоф,' Л"ули, М'ил'ан, П'ол'ка* и во зборови од туѓо потекло: *Л'аӣиф, Л'уӣе* (лични имиња), *л"уле, 'ил'ач, ӣл"ачка* и др. (Видоески 1957: 51). Се работи за глас со дентално-алвеоларна преднојазична артикулација со средна или со средно-висока положба на јазичната маса во однос на палатумот (значи со нецелосна мекост што фонетски се означува како [l']) (Савицка, Спасов 1997: 78). На литературно рамниште мекото /л'/ кодифицирано во *Граматикаӣа* и во *Правоӣисоӣ* има изговор како што опишавме погоре, односно полумек изговор којшто се разликува од српското односно хрватското /l'/ (Б. Конески 1981: 115; Видоески, Димитровски... 1998: 9). Ситуацијата денес во кичевскиот говор, а впрочем и во културниот изговор (Савицка, Спасов, 1997: 81; Корубин 1994: 195), знатно се разликува од онаа опишана и зацртана пред педесетина години. Во градскиот кичевски говор изговорот на палатализираното /л'/ во позициите коишто ги наведовме погоре важи само за најстарата генерација говорители (постари од 60 години). Кај помладите говорители ситуацијата е следнава: во коренот *љуб-* под влијание на правописот, гласот што се запишува со буквата *љ* се изговара со висока артикулација: *л"убоф, Л"уӣчо, Л"уӣка.* Истиот изговор го имаме и кај личните имиња *К'ол'о, 'Ил'о* под влијание на изговорот во другите дијалекти, а особено под влијание на медиумите. Имињата, пак, од типот *М'илан, М'илуӣин (М'ил'оӣин), М'иладин* (што доследно кај постарите звучат вака: *М'ил'ан, М'ил'уӣин, М'ил'адин)* се изговараат со тврдо /л/ поради конвенцијата на запишување на овој глас. Кај личните имиња *Б'ил'јана, В'ел'јан, Л'ил'јана* и кај хипокористичните форми *Б'ал'а, В'ел'а, В'ел'о, Д'ол'а, Л"аза, Л"але, Л"амо, Л'ил'а, Л"ули, П'ал'а,* сè уште може да се слушне изговор на полумекото /л'/. При запишувањето на овие хипокористични форми како официјални настанува проблем и тие се запишуваат со тврдо „л" (на кичевчани гласот што се предава со буквата „љ" не им се чини соодветен да ја изрази вредноста на овој глас од кичевскиот говор, па имаме низа примери на запишување со тврдо „л" (Слободата беше

нивниот идеал 1982: 60, 77, 110, 118) што понатаму при читањето од страна на помладите генерации автоматски повлекува тврд изговор на /л/). Официјалните форми од овие имиња (*Б'илјана*, *В'елјан*, *Л'илјана)* како и други именки коишто според правописот се запишуваат со *лј* можат да се слушнат и со ослабена палатализација на /л/ пред /j/ што е исто така последица на соодветното правописно правило (сп. изговор: *фотел+ја, ил+јада* и сл.). Зачувување на изговорот на мекото */л'/* имаме подоследно кај помладите говорители само кај именките од туѓо потекло: *зал'ук'умоса, 'ил'ач, к'абил', л"анг̃ач, л"уле, п̃л'ачка, т̃ел'* коишто се користат обично само во усна комуникација и на тој начин се изолирани од различни влијанија. За проблемите околу правоговорот на оваа фонема на литературно рамниште има пишувано Благоја Корубин (Корубин 1994: 194) и други наши научни работници.

Како заклучок можеме да кажеме дека фонемата /л/ е позициски ограничена, односно не може да се појави пред вокал од преден ред затоа што во таа позиција единствено може да се слушне фонемата */л'/: п̃'ил'е, п̃'ул'иш̃, кл"исар* (понатаму оваа позициска мекост пред предните вокали нема да ја бележиме во текстот).

Од друга страна пак, за фонемата */л'/* можеме да констатираме дека кај помладите генерации при нејзиниот изговор во позиција пред вокал од заден ред се јавува алофон [*л'*] (*Л"убе / Л"убе*) или пак таа е факултативна, односно може да се појави, но може и да се замени со нејзиниот тврд парник /л/ (сп. *М'ил'ан / М'илан*).

1.4. *Од историјата на консонантизмот*

1.4.1. ***l'**. Старото меко *l'* се чува само во одредени позиции: во именката *л"убоф* и нејзините изведенки: *з'ал'убен, се з'ал'убил* (исклучок е глаголот *лубиш̃* со тврдо /л/) каде што денес најчесто се слуша изговор со повисока артикулација односно со алофонот [*л'*] (слично како и во српскиот јазик) и во системот на именување од истиов корен: *Л"уба, Л"убе,* со полумек изговор (за изговорот види погоре т.: 1.3.1.). Во сите други позиции во градскиот кичевски говор имаме рефлекс /л/ на местото на старото меко **l'*: *б'олаш̃, д'р̨жалка, жал, ж'елка, клуч, к'ошула, л'убиш̃ (Та: м'ене не-м'е-лубиш̃), л'уѓе, луш̃, л'уш̃аш̃ ('имам бр'аќа, Д'оне, ќе-се-л'уш̃аш̃,* МНУК: 139*), м'олаш̃, н'едела, п̃'остела, р'одител, сн'оалка, сол.* Поинаква е ситуацијата во копачките села западно од линијата Подвис – Јудово и во горно-кичевските села од тајмишката група каде што има полумек изговор

на овој глас во сите позиции: *б'ол'ка, жал', н'оѓал'ка, сол'* (види: Видоески 1957: 52; 1958: 24).

Старото епентетско **l'* во кичевскиот говор целосно се изгубило: *з'емја, с'абја, шкр'аӣја.*

1.4.2. ***n'**. Старото меко **n'* во кичевскиот говор се чува само во неколку лексеми како и во стандардниот јазик: *б'ања, коњ, се кл'ањаӣ, к'оњи, п'ењушка.* Во другите позиции се изговара тврдо */н/* : *н'еѓоф, н'еѓо:, н'ива.*

1.4.3.***tj, *kt'.** Во кичевскиот говор на местото на овие прасловенски групи имаме два рефлекса */шӣ, ш/* (постар) и */ќ/* (понов): *ѓор'ешӣина, л'ешӣа, м'ашӣеа, машӣ'еница, н'ошви, 'обушје, п'ешӣера, пл'ешӣи, п'омош, п'омошник, р'азѓашӣен; Б'ожиќ, вр'еќа, ѓ'аќи, ѓ'аќарес (ѓ'улаб ѓ'аќарес), к'уќа, к'уќарче, ноќ, п'олноќ, св'аќа, св'еќа, св'еќник, с'иноќа (//с'иноӣка,* со антиципирана мекост), *ќ'ерка;* исто и во партикулата *ќе,* во глаголот *н'еќе,* во итеративните глаголи *вр'аќаӣ, пл'аќаӣ, пр'аќаӣ, ф'аќаӣ* и во суфиксот за образување на глаголскиот прилог *-јќи* (Видоески 1957: 53).

1.4.4. ***dj.** За оваа прасловенска група во кичевскиот говор главно имаме рефлекс */ѓ/*: *в'еѓа, ѓр'аѓанец, з'аоѓа, ѓр'аѓанка, м'еѓу, 'ꙗѓа, 'ꙗѓосан, с'аѓи, шуѓ, ш'уѓинец, ш'уѓина.* Рефлексот */жд/* се сретнува само во неколку лексеми: *кр'ажба, н'аӣрежен* и *н'ужда* и редовно во топонимијата: *Брждани* (село во Кичевско), (сп. и *Саждово, Гоӣиражни* < гостиражда (Селищев 1933: 205), села во прилепскиот крај).

1.4.5. ***skj, *stj, *zgj, *zdj.** Во кичевскиот говор овие прасловенски групи ги дале рефлексите */шӣ/* и */жд/: б'очвишӣе, б'унишӣе, в'ешӣришӣа, в'ешӣерка, ѓ'ошӣеваӣ, ѓ'ушӣер, ж'енишӣе, кл'ешӣи, к'ꙗшӣеваӣ, м'ажишӣе, 'оѓнишӣе, п'аӣишӣа, п'асишӣе, пр'ошӣеваӣ (Пр'ошӣени П'оклади), сӣ'ꙗрнишӣе; дош (д'ождоӣ), д'ождлиф.*

1.4.6. ***čꙗ-** , ***črě-.** Прасловенската група ***čꙗ** во кичевскиот говор во сите позиции го дала рефлексот */цр/: црф, ц'ꙗрфче, ц'ꙗрвлиф, црн, ц'ꙗрвен, црв'еница, ц'ꙗрнка, ц'ꙗрви.*

За прасловенската група *** črě-** во нашиов говор имаме рефлекс */цре/*: *цр'ево, цр'еваӣа, цр'ешина.*

1.4.7. ***x.** Во кичевскиот говор, како и во најголемиот дел од западните македонски говори, дошло до губење на фонемата */х/*, при што во некои позиции */х/* е заменето со */в/* односно */ф/*, а во некои целосно се губи.

Во иницијална позиција дошло до целосно губење на */х/*: *'иљада, 'иӣар, 'еӣ, 'оро, р'аниӣ.* Исто е и во турските заемки: *'адеӣ, 'оца.*

Во интервокална позиција фонемата /x/, исто така, најчесто се губи: *Вл'аинка, г̄л'уа (//г̄л'ува), Ду'ојдни* (<Духови дни – верски празник, но и *Духови* в. подолу), *зм'еој* (*Змеј'о:-дупка* - топоним), *м'еој, м'уа, сна:, с'уа (//с'ува)* (сп. во Гостивар *Миајле<Михајло*). Како што се гледа од примерите дадени во заграда во некои позиции /x/ се заменува со /в/ или /j/.

Во средината на зборот пред консонант и на крајот на зборот во кичевскиот говор /x/ најчесто се заменува со /в/ односно /ф/. За позицијата во средината на зборот пред консонант ќе ги дадеме следниве примери: *б'афче, б'увнал, д'увна, ј'авна, к'ивна, н'ивна, п̄'афкаш̄, п̄'афташ̄, ш̄'ифко, ш̄уфкаш̄* (од **tǫh-*; Скок 3, 1973: 520), (но и со целосно губење: *м'ана: Го-м'ана д'еш̄ето).* Во финална позиција: *Вл'аф, вр̥ф, враф, г̄реф, п̄'аш̄уф, с'иромаф,* и во наставките за аорист и имперфект: *п̄'аднаф, д'уваф, 'орафме, р'екофме* итн. Во лексемата *змеј* имаме замена на /x/ со /j/ .

Треба да истакнеме дека во некои лексеми во кичевскиот говор сепак се чува фонемата /x/. На пример имаме: *в'оздух, хр'ана, дух - д'ухој, Д'ухови* (верски празник), *Христо* и други термини поврзани со религијата. Но, освен влијанието на христијанската терминологија на зачувување на [x] во некои лексеми, кичевскиот говор веројатно трпи влијание и од говорот на рабетинските Торбеши коишто некаков слаб аспириран елемент изговараат во повеќе позиции: *ˣарно, ˣалва, ˣадеш̄, ˣиш̄ар, п̄р̥ˣуш̄, еˣла, ни ˣно* и сл. Слична ситуација регистрирал Б. Видоески и во говорот на православните Македонци, на пример кај постарите жители во селото Вранештица (види: Видоески 1957: 55), што секако говори во прилог на фактот дека губењето на *x во кичевскиот говор било до некаде забавено заради постојаното влијание од говорот на Торбешите, т.е. посредно, со влијанието од турскиот јазик.

1.4.8. ***s***. Фонемата /s/ во кичевскиот говор се чува во сите позиции, па дури имаме појава и на ново /s/ настанато како резултат на африкатизација на /з/ (види: 1.5.2.). Најбројни се примерите со /s/ во позиција пред вокал: *s'аден, ѕиш̄, н'аѕаш̄, 'оѕади, s'евг̄ар, s'емна, s'емнеш̄, 'изземна, s'енѕаш̄, ѕифш̄, s'иври.*

Во групата *sв-* во почетниот слог исто така се чува овој африкат: *sв'езда, sв'ерка, sв'иска, sвон, sв'они, 'осва,* (*се о'ѕиваш̄*).

Изговор на /s/ имаме и зад сонантот /н/ во повеќе лексеми: *бр'онѕа, б'енѕин, г̄'анѕало, s'енѕаш̄, ј'анѕа, мр'анѕулци.*

Во множинската форма од именката *нога,* што во кичевскиот говор гласи *нозе,* имаме зачувување на старото /s/ добиено по втората палатализација (Угринова-Скаловска 1979: 49).

1.4.9. ***j**. Во кичевскиот говор како и во другите централни говори фонемата /j/ во повеќе позиции се изгубила (поинаку е во северните говори сп. Видоески 1962: 65). Така во иницијална позиција пред вокал од преден ред /j/ е целосно загубена (сп. *'езеро, 'елка, 'Елица, 'Елена*).

Во иницијална позиција пред вокал од заден ред /j/ се чува: *ј'адет, ј'огурт, ј'ајце, ј'агне, ј'аре, ј'урија; Ј'ован, Ј'оцо, Ј'ане; Ј'аорец, Ј'удо:* (села во Кичевско).

Во позиција пред консонант глајдот /j/ има алофон [i̯] кој нема да го обележуваме со посебен знак во примерите. Примери со /j/ во ваква позиција во кичевскиот говор има навистина многу поради фактот што во вокалните секвенци со /e/, /и/ или /a/ како втора компонента, овие вокали преминувале во /j/. Овде ќе дадеме различни примери без разлика на кој начин е добиено /j/: *Блаж'ејца, в'ерујл, г'ојдо, јав'ујла, каж'ујле, крас'тајца, Крс'тејца, пол'ојна, смејт, убед'ујме, ч'ојк,* и др. (види: 1.1.3.6.).

Во интервокална позиција старото /j/ се чува, но во некои лексеми може и да се изгуби (во таква позиција /j/ е факултативна фонема): *т'аја, н'еја, п'ијет, м'ијет* (но и: *та:, не:, п'иет, м'иет*).

Ново факултативно /j/ се јавува во некои позиции за разбивање на хијатот: *'евеј-се* (<еве се), и во народните песни: *..јој ти тебе малечек Секула.*

Редовно се чува во наставките *-је, -ја*: *гр'озје, л'озје, к'ол'је, сн'оје, д'рвја.*

Во финална позиција /j/ се јавува и на местото на вокалот /и/ и тука неговата фонетска реализација е како неслоговно [i̯] кое формира еден вид на дифтонг со претходниот вокал: *д'олој, н'осој, п'лјај, с'иној, ст'удој; к'алај, кл'екај, убај.* При изговорот на овој дифтонг се чувствува должина на вокалот пред /j/ која поради комплицираноста на прецизниот фонетски запис нема да ја одбележуваме во текстот.

1.5. *Други промени кај консонантите*

1.5.1. Преминот на *вн> мн* е регистриран во најголем дел од лексемите кои ја содржат оваа согласничка група: *гл'амна, 'одамна, р'амно, р'амна* (според овие примери и *рамен,* поинаку е во топонимијата; *Равен* возвишение во с. Орланци, и *Равен,* рамнинка на возвишение во Звечан, Пореч сп.: Видоески 1999в: 129), *рамнина, племна*, но има и примери без асимилација: *плевна* (во село Вранештица), *плевнište* (с. Орланци) (Видоески 1957: 56-57).

1.5.2. Лексемата *з'емја* во говорот на селата по долината на Треска во правец кон Македонски Брод, се изговара и како *с'емна* со премин на фрикативното /з/ во африкатот /s/ и со премин на групата /мј/ во /мн/, ситуација позната и во други западни говори. Сп. и: *с'емнарник* (Вранештица) 'црепна без обрач' (Видоески 1957: 88).

Појавата на премин на фрикативното /з/ во /s/ се сретнува во повеќе лексеми во овој говор: *м'дсет, б'енсин.*

1.5.3. Кај консонатските групи како специфичен се јавува преминот на групите /ср/ и /зр/ во /стр/, /здр/ и со тоа доаѓа до изедначување со етимолошките групи /стр/ и /здр/: *стр'ебро, стр'еда, стр'еден, (*сп. и во топонимијата *Стр'една м'а:ла*, маало во градот), *стр'еќа, здр'ело, здрак.*

Во некои селски говори (Црско и други), финалната група -*ксшво* се упростува во -*ксшо: ј'унакшо* < *ј'унакшво.* Ваквата промена не важи за градскиот говор каде што оваа консонантска група или не се менува или пак гласи -*шшво: ј'унашшво.*

1.5.4. Консонантските групи **с (з), ш (ж) + ц, ч* во деминутивните образувања редовно преминуваат во *фц, фч*: *м'ефце, кв'афче, к'офче, кр'уфче,* (исто и во топонимијата *Круфче*, ниви во полето кај градот), *н'евефче, н'офче, тр'офче, к'окофче.* Овие деминутивни форми се карактеристика и на градскиот кичевски говор и на говорот на селата. Измена на овие консонатски групи сретнуваме и во префиксните образувања, пр.: придавката *б'есценет* може да се слушне како *б'ефценет,* потоа кај глаголите: *'ифцеди//'исцеди, 'ифцепи//'исцепи, 'ифчетка//'исчетка, 'ифчисти//-'исчисти.* Формите со префиксите *ис-<из-, бес-<без-* главно се карактеристични за градскиот говор, а формите со *иф-<ис-, беф-<бес-* се сретнуваат во говорот на селата. Ваквата измена на консонатските групи е карактеристична не само за кичевскиот, ами и за други западни говори: поречкиот, охридскиот, демирхисарскиот, горно-полошкиот (Видоески 1999а: 95).

1.5.5. Фонемата /в/ кога ќе се најде во соседство со безвучен консонант, најчесто се изговара како *ф: тр'ефче* (<трева), *кр'афче* (<крава), *гл'афче* (<глава). Во консонантската група *св* фонемата *в* се изговара како глас среден меѓу *в* и *ф* т.е. [в̞] кој е сепак поблизок до *в,* па во примерите ќе го означуваме со *в: св'екор, св'екрва, св'аќа, св'еќа.* Само во неколку лексеми во некои села групата *св* се изменила во *сф: сфари* (Јагол Доленци, види: Видоески 1957: 57).

По губењето на иницијалното /х/ во групата /хв-/ фонемата /в/ главно преминала во /ф/: *фати, фали, фала* (поинаку е во некои села кои не ја познаваат фонемата /ф/: *вати, врли;* види подолу).

Во позиција на крајот на зборот, фонемата /в/ во градскиот говор се однесува исто како и другите звучни консонати, односно ако е пред збор што почнува со безвучен консонант или пред пауза се обезвучува. Примери: *Д'енеска ѓадефме гр̄аф. 'Убаф гр̄аф си-к'ӯпил!* Во изговорот во некои села фонемата /в/ во ваква финална позиција може да се слушне необезвучена. Причина за тоа е фактот дека дел од селските говори не ја познаваат фонемата /ф/ во својот фонолошки систем ни како алофон на /в/ ни во зборови од туѓо потекло. Тоа се крастинските села (селата во високиот дел спрема Демир Хисар) каде /ф/ во заемките редовно се предава со /в/ слично како и во пограничните охридски села: *вес, в'иданка, в'инџал, в'урна, в'ус̄тан* (Вел, Прос, в. Видоески 1957: 51).

2. Акцент

2.1. *Општо за акцентот во кичевскиот говор*

2.1. Акцентот во кичевскиот говор е ист како и во другите западни македонски говори, а тоа е акцентски тип со фиксиран акцент на антепенултима. Границите на протегање на овој акцентски тип ги определува Б. Видоески: источната граница на овој акцентски систем „приближно се движи до линијата Раштак – Црешево – Арачиново – Дивље (на скопскиот дел) – Лугунци – Црквино – Владиловци (во велешка Клепа) – Никодин – Тројаци (Тиквеш), од каде што продолжува по планината Селечка до с. Брод на Црна Река (источно од Битола); од Брод продолжува на југозапад, поминува нешто малку посеверно од Лерин и преку селата Арменско – Брезница – Вамбел и на албанската страна с. Врмник, од каде што скршнува кон југозапад и оди приближно по денешната државна граница меѓу Грција и Албанија сè до Грамос“ (Видоески 1999б: 107). Овој акцентски модел „на северозапад ја надминува јазичната граница меѓу западно-македонското наречје и српските дијалекти од призренски тип, опфаќајќи ги говорите во областите Гора и Сретечка Жупа на север-ните и северозападните падини на Шар Планина“ (Видоески 1999б: 114). На целиот овој западномакедонски терен имаме акцентирање на третиот слог од крајот на зборот. Но, како што истакнува Б. Конески во Граматиката, овој западно-македонски акцент „треба да се разгледува не само во врска со прашањето на кои слогови паѓа во одделните зборови, ами уште повеќе во врска со тоа какво е неговото место во различните зборовни споеви во реченицата, зашто тој е изразито смисловен акцент“ (Б. Конески 1981:139).

Тргнувајќи од оваа констатација на Б. Конески и, уште повеќе од фактот дека оваа семантичка мотивираност на акцентот е една од главните прозодиски особености на кичевскиот говор, ние во овој дел ќе се осврнеме најмногу на различните видови на акцентски

целости. Најпрво, се разбира, ќе истакнеме кои се правилата за акцентирање на одделните збороформи.

2.1.1. Кај повеќесложните збороформи, акцентот речиси секогаш паѓа на третиот слог (или мора) од крајот на збороформата. Кај тросложните и двосложните зборови акцентот паѓа на првиот слог. Еднослоҗните зборови, пак, често се поврзуваат во акцентска целост со зборот што е пред нив и, притоа, или се носители на синтагматскиот акцент или се јавуваат како енклитики без акцент. Акцентот во кичевскиот говор е изразито синтагматски, односно под еден акцент се поврзуваат цели низи на зборови и се образуваат акцентски целости од сите видови.

Познато е дека западното македонско наречје со својот третосложен акцентски систем се оддалечило од состојбата во прасловенскиот јазик кога акцентот бил слободен и подвижен, па можел да падне на кој било слог во зборот, но и во рамките на парадигмата на еден збор го менувал своето место (Б. Конески 1982: 108). Крајните источни македонски говори чуваат поархаична ситуација во поглед на акцентот, па таму имаме акцентски системи со слободен и со морфолошки подвижен акцент (Видоески 1986; Тополињска 1960-61).

2.1.2. Кичевскиот говор кој е предмет на нашето проучување, иако чува доста архаизми, во поглед на акцентирањето ни покажува една состојба на комплетно изграден акцентски систем, сосем оддалечен од оној на нашиот стар јазик. Овде дошло до фонетска стабилизација на акцентот на третиот слог (мора) од крајот на зборот и со самото тоа неговата „подвижност“ во рамките на парадигмата е сосем ирелевантна.

Во кичевскиот говор исклучоците од правилото за третосложно акцентирање се ретки и тоа се, главно, истите зборови што и во стандардниот јазик отстапуваат од третосложниот акцентски систем.

Со акцент на вториот слог од крајот на зборот се јавуваат повеќе прилози: *го̄дин'ава, есен'ава, зим'ава, ле̄т'ово, недел'ава, проле̄тин'ава* но и: *овдев'ака, онден'ака.* Од примериве, коишто се различни по потекло, може да се заклучи дека овде делувале различни фактори за да се добие пенултима во овие лексеми. Всушност, кај прилозите и честичките, како што истакнува и Б. Видоески, не може да се установи некаква системност во врска со акцентското место зашто овде немало можност за создавање на акцентски категории како кај менливите зборови. (Видоески 1962: 115).

2.1.3. На прв поглед, како отстапки од третосложното акцентирање изгледаат зборовите во кои имаме образување на дифтонзи (види: 1.1.2.5.): *откр'ојни, пол'ојна, сур'ојца, Крст'ејца, Блаж'ејца, повер'ујле* (овде спаѓа и глаголскиот прилог: *вик'ајќи* (< викаеќи), или имаме појава на долг вокал: *кап'инка:* (<*капинкава*), *ќ-ост'ане:, изв'идо:, кач'у:ње.* Ќе истакнеме дека и кај степенуваните придавки се сретнуваат такви примери кои навидум се акцентирани на пенултима: *пог̄л'уп̄а:, покл'екај, нај'убај.* Меѓутоа, иако впечатокот е дека акцентот е на пенултима, всушност тука „бројот на морите во дифтоншките секвенци и/или во удолженият вокал се задржал, така што акцентот и понатаму останува на третата мора (а може да биде вториот слог!)“ (Видоески 1999б: 115). Овде спаѓа секако и посебниот начин на акцентирање на вокативните форми од именките и од машки и од женски род каде што според нашиот запис акцентот паѓа на вториот слог од крајот на зборот, но всушност е на третата мора, затоа што имаме вдолжен изговор на последниот вокал. Примери: *Драг̄ице:, Мил'ево:, Бор'изе:, Трај'ане:.* Со ваквиот изговор се внесува посебна емоционална обоеност во изговорот. Вакво акцентирање на вокативните форми се јавува само ако нема пред именката посебен збор за повикување. Доколку има таков збор, акцентирањето е третосложно: *О, М'илане! Ори Б'ојано!* (види: Б. Видоески 1957: 60).

Во некои дијалекти што познаваат долги вокали, во процесот на акцентска адаптација дошло до скратување на должините и поместување на акцентот на антепенултима (сп. тетовскиот говор: *п̄'олојна, л'убејнца*) (Видоески 1999б: 115). Во кичевскиот говор ваков случај сретнавме кај глаголскиот прилог кој, освен со акцент на пенултима (*вик'ајќи, сак'ајќи*) може да се слушне и со акцент на антепенултима: *п̄'асејќи.*

2.1.4. Ќе наведеме уште неколку зборови кои отстапуваат од третосложното акцентирање. Именките *запал'ење, каф'ана, кол'аче, од'ело, пар'ада, партиз'анче, постелн'ина*, кои се јавуваат со акцент на пенултима, кај некои говорители можат да се слушнат и со акцент на антепенултима. Во кичевскиот говор со двојно акцентирање се јавуваат и некои заменски придавки: *к'олкаф – колк'аф, т̄'олкаф – т̄олк'аф.* Како што се забележува, кај последниве примери се сретнуваме со појава на окситонен акцент, односно со акцент на последниот слог. Со ваков акцент во кичевскиот говор можат да се слушнат и прилозите што ги наведува и Блаже Конески во Граматиката: *одв'ај, едв'ај* и *т̄ам'ан* (Б. Конески 1981: 144). Како генерален заклучок, ќе кажеме дека во ретките лексикализирани случаи акцентот во кичевскиот говор може да отстапува спорадично

од третосложното акцентирање, па да биде на вториот слог од крајот на зборот или на последниот слог, но никогаш не може да дојде понапред од третиот слог од крајот на зборот. Акцентирање на четвртиот слог од крајот, какво што познаваат некои дијалекти (види: Видоески 1999б: 101) и какво што во последно време често слушаме во јазикот на политичарите (*акцент'ирањето, образов'анието, истакн'увањето*), кичевскиот говор воопшто не познава.

2.1.5. Сложените именки во кичевскиот говор како што е всушност и во литературниот јазик (Б. Конески 1981: 146) се акцентираат како и другите лексеми, на третиот слог од крајот на зборот: *в'одоврик // водовр'ичиште, г̄розј̄'ебрање, капал'етница, мод'р̥камен, п̄рестолон'аследник, п̄ченкик'опање, суод'олица, цр̥вен'оперки.*

И кај сложените придавски образувања главно срекаваме такви со пропарокситонен акцент: *г̄л'уонем, г̄'олорак, кр'ат̄ковит̄, слаб'оумен.*

2.1.6. Кај туѓите зборови во кичевскиот говор се забележува тенденција тие да се вклопат во третосложниот акцентски систем: *к'олект̄иф, т̄'елефон, т̄р'акт̄орис, ш'ифоњер, ш̄т̄'иклира,* но сретнуваме и поинакви примери: *дефил'е, интерн'ат̄, карм'ин, комит̄'ет̄, курс'ист̄, мар̄г̄ар'ин, п̄олиц'ајц, факулт̄'ет̄,* или неадаптирани турцизми: *јаз'ак, т̄ам'ан, п̄от̄амин'а* каде што редовно акцентот е на ултима.

2.2. *Акцентски целости*

Бидејќи акцентските целости се тие што му даваат посебен белег на изговорот во кичевскиот говор и се разликувачки во однос на модерниот и стандарден изговор што, за жал, е сè почест во медиумите, а е резултат на влијанието на престижниот изговор карактеристичен за скопското говорно подрачје, ќе се задржиме главно на нив.

2.2.1. *Акцентски целости со енклитични заменски форми*

2.2.1.1. Акцентските целости од именка или глагол и енклитички заменски форми се образуваат во кичевскиот говор без исклучоци. Најпрво ќе наведеме примери за акцентски целости со именка и енклитичка посесивна заменска форма: *за-ж'ена-ми, ж'ена-му, друг̄'арка-ми, м'ајка-е, м'ајка-му, на-т̄'ет̄ка-е, т̄'ат̄ко-е, од-Б'уба м'ајка-е, п̄о-м'ајка-е, м'ажот̄-је, со-с'естра-му, сн'а:-ми, сн'а:-е, бр'ат̄-*

ми, с'естри-е на-сн'а:-ми, фн'ук-ми, от-с'естра-ми, м'ајка-ми, т'атко-му, к'ерка-им, от-кај-м'ајка-ти, от-м'аш-ти, со-јат'р̥ва-је, за-с'ин-му, в'ујко-ми, свек'р̥ва-ми, св'екор-ти, братуч'еда-му (спореди и: *ал'ал-ти* во изразот *ал'ал-ти в'ера).*

2.2.1.2. Акцентските целости од глагол и енклитика се малку поретки, со оглед на фактот дека во овој говор кратката заменска форма може да стои зад глаголот само кај императивните форми или со глаголскиот прилог (кој ретко се употребува): *ст'р̥чај-се, кр'ени-се, 'изеј-ги, дон'еси-ми, д'р̥жи-и (//д'р̥жи:), б'арај-го, бар'ајте-го, б'арај-а, ч'екај-а, к'ачи-се, наран'и-си-го; кач'ујќи-го, инат'ејќи-се, пр'ајќи-ги.*

2.2.2. *Акцентски целости со проклитики т.е. со заменски форми, сврзници и др. пред глаголот*

2.2.2. Акцентските целости со заменски форми, сврзници или други видови зборови и глаголот што следува по нив, се многу чести во кичевскиот говор. Примери: *да-н'е-гледат, што-с'е-стори, како-с'е-деси, к'ај-беше, шт'о-беше, од-к'ај-дошле, нека-н'е-јадат, за-да-н'е-паднет, от-к'ај-идет, за-да-не-с'е-мачат;* Кај глаголските форми што се подолги од три слога, акцентот не преминува на проклитиката, но таа е акцентски несамостојна и се подведува под истиот акцент со глаголот: *ко-се-н'алутил, што-ми-го-д'адо:* (глаголот *д'адо:* има два слога, но три мори види: 1.6.3), *што-ми-го-пр'еврза, што-ќе-го-б'ендисат.*

2.2.3. *Акцентски целости од атрибут и именка*

2.2.3. Акцентска целост од именка и од атрибутот што стои пред неа е вообичаена во кичевскиот говор и во другите западномакедонски говори (Б. Конески 1981: 169). Вакви акцентски целости се образуваат кога именката е двосложна или едносложна, па акцентот преминува на атрибутот: *кисел'о-млеко, стар'а-мома, ст'ар-ерген, друг'а-куќа;* овде спаѓаат и составките од типот *вел'и-петок, вел"а-среда, трет'а-вечер, во-он'а-соба* и топонимите[1] *Мирческ'а-вода,* (извор и поток кај градот), *Горн'а-чука* (возвишение во полето над градот), *Зајашк'а-река* (река во полето), *Туинск'а-река* (река во

[1] Топонимите коишто се овде користени се дел од богатата картотека на Одделението за ономастика во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков". На колегите од ова Одделение им изразувам благодарност за отстапениот материјал и за соработката.

полето), *Кошаренск'а-река* (река во градот), *Ив'ани-дол* (суводолица во полето), *Бел'а-кула* (маало), (сите досега наведени примери се нечленувани состави кои обично се употребуваат како такви, семантички нови состави со поинакво значење од простиот збир на нивните компоненти), но и: *нашат'а-куќа, новат'а-куќа, нашат'а-нива* (кога атрибутот е членуван и со тоа нè воведува во сушноста на ваквите образувања, т.е. членот кажува дека се работи за означување на точно определени предмети (Конески 1981: 169-170).

2.2.4. *Акцентӣски целостӣ од пре̄дло̄г и именски збор*

2.2.4. Кај овој тип акцентски целости акцентот од личните заменки или од именките се пренесува врз предлогот. Најпрво ќе наведеме примери од акцентски целости со предлог и именка, кои се навистина многубројни: *н'ад-клӯпи, н'ад-река, н'а-вра̄та, н'а-ва̄шар, н'а-но̄га, н'а-па̄зар, н'а-по̄криф, н'а-кр̥с, н'а-вр̥ба, н'а-го̄сти, н'а-куќи, н'а-маса, н'а-ручек, н'а-риби, н'а-рамо, н'а-сто̄л, н'а-сто̄мак, н'из-вра̄та, н'из-двор, н'ис-шума, 'од-небо, 'од-ракаф, о̄т-ст'о-кила, 'о̄т-то̄рба, 'о̄т-куќа ф-к'уќа, пре̄к'у-вос* (со акцент на пенултима секако под влијание на акцентирањето во состави со двосложен збор, пр.: *пре̄к'у-река*, отстапка од третосложното акцентирање која е вообичаена за македонскиот јазик (сп. Б. Конески 1981:178)), *по̄кр'ај-река, в'о-вреќа, б'ез-о̄гон, п'од-јазик, п'о̄т-клӯпи, п'о̄т-пра̄ска, д'о-гла̄, п'о-пла̄жа, з'а-сто̄мак, з'а-го̄ас* и во топоними: *П'од-варош* (маало во градот). И од самите примери може да се заклучи дека овој тип акцентски целости се образуваат само ако именката е нечленувана или не е по друг начин определена. Притоа овие состави од предлог и именка најчесто добиваат извесно прилошко значење. Поинаку е ако е именката од туѓо потекло, ако е именката определена или посебно нагласена во реченицата: *на-к'орзо, на-баз'ен; во-вр'еќа̄та, на-к'ејон, по̄т-п'азарон; 'Овие се а̄ч'иња̄та за-сто̄мак што-ми-ги-б'араше.; ...с'амо-што ме-в'идо: и-з'а-сто̄мак се-ф'а̄тија...* Во првиот пример изразот *за-сто̄мак* претставува определба на претходната именка (ја истакнува намената на претходната именка што ја определува), а во вториот пример истиот израз, но изговорен со акцентска целост (*з'а-сто̄мак*) има прилошко значење и претставува еден вид петрифициран обрат.

„Пренесувањето на акцентот од заменката врз предлогот е особеност што им е заедничка на сите централни говори.“(Б. Конески 1981: 179). Акцентските целости со предлог и заменка често

се среќаваат во кичевскиот говор: *п'о-вас, с'о-него, д'о-мене, с'о-ними, к'ај-него, к'ај-ниф, пред-к'ај-нас, н'ад-него.* Се разбира, не сите предлози можат да го примат акцентот врз себе. Кај тросложните предлози *поради, заради, наспроти* акцентот не преминува, останува на именката при што и самиот предлог најчесто се јавува како носител на акцент. Овде треба да се истакне дека овие предлози немаат честа употреба во кичевскиот говор, а кога ќе се употребат најчесто се скратуваат во изговорот во двосложни и, притоа се подведуваат под ист акцент со зборот по нив. Примери: *З'ради т'ебе не-си-пр'ошетаф* (со акцентиран предлог) но и: *зарад-н'его ми-пр'опадна пл'аноп; зарди-н'его што-напр'ајла м'ама* (без акцент на предлогот).

II. МОРФОСИНТАКСА

3. Преглед на зборовните групи и на категоријалните парадигми

3.1. *Именски зборови*

3.1. Во овој, втор дел од описот на кичевскиот говор ќе дадеме преглед на формите во коишто можат да се јават менливите зборови. За функциите на истите тие форми ќе зборуваме во третиот дел од трудов.

3.1.1. *Именки*

3.1.1. Именките во кичевскиот говор ги разликуваат следниве граматички категории: род, број, определеност и падеж. Во рамките на категоријата падеж ќе ја разгледаме и категоријата апел, иако таа функционално не претставува вистински падеж, туку има поинаква, конативна функција (сп. Минова - Ѓуркова 1994: 38).

3.1.1.1.**Род.** Како и во стандарниот јазик така и во кичевскиот говор се разликуваат три рода: машки, женски и среден. Граматички показатели кои се јавуваат кај машкиот род се следниве: *-ø, -а, -о, -е.* Примери: *маш, син, ш'етин, г'улаj, к'оњ, б'иол, п'етел, р'иш, дол, м'озок; вл'адика, в'ојвода, г'азда, сл'уга, с'удија, ш'ура, ар'амија, к'омшија, в'уjко, д'едо, ч'ичко, В'анѓо, Вл'ашко, Л'азо, 'Ил'о, Сш'ерjо,(//Шш'ерjо); в'уjче, б'аше, 'Аншe, Б'оге, Б'оре, Зл'аше, З'оре, К'оле, Л"убе, М'ил'анче, М'ишре, П'ешре, Сш'амболе, Томе.*

Кај именките од женски род има два граматички показателa за род: *-а* и *-ø.* Примери: *ж'ена, д'ејка, м'ајка, б'аба, сн'а:, св'екрва, jашрва, к'ума, м'ачка, зм'ија, к'окошка, офц'а, вр'аша, куќа, н'ива, 'оград̆а, п'ензија, п'еска, ц'рква, ц'амија; В'еса, Бл'агица, Бр'анка, Д'обрица, Д'онка, М'енка, С'афка, Сл'афка, Тр'ена; ноќ (н'оќша), вар (в'аршa//в'арош), в'ечер (в'ечерша), гној (гн'ојша,* но може и *гн'ојош), 'есен ('есенша), жар (ж'аршa//ж'арош), крв (крвша), пош (п'ошша), пр'олеш (пр'олешша).*

Кај именките од среден род граматички показатели за родот се *-о* и *-е*. Примери: *вл'акно, вр'еш̄ено, д'р̥во, зл'аш̄о, к'андило, к'олено, к'оп̄иш̄о, ко'риш̄о, л'еш̄о, мл'еко, 'око, р'ешеш̄о, с'ело, с'иш̄о, ст'ајало, стр'ебро, ш̄'рло, ч'едо, ч'ело; д'еш̄е, д'ејче, ждр'ебе, ј'аг̄не, ј'адење, ј'ајце, ј'аре, к'олце, к'оп̄иле, л'ице, м'аг̄аре, п̄р'асе, п̄'рле, ш̄'еме, 'уше, ч'ап̄чале.*

3.1.1.2.**Број.** Во граматичката категорија број разликуваме три вида множина: обична, избројана и збирна. Во кичевскиот говор се упо-требуваат сите три вида множина, што значи и збирната (и функционално и формално) иако во повеќе наши дијалекти се изгубила.

Наставки за обичната множина кај именките од машки род се следниве: *-и, -ој* и *-офци//-евци.* Со наставката *-и* множина образуваат сите двосложни и повеќесложни именки од машки род и дел од еднослож-ните именки кои завршуваат на историски меки согласки или на веларните /к/ и /х/ (кое во кичевскиот говор потоа се заменило со /в/): *б'елеѕи, б'убрези (б'убреѕи), Власи, вр̥сници, вн'уци, г̄л'уфци, г̄'ојдари, др̥муни, м'ажи, м'озоци, м'олци, к'оњи, к'оп̄ли, к'раци, с'елани, 'офчари, п̄'ајаци, п̄'олоѕи, р'ибари, с'околи, ст'олари, ф'ип̄ли, ч'ешли.* Со наставката *-ој* множина образуваат најголемиот број еднослож-ни именки од машки род: *б'уш̄ој, в'олој, г̄л'уждој, д'еној, з'еш̄ој, кр'ајој, п̄р'аш̄ој, с'аш̄ој, с'иној, с'оној, ст'олој.* Наставките *-офци//-ефци* ги добиваат фамилијарните и роднинските имиња и некои именки што означуваат лица: *в'ујкофци, д'едофци, ш̄'аш̄кофци, ч'ичкофци, сел'анкофци; К'очофци, Л'аброфци, П'оп̄офци, П'ет-рефци, Ст'улефци.* Од последниве примери може да се заклучи дека наставката *-ефци* ја добиваат фамилијарните имиња кои се изведени од лично име што завршува на *-е.* Во некои села кои се наоѓаат југоисточно од Кичево може да се слушне и наставката *-еј* < *еви* во примерите: *в'ујчеј, стр'ичеј, ш'уреј* (Орл, Иж сп. Видоески 1957: 64). Кај некои именки како обична множинска наставка се јавува и наставката *-иш̄та: в'етриш̄та, г̄р'обиш̄та, к'уп̄иш̄та, п̄'ап̄иш̄та, с'ониш̄та,* иако истиве именки можат да се слушнат и со наставката *-ој*: *в'етрој, г̄р'обој, к'уп̄ој, п̄'аш̄ој, с'оној.* Сепак, треба да се нагласи дека со првава наставка (*-иш̄та)* множинската форма на именката добива и нијанса на збирно значење, иако оваа наставка во кичевскиот говор не е издиференцирана како наставка за збирна множина и не се употребува многу често.

Флексивни морфеми за обичната множина кај именките од женски род се наставките *-и* и *-ој.* Вторава наставка е карактеристична само за именките коишто во еднина завршуваат на консонант: *б'аби, вр'аш̄и, д'ејки, ж'ени, зми:, ј'аг̄ош̄ки, ј'ап̄р̥ви, к'ап̄инки, к'окошки, кр'уши, к'уми, м'ајки, м'ачки, н'иви, 'ог̄ради, 'офци, п̄'ензи:,*

п'ески, св'екрви, сн'аи, ц'ркви, ц'ами:, н'оќи, в'ечери, 'есени; г̄н'ојој, ж'ароj, к'рвој, п'отоj. Од именките *нога* и *рака* множинските форми гласат *нозе* и *раце* (Во Пл. и *нози* сп. Видоески 1957: 65). Именките *вар* и *пр'олет* немаат множинска форма.

Флексивни морфеми за множина кај именките од среден род се *-а* и *-иња//-ина,* ситуација карактеристична за централна и за западна Македонија*: д'еца, ј'аблка, ј'ајца, к'андила, л'озја, огл'едала, р'ешета, с'ита, ст'апала, ч'ела, с'рца//с'рциња, г'рниња, д'ејчиња, ј'агниња, ј'ариња, кот'илиња, маг'ариња, п'илиња, д'ечиња//д'ечина, сир'ењина, сок'олчина, ш'ишиња.* Од именките *око* и *уше* како множински форми се јавуваат старите двоински форми *'очи* и *'уши,* како што е речиси на целата македонска дијалектна територија. Од именката *уше* во кичевскиот говор може да се слушне и множинската форма *ушиња//ушина,* но не со неутрално значење како во леринските говори (види: Видоески 1999б: 182), ами со деминутивно значење (*забел.* ова деминутивно значење го нема кај еднинската форма *уше,* тоа е основната неутрална еднинска форма во кичевскиот говор).

Именки кои се јавуваат само во еднинска форма или singularia tantum се најчесто именки кои означуваат некаква материја или апстрактни поими, именки кои со еднинската форма означуваат некакво збирно единство на предметите и, се разбира сопствените именки за коишто нема да наведуваме примери (сп. Конески 1981: 220-221): *б'акар, бр'ашно, зл'ато, к'алај, 'олово, с'ено, стр'ебро; мир, ж'алос, мл'адос, ст'арос, т'аг̈а; д'обиток, н'арот, стока.*

Како пример за именки кои се јавуваат само во множинска форма или pluralia tantum ќе ги наведеме следниве: *б'ечви, г'аќи, на'очари // 'окалки, н'ожици, пант'олони, пл'ешти, 'ушници, ш'алвари* и др.

Формите на избројаната множина, кои формално претставуваат континуанти на старите двоински форми, денес не се ограничени само на изразување на двоинско значење (Конески 1981: 245). Всушност овие форми носат информација за множина сфатена како сума одделни, дискретни елементи, множина што може да се мери со помош на аритметичка низа (Тополињска 1974: 47). Формите на избројаната множина се карактеристични само за именките од машки род што завршуваат на консонант (т.е. имаат ø наставка) и овие форми се синтаксички зависни, односно секогаш се јавуваат со број или со неопределените прилози *колку* и *неколку*. Оваа множина доста често се употребува во кичевскиот говор, најчесто со бројот *два*, или со други мали броеви, но може и со кој било број. Примери:

д'есеш сн'оша, дв'аша бр'еѓа, дв'а в'ола, два кола, ѕеш к'ошла, ш̄ри 'орла, сшо с'ааша, д'евеш с'ина, два с'инора (Орл), *два б'иола* (Пл), *колк'у-сина* (*Колк'у-сина имаш?*), *н'еколку 'орла* итн. Формите на избројана множина се употребуваат на поголемиот дел од македонската дијалектна територија, освен во југозападните македонски дијалекти (в. Лаброска 1999: 128).

Збирната множина во кичевскиот говор постои и како формална и како функционална категорија односно со збирномножинските форми се изразува сфаќањето за „колективно единство дадено без да ни излегува на преден план претставата, оти тоа колективно единство е заправо сума од предмети кои можат да бидат избројани“ (Конески 1981: 223). Во кичевскиот говор, збирната множина се јавува кај именките од сите три рода и овој вид множина се образува со наставките *-је, -ја* (наставките *-је, -ја* во периодот на губењето на еровите, во групите *-ньј- и *-дьј- предизвикале ново јотување како резултат на што во овие позиции се добиле *њ* и *ѓ* (види: Б. Конески 1981: 70, 83) во некои од следниве примери за збирна множина): *б'озје, в'ирје, д'абје, к'остење* (*З'емај-ѓи кост'ењешо и-б'еѓај 'одовде!*), *л'исје, р'идје, сн'оѕје, ѕр'аќе, ш̄'аѕање; в'оѓе, ѓ'одиње, д'обриње, д'олиње, к'очиње, л'иваѓе, н'ивје, ѕ'адиње, ѕл'аниње, р'абоќе, сл'аниње, ш̄р'евје; д'р̥вја, ж'иѕје, к'амење, кр'илја, ѕ'ерја.* Освен во кичевскиот говор, збирната множина доследно се чува и се употребува во целото западно наречје (поинаку е во стандардот каде што се изместува употребата на збирномножинските форми и формално и функционално, в. Корубин 1986: 191-201).

3.1.1.3. **Падеж.** Во граматичката категорија падеж ќе ги разгледаме синтетичките падежни форми од некои именки кои сè уште се употребуваат во кичевскиот говор.

Како карактеристика на именките во кичевскиот говор е постоењето на флексивни форми за датив и акузатив-генитив (или casus generalis) кај личните имиња и кај роднинските именки од машки и од женски род, како и кај мал број општи именки од типот *бог* или *човек*.

Како што истакнува Б. Видоески, постоењето на дативна флексивна форма е „најкарактеристичната особеност на деклинацијата на нашиов говор. Кај именките од типот *Драѓан* (што завршуваат на согласка) дат. на целата територија завршува на *-у*: *Речи му Сшојану* (Вр), *му реков Ме*ˇ*меду* (Пл), *му сшориф абер Јо:ну* (Орл), *му нарача Душану* (ЈД), *Науму, Јосифу,* (Вид, Бел, МЦр), или: *ш̄ешину* (Иж). На *-у* исто така редовно завршуваат во датив и именките на *-а*: *Му дадоф Илију, Николу* (ГЦр), *зборни му Бо*ѓ*оју*

(Под), *му дале дар и Благоју* (Лаф), *Вебију* (Пл)." (Видоески 1957: 61). Кон овие примери ќе ги додадеме примерите собрани на терен од градскиот кичевски говор: *Му-р'екоф Сп'ојану да-го-п'опрајт сп'олепо; Му дадоф Тр'ајану; Илију, Бл'агоју, Б'оризу, Слоб'оданy; Агиму, Тасиму.*

Кај именките од машки род што завршуваат на *-о* и *-е* се јавува наставката *-е* пред која може да се слушне и глајдот /j/ којшто е овде за да се избегне хијатот. Примери: *Му-р'екоф Томее да-си-д'ојт п'орано; 'Арсо(ј)е, Бл'ажее, Б'огее, Сп'ирое, Сп'ефкое, Тр'ајкое, Тр'ајчее.* Освен наставката *-е* кај овие именки може да се слушне и наставката *-у,* но додадена на проширена основа со *-т*: *Бл'ажету, Б'огету, Бр'анкоту, К'рстету, Л'азоту, М'аркоту, Сп'ојкоту, Тр'ајчету.* За градскиот кичевски говор карактеристична е првата наставка *-е*, но поради засилената миграција село – град, денес во градскиот говор можат да се слушнат и двете наставки (за дистрибуцијата на наставките во кичевските села види: Б. Видоески 1957: 62).

Освен личните имиња, дативна форма во кичевскиот говор имаат и некои општи именки од машки род, а тоа се *бог, г'оспот* и *чојк* (<човек). Тие гласат вака: *б'огу, г'осподу* и *ч'ојку.* Флексивни дативни форми кај личните и роднинските имиња од машки род се сретнуваат на целата западна и северозападна периферија од Скопска Црна Гора, па до Грамос (Видоески 1999б: 175).

Акузативната флексивна форма завршува на *-а* кај сите лични имиња од машки род на кичевското говорно подрачје. Разлика постои во тоа што кај оние именки што завршуваат на *-о,* во градскиот говор и во граничните села со поречкиот говор основата се проширува со *-т* под влијание на именките што завршуваат на *-е*, па така имаме *Л'алета,* но и *Б'ожота.* Во селата пак јужно и југозападно од линијата Вранештица – Подвис – Лафчани, акузативната форма завршува на *-а*, но без проширување на основата: *Арса, Б'ожа, М'арка, Сп'ира.*

Акузативната форма во кичевскиот говор се сретнува и кај сите роднински имиња од машки род, како и општите именки коишто имаат и дативна форма и кои погоре веќе ги споменавме: *бог: б'ога, г'оспот: г'оспода* и *чојк: ч'ојка* како и некои скаменети обрати од типот *се-к'ачи н'а-коња, жиф на-ж'иоте го-пл'ачет; д'оземи, вз'еми, б'естрага, б'ога-ми, л'еба-ми, к'рста-ми* (Б. Видоески 1957: 64). Акузативната форма кај овие именки се образува на ист начин како и кај личните имиња, со проширување на основата со *-т* и со наставката *-а*: *б'атета, в'ујчета, д'едота, т'атета, т'етина, ч'ичета.*

Во погоре споменатите села јужно и југозападно од линијата Вранештица – Подвис – Лафчани се сретнуваат форми на casus generalis од некои роднински или некои општи именки кои функционираат како сопствени, со наставката *-а: д'еда, м'анґа (<манґо)*.

Кај личните имиња од женски род исто така се чува флексивна дативна форма. Во градскиот кичевски говор, во целата Горна и Долна Кичевија и во Рабетинско како дативна наставка се генерализирала наставката од меките основи *-и*, а во останатиот дел се запазила наставката *-е* од тврдите основи. Така во градот (и во селата од Долна и Горна Кичевија и од Рабетинско) имаме: *И-р'екоф Д'аници, К'осари, М'илеви, Мих'оjци, П'етранки, Стојанки, Цв'ети.* Наставката *-и* освен во овој дел од кичевскиот говор, распространета е уште и во поречкиот, скопскиот и во полошките говори на север до Ратае и Теарце (Видоески 1999: 176). Во крастинските села и во западниот дел на Копачијата се запазила наставката *-е* како во охридскиот и во демирхисарскиот говор: *Анґе, Д'онке, Ґор'еjце, К'але, М'аре, Софиje, Ст'ојанке, Фр'осе.*

Кај роднинските називи од женски род во градскиот кичевски говор, иако ретко, можат да се слушнат дативни форми, кои исто како и личните имиња завршуваат на *-и*: *б'аби, м'ајки, стр'ини, т'етки.* На територијата каде дативната наставка за женски род е *-е* роднинските форми се со таа наставка: *м'ајке, стр'ине, т'етке.*

Акузативната форма се совпаднала со номинативната и нема посебни наставки.

Категоријата апел која ја континуира старата вокативна форма во целиот кичевски говор вклучувајќи го и градскиот говор, се изразува морфолошки, односно флексиски со посебни наставки кај најголем дел од личните имиња од машки и од женски род и кај некои општи именки што можат да се најдат во ваква функција.

Кај именките од машки род што завршуваат на консонант вокативната форма завршува на *-е: Б'ожине, Др'аґане, З'оране, Ґауме, Ст'ојане // Стоj'ане:, Тр'ајане.* Акцентирање на вториот слог, а третата мора, од крајот на зборот е можно кај сите вокативни форми и од машки и од женски род и внесува специјална нијанса на емоционалност (види: 2.1.3.). Со ваквиот начин на акцентирање е овозможено посебно истакнување на вокативната форма кај личните имиња од машки род што завршуваат на вокал, и што немаат посебна флексивна наставка за вокатив: *Благ'оја:, Ник'ола:, Стамб'оле:* и др.

Кај роднинските именки од машки род и кај некои општи именки, вокативната форма завршува на *-е* и/или на *-у: бр'ате//-*

бр'а̄ту, д'евере//д'еверу, з'е̄те, с'ине//с'ину, св'а̄те//св'а̄ту, ш'а̄те, м'ажу, ч'ојку, к'омшијо, дом'а́кине, прија̄теле.

Кај личните имиња од женски род вокативната форма завршува на *-о* или *-е: Ан́го, В'есно, В'есо, Гордано, М'аро, Д'ано, Д'обрице, Др'аганке, Др'агице, Љ'убинке, Мар'ино, М'илево, Н'адице, Н'адо, Сн'ежано, Сш'ојанке, Сш'асијо, Трпано, Фан'ице.* Како што може да се забележи од примерите, именките чија основа завршува на *-к-* или *-ц-* во вокатив добиваат наставка *-е.* Исто така, може да се забележи од примерите дека некои од вокативните форми се акцентирани на вториот слог од крајот на зборот. Се работи за лични имиња кои и во номинативна форма се акцентираат на пенултима. Инаку посебниот начин на истакнување на вокативната форма со акцентирање на пенултима и со вдолжување на крајниот вокал важи и за вокативните форми од женски род, па така може да се каже: *'Ан́го:, Горд'ано:, Добр'ице:, Љуб'инке:* итн. Кај двосложните именки разбирливо не доаѓа до поместување на акцентот, туку само до вдолжување на крајниот вокал.

Кај роднинските називи од женски род како и кај некои општи именки во вокатив главно се јавува наставката *-о: б'або, к'умо, ма'мо, н'ино, ш'е̄то, зм'ијо,* поретко во детскиот говор може да се сретне *-е: ш'е̄те, м'ајкице* (со значење на 'баба'), *др'уга̄рке, к'омшифке, га̄ул'абице.*

3.1.1.4.**Определеност.** Категоријата определеност во кичевскиот говор се изразува со членските морфеми. Во овој говор формално постои троен член (за функциите на членот види т.: 4.2.3.2.). Членските морфеми се следниве : *-о̄т, -та̄, -то̄, -те̄; -ов, -ва, -во, -ве, -он, -на, -но, -не.* Овој модел на тројниот член освен за кичевско-поречкиот говор, карактеристичен е и за следниве говори: скопско-велешкиот, прилепско-битолскиот, охридско-преспанските говори, дебарските и полошките говори (без вратничкиот) (Видоески 1999б: 189). Дистрибуцијата на овие членски морфеми зависи од родот и од завршетокот на именката. Треба да се нагласи дека *-в-* членската морфема, поради губењето на интервокалното /в/, во овој говор често се јавува во редуциран облик, па така имаме *ж'ена: (< ж'енава), д'е̄тео (<де̄тево), га̄остӣе (<га̄остӣве), јабл̥ч'ина: (<јабл̥чињава)* итн.

Именките од машки род што завршуваат на консонант, во еднина ги добиваат следниве членски морфеми: *-о̄т, -ов, -он: м'ажо̄т, м'ажоф, м'ажон; с'ино̄т, с'иноф, с'инон; ч'ојко̄т, ч'ојкоф, ч'ојкон; сш'а̄по̄т, сш'а̄поф, сш'а̄пон, ш̄трен̄д'афило̄т, ш̄трен̄д'афилоф, ш̄трен̄д'афилон.*

Именките од женски род, без разлика дали завршуваат на вокал или на консонант, како и именките од машки род што завршуваат на *-а* ги добиваат членските морфеми *-та, -ва, -на: ж'ената, ж'енава//ж'ена:, ж'енана; к'уќата, к'уќава//к'уќа:, куќана; ст'ан'ицата, ст'ан'ицава//ст'ан'ица:, ст'аницана; н'оќта, н'оќва, н'оќна; с'олта, с'олва, с'олна; пролетта, пролетва, пролетна; влад'иката, влад'икава //влад'ика:, влад'икана; сл'уѓата, сл'уѓава//сл'уѓа:, сл'уѓана.* Овие членски морфеми ги добиваат и сите именки што завршуваат на *-а* во множина: *д'ецата, д'ецава//д'еца:, д'ецана; ј'ајцата, ј'ајцава//ј'ајца:, ј'ајцана; маѓар'ињата, маѓар'иња//маѓар'иња:, маѓар'иња; л'исјата, л'исјава//л'исја:, л'исјана; кр'ил'јата, кр'ил'јава//кр'ил'ја:, кр'ил'јана; бр'ак'ата, бр'ак'ава//бр'ак'а:, бр'ак'ана.*

Членските морфеми *-то, -во, -но* ги добиваат именките од среден род во еднина: *д'ето, д'етево//д'етео, д'етено; ј'ајцето, ј'ајцево//ј'ајцео, ј'ајцено; маѓ'аре, маѓ'арево//маѓ'арео, маѓарено; с'ело, с'елово//с'ело:, с'елоно; с'еделото, сед'елово//сед'ело:, сед'елоно.* Овие членски морфеми ги добиваат и сите именки кои имаат збирна множина на *-е: сн'ојето, сн'ојево//сн'ојео, сн'ојено; т'рњето, т'рњево//т'рњео, т'рњено; лив'аѓето, лив'аѓево//лив'аѓео, лив'аѓено; н'ивјето, н'ивјево//н'ивјео, н'ивјено; огр'аѓето, огр'аѓево//огр'аѓео, огр'аѓено; раб'оќето, раб'оќево//раб'оќео, раб'оќено.*

Членските морфеми *-те, -ве, -не* се додаваат кај сите именки од машки, од женски и од среден род кои во множина завршуваат на *-и: м'ажите, м'аживе//м'ажие, м'ажине; вл'ад'ицте, влад'ициве //влад'ицие, влад'ицине; сл'уѓите, сл'уѓиве//сл'уѓие, сл'уѓине; ж'ените, ж'ениве//ж'ение, ж'енине; н'оќите, н'оќиве//н'оќие, н'оќине; 'очите, 'очиве//'очие, 'очине; 'ушите, 'ушиве//'ушие, 'ушине.*

(За функциите на членот види во делот за синтакса).

Преѓлед на флексивните морфеми кај именките во кичевскиот ѓовор

Род	Еднина				Множина		
	Ном.	Дат.	Опш. ф.	Вок.	Обична	Збирна	Избројана
Машки	*-ø* *-а,* *-о* *-е*	*-у* *-ое* *-ету* *-ее*	*-а* *-ота* *-ета*	*-ø* *-е* *-у*	*-и* *-ој / -еј* *-овци* *-ишта*	*-је* *-ја*	*-а*
Женски	*-ø* *-а,*	*-и* *-е*	= *Ном.*	*-е* *-о*	*-ој* *-и*	*-је*	
Среден	*-о* *-е*				*-а* *-иња /-ина*	*-је* *-ја*	

3.1.2. *Заменки*

3.1.2.1. *Лични заменки*

3.1.2.1. Личните заменки во кичевскиот говор ги разликуваат граматичките категории што се карактеристични и за стандардниот јазик, а тоа се лице, род, број и падеж. Овде ќе дадеме само преглед на формите на заменките додека нивната функција ќе биде обработена во делот за синтакса.

Личната заменка за прво лице еднина ги има следниве форми:

– *ја* (номинатив)

– *м'ене ми* (датив)

– *м'ене ме* (casus generalis)

За прво лице множина личната заменка ги има следниве форми:

– *н'и(ј)е* (номинатив)

– *нас ни* (датив)

– *нас не* (casus generalis)

Личната заменка за второ лице еднина ги има следниве форми:

– *ти* (номинатив)

– *т'ебе ти* (датив)

– *т'ебе те* (casus generalis)

За второ лице множина личната заменка се јавува во следниве форми:

– *ви(ј)е* (номинатив)

– *вас ви* (датив)

– *вас ве* (casus generalis)

Во трето лице еднина за машки и за среден род се јавуваат следниве форми од личната заменка:

– *тој* (машки род), *то:* (среден род) (номинатив)

– *н'ему му* (датив)

– *н'ег̃о г̃о* (casus generalis)

За женскиот род во трето лице еднина ги имаме следниве форми на личната заменка:

– *та(ј)а//та:* (номинатив)

– *н'е(ј)ѕи и; (ј)е* (датив) *(ј)е* (генитив)

– *н'е(ј)а//не: (ј)е* (casus generalis)

Во трето лице множина личните заменки се јавуваат во следните форми:

– *ш̄т'и(ј)е* (номинатив)

– *ним(и)//ниф им* (датив)

– *ниф//ним(и) и* (casus generalis)

3.1.2.2. *Лично-п̄редмет̄ни заменки*

3.1.2.2. Во кичевскиот говор се сретнуваат следниве форми на лично-предметните заменки:

Со прашална и со релативна функција се употребуваат:

– *кој, к'оја, к'ое, к'ој* (<кои) (номинатив)

– *к'ому (му)* (датив)

– *к'ог̄о (г̄о)* (casus generalis)

– *чиј, чи(ј)а, чие//чијо, чи:*

– *ш̄т̄о*

– *ч'уму*

За неопределеност се употребуваат следниве форми од лични-предметните заменки:

– *н'екој, н'екоја//н'еко:, н'екое, н'екој (<некои); н'екој-си, нек'оја-си, нек'ое-си, н'екој-си (<некои-си); кој-б'ило, која-б'ило, кое-б'ило, кој-б'иле; 'еден, 'една, 'едно, 'едни;*

– *н'екому (му)* (датив)

– *н'еког̄о (г̄о)* (casus generalis)

– *н'ечиј, н'ечија, н'ечие//н'ечијо, н'ечи:*

– *н'еш̄т̄о*

Негираните форми на лично-предметните заменки се следниве:

– *н'икој, н'икоја, н'икое, н'икој (<никои)*

– *н'икому (му)* (датив)

– *н'иког̄о (г̄о)* (casus generalis)

– *н'ичиј, н'ичија, н'ичие//н'ичијо, н'ичи:*

– *н'иш̄т̄о*

Формите на лично-предметните заменки со обопштувачка функција се следниве:–*с'екој (с'еки), с'екоја, с'екое, с'екој (<секои) ; св'екој, св'екоја, св'екое, св'екој(<секои);*

– *с'екому (му) ; св'екому* (датив)

– *с'еког̄о (г̄о); св'еког̄о* (casus generalis)

– *с'ечи(ј), с'ечија, с'ечие//с'ечи(ј)о, с'ечи:*

– *све, с'еш̄т̄о; св'еш̄т̄о*

Формите од општата лично-предметна заменка со *-в- св'екој* итн. не се одлика на градскиот говор. Тие се употребуваат главно во селата и тоа во поголемиот дел од селата што гравитираат кон Кичево (види: Б. Видоески 1999б: 155; карта 39).

3.1.2.3. *Показни заменки*

3.1.2.3. Во кичевскиот говор има систем од три показни заменки (*овој - оној - тој*) којшто е карактеристичен за западните и северните говори (Б. Видоески 1999б: 143-144).

Формите на показните заменки во кичевскиот говор се следниве:

– *тој, т'а(j)а//та:, то:, т'ие*
– *н'ему, н'е(j)зи* (датив)
– *н'его, н'е(j)а* (casus generalis)
– *'овај, ова(j)а//ова:, 'ова, 'овие*
– *'овему, 'ове(j)зи* (датив)
– *'овега* (casus generalis)
– *'онај, 'она(j)а//она:, 'она, 'оние*
– *'онему, 'оне(j)зи* (датив)
– *'онега* (casus generalis)

Како што се забележува од прегледот на формите, посебни падежни форми се сретнуваат само во еднината, и тоа за датив и кај машкиот и кај женскиот род, додека за акузатив и за другите коси падежи (предлошки конструкции) постои casus generalis само кај машкиот род.

3.1.2.4. *Заменски придавки*

3.1.2.4.1. Лично-присвојни форми на заменските придавки во кичевскиот говор се следниве: *мој, м'оја, м'о(j)е, м'ој (<мои); наш, н'аша, н'аше, н'аши; твој, тв'оја, тв'о(j)е, тв'ој (<твои); ваш, в'аша, в'аше, в'аши; н'егоф, н'его:* (<негова), *н'его:* (<негово), *н'егој (<негови); н'ејзин// н'езин// н'езиң, н'ејзина// н'езина// н'езина, н'ејзино// н'езино// н'езино, н'ејзини //н'езини //н'езини; н'ивен, н'ивна, н'ивно, н'ивни.*

Повратно-присвојната заменка ги има следниве форми: *свој, св'оја, св'о(j)е, св'ој (<свои).*

Во говорот на селата можат да се сретнат и следниве форми на лично-присвојните заменски придавки кои не се карактеристични за градскиот говор: за женскиот род освен формите со /j/ во селата

што се простираат југоисточно од градот Кичево (Вранештица, Орланци, Пласница в: Б. Видоески 1957: 67) се сретнуваат и форми *м'оа, тв'оа, св'оа* кои се карактеристични и за соседниот поречки говор. На оваа иста територија се сретнуваат и форми на заменските придавки кои не се сретнуваат во градскиот говор: *'овеѓоф, 'овезин* и *'овејзин, 'онеѓоф, 'онезин* и *'онејзин.* Во селото Лафчани кое се наоѓа југозападно од градот Кичево, наместо *н'ивен, н'ивна* итн. се сретнуваат формите: *нин, н'ина, н'ино, н'ини.*

3.1.2.4.2. Качествените заменски придавки во кичевскиот говор се јавуваат со следниве форми: за прашања: *к'акоф, к'аква, к'акво, к'акви;* неодредени: *н'екакоф, н'екаква, н'екакво, н'екакви;* за негирање: *н'икакоф, н'икаква, н'икакво, н'икакви;* со качествено општо значење: *с'екакоф, с'екаква, с'екакво, с'екакви;* качествено-показни: *в'акоф, в'аква, в'акво, в'акви; т'акоф, т'аква, т'акво, т'акви; 'онакоф, 'онаква, 'онакво, 'онакви.*

3.1.2.4.3. Количествените заменски придавки се сретнуваат во следниве форми: за прашања: *к'олкаф, к'олка:, к'олко:, к'олкај (<колкави);* со неопределено значење: *н'еколкаф, нек'олка:, нек'олко:, нек'олкај (<неколкави); колкаф-б'ило, колкаф-ѓ'оде;* со одречно значење: *н'иколкаф, ник'олка:, ник'олко:, ник'олкај (<николкави);* со демонстративно значење: *т'олкаф, т'олка:, т'олко:, т'олкај (<толкави); 'олкаф, 'олка:, 'олко:, 'олкај (<олкави); 'онолкаф, он'олка:, он'олко:, он'олкај (<онолкави).*

Општата количествена заменска придавка се јавува во следниве форми: *с'иот, с'ета, с'ето, с'ите; с'ево, с'иве; с'ено, с'ине.* Во некои села се сретнува и формите *вес, веса* само во изрази од типот: *вес мајка му, в'еса е на тебе* (селата Ижишта, Орланци, Пласница, Кнежино и др.) а во градскиот говор овој облик е зачуван во петрифицираниот прилог *в'езден.* Во градскиот говор формите *с'иот, с'ета, с'ето* поретко се употребуваат. Повеќе се користат формите *цел, ц'ела, ц'ело,* но *с'ите, с'ине, с'иве* (за множина). Во некои села имаме и форми: *св'ено, св'ето* со зачувано /в/. Во материјалите од Мало Црско се сретнува и формата *сичичкото* што денес не се употребува.

На крајот на делот посветен на формите на заменките ќе дадеме општ преглед на заменските типови и форми којшто е направен според прегледот изработен од Б. Видоески при описот на дебарските говори (Б. Видоески 1998: 230):

Вид заменки	Лично-предметни	Присвојни	Качествени	Количествени
Лични	*ја ние* *ти вие* *тој тие* *та://таја* *то://тоа*	*мој, а,е наш, а,е* *твој,а,е* *ваш,а,е* *негоф* *нивни* *незин//* *нејзин//* *незин*		
Повратни	*себе*	*свој*		
Прашални	*кој,а,е,* *што*	*чиј, чи(ј)а,* *чие//* *чијо*	*какоф,* *каква, о*	*колкаф*
Неодредени	*некој,а,е,* *нешто*	*нечиј, а, е//јо*	*некакоф*	*неколкаф*
Одречни	*никој,а,е,* *ништо*	*ничиј*	*никакоф*	*николкаф*
За секое лице	*секој, а,е,* *сешто*	*сечи(ј),а,е//јо*	*секакоф*	*сиот,* *вес*
Показни	*овај овие* *тој тие* *онај оние*	*овегоф* *овезин* *негоф незин* *онегоф* *онезин*	*вакоф,* *такоф,* *онакоф*	*олкаф,* *толкаф,* *онолкаф*

3.1.3. *Броеви*

3.1.3.1. Формите на броевите во кичевскиот говор се следниве: *'еден, 'една, 'едно; два, две; три, ч'етири, пет, шес, с'едум, 'осум, д'евет, д'есет, един'ајсет, дван'ајсет, трин'ајсет, четрн'ајсет, петн'ајсет, шесн'ајсет, седумн'ајсет, осумн'ајсет, деветн'ајсет, дв'ајсет, двајс-'еден, двајс-дв'а, двајс-тр'и; тр'иесет, четир'иесет, п'е(д)есет, ш'еесет, сед'умдесет, ос'умдесет, дев'е(д)есет, сто, дв'есте, тр'иста, ч'етрсто, п'етсто, ш'есто, с'едумсто, 'осумсто, д'еве(т)сто, 'ил'јада, м'ил'о:н.*

3.1.3.2. Како што е впрочем и во стандардниот јазик, посебни форми за род во кичевскиот говор има кај бројот *'еден* каде што, освен оваа форма за машки род, има и за женски род *'една* и за среден род *'едно.* Кај бројот *два,* машкиот род има форма *два* која се разликува од формата што е заедничка за женски и за среден род:

две. Освен овие форми позната е и формата *'обата* која се употребува само членувана и „која заправо од семантичка гледна точка како да претставува состав 'сите два'" (Тополињска 1974: 49). Освен формата *'обата* со која се опфаќаат лица од машки род постои и формата *'обете*, заедничка за женски и за среден род: *Обата сина пом'аѓа: за-к'уќата. 'Обете (ќерки) ми-се-'арни.*

За броевите од 11 до 19 ќе истакнеме дека тие се сложени образувања составени од единечен број, предлогот *на* и бројот *десет* (историски гледано тука била старата форма „на десатє "сп. Угринова - Скаловска 1979: 78) којшто во кичевскиот говор се скратил како *-јсет.*

Десетичните броеви од 20 нагоре се изговараат исто како во стандардниот јазик, со исклучок на бројот *дв'ајсет* каде што вокалот /е/ преминал во глајдот /j/. Броевите 50 и 90 освен со стандардниот изговор понекогаш можат да се слушнат со изгубено интервокално /д/: *п'еесет, дев'еесет* (тука настанува секвенца од два еднородни вокала кои не се контрахираат, види: 1.1.3.5.).

Во сложените состави со единиците најчесто се губи сврзникот *и* како и финалните гласови од десетичниот број, но можат да се слушнат примери и со зачуван сврзник: *триес-дв'а, пеес-ш'ес, осумдес-п'ет // триесет-'и-два, педесет-'и-шес, осумдесет-'и-пет.*

Кај формите на стотиците треба да се нагласи дека тие се изговараат главно скратено: *ч'етр̩сто, ш'есто, с'едумсто*, но и овде може да се слушне нескратен изговор, речиси еднаков на оној во стандардниот јазик (освен кај бројот 400 каде се губат двете /и/ од првиот дел на сложениот број: финалното /и/ и она /и/ што му претходи на /р/), кога бројот посебно се нагласува во реченицата: *четр̩ст'отини, петст'отини, шест'отини, седуст'отини.*

Броевите *'ил'јада* и *м'ил'он* што всушност претставуваат именки, се селективни по род и разликуваат еднина и множина: *'ил'јади, ил'јадата, -ва, -на, ил'јадите, -ве, -не; мил"о:ни, мил"о:нот, -ов, -он; мил"о:ните,-ве,-не.*

3.1.3.3. Броевите претставуваат определби на именката и, ако именката во дадената фраза се јавува како определена, членот го носи бројот. На бројот *еден* му се додаваат членските морфеми *-от, -ов, -он;* на бројот *една* членските морфеми *-та,-ва, -на*, а на бројот *едно* членските морфеми *-то, -во, -но.* Кај бројот *два* се додаваат членските морфеми *-та, -ва, -на*, а кај сите останати броеви се додаваат *-те, -ве, -не: п'ете, с'едумве, д'есетне, шесн'ајсете, седумд'есете, ст'оте, дв'естете//дв'естоте, тр'истате, чет'р̩стоте*

итн. Исклучоци можат да се сретнат кај броевите 200 и 300: *дв'естето, тр'истата* каде се појавуваат членските морфеми *-то* и *-та.*

3.1.3.4. За изразување на одредена бројност за лица, и тоа само за лица од машки род, во кичевскиот говор се употребуваат следниве специјални бројни форми: *дв'ајца, тр'ојца, четв'орица, п'етмина, ш'есмина, с'едуммина, ос'уммина, дев'етмина, дес'етмина.* Овие бројни определби покажуваат по својот облик голема блискост со именките (Конески 1981: 328). Начинот на членување е ист како кај именките, т.е. се додаваат членските морфеми *-та, -ва, -на: дв'ајцата, тр'ојцана, четвор'ицава, п'етминатa, седумм'инава* итн. Кај последниве форми кои се образувани со суфиксот *-мина* можно е и поинакво членување: *седумтемина, осумтемина* каде што се покажува паралелност со изразите *пет души: петте души* кои се сретнуваат во стандардниот јазик (Конески 1981: 328-329), а се карактеристични и за кичевскиот говор.

3.1.3.5. За означување на приближна бројност во кичевскиот говор се употребуваат сложени форми од типот: *дв'а-три, три-ч'етири, шес-с'едум, сед'ум-осум; три-четрн'ајсет, пе-чесн'ајсет//-петн'ајсет- шесн'ајсет, седум-осумн'ајсет//седумн'ајсет- осумн'ајсет.* Со помош на суфиксот (наставката) *-ина* можат да се образуваат броеви за приближна бројност од сите десетици и од бројот *сто*: *д'естина// дес'етина, дв'ајстина// двајс'етина, три'естина// триес'етина, пе'естина// педес'етина, ст'отина.* Пример: *Тој се стори веќе маж на двајстина години* (Црско: 158). Како што се забележува од примерите, во кичевскиот говор постојат двојни форми од десетиците, со скратен и со нескратен десетичен број. Овие броеви за приближна бројност не е вообичаено да се јавуваат членувани.

3.1.4. *Придавки*

3.1.4. Кај придавките во кичевскиот говор се разликуваат следниве граматички категории: род, број, определеност, степен и, кај придавските еднински облици, и категоријата апел.

3.1.4.1. **Род**. Категоријата род кај придавките не е селективна, туку парадигматска т.е. секоја придавка е способна да се јави во сите три рода (со исклучок на туѓите придавки, најчесто од турскиот, но и од грчкиот јазик). Така во еднина се разликуваат форми за машки, женски и среден род соодветно со следниве формални показатели: *ø* или *-и* за машки род, *-а,* за женски род и *-о* за среден род. Примери:

'убаф–'уба:–'убо:; бел–б'ела–б'ело; г̄л'уп̄аф–г̄л'уп̄а:–г̄л'уп̄о:; к'р̨ваф–к'р̨ва:–кр̨во:; ман'аст̄ирски–ман'аст̄ирска–м'анаст̄ирско, р'аси̇п̄ан –рас'и̇п̄ана–рас'и̇п̄ано; 'офчи–'офча–'офчо; ч'ојчки–ч'ојчка–ч'ојчко.

Кај придавките што завршуваат на суфиксите *-лија, -џија*, а коишто главно се заемки од турскиот или се образувани од словенски корен со турски суфикс, не се разликува категоријата род: *в'ошлија, им'ашлија, крсм'е̇т̄лија, каба'е̇т̄лија, к'ошлија, ст̄р'ашлија; г̄ол'емџија, шак'аџија* и др. Овие лексеми според своите карактеристики стојат на границата помеѓу именките и придавките, па во зависност од функцијата што ја вршат во реченицата можеме да ја определиме нивната припадност кон една или кон друга категорија зборови.

Кај некои придавки од турско потекло, како што се: *серт̄, к'адар, кабил', т̄'аксират̄*, кои се употребуваат често во кичевскиот говор, посебно во говорот на постарите говорители, не се разликуваат категориите род и број: *серт̄ чојк, серт̄ ж'ена, серт̄ л'уѓе.* Придавките *к'адар, к'абил', т̄'аксират̄*, главно се употребуваат како дел од глаголско-именски прирок: *Тој-е к'адар да-г̄о-н'ајрајт̄ т̄'о:* (но може и: *к'адарен*), *Да-е к'абил' од-п̄'иле мл'еко би-им-д'ала на-д'ецана. К'олку е-т̄'аксират̄ Ац'ојца, с'ега̄ и-бр'ат̄-је се-п̄'оболел.* Последнава турска заемка, која што се употребува и како именка и како придавка, кога е со придавско значење може да се слушне и со суфиксот *-лија: т̄аксир'а̇т̄лија* кој, како што истакнавме погоре е заеднички за сите три рода.

Придавката од грчко потекло *ката* се употребува во кичевскиот говор (иако денес поретко и најчесто од постарите говорители) и кај оваа придавка не се разликуваат род и број: *К'ата-ден ојт̄ по-комши:. К'ата н'едела т̄'а:-е ф-ц'р̨ква. К'ата л'е̇т̄енце, д'е̇т̄енце* (поретко со други зборови, а почесто во синтагма со *ден* како во првиот пример).

3.1.4.2. **Број**. Множинската форма од сите видови придавки, било да се од словенски корен или од туѓо потекло, се образува со наставката *-и (*која ако се најде зад вокал преминува во /j/*): б'ели (з'аби, к'ошули, м'ачиња), г̄л'уп̄ај (уч'еници), ј'аг̄нечки (б'ут̄ој, к'оски, цр'ефца), к'алај (к'ондури), ман'аст̄ирски (к'онаци, св'она), 'офчи (з'аби), рас'и̇п̄ани (к'олбаси, цр'ешни, ј'аица), 'убај (с'иноj, д'ејки, п̄р'асиња), ч'ојчки (м'ани); в'ошли: (д'еца), им'ашли: (с'елани), кр̨см'е̇т̄ли: (л'уѓе), каба'е̇т̄ли: (к'омши:), к'ошли: (к'ерки), т̄аксир'а̇т̄ли: (ж'ени), ст̄р'ашли: (м'ажи), г̄ол'емџи: (л'уѓе).* Кај придавките кои во еднина машки род завршуваат на *-в*, во множината доаѓа до губење на ова интервокално /в/ и настанува секвенца од два вокали при што множинската наставка *-и* преминува во неслоговно ̯и односно во /j/.

3.1.4.3. **Определеност**. Категоријата определеност кај придавките во кичевскиот говор се изразува со моделот на тројниот член претставен преку следниве членски морфеми: *-от, -ов, -он,* кај придавките од машки род во еднина, *-та, -ва, -на* кај придавките од женски род во еднина и *-то, -во, -но* кај придавките од среден род во еднина. Во множина кај сите три рода се додаваат членските морфеми *-те, -ве, -не.* Примери: *б'елиот – б'елиоф – б'елион, б'елата – б'елава – б'елана, б'елото – б'елово – б'елоно, б'елите – б'еливе – б'елине; г̄луп'ајот – г̄луп'ајоф – г̄луп'ајон, г̄луп'а:та – г̄луп'а:ва – г̄лупа:на, г̄луп'о:то – г̄луп'о:но – г̄луп'о:во – г̄луп'ајте – г̄луп'ајве – г̄луп'ајне; јаг̄н'ечкиот – јаг̄н'ечкиоф – јаг̄н'ечкион, јаг̄н'ечката – јаг̄нечкава – јаг̄н'ечкана, јаг̄н'ечкото – јаг̄н'ечково – јаг̄н'ечконо, јаг̄н'ечките – јаг̄н'ечкиве – јаг̄н'ечкине* итн. Како што се гледа од членуваните еднински форми на придавката *г̄лупаф,* настанува губење на интервокално /в/ во сите членувани позиции при што доаѓа до различна промена на вокалните секвенци: кај машкиот род се образува дифтонг /aj/, а кај женскиот и средниот род се јавува долг вокал (види т.: 1.1.3.5.).

3.1.4.4. **Степен**. Категоријата степен кај придавките во кичевскиот говор се изразува со претставки *п̄о-* за компаратив и *нај-* за суперлатив. Примери: *п̄'обел – п̄'обела – п̄'обело – п̄'обели / н'ајбел– н'ајбела – н'ајбело – н'ајбели; п̄'ог̄лупаф – п̄ог̄л'упа: – п̄ог̄л'упо: – п̄ог̄л'упај / н'ајг̄лупаф – најг̄л'упа: – најг̄л'упо: – најг̄л'упај; п̄'ог̄олем – п̄ог̄'олема – п̄ог̄'олемо – п̄ог̄'олеми / н'ајг̄олем – најг̄'олема – најг̄'олемо – најг̄'олеми; п̄о'убаф – п̄'оуба //п̄о'уба: – п̄'оубо // п̄о'убо:, п̄'оубај // п̄о'убај / н'ајубаф – н'ајуба// нај'уба: – н'ајубо//нај'убо: – н'ајубај//нај'убај* (за начинот на акцентирање види: 2.1.3.)

Кај релативните придавки нема категорија степен.

3.1.4.5. Придавките од машки род во еднинска форма се способни да дадат категоријална информација за категоријата апел со придавската наставка *-и* во примери како следниве: *Драги дедо! Мили Саше!* Од примериве се гледа дека во овие случаи самата именка која е центар на именската фраза не е способна морфематски да ја изрази категоријата апел (односно нема морфолошка вокативна форма), па придавката е токму таа што со својата наставка дава сигнал за дадената категорија. Придавката може и самата да има улога на центар на именската фраза при што придавската наставка *-и* е единствен морфематски сигнал на категоријалната информација на апел (Тополињска 1974: 40) : *Драги! Мили!*

3.1.5. *Бројни придавки*

3.1.5. Бројните придавки или редните броеви како што се нарекуваат поинаку, во кичевскиот говор ги имаат следниве форми: *прф, п'рва, п'рво, п'рви, фтор, фт'ора, фт'оро, фт'ори; трет, тр'ета, тр'ето, тр'ети; ч'етврт, ч'етврта, ч'етврто, ч'етврти; пет(и), п'ета, п'ето, п'ети, ш'ести, ш'еста, ш'есто, ш'ести; с'едми, с'едма, с'едмо, с'едми; 'осми, 'осма, 'осмо, 'осми, д'евети, д'евета, д'евето, д'евети; д'есети, д'есета, д'есето, д'есети, един'ајсти, дван'ајсти, трин'ајсти, четрн'ајсти, петн'ајсти, шесн'ајсти, седумн'ајсти, осумн'ајсти, деветн'ајсти, дв'аести, тр'иести,* итн. Бројните придавки се членуваат на ист начин како и другите придавки: формите за машки род ги добиваат членските морфеми *-от, -ов, -он;* формите за женски род членските морфеми: *-та, -ва, -на;* за среден род *-то, -во, -но* и за множина *-те, -ве, -не.*

3.1.6. *Прилози*

3.1.6. Прилозите како зборовна група која се наоѓа на границата меѓу менливите и неменливите зборови, се карактеризира со свои специфики и на зборообразувачко рамниште (нивното потекло и начинот на нивно образување) и на функционален план. Најпрво ќе дадеме преглед на најфреквентните прилози во кичевскиот говор според нивната функција.

3.1.6.1. Како определби за време се јавуваат следниве прилози: *в'ечер, н'авечер, пр'едвечер, пр'иквечер, д'ење, д'енеска, в'езден, 'есента, ес'еноска, прол'етоска, з'имоска, л'етоска, лет'ово, зим'ава, недел'ава, годин'ава, к'ога//ко, к'асно, д'оцна, н'екни, н'оќе, н'оќеска, 'одамна, 'одма, л'ани, ол'омнани, с'иноќа//с'иноќка, т'огаш, 'утре, утр'евечер, з'адутре, поз'адутре, вч'ера, з'афчера, поз'афчера, с'ега, в'еднаш.*

3.1.6.2. Покарактеристични прилози за место во кичевскиот говор се следниве: *бл'иску//бл'изу, в'аму, вн'атре, г'оре, д'алеку, д'олу, зг'ора, зд'ола, к'аде, од'озгора, од'оздола, н'аваму, н'атаму, н'агоре, н'адвор, н'адолу, н'екаде, н'икаде, скр'аја, 'овде, 'онде, 'осади, 'оцпреди, 'онаму, с'екаде, т'аму, 'оттаму, 'одваму, од'онаму, околн'аокол.*

3.1.6.3. Карактеристични прилози за начин во кичевскиот говор се следниве: *к'ако, н'екако, н'икако, д'ури, 'одвај, скр'ишум, наз'адгазум, на'опаку// н'опаку, н'асон, н'ајаве, удул'угла:, погазечки, пом'ешечки, т'ака, там'ан, к'ерне.*

3.1.6.4. Од прилозите за количество кои се употребуваат почесто во кичевскиот говор, ќе ги наведеме следниве: *ал'аштo*

(*Ал'ашто луѓе се прошочка: н'из-двор.* (за етимологијата на овој прилог види во делот за лексика), *к'олку, ш'олку, 'онолку, н'еколку, м'алку// м'алу, мн'оѓу, шр'о:, 'уште, п'ојќе, в'еко̄ш, 'еднуш, дв'апати, шр'ипати, сш'ойати, дв'остручо, шр'остручо.*

Сега ќе се задржиме на потеклото на прилозите и на формалното изразување на граматичката категорија степен што ја познаваат само качествените и количествените прилози.

Прилозите по потекло можат да бидат настанати од придавки, од именки, од заменки, од броеви или од глаголи.

3.1.6.5. Најбројна прилошка група е онаа што е добиена од придавки со наставката *-о* која во кичевскиот говор во повеќе ситуации преминува во *-у* со цел за формално диференцирање на прилозите, појава карактеристична за централните и западните говори, како и за стандардниот јазик (Б. Конески 1981: 348). Примери: *бл'изу, м'алу//м'алку, б'р̨гу,* (но и: *б'р̨го//б'р̨зо*), *д'алеку, мн'оѓу,* (исто и кај заменските прилози: *в'аму, 'онаму, ш'аму*), но и, *'арно, ѓ'р̨до, к'асно, к'усо* (*Уште шо: му-б'еше к'усо*), *л'ошо, м'адро, р'ешко, 'убо:.*

3.1.6.6. Кај прилозите добиени од именки во кичевскиот говор, специфични се некои петрифицирани именски облици во падеж, без или со предлог. Примери: *д'ење, н'оќе, з'име, 'есење, л'еше, пр'олеќе, л'ани, п'ашем* Орл, *в'икум* Вр, *кр'ишум, м'илум, р'едум, св'ередум, с'илум; б'естраѓа, д'ореда, д'опати, оштамш'ивека, н'ајаве, н'асоне, н'аземи, 'управ 'удолу* (Црско: 28)*; зб'оѓум, скр'ишум, скр'аја; фстр'еде, фк'уќи, фчас; бодин'аница, брк'аница, недо'апица* (Црско: 24), *шрч'аница, (*и со фонетски варијанти: *бодин'ајнца, брк'ајнца* во селата кои гравитираат кон Охрид и кон Битола види: 1.1.3.6.), *ѓ'азечки, йоѓ'азечки, пом'ешечки, кр'адечки, стрмноѓл'ајчки, оп'ачечки.*

3.1.6.7. Настрана од глаголскиот прилог којшто, имајќи карактеристики на глаголност го разгледуваме како дел од глаголскиот нефинитен систем, други специфични прилози добиени од глаголи во кичевскиот говор се оние со суфиксот *-ана*: *п'аѓана, ск'окана, ш'рчана,* кои најчесто одат во комбинација со предлогот *со* или со предлогот *на: Со ш'рчана п'ојдоф на-р'аботта. Го-ф'атиф на-п'аѓана.*

3.1.6.8. Кај прилозите од заменско потекло во кичевскиот говор како специфични ќе ги спомнеме следниве: *'одавде, в'адајва* Орл, *овад'ејава* Рус, *овдев'ака, в'амуде* Дуп, *з'аштти* Орл, *ш'оѓај* (Црско: 29), Видоески 1957: 67-68).

3.1.6.9. По потекло од броеви се следниве поспецифични прилози во кичевскиот говор: *'еднуш(ка), в'еднуш* (Црско: 64), *дв'ос̄труко, т̄р'ос̄труко.*

3.1.6.10. Од прилошките партикули кои се сретнуваат кај прилозите во кичевскиот говор карактеристични се: партикулата *-ка: 'овдека, 'ондека, т̄'ука, з'имоска, л'ет̄оска, ес'енеска, п̄рол'ет̄оска, н'оќеска, д'енеска, п̄р'еѓеска, с'инојка*; и партикулата *же* изменета во *ре: д'ури, т̄ак'уѓере, с'аѓере* Орл, Вр.

3.1.6.11. Овде ќе ги истакнеме уште и прилозите од турско потекло кои што се поприлично фреквентни во кичевскиот говор: *саб'ајле, с'ефт̄е, 'от̄севт̄е* (Црско: 25), *т̄'екран, т̄ек-т̄ук, к'арши, к'арши-к'арши, б'а:ѓи, ко-бај'аѓи, дит̄, ич, 'ет̄т̄ен, т̄ам'ан, ф'азла, бад'ијала, бараб'ар, ѓ'омит̄и, п̄о-т̄амин'а, т̄'ерсене, т̄'оп̄т̄ан, наѓ'ут̄уре, ќорлемечки* и др. (за нивното значење в. Јашар- Настева 2001: 116-122).

3.1.6.12. Дел од прилозите, т.е. качествените и количествените прилози, ја познаваат граматичката категорија степен. Степенот се изразува со претставки исто како и кај придавките, *-п̄о* за компаратив и *-нај* за суперлатив. Примери: *п̄'оарно – н'ајарно, п̄'обр̨зо// п̄обр̨ѓо – н'ајбр̨зо// најбр̨ѓо, п̄'оѓоре – најѓоре, п̄'окроце, п̄'омалку – најмалку; п̄'оубо: – н'ајубо:, п̄'оп̄осле – н'ајп̄осле, п̄от̄аму, п̄онаваму.*

3.1.7. *Глаѓоли*

3.1.7. Граматички категории кај глаголите се следниве: вид, начин, време, залог, лице, број и род. Овде ќе дадеме преглед на формите (финитни и нефинитни) во кои се јавуваат глаголите во кичевскиот говор. За функциите на глаголските форми ќе стане збор во третиот дел од книгава.

3.1.7.1. *Вид*

3.1.7.1. Во овој дел ќе ја разгледаме граматичката категорија вид од формален аспект, односно начините како се изведуваат перфективни и имперфективни глаголи во кичевскиот говор.

3.1.7.1.1. За добивање на перфективни од имперфективни глаголи продуктивен е суфиксот *-не* како што е и во стандардниот јазик: *в'икнет̄, ѓр'изнет̄, д'иѓнет̄, к'ивнет̄, к'л̨фнет̄, п̄'аднет̄, с'еднет̄, ск'окнет̄, ст̄'иѓнет̄, т̄'р̨ѓнет̄.*

Друг начин на перфективизација кај глаголите е со префикси. Овој начин е многу чест во кичевскиот говор, и со додавање на различни префикси на имперфективната форма на глаголот и со комбинација на повеќе префикси кај ист глагол се добиваат различни нијанси во значењето. Примери: *д'оближит, под'оближит, н'аспиет, с'оспиет, изн'аспиет, н'ајадет, изн'ајадет, с'ојадет, 'износит, 'доносит, н'аносит, з'аносит, изн'аносит, н'алутит, изн'алутит, испон'алутит, подн'алутит, пр'елутит, п'олутит, п'олежит, 'излежит, изн'алежит, пр'ележит, ск'ршит, 'искршит, 'искинет, д'окинет, р'асцутит, д'оцутит, пр'ецутит, п'оцутит, изв'епрејт, 'измиет, д'омиет, пр'емијет, з'амијет, испо'измиет, з'афатит, пр'ефатит, п'офатит, подз'афатит, з'апиет, д'опиет, пр'епиет, подз'апиет, 'ископат, д'окопат, пр'екопат, пр'ежалит, з'ажалит, пр'есмејт, з'асмејт, изн'асмејт, 'изгушит, з'агушит, 'угушит, 'ипипиет, 'опипиет.*

3.1.7.1.2. За образување на имперфективни од перфективни глаголи најмногу се користат суфикси. Кичевскиот говор според типовите на имперфективизација на глаголите, спаѓа во оној македонски ареал којшто најдобро или подобро ги чува старите модели, а тоа се говорите од северните и централните области на македонската дијалектна територија (Видоески 1999б: 239). За кичевскиот говор карактеристични се следните суфикси за имперфективизација:

Суфиксот *-у(ј)е/-уа (ува)*: *бенд'исујт* (*:б'ендисат*), *в'рзујт* (*:в'рзет*), *дозв'олујт* (*: д'озволит*), *дот'екујт* (*:д'отечет*), *дот'ерујт* (*:д'отерат*), *зашт'итујт* (*:з'аштитит*), *из'учујт* (*:'изучит*), *к'ажујт* (*:к'ажет*), *к'упујт* (*:к'упит*), *ост'анујт* (*: 'останет*), *поздр'авујт* (*: п'оздравит*), *се покл'онујт* (*:се п'оклонит*), *пр'ашујт* (*:пр'ашат*), *пребр'ојујт* (*:пр'еброј*), *прев'елуат// прев'елујт* (*:пр'евелит*), *прев'ејуат* (*го прев'ејуа ж'итово*) (*:пр'евејт*< превее), *прет'ерујт* (*: пр'еперет*), *прел'етујт* (*:пр'елетет*), *претк'ајуат// претк'ајујт* (*го претк'ајујт вел'енцето*) (*:пр'еткајт*< преткае), *пр'остујт* (*:пр'остит*), *с'онујт* (*:с'оним*) *ст'анујт* (*:ст'анет*), *ум'орујт* (*:'уморит*). Во оваа група се особено бројни образувањата од префиксирани глаголи, појава карактеристична и за други наши дијалекти (види: Видоески 1962: 189). Овој начин на перфективизација е сè уште продуктивен во кичевскиот говор, со тенденција и имперфективните глаголи со суфиксот *-а* и со превој на кореновиот вокал /ø/ во /и/, да се заменуваат со нови форми образувани со *-у(ј)е/ -уа* (види подолу).

Суфиксот *-а: з'аборават* (*:заб'орајт*< заборави), *з'атворат* (*:з'атвори*т), *з'емат* (*:з'емет*), *'испарават* (*:'испрајт*<исправи), *'обо-*

рат (*:'оборит*), *'остават* (*:остајт*<остави), *'отворат* (*:'отворит*), *п'оправат* (*:п'опрајт* <поправи), *р'асправат* (*:распрајт*<расправи), *р'аствorат* (*:р'аствorит*), *раст'оварат* (*:раст'оварит//раст'о:рит*), *т'урат* (*:т'урит*) *ф'р̨лат* (*:фр̨лит*); (*забел.:* кај овој тип глаголи карактеристично е тоа што таму каде има интервокално /в/, во имперфективната форма тоа не се испушта, додека во перфективната форма најчесто се испушта, и со тоа доаѓа до разликување на формите. Примери: *С'екој ден заб'орава да-е-з'ема кн'игата.; 'Ако нем'и-стомнеш ќе-заб'ора:.; Д'ошол П'етре, го-раст'оварат ками'оноm со-д'р̨ва; Ќе-се-раст'о:рит кај-м'ајка-е с'осе д'еца и г'ајле н'емат*);

вр'аќат (*:вр'атит*), *заоѓат* (*:з'ајдет*), *наоѓат* (*:н'ајт* < најдет) *р'аѓат* (*:р'одит*), *пл'аќат* (*:пл'атит*), *п'оѓаѓат* (*:п'огодит*), *ф'аќат* (*:ф'атит*). Историски гледано, овде се работи за наставката *-ја* која предизвикала промена на консонантот во допир со /j/ (Конески 1982: 389).

и со алтернација на коренските вокали:

/ø/ - /и/: б'одинат (*:б'однет*), *в'отинат* (*:в'отнет*), *з'адират* (*:з'адрет*), *з'апинат* (*:з'апнет*), *з'атинат* (*:з'атнет*), *з'овират* (*:з'овpет*), *св'екинат* (*:св'екнет*), *кл'екинат* (*:кл'екнет*), *к'утинат* (*:к'утнет*), *л'егинат* (*:л'егнет*), *н'икинат* (*:н'икнет*), *п'очинат* (*:п'очнет*), *пр'епинат* (*:пр'епнет*), *пр'остират* (*:пр'остpет*), *с'единат* (*с'еднет*), *с'екинат* (*:с'екнет*), *см'етинат* (*:см'етнет*), *с'опинат* (*:с'опнет*), *сп'оминат* (*:сп'омнет*), *ст'еминат* (*:ст'емнит*), *т'екинат* (*:т'екнет*). Овие форми се стара особеност на кичевскиот говор и се карактеристични и за соседниот поречки говор. Сепак, денес постои тенденција, особено кај помладите говорители во градот Кичево, поголемиот дел од овие глаголи да се истиснуваат од употреба од страна на нивните конкурентни форми со суфиксот *-у(ј)е // -уа: з'апнујт, з'атнујт, кл'екнујт, к'утнујт, л'егнујт, н'икнујт, п'очнујт, с'еднујт, с'екнујт, см'етнујт, сп'омнујт, стемнујт, т'екнујт;*

/е/ - /и/: 'избират (*:'изберет*), *н'абират* (*:н'аберет*), *'одбират* (*:'одберет*), *р'азбират* (*:р'азберет*), *с'обират* (*:с'оберет*);

/е/- /а/: вл'агат (*:вл'езет*), *'излагат* (*:'излезет*), *сл'агат* (*:сл'езет*); *'облакат* (*:'облечет*); *п'омагат* (*:п'оможет*); како што се забележува од примерите, кај овој тип глаголи се јавува и алтернација на тематската согласка и тоа: /з/ со /г/, /ч/ со /к/, /ж/ со /г/.

Суфиксот *-ва: д'обиват* (*:д'обиет*), *з'авиват* (*:з'авиет*), *н'авиват* (*:н'авиет*), *'обувам* (*:'обуе*т), *'откриват* (*:'откриет*), *'оцкриват* (*:'оцкриет*) *п'овиват* (*:п'овиет*), *(се) п'одувам* (*:(се) п'одуе*т), *п'ознават* (*:п'ознајт*<познае), *п'окриват* (*:п'окриет*), *пр'еспиват* (*:пр'еспиет*), *р'азвиват* (*:р'азвиет*), *р'ешават* (*:решит*),

'убиваш (*:'убиеш*). Овие глаголи во говорот на селата можат да се слушнат и со изгубено интервокално /в/, па формата им гласи вака: *д'обијаш, навијаш* (МНУК: 197), *'обуаш, п'овијаш, (се) п'одуаш, п'озна:ш, п'окријаш, д'одеаш* (Видоески 1957: 69). Ваквите форми со изгубено интервокално /в/ и со појава на хијатско /j/ се познати на една континуирана територија во полошките и кичевско-поречките говори (Видоески 1999: 231).

Суфиксот *-(j)ава: в'еќаваш* (*:в'еташ*), *гр'ешаваш* (*:гр'ешиш*), *м'ењаваш* (*:м'еним*), *см'еќаваш* (*:см'етеш*) (*те-см'етоф во раб'оташа*), *ср'еќаваш* (*:сретеш*); Како што се забележува од примериве, кај овој тип имперфективизација најчесто се сретнува и промена на тематската согласка. Се работи всушност за проширување на старата наставка *-ја* во *-(j)ава* (Конески 1982: 389).

Суфиксот *-ева: г'ошшеваш* (*:г'остиш*), *к'ршшеваш* (*:к'рстиш*), *пр'ошшеваш* (*:пр'остиш*). Кај овие глаголи карактеристична е стара алтернација на тематските согласки */ст/* во */шт/* (Скок1: 76). Вакви форми за разлика од стандардните *гоштава, кршшава, прошшава,* се сретнуваат и во соседниот поречки говор (сп. и *:в'еќеаш, грешеаш, смеќеаш* Рус, *се сеќеаш, стреќеаш* ЈД, Видоески 1957: 69).

3.1.7.2. *Категории начин и време*

3.1.7.2. Во рамките на граматичката категорија време ќе ги разгледаме од формален аспект сите финитни глаголски конструкции кои се употребуваат во кичевскиот говор. Најпрво ќе се задржиме на морфолошките (синтетските), а потоа на перифрастичните (аналитичките) глаголски конструкции. Се разбира дека над сите тие временски конструкции доминира граматичката категорија начин, па така тие можат да бидат или индикативни (модално немаркирани) или модални конструкции. За сите овие глаголски конструкции ќе дадеме преглед во текстот што следува.

3.1.7.2.1. *Индикативни (модално немаркирани) конструкции*

3.1.7.2.1.1. *Морфолошки (синтетски) глаголски конструкции*

3.1.7.2.1.1.1. *Презент (сегашно време)*

Презентот во кичевскиот говор се образува со следниве наставки:

едн.	1 л. : -ø	
	2 л. : -ш	
	3 л. : -т	
мн.	1 л.: -ме	
	2 л.: -те	
	3 л. : -(а)т	

Во кичевскиот говор, во говорот на христијанското население доследно се чуваат сите три глаголски групи како и во стандардниот јазик (поинаку е во говорот на муслиманското население, каде што *и*-групата се дезинтегрирала, види: Б. Видоески 1998: 336).

Сега ќе дадеме примери на презентските форми кај глаголите од сите три групи:

а-група:

1. *к'опа*	1. *к'опаме*
2. *к'опаш*	2. *к'опаше*
3. *к'опаш*	3. *к'опа:ш*

е-група:

1. *ј'ада*	1. *ј'адеме*
2. *ј'адеш*	2. *ј'адеше*
3. *ј'адеш*	3. *ј'адаш*

1. *см'еја*	1. *см'ејме*
2. *см'еји*	2. *см'ејме*
3. *см'ејш*	3. *см'е:ш*

и- група:

1. *н'оса*	1. *н'осиме*
2. *н'осиш*	2. *н'осише*
3. *н'осиш*	3. *н'осаш*

1. *сш'оја*	1. *сш'ојме*
2. *сш'ојш*	2. *сш'ојше*
3. *сш'ојш*	3. *сш'о:ш*

Формите на глаголот *сум* во презент се следниве:

1. *су*	1. *сме (сне)*
2. *си*	2. *сте (све)*
3. *(ј)е*	3. *се*

Како што се забележува од дадениот преглед, кај глаголите од *а*-група во третото лице множина поради соседството на два вокала дошло до контракција и до образување на еден долг вокал којшто има две мори. Слична ситуација имаме и кај глаголите чијашто основа завршува на вокал. Кај овие глаголи во трето лице множина доаѓа до губење на меѓувокалното /ј/, потоа до асимилација, па до контракција како резултат на што се добиваат долги вокали пред финалното /т/ од наставката за трето лице множина (*сто:т, сме:т, се:т*), (види: 1.1.3.4.).

3.1.7.2.1.1.2. *Имперфект (минато одредено несвршено време)*

Во кичевскиот говор имперфектот се образува со следниве наставки:

едн. 1 л. *-ф (-в)*
2 л. *-ше*
3 л. *-ше*
мн. 1 л. - *фме* (*-фне*)//*-вме* (*-вне*)
2 л. - *фте //-вте*
3 л. - *а*

Наставката *-а* за трето лице множина најчесто не е транспарентна поради долгиот вокал што се создава со вокалот од основата (или дифтонг во некои од кичевските села (види: 1.1.2.5.).

Наставките за прво лице множина *-фне/-вне,* освен за градскиот кичевски говор, се карактеристични речиси за целиот кичевско-поречки говор, потоа за охридскиот и за некои говори во Пелагонија, територија каде што и личната заменка за прво лице множина е *ни(ј)е* (поинаку е во дебарските и полошките говори во кои доминира личната заменка *ми(ј)е,* а наставките за имперфект се *-вме /-фме*) (Видоески 1999б: 214).

За разлика од сегашното време каде што се јавуваат три вокали на основата, во имперфект се јавуваат само два вокала *-а* и *-е* при што вториов вокал се јавува кај глаголите од *е-* и од *и*-група.

Примери:

1. *гл'едаф*	1. *гл'едафме*
2. *гл'едаше*	2. *гледафте*
3. *гл'едаше*	3. *гл'еда:*
1. *ј'адеф*	1. *ј'адефме*
2. *ј'адеше*	2. *ј'адефме*
3. *ј'адеше*	3. *ј'аде:// ј'адеа*
1. *сштојф*	1. *сшт'ојфме*
2. *сшт'ојше*	2. *сшт'ојфте*
3. *сшт'ојше*	3. *сшт'о:ја*
1. *се см'ејф*	1. *се см'ејфме*
2. *се см'ејше*	2. *се см'ејфте*
3. *се см'ејше*	3. *се см'е:ја*
1. *н'осеф*	1. *н'осефме*
2. *н'осеше*	2. *н'осефте*
3. *н'осеше*	3. *н'осе://н'осеја*

Кај глаголите чијшто општ дел завршува на вокал, тематскиот вокал *-е* преминува во неслоговно *ј̯* односно *ј* како кај глаголите *сшт'ојше, се см'ејше.*

Ќе дадеме примери за имперфектни форми од перфективни глаголи, кои во кичевскиот говор се употребуваат само врзани со сврзници или со партикули:

1. *(ќе) п'аднеф*	1. *(ќе) п'аднефме*
2. *(ќе) п'аднеше*	2. *(ќе) п'аднефте*
3. *(ќе) п'аднеше*	3. *(ќе) п'адне://п'аднеа*
1. *(ќе) з'аспанеф*	1. *(ќе) засп'анефме*
2. *(ќе) засп'анеше*	2. *(ќе) засп'анефте*
3. *(ќе) засп'анеше*	3. *(ќе) засп'ане://засп'анеа*

3.1.7.2.1.1.3. *Аорист (минато определено свршено време)*

Во кичевскиот говор аористни форми постојат и се употребуваат и од перфективни и од имперфективни глаголи и тоа е една од особеностите на овој говор (види: 4.1.1.1.1.). Аористот се образува со следниве наставки:

едн.	1 л.:	*-ф (-в)*
	2 л.:	*-ø*
	3 л.:	*-ø*
мн.	1 л.:	*-фме (-фне)//-вме(-вне)*
	2 л.:	*-фте // -вте*
	3 л.:	*-а, -ја*

Кај глаголите кои во трето лице множина добиваат наставка *-а,* се создава вокална секвенца со тематскиот вокал при што доаѓа до образување на долг вокал. Кај глаголите коишто во трето лице множина аорист ја добиваат наставката *-ја* не доаѓа до измени.

Во кичевскиот говор глаголите од *а*-група не формираат раздели, како впрочем и во стандардниот јазик, и сите завршуваат на основниот вокал *-а:*

1. *'ископаф*	1. *иск'опафме*
2. *'ископа*	2. *иск'опафте*
3. *'ископа*	3. *иск'опа:*
1. *к'опаф*	1. *к'опафме*
2. *к'опа*	2. *к'опафте*
3. *к'опа*	3. *к'опа:*

Глаголите од *-е* и *-и* група главно ги имаат истите раздели како и во стандардниот јазик, со таа разлика што поради многубројните промени на вокалните секвенци, доаѓа до измени на вокалите пред наставката и до нивно непрепознавање. Кај глаголите од *е*-група се формираат следниве раздели според вокалот на основата во аорист: *а-, -о, -е* и *ø*-раздел (без вокал на основата, со придавање на наставката направо кон општиот дел). Примери:

а-раздел

1. *п'аднаф*	1. *п'аднафме*
2. *п'адна*	2. *п'аднафте*
3. *п'адна*	3. *п'адна:*

1. *п̄'ејаф*	1. *п̄'ејафме*
2. *п̄'еја*	2. *п̄'ејафт̄е*
3. *п̄'еја*	3. *п̄'е:ја*

о-раздел

1. *м'ет̄оф*	1. *м'ет̄офме*
2. *м'ет̄е*	2. *м'ет̄офт̄е*
3. *м'ет̄е*	3. *м'ет̄о:/м'ет̄оа*
1. *п̄'асоф*	1. *п̄'асофме*
2. *п̄'асе*	2. *п̄'асофт̄е*
3. *п̄'асе*	3. *п̄'асо:/п̄'асоа*

е-раздел

1. *умреф*	1. *'умрефме*
2. *'умре*	2. *'умрефт̄е*
3. *'умре*	3. *'умре:/'умреа*

ø-раздел

1. *'измиф*	1. *'измифме*
2. *'изми*	2. *'измифт̄е*
3. *'изми*	3. *'измија*
1. *чуф*	1. *ч'уфме*
2. *чу*	2. *ч'уфт̄е*
3. *чу*	3. *ч'уја*
1. *п̄иф*	1. *п̄'ифме*
2. *п̄и*	2. *п̄'ифт̄е*
3. *п̄и*	3. *п̄'ија*

Кај глаголите од *и*-група според вокалот на којшто завршува основата во аорист, се образуваат следниве раздели: *и*-раздел и *е*-раздел:

и-раздел

1. *(з)г̄р'ешиф*	1. *(з)г̄р'ешифме*
2. *(з)г̄р'еши*	2. *(з)г̄р'ешифт̄е*
3. *(з)г̄р'еши*	3. *(з)г̄р'ешија*
1. *н'осиф*	1. *н'осифме*
2. *н'оси*	2. *н'осифт̄е*
3. *н'оси*	3. *н'осија*

Кај глаголите од овој раздел специфично е тоа што формите за второ и трето лице еднина можат често да се слушнат и со основниот вокал *-е,* особено кај имперфективните глаголи, појава регистрирана и во стандардот (види: Б. Конески 1981: 422). Примери: *Тој ги- н'осе, н'осе конд'уриште д'ур-не с-иск'ина:.*

Овде спаѓаат и глаголите од типот *изброи, постои* кои во стандардниот јазик спаѓаат во *а*-раздел:

1. *'избројф//'изброːф*	1. *избр'ојфме//избр'оːфме*
2. *'изброј//'изброː*	2. *избр'ојфте//избр'оːфте*
3. *'изброј//'изброː*	3. *избр'оːја*
1. *п'остојф//п'остоːф*	1. *пост'ојфме//пост'оːфме*
2. *п'остој//п'остоː*	2. *пост'ојфте//пост'оːфте*
3. *п'остој//п'остоː*	3. *пост'оːја*

Како што се забележува од примерите, во сите лица освен во трето лице множина, тематскиот вокал *и* во допир со претходниот вокал преминува во неслоговно *ј* односно во *j,* или пак доаѓа до прогресивна асимилација и до образување на долг вокал, како што е и во третото лице множина пред наставката *-ја.* (види: 1.1.2.4.).

е-раздел

1. *остареф*	1. *ост'арефме*
2. *'остаре*	2. *ост'арефте*
3. *'остаре*	3. *ост'аре://ост'арea*

Глаголот *сум* има посебни форми за аорист во кичевскиот говор: *биф, би, би, бифме, бифте, б(и)ја.* Овде всушност се работи за стара разлика во глаголските основи од глаголот *сум:* biti /(j)e(s)- наспроти bọd-/bi; второво претставува аористна основа.

3.1.7.2.1.2. *Перифрастични („аналитички ") конструкции*

3.1.7.2.1.2.1. *Перфект I и плусквамперфект I*

3.1.7.2.1.2.1.1. *Перфект I (минато неопределено време)*

Перфектот I е перифрастична конструкција која во кичевскиот говор се образува како и во стандардниот јазик со сегашно време од глаголот *сум* и глаголската *л*-форма. Примери:

1. *су к'ажал*	1. *сме к'ажале*
2. *си к'ажал*	2. *сте к'ажале*
3. *к'ажал*	3. *к'ажале*

Како што се гледа од дадената парадигма, во трето лице еднина и множина помошниот глагол *сум* се испушта.

За кичевскиот говор карактеристично е тоа што глаголската *л*-форма може да се образува и од имперфектната и од аористната основа на глаголот. Притоа и двете форми се употребуваат редовно: *н'осел//н'осил, к'ршел//к'ршил, 'учел//'учил.* (за функциите види: 4.1.1.1.1.).

Перфектот I е основната парадигма за изразување на семантичката категорија на прекажаност и во стандардниот македонски јазик и во кичевскиот говор (види т.: 4.1.1.1.5.).

3.1.7.2.1.2.1.2. *Плусквамперфект I (предминато време)*

Плусквамперфект I или предминато време во кичевскиот говор се образува од имперфектот на помошниот глагол *сум* и од глаголската *л*-форма. Примери:

1. *беф гл'едал*	1. *б'ефме гл'едале*
2. *б'еше гл'едал*	2. *б'ефте гл'едале*
3. *б'еше гл'едал*	3. *б'е://беа гл'едале*

1. *беф к'упил*	1. *б'ефме к'упиле*
2. *б'еше к'упил*	2. *б'ефте к'упиле*
3. *б'еше к'упил*	3. *бе://б'еа к'упиле*

Како и кај перфектот I и овде се употребуваат глаголски *л*-форми образувани и од аористна и од имперфектна основа.

3.1.7.2.1.2.2. *Перфект II и плусквамперфект II (**има**-конструкции)*

Конструкциите со *има* кои претставуваат балкански тип на перфект не се непознати во кичевскиот говор, но не претставуваат целосен систем како во стандардниот јазик или во некои западни говори (како во битолскиот говор, на пример). Во кичевскиот говор главно се користат конструкциите образувани од сегашно време на

глаголот *има* и глаголската придавка. Поретко се користат конструкции со имперфектни форми на глаголот *има* и глаголска придавка или со перфект од глаголот *има* и глаголската придавка (последниве форми се користат за прекажување, види: 4.1.1.1.4.4.).

Прво ќе дадеме примери за перфект II т.е. за конструкциите со помошниот глагол *има* во сегашно време и глаголската придавка:

1. *'има т'рѓано*	1. *'имаме т'рѓано*
2. *'имаш т'рѓано*	2. *'имате т'рѓано*
3. *'имат т'рѓано*	3. *'има:т т'рѓано*
1. *'има р'ечено*	1. *'имаме р'ечено*
2. *'имаш р'ечено*	2. *'имате р'ечено*
3. *'имат р'ечено*	3. *'има:т р'ечено*

Како што се гледа од парадигмите, глаголот *има* се менува по лице и по број, додека глаголската придавка останува иста, т.е. останува во формата за среден род еднина како неутрална. Во кичевскиот говор има и појава на менување на глаголската придавка по род и број и нејзино усогласување со предметот во реченицата. Се работи за поархаична состојба која е зачувана и во нашите постари ракописи од кои еден од 1706 година е токму од кичевскиот крај и илустрира ваков пример (Б. Конески 1982: 201). За употребата на перфект II види во делот за синтакса.

Во кичевскиот говор се употребува и плусквамперфект II односно конструкција со помошниот глагол *има* во имперфект + глаголската придавка:

1. *'имаф к'упено*	1. *'имафме к'упено*
2. *'имаше к'упено*	2. *'имафте к'упено*
3. *'имаше к'упено*	3. *'има: к'упено*

3.1.7.2.1.2.3. *Конструкции од типот* ***сум / бев дојден***

За формирање на овие конструкции во македонскиот јазик многу влијаела балканската јазична средина затоа што вакви конструкции образувани од глаголот *сум* и глаголска придавка од непреодни глаголи им се познати и на другите балкански јазици: аромански от, мегленороманскиот, грчкиот и албанскиот јазик (Гајдова 2002: 47).

Во кичевскиот говор овие конструкции се употребуваат со различни значења (види: 4.1.1.1.4.4.), иако нивната употреба не е толку честа како во говорите кои трпеле поинтензивно влијание од погоре споменатите балкански јазици (како што е на пример, случај со битолскиот говор види: Трајковски 2000: 252). Ќе наведеме примери на конструкции од овој тип:

1. *су д'ојден*	1. *сме д'ојдени*
2. *си д'ојден*	2. *сте д'ојдени*
3. *е д'ојден*	3. *се д'ојдени*

1. *беф п'ојден*	1. *б'ефме п'ојдени*
2. *б'еше п'ојден*	2. *б'ефте п'ојдени*
3. *б'еше п'ојден*	3. *б'еа//бе: п'ојдени*

3.1.7.2.2. *Модално маркирани конструкции*

3.1.7.2.2.1. *Морфолошки модално маркирани конструкции*

3.1.7.2.2.1.1. *Императив (заповеден начин)*

Во кичевскиот говор морфолошките форми за императивот кои, како што знаеме, во македонскиот јазик постојат за второ лице еднина и множина, се образуваат како и во стандардниот јазик, со мали разлики кои ќе ги истакнеме подолу.

Кај глаголите од *а*-група императивните форми се образуваат со следниве наставки: *-ј* за второ лице еднина и *-јте* за второ лице множина: *в'икај – в'икајте, к'опај – к'опајте, п'аќај – п'аќајте, ск'окај – ск'окајте.* Кај глаголот *чека* во еднина можат да се сретнат и императивни форми от типот: *ч'еки* покрај регуларното *ч'екај.* Кај глаголите што завршуваат на *-ува,* кое во кичевскиот говор се скратува во *уа>уј,* императивните форми изгледаат вака: *з'апишуј – зап'ишујте, к'упуј – к'упујте, собл'екуј-се – соблек'ујте-се.* Глаголите што завршу-ваат на *-ва*: *клава, дава* во императив ги имаат следниве форми: *клај – кл'ајте, дај – д'ајте.*

Кај глаголите од *е*-група, во еднина се додава наставка *-и,* откако ќе се отфрли тематскиот вокал, а во множина се додава наставката *-те: пл'ачи – пл'ачете, к'ажи – к'ажете.* Ова важи за глаголите чиј општ дел завршува на консонант. Кај глаголите пак, на коишто општиот дел им завршува на вокал, направо кон општиот

дел се додаваат наставките *-j, -jme: ūej – ū'ejme, смej-се – см'ejme-се, чуj–ч'уjme.*

Кај глаголите од *и*-група императивни форми се образуваат на следниов начин: во еднината глаголот си останува на тематскиот вокал *и,* а во множината тематскиот вокал се отфрла и се додава наставката *-ete: в'р̥ви – в'р̥вete, к'оси – к'осete, н'оси – н'осete.*

Забрана или прохибитив во кичевскиот говор се изразува со негацијата *не* употребена пред императивните форми: *н'е-копај, н'е-ūлачи, не-н'осete.*

3.1.7.2.2.2. *Перифрастични модално маркирани конструкции*

3.1.7.2.2.2.1. *Прохибитив*

За изразување на прохибитив освен веќе посочениот начин со негацијата *не* + императивните форми, во кичевскиот говор може да се изрази уште и со перифрастичните конструкции: *н'емој да- ūр'ајш / н'емој(te) да-ūр'ajte* и *да-н'е-ūрајш / да-не-ūр'ajte.* (повеќе за формите и за функциите на прохибитивот види: 4.1.1.1.2.1.3.).

3.1.7.2.2.2.2. *Кондиционал (ќе-конструкции)*

3.1.7.2.2.2.2.1. *Кондиционал praesentis (идно време)*

Кондиционал praesentis или идното време, во кичевскиот говор се образува како и во стандардниот јазик, со партикулата *ќе* и со парадигмата на презентот од сите глаголи и имперфективни и перфективни.

1. *ќе ч'ека*	1. *ќе ч'екаме*
2. *ќе ч'екаш*	2. *ќе ч'екаte*
3. *ќе ч'екаū*	3. *ќе ч'ека:ū*
1.*ќе д'онеса*	1. *ќе дон'есеме*
2. *ќе д'онесеш*	2. *ќе дон'есete*
3. *ќе д'онесеū*	3. *ќе дон'есаū*

3.1.7.2.2.2.2.2. *Кондиционал praeteriti (минато-идно време)*

Формите на кондиционал praeteriti во кичевскиот говор се образуваат од партикулата *ќе* и од формите за имперфект од сите глаголи и имперфективни и перфективни:

1. *ќе к'опаф*	1. *ќе к'опафме*
2. *ќе к'опаше*	2. *ќе к'опафте*
3. *ќе к'опаше*	3. *ќе к'опа:*
1. *ќе 'искосеф*	1. *ќе иск'осефме*
2. *ќе иск'осеше*	2. *ќе иск'осефте*
3. *ќе иск'осеше*	3. *ќе иск'осе: // ќе иск'осеа*

3.1.7.2.2.2.3. *Потенцијал (можен начин)*

Меѓу низата архаични црти кои се карактеристични за кичевскиот говор се вбројува и употребата на потенцијалот. Парадигмите на потенцијалот се образуваат од партикулата *би* + глаголската *л*-форма. Глаголската *л*-форма се менува по род и број, додека партикулата е неменлива. Примери: *би дошол – би дошле, би јадел – би јаделе, би работел – би работеле.* Зависно од контекстот и од функцијата што ја вршат, овие форми можат да се слушнат во кичевскиот говор и со формите на помошниот глагол *сум* во презент, се разбира само во првото и во второто лице еднина и множина:

1. *би су д'ошол*	1. *би сме д'ошле*
2. *би си д'ошол*	2. *би сте д'ошле*
3. *би д'ошол*	3. *би д'ошле*

3.1.7.2.2.2.4. *Оптатив (желбен начин)*

Во кичевскиот говор како и во стандардниот јазик желбениот начин се изразува перифрастично со конструкции од типот *да* + *презент, нека* + *презент* или *да* + *потенцијал.* Овој начин ќе го разгледаме во функционалната анализа на синтаксичките конструкции во кичевскиот говор.

3.1.7.2.2.2.5. *Субјунктив (подреден начин)*

Под субјунктивни конструкции се подразбираат *да*-конструкциите кои „се градат врз парадигмите на презентот и имперфектот, во однос на што разликуваме субјунктив praesentis - *да одам* и субјунктив praeteriti - *да одев*“ (Гајдова 2002: 60). За употребата на овие форми во кичевскиот говор ќе зборуваме во функционалната анализа (види: 4.1.1.1.2.1.2.).

3.1.7.3. *Конструкции маркирани по статус - имперцептив (прекажаност)*

Маркиран член на категоријата статус е имперцептивот или прекажаноста. Прекажаноста е семантичка категорија која е карактеристична за македонскиот јазик и со која се изразува дистанциран став на говорителот спрема вистинитоста на она што го кажува затоа што тој не бил сведок на настанот за којшто зборува. Притоа, ако говорителот прекажува минати или сегашни дејства, најчесто се служи со формите на перфектот I (види: 4.1.1.1.5.) или со специјализираните форми за прекажување на искази оформени со перфектот II, (види подолу). Во вака оформениот исказ говорителот само се дистанцира од настаните за кои зборува, што не значи дека ги квалификува настаните како нефактивни, туку значи само дека тој не може со сигурност да ја потврди нивната вистинитост затоа што лично не бил присутен кога тие се одвивале. Се разбира, кога говорителот прекажува нечии туѓи намери за идни дејства или за постериорни дејства, тогаш се работи за модално маркирани нефактивни дејства кои се изразуваат со формите на имперцептив conditionalis (т.е. со идното прекажано време). На планот на фактивноста сложена е ситуацијата и со адмиративот кој претставува експресивна варијанта на прекажаноста. Со адмиративот можат да се изразат фактивни дејства, кога се изразува чудење, изненадување од веќе реализирано дејство, но и нефактивни дејства, кога се изразува ирониј, неверување дека некој е во можност да реализира некое дејство (за адмиративот повеќе во т. 4.1.1.1.5.1.). Овој подолг вовед беше нужен заради потребата од образложение зошто парадигмите на имперцептив се ставени заедно со другите парадигми кои се модално маркирани.

Во продолжение ќе ги дадеме парадигмите кои се специјализирани за изразување на прекажаност во кичевскиот говор.

3.1.7.3.1. *Имперцептив*

Имперцептивот во кичевскиот говор, како што веќе нагласивме, има комплетно изграден систем. Се разбира прва и основна конструкција за изразување на имперцептивот, односно прекажаноста, е перфектот I или *л*-перфектот. Но, со оглед на фактот дека постојат и *има*-конструкции во функција на перфект II, се изградил

начин за прекажување и на перфектот II, а тоа е следнава конструкција: глаголот *има* во перфект I и глаголската придавка на *н/ш*:

1. *су 'имал збор'ујно*	1. *сме 'имале збор'ујно*
2. *си 'имал збор'ујно*	2. *сте 'имале збор'ујно*
3. *'имал збор'ујно*	3. *'имале збор'ујно*

3.1.7.3.2. *Имперцептив conditionalis (идно прекажано време)*

Имперцептив conditionalis или идното прекажано време се образува од партикулата *ќе* и од формите на перфектот I односно *ќе + сум + глаголска л-форма*:

1. *ќе су в'икал*	1. *ќе сме в'икале*
2. *ќе си в'икал*	2. *ќе сте в'икале*
3: *ќе в'икал*	3. *ќе в'икале*
1. *ќе су ј'адел (јал)*	1. *ќе сме ј'аделе (јале)*
2. *ќе си ј'адел (јал)*	2. *ќе сте ј'аделе (јале)*
3. *ќе ј'адел (јал)*	3. *ќе ј'аделе (јале)*

3.1.7.3.2.1. Освен овие форми, за прекажување на идни дејства служат и *има* конструкциите од типот: глаголот *има* во имперцептив conditionalis т.е. во идно прекажано време и глаголската придавка:

1. *ќе су 'имал напр'ајно*	1. *ќе сме 'имале напр'ајно*
2. *ќе си 'имал напр'ајно*	2. *ќе сте 'имале напр'ајно*
3. *ќе 'имал напр'ајно*	3. *ќе 'имале напр'ајно*

3.1.7.4. *Именски форми на глаголот*

Во рамките на именските форми на глаголот ќе ги разгледаме сите нефинитни глаголски форми кои се карактеристични за кичевскиот говор.

3.1.7.4.1. *Глаголска л-форма*

Глаголската *л*-форма или стариот активен партицип на претеритот, во кичевскиот говор се образува со наставките *-л, -ла, -ло, -ле*. Наставките се додаваат на аористната или на имперфектната

основа на глаголот. Притоа за кичевскиот говор е карактеристично тоа што кај имперфективните глаголи се образува *л* -форма и од имперфектната и од аористната основа: *б'ерел – брал, в'р̥шел – в'р̥шил, к'радел – крал, к'р̥шел – к'р̥шил, 'учел – 'учил.* (За употребата на овие форми види: 4.1.1.1.1.)

Кај перфективните глаголи исто така има *л*-форма и од аористната и од имперфектната основа, со тоа што втората се употребува само врзана со партикули или сврзници: *'искр̥шил – (ќе) 'искр̥шел, 'овр̥шил- (ќе) 'овр̥шел, н'ајал – (ќе) н'ајадел.*

Л -формата во еднина разликува форми за сите три рода, а во множина има една заедничка форма: *к'опал, к'опала, к'опало, к'опале, јал, ј'ало, ј'ало, ј'але, н'осел, н'осела, н'осело, н'оселе* итн.

3.1.7.4.2. *Глаголска придавка*

Глаголската придавка претставува континуант на стариот participium praeteriti passivi. Во македонскиот јазик во текот на историскиот развој, глаголската придавка го изгубила обележјето на пасивност и се преобратила во општа партиципна форма (Конески 1982: 185), што е во согласност со развојните процеси и во другите балкански јазици. Така, денес во македонскиот јазик глаголски придавки се образуваат не само од преодни и од повратни глаголи, ами и од непреодни.

Глаголската придавка во кичевскиот говор се образува како и во стандардниот јазик со наставките *-н, -на, -но, -ни* или *-т, -та, -то, ти.* Вториов тип наставки се додаваат на глаголи чијашто основа завршува на сонантот /*н*/. Глаголските придавки се парадигматски по род и број, па во еднина имаат различни форми за сите три рода, а во множина имаат една форма за сите три рода.

Како вокал на основата пред наставките се јавуваат вокалите *-а* или *-е.* Вокалот *а* се јавува кај глаголите од *а* -група како и кај глаголите од *е*-група, *а* -раздел со општ дел на *н.* Примери: *(из)беган, (ис)копан, (из)оран, (под)зинат, (пот)кренат, (пот)станат, (за)-седнат, паднат, (по)турнат.* Кај глаголите што завршуваат на *-ува,* кое во кичевскиот говор редовно се скратува во *-ув,* наставката за образување на глаголска придавка се додава на оваа скратена основа: *к'упујн (к'упуан), изр'адујн (изр'адуан), бл'осујн (бл'осо:н).*

Вокалот *е* се јавува кај најголем дел од глаголите од *е*-група, (со исклучок на гореспоменатите од *а* раздел со општ дел на *н)* кај глаголите од *и* -група и кај глаголите чијшто општ дел завршува на

вокал. Примери: *д'аден, д'ојден, м'еѭен, н'ајден, н'аѭасен, 'облечен, ѭ'ечен, с'ечен; 'изморен, к'рѭен, к'ачен, м'аѭен, ѭл'аѭен, р'оден, 'удрен; 'измиен, 'исѭиен, 'убиен, 'обуен, 'оѭкриен, скр'оен; бр'анеѭ, ж'енеѭ, к'анеѭ, р'анеѭ, ц'енеѭ.* Исклучок прават глаголите чијшто општ дел завршува на вокал, кај коишто при образување на глаголската придавка доаѓа до скратување на вокалот од основата во *ј: 'избројн, 'исѭејн, 'оѭејн, 'огрејн, сејн, ѭкајн.*

За кичевскиот говор карактеристични се и двојните форми од оваа придавка кај глаголите кои во аористот го губат вокалот од општиот дел: *бран ('обран, н'абран) – б'ерен, дран (с'одран, 'одран) – дерен, ѭран ('исѭран, д'оѭран), – ѭ'ерен, клан (з'аклан, 'исклан) – к'олен, млен (с'омлен, д'омлен) – м'елен, ѭкан ('исѭкан/'исѭкајн) – ѭкајн.*

3.1.7.4.3. *Глаѓолски ѭрилоѓ*

Глаголскиот прилог во македонскиот јазик го континуира стариот *participium praesentis activi*, но карактерот на основата, на тематскиот вокал и на завршетокот на овие форми и нивната стабилност се различни во одделните македонски дијалекти. (Видоески 1999б: 243).

Во кичевскиот говор глаголскиот прилог се образува од несвршени глаголи со наставката *-јќи* која превладува во полошките, прилепско-битолските и во кичевско-охридските (без градскиот охридски говор) говори (Видоески 1999б: 246). Примери од кичевскиот говор: *вик'ајќи, коѭ'ајќи, фрл'ајќи, бер'ејќи, инаѭ'ејќи* (Црско 189), *нос'ејќи, ѭрес'ејќи, см'еːјќи-се, куѭ'ујќи, ѭомин'ујќи, сѭан'ујќи.*

Основниот вокал кај глаголите од *а* -група е секогаш *а*, а кај другите две групи е секогаш *е*. Во кичевскиот говор глаголскиот прилог не се употребува многу често. (За акцентирањето на глаголскиот прилог види: 2.1.3.).

Бидејќи не се употребува како глаг. прилог во кичевскиот говор, туку само како сврзнички предикат за причина. (За функциите на глаголскиот прилог види: 4.1.2.2.1.1.).

3.1.7.4.4. *Глаѓолска именка*

Глаголската именка претставува инфинитна глаголска конструкција која има навистина широка употреба во македонските дијалекти, но и во стандардниот јазик.

Глаголската именка во кичевскиот говор се образува од несвршени глаголи со наставката *-ње* која се додава на истите основни вокали како и кај глаголскиот прилог: *в'икање, к'арање, к'опање, кр'евање, з'емање, бр'ање – б'ерење, пол'агање, п'укање, ск'окање, уд'ирање, сп'иење, вл'агање – влег'ување* (*//влег'у:ње*), *вр'акање, изл'агање – излег'ување* (*//излег'у:ње*), *п'агање, п'уштање, сл'агање – сл'ег'ување* (*//слег'у:ње*), *ф'акање, кач'у:ње, куп'у:ње, пиш'ување* (*//пиш'у:ње*), *прод'авање* (*//прод'а:ње*), *стан'у:ње, к'апење, л'ечење, м'елење, см'е:ње, пр'аење* (*пр'а:ње //прајње // прајне*-редок пример на антиципација на мекост поради тежок изговор). Глаголската именка е од среден род, а по број може да се менува само ако се супстантивизира. Пример: *Зг'отвиф три ј'адења.*

Во кичевскиот говор е специфична честата употреба на глаголската именка којашто притоа извршува различни синтаксички функции (види: 4.1.2.2.).

Глаголски именки од свршени глаголи во кичевскиот говор има многу малку: *стор'ение, пис'ание.*

За кичевскиот говор специфично е и тоа што се употребуваат многу сложени именски образувања добиени од општа именка (која може да биде објектот или субјектот на дејството означено со глаголската именка) и од глаголска именка од типот: *грозј'ебрање, житопл'евење, лозјекр'оење, овципл'авење, пченкаб'ерење, пченкак'опање, сватојч'екање, сенок'осење, тутунб'ерење, сонцеог'реање* (Видоески 1957: 81).

(За функцијата на овие форми види: кондензирани трансформи со глаголска именка).

3.1.8. *Предлози*

На крајот на прегледот на зборовните форми во кичевскиот говор ќе дадеме краток преглед на предлозите како зборовна група што припаѓа во неменливите зборови.

Овде ќе ги наведеме само формите на предлозите што се сретнуваат во кичевскиот говор и што претставуваат на некој начин специфичност за овој говор, со посочување на нивните примарни значења. За функциите на предлозите ќе стане збор во третиот дел од трудов.

Како специфичност за кичевскиот говор се јавува широката употреба на предлогот *кон* со фонетска варијанта *кун: Замина кон*

Извор (Попл), *Оди право и ко ќе свртиш за кон Добренојц пооди уште малце и ќе дојш до еден дол* (Лаф) (Видоески 1957: 77).

Се сретнуваат и предлозите *при* и *у* кои во другите централни говори ретко се употребуваат: *Живејше при браќа му*(Иж), *Отидоа после при цароm да му кажаm. Отидоа при мајка си* (Рус), *У Сајкофци напраја баскан* (Орл).

Во рабетинските села се среќава спорадично предлогот *ву* добиен со контаминација на *во* и *у*, но само со личните заменки: *Ќесето го забрајф ву мене* (Орл), *Види да не је ву тебе пусул'чето* (Рус). Овој предлог е познат и во поречкиот говор (Видоески 1950:53).

На целото кичевско подрачје се среќава и предлогот *уз (ус)* < *възъ* кој инаку е карактеристичен за северното јазично подрачје: *Ја туку го збркаф и тоа (телето) ус племна фати пустина, да го немаm* (Орл). (Видоески 1957: 78). (Сп. и во поречкиот говор: *Се смулна уз дирегон и фати пустина.* Видоески 1950: 53).

3.1.9. *Сврзници*

Овде ќе дадеме краток преглед и на формите на сврзниците кои се среќаваат во кичевскиот говор. Под насловот *Сврзници* ќе ги наброиме формите на два различни типа на зборови: првиот тип, тоа се оние сврзници кои претставуваат комплементарни конектори т.е. вршат улога на поврзување на реченични конструкции кои се еден тип аргументи на надредени глаголски предикати (во македонската граматичка терминологија тоа се исказни или декларативни реченици, а овде се обработени под насловот *комплементарни реченици* в. 4.1.1.1.5.2.) и тие не носат свое значење, туку претставуваат семантички празни оператори што можат во одредени ситуации и да се испуштат; и вториот тип сврзници, тоа се зборовите кои вршат улога на конститутивни членови на сложените реченици, т.е. ја сигнализираат врската помеѓу дел-реченициte во сложената реченична конструкција, при што таа врска може да биде асоцијативна, временска, причинска и сл. (види повеќе во делот посветен на сложената реченица).

3.1.9.1. Како комплементарни конектори во кичевскиот говор ги сретнуваме следниве сврзници: *дека, што, да* и *оти.*

3.1.9.2. Во рамките на сврзничките предикати карактеристични се следниве типови сврзници: асоцијативни, временски и причински.

Како асоцијативни сврзници во кичевскиот говор се сретнуваат: а) сврзниците за конјункција: *и, та, па, да, ем-ем*; б) адверсативните сврзници: *а, ама, ами, али, туку* и спорадично *но* (под влијание на стандардот); в) сврзник за алтернатива е сврзникот *или;* г) сврзници за споредба се *ко* и *ко што.*

Сврзници што ја покажуваат временската врска меѓу настаните за кои зборуваат одделните дел-реченици, во кичевскиот говор се следниве: *ко* (<кога), *отко, чим, штом, дур(и) да, пред да,* и *дур не.*

Во репертоарот на сврзниците -показатели на каузација, во кичевскиот говор ќе ги наведеме следниве: а) за причина: *оти, дека, поште, оштто, бидејќи, зато што, д'ел'ми*; б) сврзници за изразување на последична релација се *толку ...што; така ...што;* в) сврзник за концесија е *ако;* г) сврзници за услов се *ако* и *да* - субјунктивот; д) сврзници за релацијата 'со оглед на' се *штом* и *чим;* и ѓ) сврзник за цел е најчесто *да*, а поретко *за да.* За функциите на овие сврзници со соодветни примери ќе зборуваме во делот посветен на сложената реченица.

4. Функционална анализа на граматичките категории

4.1. *Реченица*

Синтаксичкиот опис на кичевскиот говор, како што беше истакнато во воведот, ќе се темели врз семантички ориентираната синтакса со која се прави „опис на операциите коишто од пораката (т.е. од содржината на јазичното коминике, анг. message) водат кон нејзината по можност успешна формализација (оформување) на површината на текстот." (Тополињска 1995: 5). Со помош на јазикот во општеството се остваруваат две цели: 1) се опишуваат релациите коишто постојат меѓу предметите, вклучително со луѓето, или им се припишуваат различни својства на деловите на светот кои ние во нашата перцепција можеме да ги издвоиме како такви, а тоа е предикацијата, и 2) се именуваат издвојуваните од нас делови на светот и оваа јазична функција е номинацијата. Најчесто на синтаксичко ниво, резултати на предикацијата се речениците, а резултати на номинацијата се именските синтагми. (Тополињска 1995: 5). Во овој дел од трудов, ќе направиме анализа на начините кои се специфични за кичевскиот говор, а со помош на кои се реализираат предикативните и номинативните содржини.

4.1.1. *Проста реченица*

Основната предикативна содржина која се реализира во говорот е простата реченица, т.е. реченица која е конституирана од еден предикат, изразен преку финитна глаголска форма и аргументите што тој предикат неопходно ги бара, а кои се одраз на деловите на светот за коишто предикатот изразува некаква релација. За да ги разгледаме начините на градење на простата реченица во кичевскиот говор, најпрво ќе се осврнеме на граматичките категории што ги поседува конститутивниот член, а тоа е предикатскиот израз оформен во финитна глаголска форма.

4.1.1.1. *Граматички категории на конститутивниот член*

Граматичките категории кои ги поседува конститутивниот член на основната реченична конструкција (ОРК), а тоа е глаголскиот предикат изразен со финитна глаголска форма, се следниве: вид, начин, време и прекажаност (која во кичевскиот говор претставува навистина посебна граматичка категорија). Редоследот според кој ги даваме граматичките категории не е случаен, ами тој е импликуван од карактерот на самата глаголска форма која: 1) во македонскиот јазик и во словенските јазици во целост, се јавува секогаш како маркирана позитивно по еден од членовите на категоријата вид (свршен или несвршен); 2) ја поседува информацијата за ставот на говорителот спрема вистинитоста (усогласеноста на фактите), односно ја поседува и категоријата начин што може да биде изразена со посебни граматикализирани средства и 3) ја изразува временска сооднесеност на настанот (дејството, процесот) спрема моментот на зборувањето или спрема некоја друга точка на временската оска, што граматички се искажува преку зборовен облик којшто е член на некоја од парадигмите за време.

4.1.1.1.1. *Вид - внатрешна временска организација на дејството*

Една од главните особености на словенските јазици е постоењето на категоријата вид кај глаголите. И покрај тоа што околу дефинирањето на оваа категорија има бројни несогласувања, заедничко е мислењето на повеќе лингвисти и научници дека во словенските јазици постојат, генерално гледано, два вида: свршен вид (aspectus perfectivus) и несвршен вид (aspectus imperfectivus) (Simeon: 715-718).

Притоа не може да се каже кој од овие два вида е основен или појдовен зашто „членовите на категоријата вид остануваат во контраст создаден од две (или повеќе?) привативни опозиции чија хиерархија не секогаш може да се утврди, а се менува зависно од поширокиот семантички контекст“ (Тополињска 1995: 176).

Со категоријата вид се граматикализира информацијата за временската организација на глаголското дејство независно од неговиот однос со апсолутната временска оска. Притоа свршениот вид го одразува временскиот редослед на настаните, а пак несвршениот го одразува течењето на времето додека настаните

„мируваат", односно се во процес, во нивното одвивање. Значи словенските јазици со поседување на оваа глаголска категорија се способни да ја изразат таа внатрешна временска организација на глаголското дејство надвор од категоријата време, на лексички план, со постоење на пар од глаголи за секое дејство, при што едниот член претставува глагол од свршен вид, а другиот член глагол од несвршен вид. Ваквите видски парови во словенските јазици се најчесто глаголи изведени од иста основа со помош на префикси, суфикси, со помош на алтернации на вокалот или консонантот на основата и сл. Таква е ситуацијата и во македонскиот стандарден јазик *роди/раѓа, врати/враќа* и сл., а и во кичевскиот говор (за образување на видските парници кај глаголите во кичевскиот говор види: 3.1.7.1.).

И додека јазиците што не ја познаваат категоријата вид, (на пример романските јазици) завршеноста/незавршеноста на глаголското дејство ја изразуваат во рамките на категоријата време или во самото лексичко значење на коренот на глаголот, во словенските јазици можноста за изразување на видската разлика на лексичко рамниште овозможува во рамките на глаголските времиња да се комбинираат видот на глаголот и значењето на дадено време, па да се изразат посуптилни нијанси во временската организација на настаните. Постои само една семантичка блокада мотивирана со природата на видската опозиција; глаголите од свршен вид не можат да изразуваат актуелизирана сегашност. Другите комбинации се отворени и можни, но зависи која комбинација е присутна или отсутна во даден јазичен систем.

Овде ќе се осврнеме во кратки црти на употребата на следниве глаголски форми во кичевскиот говор: презентските форми од перфективни глаголи, имперфектните форми од перфективни глаголи и аористните форми од имперфективни глаголи. Во ова поглавје кое е посветено на видот како една од граматичките категории на конститутивниот член на основната реченична конструкција, само ќе ги набројме конструкциите во кои влегуваат тие форми, а поопширен осврт на функциите на дадените конструкции со повеќе примери ќе дадеме во делот посветен на изразувањето на временските релации со помош на различни временски парадигми на глаголите.

4.1.1.1.1.1. *Презент од перфективни глаголи*

Поради семантичката блокада што веќе погоре ја спомнавме презентските форми од перфективните глаголи не можат да изразат

актуелизирана сегашност. Тие, исто така, за разлика од некои наши југоисточни дијалекти каде што самостојно употребени изразуваат повторливи дејства (в. Б. Видоески 1992: 50), во кичевскиот говор и во целото западно наречје никогаш не се употребуваат самостојно. Тоа ни покажува една состојба на „балканска" реструктурализација на глаголскиот систем во западниот и централниот дел од македонската јазична територија, за разлика од зачуваната поархаична состојба во источните дијалекти (Тополињска 1995: 182). Презентските форми од перфективни глаголи во кичевскиот говор се употребуваат само врзани и извршуваат неколку функции. Ако се употребени со партикулата *ќе,* ја образуваат парадигмата на кондиционал praesentis (види: 3.1.7.2.2.2.2.1.) и ги извршуваат функциите карактеристични за овие форми, а тоа се: идност, заповед, повторливост, омнитемпоралност или се јавуваат во аподозата на условниот период. Дејствата кои треба да се случат по моментот на зборување, односно во некое идно време, нормално се нефактивни, а нефактивно дејство се изразува и при искажување на заповед, без разлика дали тука очекуваме многу побрзо и посигурно реализирање на дејството. Примери: *Ја ќе-в-'однеса.* [1](идност), *Ја ќе-ти-да: луб'еница, ќе-п'ојш кај-ц'арот и-тој ќе-ти-е-д'ајт к'ерка-та.* (Текстови, 279) (заповед). Кај повторливоста и омнитемпо-ралноста се работи за фактивни дејства кои не се актуелизирани во моментот на зборувањето. При изразување на овие функции, во кичевскиот говор најчесто се употребуваат форми на кондиционал praesentis образувани од ќе + презентски форми од перфективни глаголи, (но, се разбира, може и од имперфективни, кои не се огра-ничени во употребата како перфективните). Примери: *Н'ие со-Б'уба б'ефме 'исто ко-с'ијамски бл'изнаци, што ќе-'облечет та:, то: ја, што ќе-јадат д'енеска т'ие, м'ене м'ама м'орат да-ми-н'апрајт 'или 'обратно.* (Текстови, 273; повторливи дејства); *Некого ќе го стемнит, некого ќе-г-'огрејт, така ти е во жиотоф!*; *Што ќе посејш, то ќе жнејш!* (изреки, општи вистини). Ќе дадеме пример и за употреба на овие форми во аподозата на условниот период: *Ако-н'е-врнет, ќе-к'апнет.*

Освен со партикулата *ќе,* презентските форми од перфективни глаголи се употребуваат и со сврзникот *ако* во протазата на условниот период: *И-е-ч'екат ф-ск'утина, д'емек, ако-п'аднет ќе-е-*

[1] Сите примери во понатамошниот текст кои немаат упатување на која страна во текстовите се наоѓаат, се дополнително собирани на терен за потребите на синтаксичкиот опис.

з'адржит во-скут'инава. (Текстови, 304); *Ако те бендисат моиш и за поиќе време д' останеш, а не саде за свадбата* (Црско, 381).

Перфективните глаголи во презент придружени со партикулата *да* (односно формите на субјунктив praesentis) извршуваат повеќе функции, и тоа субјунктивна, оптативна и други функции. Примери: *Инаку н'е-могол д-и-'одберет маш.* (Текстови, 271) (субјунктив); *..ж'аби да-ти-се-направит лубен'ицата* (Текстови, 279) (оптатив); (За овие функции види: 4.1.1.1.2.).

4.1.1.1.1.2. *Имперфект од перфективни глаголи*

Имперфектот и аористот го сочинуваат минатото определено време во македонскиот стандарден јазик. Овие две времиња ги нарекуваме определени затоа што искажуваат минато дејство кое може точно да се локализира на временската оска. Формите на имперфектот го искажуваат дејството во неговото одвивање во определен момент во минатото или едноставно опишуваат некоја состојба што е констатирана во некој минат момент, како што може да се опише состојба со формите на презент во моментот кога ја гледаме. Од дадената дефиниција следува дека за изразување на основната функција на имперфектот се употребуваат само имперфективни глаголи.

Формите, пак, на имперфектот од перфективни глаголи се употребуваат само врзани и со слични функции како перфективните презентски форми. Ќе ги дадеме следниве примери на имперфектни форми од перфективни глаголи, употребени со партикулата *ќе: ...и ќе д'ојше пр'ед-дуќан, одма с'иноќ ќе му изв'ајше ст'олица и ќе -с'еднеше.* (Текстови, 297); *И-ќе се соб'ере: н'а-дуќан кај т'ашко-ми, ко с'ега се-с'екава, Ам'ет-Оџа, П'аун, Мил'етија (т'ашко-му на к'умот ваш, на-Ст'ојана, да), и ќе-пр'а:т м'уабет.* (Текстови, 297); *И к'обила 'имаше 'една, М'ица. И ќ-и-р'ечеше: „М'ицо! Н'а-место. 'Еден к'амен в'ака в'исок, г'олем за-т'уѓање. И до-к'аменот ќе-п'ојше коб'илата, и-б'аба-ми ќе-се-к'ачеше и-со-коб'илата 'ојше. Б'абица.* (Текстови, 298). Од примериве може да се заклучи дека со формите ќе + имперфект односно со формите на кондиционал praeteriti (т. 3.1.7.2.2.2.2.2.), најчесто се опишуваат повторливи настани. Со употребата на пар-тикулата *да* + имперфект од перфективни глаголи (односно со формите на субјунктив imperfecti) се изразува вид на ублажена заповед: *Да дојше вечер некако!* Со овие форми, исто така, може да се изрази и услов, односно се употребуваат во протазата на

условниот период: *Да појше на претстава, убо: ќе си поминеше!* кој, во зависност од времето на зборување на говорителот, може да биде или реален или ирреален. Имперфектните форми од перфективни глаголи исто така можат да се сретнат употребени и со сврзникот *ако* во протазата на условни реченици, најчесто за изразување на ирреален услов: *Ако се појавеше само, ќе видеше што ќе ти најрајф.*

4.1.1.1.1.3. *Аорист од имперфективни глаголи*

Аористот е едно од двете минати определени времиња и неговото основно значење е завршеност, заокруженост на минато глаголско дејство. Токму затоа, најлогично е ова време да се образува од глаголи свршени по вид коишто пак, токму тука можат да го изразат своето вистинско значење на измена, т.е. завршеност. Меѓутоа и во старословенскиот и во современите словенски јазици кои го зачувале аористот, ова време може да се образува и од несвршени глаголи. Какво е значењето што го изразуваат овие форми? За другите словенски јазици има доста пишувано на оваа тема. За аористот од несвршени глаголи во македонскиот јазик пишувал Блаже Конески во *Граматиката на македонскиот литературен јазик* и Рина Усикова (види: Библиографија). За состојбата пак, во дијалектите има пишувано Божидар Видоески. Имајќи ги како основа заклучоците и согледувањата на Б. Видоески за состојбата во македонските дијалекти, овде ќе се осврнеме на значењата на аористот од имперфективни глаголи во кичевскиот говор.

Еден од повеќето архаизми, зачувани во кичевскиот говор е образувањето на аорист од имперфективни глаголи. При теренското испитување на Б. Видоески во Кичевско во педесетите години на дваесеттиот век тој го констатира следново: „Кај глаголските облици особено паѓа в очи честата употреба на минатото определено свршено време. Тоа иде оттаму што овој облик може да се образува од секој глагол – и од свршен и од несвршен. Порано видовме дека дури и помошниот глагол 'сум' има посебен облик за аорист[2]. Имперфективен аорист познаваат и другите централни говори, а се среќава и во литературниот стил. Меѓутоа во кичевскиот (па и во поречкиот) говор тој е особено раширен. Сп.: *Две недели му и пасоф офците, после ме набрка.* Орл.; *Учи коца време и за пот изучи.* Иж.;

[2] Се работи за стара разлика во глаголските основи од глаголот *сум:* bě-/(j)e(s)- наспроти bǫd-/ bi-; второво претставува аористна основа.

Отка јадофне кај Димета в уста трошка нема (ја) клаено. ЈД.; *Неколку пати идоф дома, те немаше.*; *Им тлкоф на децана малу лук.*; *Кај беше фчера? И стригоф офците.* Рус.; *Деноѓ трипати месиф леѓ, толку аргати имаше.*; *Али пеја, жити тебе? Пејаф бре, зашто да не пеја, свадба је, пејаф, играф и сфириф на гајда.* Ор." (Видоески 1957: 78). Овде ќе наведеме и други примери собрани на терен во 2001 година: *М'ајка-е гр'ебе, гр'ебе, п'ише, п'ише, та: една-пл'ава 'уба: ж'ена б'еше м'ајка-е, јок!* (Текстови, 277); *М'ама с'обра к'омина од-р'акија, е-ст'опли, 'е-т'опле ц'ел-ден н'адвор, со-д'рва, е-т'опле ком'ината и-т'ури в-едно-б'уре 'олко:, б'урето, б'уре од-р'акија, и-во-вр'ела к'омина е-кл'аде Цв'ета.* (Текстови, 278); *Испов'едај-ме, р'ече, му-гр'ешиф на-м'аш-ми.* (Текстови, 296); *К'ај - беше д'осега?*; *Го-м'етоф дв'орот.*; *Б'иф д'енеска ф-с'ело со-т'етина.* Примерите ќе ги дополниме со материјал од Црско: *Тој сѫ дури веќе високо сѫнцето беше искочило;* (Црско, 34); *Се шета што се шета, дури се стемни, и си дојде дома.* (Црско, 35); *Детето расте, расте и се стори маш на двајсет години.* (Црско, 42); *Многу се мачиа по секакви пашишта, ама најсетне си дојдоа дома живи и здрави...*(Црско, 66); *Бега цел ден и не се обзираше назад да не го привтасат чорбацијата за гуските* (Црско, 98). *Седе една година уште тамо и секој ден, коа излагаше да си берет треви и корење за јадење оише на гробот на децата и плачеше.* (Црско, 112).

Од посочениве примери како и од пошироката анализа на текстовите со коишто располагаме од кичевскиот говор, можат да се констатираат неколку работи. Главно, со аористот од имперфективни глаголи се искажува дејство што е завршено, но што не е моментно и се вршело во подолг временски период. На тоа укажуваат и временските определби во погорните примери: *две недели, коџа време, неколку пати, три пати, цел ден.* Временските ограничувања од овој тип кои ја даваат должината на траење на дејството се карактеристични токму за аористот (Vuković 1961: 33-34). Уште појасно се потенцира должината на дејството со повторување на формата на имперфективниот глагол, нешто на коешто укажува и Б. Конески во објаснувањето на овие форми во литературниот јазик (Б. Конески 1981: 424). Појавата на редупликација на глаголските форми е доста распространета во балканските системи и претставува синтаксичко клише со иконски карактер (Тополињска 1995: 185). Примери од овој тип се карактеристични и за бугарскиот јазик (*Той гледа, гледа, докато му се замъгли погледът...* Граматика 1993: 317). Ваквите примери со редупликација во кичевскиот говор денес се најфреквентни, а според наше мислење само примерите од овој тип

се сочувани во употреба во стандардниот јазик, зашто другите употреби на имперфективен аорист не се сретнуваат во стандардот (или се сретнуваат исклучително ретко, сп. Усикова 1995: 627). Меѓутоа, освен употребата на имперфективниот аорист за изразување на должина на извршеното дејство, во кичевскиот говор сретнуваме и примери од поинаков тип. Во примерите од типот *Им т̄лкоф на децана малу лук;* или *Испов'едај-ме, р'ече, му-г̄р'ешиф нам'аш-ми.* (Текстови, 296); *Го-м'етоф дв'орот̄.; Б'иф д'енеска ф-с'ело со-т̄'етина;* со имперфективната аористна форма се кажува само дека дејството е вршено и завршено во минатото. Притоа со имперфективниот глагол се именува дејството што се вршело во минатото, а со аористот се укажува дека тоа дејство е завршено. Прашањето дали овде имаме целосна опфатеност на дејството, односно негова исцрпеност, зависи делумно од лексичкото значење на глаголот, а делумно од контекстот. Наше мислење е дека во последните три примера се работи за целосно опфатено дејство. Сега се поставува прашање зошто се избрани несвршени глаголи? Одговорот е следниов: имперфективниот аорист „покажува трајно дејство што се свршило (не извршило) во одреден момент во минатото. Тука нема никакво совпаѓање со имперфектната форма, која покажува дека дејството трајно се наоѓало во процес во времето за кое говориме. Со него се истакнува незавршеноста, неограниченоста на глаголското дејство, додека во имперфективниот аорист се нагласува неговата свршеност." (Видоески 1962: 229). Денес во стандардниот македонски јазик горните примери би гласеле вака: *...му г̄решеф на маж ми*, или *Јас мет̄ев*, со имперфект, наместо аорист. Притоа во овие примери од имперфектната форма не добиваме информација за тоа дали е свршено, односно престанало да се одвива дејството изразено со глаголот. Со аористната форма пак, употребена во кичевскиот говор, ја добиваме и таа дополнителна информација. Слична е ситуацијата и во искази со кои се искажуваат серии напоредни (симултани) дејства за што денес во стандардниот македонски јазик ќе се употребат форми на имперфект (или на praesens historicum од несвршени глаголи): *Јас п̄еев, иг̄раф и сфиреф*, а во кичевскиот говор ќе се употребат аористни форми од несвршени глаголи: (како што е во примерот *...п̄ејаф, иг̄раф и сфириф на г̄ајда*). Ваквите употреби се доказ дека во кичевскиот говор аористот доследно ги чува сите нијанси на темпоралните значења. Маслов зборувајќи за свршениот и несвршениот аорист во бугарскиот јазик укажува дека „несовершенный аорист, обозначающий длительное действие, а) отличается от имперфекта „непроцессностью", отвлеченностью от

самого протекания действия и в этом смысле „фактичностью“ и, наряду с этим, б) отличается от совершенного аориста меньшей конкретностью, более общим и, если угодно, неопределенным характером указания на обозначаемый факт. Ясно, что на практике эти тонкие различия часто не ощущаются и обе несовершенные формы, а, в определенных границах, и обе формы аориста могут оказаться взаимозаменимыми.“ (Маслов 1984: 160). Се работи значи за нијанси во значењата што во зависност и од лексичкото значење на глаголот некаде можат да се почувствуваат, а некаде не можат, па затоа некаде формите на несвршен аорист се лесно заменливи со формите на имперфект или со формите на свршен аорист. Сп. *...му-гр'ешиф на-м'аш-ми.* : *...му грешев на маж ми.* : *...му згрешив на маж ми; Го-м'етоф дв'орот.* : *Го метев дворот.* : *Го сметов дворот.*

Кичевскиот говор заедно со поречкиот, развивајќи се прилично изолирано од соседните говори зачувал една постара состојба на јазикот во врска со употребата на простите минати времиња, а во склоп на тоа го зачувал и имперфективниот аорист за кој досега зборувавме. Од досега кажаното може да се заклучи дека видската разлика на глаголите не пречи да се оствари вистинското значење на аористот. Аористната форма си го чува своето темпорално значење без разлика дали е глаголот од свршен или од несвршен вид (Белић 1925: 176).

Треба да констатираме дека ситуацијата што ја изложивме во поглед на аористот во кичевскиот говор, не важи за помладите генерации говорители. Помладите говорители, изложени на интензивно влијание на стандардот и на масовните комуникациски средства, сè помалку го употребуваат имперфективниот аорист и тоа само во онаа функција на продолжителност, со редупликација на глаголот, која е карактеристична и за стандардниот јазичен израз.

4.1.1.1.1.4. *Видот во императив*

Синтетичките императивни форми во кичевскиот говор се образуваат и од перфективни и од имперфективни глаголи. Во нивната основна функција, изразување на деонтичка модалност, односно изразување на заповед, барање, желба, во кичевскиот говор е застапена подеднакво употребата и на двата типа форми. Примери за употреба на императивни форми од перфективни глаголи: *'Ајде, собер'и-си: парт'алите, да-те-н'емат кај Пепеш'аркота...*(Текстови, 271); *Отвори да-е-в'ида!* (Текстови, 279); *Вл'езете!* (Текстови, 310);

Заколи и сите ако сакаш, ама ја жива не се предаа на другѓего од мојот стојан. (Црско: 112); Примери за употреба на императивни форми од имперфективни глаголи: *Тетко, 'оди на м'ама д-и-к'ажеш, ја 'излеѓоф партиз'ани.* (Текстови, 276); *...ти-д'ава др'уѓа луб'еница, 'оди ти, ќе-ти-е-д'а:т т'ебе!* (Текстови, 279); *Ај Вес'ојце за-д'евети број се: к'ажуј!* (Текстови, 281); *'Идајте бе в'аму!* (Текстови, 307); *'Оди, ч'екај-а.* (Текстови, 310); *Малчи сестро, не плачи, је рече постариот брат.* (Црско, 152).

Кај прохибитивот, односно изразувањето на забрана за извршување на некое дејство, не се употребуваат императивните форми од перфективни глаголи. Овие форми се употребуваат само врзани со поширок контекст и донесуваат поинакво значење отколку самостојно употребените негирани императивни форми на нивните видски парници. При употребата на негирани морфолошки императивни форми од перфективен глагол се изразува еден вид закана, односно со таквите реченици, спротивно на обичниот прохибитив, изразуваме посебен вид на барање да се изврши дејството изразено со негираната императивна форма. Примери за негирани императивни форми од имперфективни глаголи: *Н'е-прашуј, н'е-прашуј!* (Текстови, 301); *Не-стануј!* (забрана) *:* наспроти негирани императивни форми од перфективни глаголи: *'Е н'е-стани н'а-време, па- ќе-в'идиш што-ќе-т'е-снајт!* (закана, застрашување; сп. во стандардниот јазик: Б. Конески 1982: 416).

4.1.1.1.1.5. *Видот во глаголската л-форма*

Глаголската *л*-форма кај имперфективните глаголи во кичевскиот говор се образува и од аористна и од имперфектна основа: *Ааа, ти-си-се-т'опилил од некаде* (Текстови, 290); *Некој го кршил катанецот!; ...тој слушаше оти имало некој јунак во некој грат, што кршил коњска плоча со раце, а две и свиткуал.* (Црско, 42); *Селаните биле многу побожни тие оиле секоја недела и празник в црква. Попот и учил се добро да праат.* (Црско, 54) (аористна основа) наспроти: *Се топилел цел ден со дрвата што му ги дадоф.; Го кршел катанецот, ама не-г'о-скршил.* (имперфектна основа). Се работи за истата разлика како и кај аористните форми од импер-фективни глаголи наспроти имперфектните форми од истите тие глаголи, односно со аористната основа се изразува заокружено, свршено дејство, наспроти незавршеноста, процесуалноста која избива на прв

план кај имперфектната основа (сп. *Го кршиф капанецот /Го кршев капанецот*; види погоре т.: 4.1.1.1.1.3.).

Глаголската л-форма изведена од имперфектна основа од перфективните глаголи не се употребува самостојно. Таа се употребува само врзана со партикулата *ќе* во парадигмата на имперцептив conditionalis (види т.: 3.1.7.3.2.), а нејзината функција е 'прекажување на формите на futurum и на futurum praeteriti' (Гајдова 2002: 133). Оваа форма се употребува, исто така, врзана и со партикулата *да* и има улога на субјунктив perfecti imperceptivi (најчесто во условни реченици) или врзана со сврзникот *ако* при изразување на иреален услов. Примери: *Едно и-б'еше жал за-'Ивана, а-'едно т'олку с-уп'ашила 'инејзи ж'олчката ќ-и-п'укнела.* (Текстови, 278); *Ми-к'ажа д'ека ќе-'останел ф-каф'ана до-ш'ес с'атот.;* (постериорни дејства) *Да-ск'оknел н'авреме, н'емало да-се-'удрит!*; *Ако-п'аднел н'а-испит тешко-н'его ќе-б'ило!* (и услов и прекажаност).

4.1.1.1.2. *Начин - односот кон категорија фактивност*

Модалноста како таква е надградена категорија во секој даден исказ. Ако исказот се однесува на дејство од објективната стварност сфатено како реално, имаме работа со индикатив, односно модално немаркирано дејство, ако искажуваме дејство, настан, во вид на намера, желба, молба, забрана, очекување, претпоставка и слично, тогаш се работи за модално маркирано дејство. „Се налага заклучокот дека категоријата време е 'разбиена' меѓу два или повеќе начина, т.е. со други зборови, дека модалната маркираност на еден исказ е примарна во однос на неговата темпорална карактеристика" (Тополињска 1995: 222). Македонскиот јазик располага со неколку типа на граматикализирани средства со кои се изразува она што се подразбира под терминот епистемична модалност и, од друга страна, се изразува внатрешната психичка состојба на авторот на текстот, односно се дава некоја наредба, молба, желба, забрана или се искажува готовност да се исполни очекуваното дејство (деонтичка модалност).

Во рамките на изразувањето на двата типа на модалност, ќе ги разгледаме граматикализираните средства што постојат како можности во кичевскиот говор.

4.1.1.1.2.1. *Модалност, употреба на глаголските начини*

Основниот начин во којшто се јавуваат предикатите кои ја конституираат ОРК е индикатив. Со индикативот се дава реалната слика за некое глаголско дејство или настан што се случил или се случува, а кој говорителот го констатира како таков без да внесува некаков суд или оценка за тој настан или дејство. Според природата на нештата во индикатив можат да бидат само предикатите кои се во релација со оние настани или дејства кои се случиле во минатото или се случуваат во сегашноста, а кои се искажани со основните граматички средства за минато или за сегашно време. Граматичките средства пак, кои изразуваат идност, со самиот факт што искажуваат дејство или настан што се уште не е реализиран, без разлика на сигурноста што ја имаме во поглед на неговата реализација, не спаѓаат во индикативот. По дефиниција идното време е нефактивно дејство, а со самото тоа е модално маркирано. Освен идните дејства, модално маркирани, веќе кажавме, се сите искази во кои говорителот внесува и своја процена за дејството, начинот на неговата реализација, проценка за вистинитоста на дејството или пак со својот исказ поставува барања, прашања и сл. Во овој дел од синтаксичкиот опис на кичевскиот говор ќе се задржиме на инвентарот на граматикализираните средства што се способни да изразуваат модално маркирани дејства.

4.1.1.1.2.1.1. *Употреба на кондиционал*

Кои се и како се образуваат формите на кондиционалот накратко кажавме во делот за морфологија (в. т. 3.1.7.2.2.2.2.). Од наведените примери можеме да заклучиме дека се работи за перифрастични конструкции образувани од неменливата партикула *ќе* и од парадигмата на презент, кај кондиционалот praesentis, или парадигмата на имперфект, кај кондиционалот praeteriti (во кичевскиот говор постојат и форми образувани од партикулата *ќе* и од формите на перфектот кои служат за прекажување на идни или постериорни дејства или настани; види т.: 3.1.7.3.2.). Партикулата *ќе* знаеме дека води потекло од глаголот **хъtěti*. Самиот факт дека во овие перифрастични конструкции се содржи и партикула добиена од овој глагол, која примерно носи сигнал за нефактивен карактер на дејството, укажува пред сè на модалноста на овие конструкции, а дури вторично овие конструкции дозволуваат да се одреди

темпоралната карактеристика на дејството (Тополињска 1995: 223). Оттука и нашиот став дека формите на кондиционалот вршат повеќе модални функции од кои една е 'изразување на идни или постериорни дејства'.

Сега ќе се задржиме на функциите на кондиционалот во кичевскиот говор. Главното поле на употреба на кондиционал praesentis е изразување на идност.

Ќе наведеме примери за употреба на формите на кондиционал praesentis за идност: *„Ја ќе-в-'однеса.“* (Текстови, 278); *...и на-м'ајкава и-го-'одзеле д'етево со-што: што ќе-го-д'а:т кај-с'емејство што-ќе-го-исшк'олуваш и ко-ќе-з'авршит 'осмо оддел'ение м'ајкава пак ќе-си-го-з'емеш д'етево.* (Текстови, 301); *Аjде, кога-ќ-'ојме?* (Текстови, 301); *Томе ќе-појт ф-ч'аршија попладне.*

Формите пак на кондиционал praeteriti можат да се употребат за изразување на идност во однос на некој минат момент, односно за постериорно дејство, за кое, доколку немаме контекст, не можеме да знаеме дали навистина се реализирало или не. Пример: *Тргна: ф-ш'ума, ќе-зб'ира: п'ечурки.*

Освен за изразување на идни дејства, формите и на двата кондиционала се способни да изразуваат повторливи, итеративни дејства, фактивни дејства кои се одвиваат во одредени временски интервали, а за кои обично не е релевантно дали се одвиваат и во моментот на говорење или не. Примери со кондиционал praesentis: *И ќе-е-н'ајме в'ака со-н'осеше ќе-е-н'ајме, зн'ајфме к'арпата к'аде-е, н'а-карпа и ќе-се-ф'рламе вр'ау во-в'одата, ко-'езерце б'еше, по-г'ак̀ина, ауууу, ш'ука ц'ело л'ето.* (Текстови, 274); *И, мн'оѓу инт'ересно, ко-ќе-с'ака:т да-им-к'ажат, ќе-им-в'ика:т: „М'амо, ај кај-м'ама Бл'агица да-се-вр'атиме.. .*(Текстови, 300).

Примери за повторливи дејства изразени со кондиционал praeteriti: *Ја ќе-се-к'ачеф г'оре н'а-круша, на-j'аболко, тамо на-што тр'ебеш и Б'уба д'олу ќе-ч'екаше.* (Текстови, 273); *Н'ие ко-н'емаше во-алб'анското, т'аше з'амина во-Тир'ана да-р'аботит, п'ариче не-ни-ѓи-д'авале н'ас, п'ошта ни-ѓи-земале, и-м'ама ќе-к'упеше к'остени од-'Осој, по'ефтини, или ќе-соб'ерефме т'аму што-ќ-ост'ане: и ќе-ми-д'аjше м'ене л'онче, 'онде кај м'остон, л'онче ќе-дајф к'остени и-т'ие што-ќ-'идат од'оздола со-пченка п'ална к'олава, ќе-ми-да:т, некој три-т'опачи, н'екој пет, некој д'есет...*(Текстови, 275); *В'ера б'еше мн'оѓу вр'една: ќе-ст'анеше, ќе-н'ап̀лнит в'ода, ќе-м'есеше леѓ и ќе-е-нар'анеше ст'оката.; Цв'ета ќе-се-обл'ечеше, ќе-се-дот'ераше и ќе-изл'езеше на-к'орзо.* Од наведениве примери за употребата на кондиционалот за изразување на повторливи дејства, можеме да

заклучиме дека често доаѓа до паралелна употреба на двата кондиционала во една иста реченица, најчесто во оние реченици во кои се изразуваат повторливи дејства што се случувале во минатото, но престанале да се случуваат, односно серијата повторливи дејства е прекината. При прекажување, повторливите дејства во кичевскиот говор се изразуваат со формите на имперцептив conditionalis (види: 3.1.7.3.2.): *Ж'ената се- заблаг̄од'арила и ќе-заминела за-дома, а т̄ој 'т̄ро п̄р'ед-неја п̄'обрзо ст̄'асујл д'ома.* (Текстови, 286).

Во кичевскиот говор се употребуваат форми на негиран кондиционал за изразување на фактивни дејства како во следниов пример: *Ц'арскава ќ'ерка и-п̄о-т̄р'ет̄пат̄ не-ќе-г̄'о-удрит̄ Пеш'арко̄та!* (= Царската ќерка и по трет пат го удрила Пеплешаркота!) (Текстови, 271).

Со формите на двата кондиционала се изразува и аподозата на условниот период. Најчесто со формите на кондиционал praesentis се изразува реален услов, а со формите на кондиционал praeteriti иреален, но и овде доаѓа до мешање на формите, па во следниов пример имаме изразување на иреален услов со кондиционал praesentis: *С'амо, р'екоф, да-д'ојше овие-д'еној 'овде, ќе-в'идиш шт̄о-ќе-т̄и-н'апрајф.* (Текстови, 288).

Формите на кондиционал praesentis се употребуваат и за изразување на претпоставка, или самостојно или засилени со партикулата *да* како во вториот и во третиот пример: *„Ама п̄'ойе, р'ече, т̄риес'ет̄ата ќе-б'идет̄ т̄в'ојна.“*(Текстови, 295); *Ајде, 'оди п̄'обрзо, ќ'е-да-е д'ојден в'озот̄ д'осег̄а!; Колку г̄одини ќе да имат̄ волево? Па, бог̄ами, да имат̄, да имат̄ десет̄ина г̄одини.* (Видоески 1957: 79). Ваквиот начин на изразување на претпоставка е карактеристичен и за стандардниот јазик (Конески 1982: 488).

Кондиционални форми образувани со презентските форми на глаголот *сака + субјунктив*, или со имперфектни форми на *сака+ субјунктив* во коишто глаголот *сака* би имал улога на помошен глагол односно би бил дел од парадигмата на кондиционалот, во кичевскиот говор нема (како што има во јужните говори, на пр. во кајларскиот, *сăк'а д-ă-зăк'ол'ăм (ж'ент̄а);* Дрвошанов 1993: 83). Во јужните македонски говори, како што истакнува Голомб, тие претставуваат калка од новогрчкиот јазик и претставуваат втор бран на балканизми (Gołąb 1964: 47). Во кичевскиот говор, пак, овие форми претставуваат синтаксичка конструкција со целосна лексикална вредност на составните делови, па нив ги толкуваме во рамките на субјунктивот со надграден предикат од втор ред *сака* кој задолжително бара аргументски израз во вид на реченична конструкција.

Инаку, ако го коментираме нивното значење можеме да кажеме дека се употребуваат главно за искажување на намера односно желба да се изврши некое дејство. Ако, пак, се употребат минати форми на глаголот *сака* + субјунктив, тогаш се изразува нереализирана намера или желба. И во двата случаи се работи за нефактивни дејства кои во првиот случај (со презент од *сака*) сè уште можат да бидат реализирани, а во вториот случај (со имперфект или перфект I од *сака*) се работи за дејства што немале можност да се реализираат. Примери: *С'ака да-п'ера ш'ейих, ама-вр'емево се-'облачиш!; Ее, ш'аше с'акаше да-к'упиш к'ола, ама н'емаше м'ожнос.*

4.1.1.1.2.1.2. *Употреба на субјунктив*

Во македонските класични граматики глаголските форми *да* + презент и *да* + имперфект (и *да* + перфект, за прекажување; ограничување во поглед на видот на глаголот од кој се образуваат овие форми нема), не се третираат како посебни парадигми, туку се нарекуваат *да*-конструкции и се разгледуваат во рамките на функциииите на временските парадигми или на партикулата *да* или на сврзникот *да* (сп. Б. Конески 1981; Ѓуркова 1994). Ние, во нашиов опис, со оглед на специфичните функции што ги вршат овие форми, им пристапуваме како на посебен тип глаголски парадигми кои се модално маркирани и кои ги нарекуваме *субјунктив* во којшто влегуваат три парадигми: субјунктив praesentis, субјунктив imperfecti и субјунктив perfecti. Функционално најоптоварен е субјунктив praesentis, а со нешто поограничени функции се јавува парадигмата на субјунктив imperfecti, додека парадигмата на субјунктив perfecti служи главно за прекажување на реченици оформени со некоја од претходните две парадигми (или во конструкции за изразување прохибитив; види: 4.1.1.1.2.1.3.) .

Што е субјунктивот и кои се неговите функции во кичевскиот говор? Како што кажува и самото негово име субјунктивот значи подреден начин. Подреденоста може да има семантичка и/или синтаксичка интерпретација. Притоа, семантичката подреденост е решавачка бидејќи се состои во суспендирање на опозицијата фактивност / нефактивност (Тополињска 1995: 255). Самата фактивност или нефактивност на дејството што е изразено со формите на субјунктив зависи од надграденият предикат, со којшто најчесто се појавуваат субјунктивните форми. Па така, во речениците *с'ите ж'ени, н'е с'ите но-пр'етежно одл'училе да-з'емаш д'еца од-д'омоф без-*

род'ителu... (Текстови, 298); *Штом си-р'ешила да-не-зб'орујш, н'е-зборуј!* заради надградените предикати *одлучиле* и *решила* целата реченица изразува фактивно дејство (или во реченицата *И-та: м'ама п'очнала да-йл'ачет;* Текстови, 278); додека пак во реченицата *М'ојш р'ече, д-'издржиш да-се-н'е-ш'ойлиш н'оќеска?* (Текстови, 290); заради надграденuот предикат *мојш* којшто во оваа реченица изразува нефактивно дејство и субјунктивните форми изразуваат нефактивно дејство. Слична ситуација имаме и во следниве примери, т.е. глаголи од типот *може, мора, треба* со вградена деонтичка модалност, бараат реченичен аргумент со предикат во субјунктив: *За-да-зар'аботиш г'олеми п'ари тр'ебет да-с-'окозиш!; П'авле, мојш да-в'икнеш п'ојќе?; Оф, к'ога ќе-м'ојме ниье да-найр'ајме к'уќа!.* Во некои ситуации имаме повеќе подредени субјунктивни форми на еден надграден предикат како во примеров: *А м'ама б'еше сироша да-йојш кај-шеша Тоца д-и-п'омогнет д'а-е, в'ака л'етно време, да-е-'ожне:т н'ивата.* (Текстови, 276). Во овој конкретен пример не можеме да одредиме дали со формите на субјунктивот се изразува фактивно или нефактивно дејство.

Формите на субјунктивот praesentis, освен што се употребуваат во реченични аргументи кои се зависни од надграденuот предикат, можат и самостојно да се употребат. Кај ваквата самостојна употреба се работи само за површинско неекспонирање на надграденuот предикат, а всушност тој во сите ситуации може да се претпостави. Осамостоените субјунктивни форми можат да вршат неколку различни функции. Притоа, сите функции што ги вршат, било да се работи за нефактивни (најчесто) или за фактивни дејства (види подолу), се модално маркирани на некој начин, како што ќе видиме од примерите што следуваат.

Една од основните функции на субјунктивот praesentis во кои се јавува самостојно, е изразување на императив, оптатив или прохибитив, посебно во оние граматички лица за кои нема морфолошки императивни форми. Пример: *„Б'убее, ај д-и-б'ереме ем'ишше кај-Блаж'ејца!“* (Текстови, 273); *Ја ќе-з'амина за Ск'опје, ама в'ие да-се-к'аѣете д'енеска!; Да-д'ојш п'орано! (чу!!!); Да-д'ојш с'естра-ши н'а-свадба!; Да-д'ојш на-б'ерење гр'озје!; Да-си-д'ојдаш н'авреме д'ома!; Да-ј'адаш д'ецаша, 'арнооо!; Да-ј'адеше, м'ајче, д'обро! Да-н'е-одаш надвор д'ецаша н'икако, мн'огу е-ј'ако с'онцево!* Во функција на оптатив со посебна експресивна нијанса, можат да се употребат и формите на субјунктивот imperfecti: *Да-дојше да-ми йомогнеше шро: за каучоф!*

Самостојно употребени форми на субјунктивот (и praesentis и imperfecti) можат да се најдат и во функција на изразување на идност,

нешто што директно произлегува од погоре наведената императивна, односно оптативна функција (види: 4.1.1.1.2.1.3.): *Да-п'ојда д'о-пазар, да-пр'окупа нешто! // Да-п'ојф д'о-пазар да-пр'окупеф н'ешто!*

Формите на субјунктивот комбинирани или со партикулата *ќе* и/или со негацијата *не* во кичевскиот говор се употребуваат и за изразување на претпоставка: *И, пов'икала брат'учеди, бр'аќа, к'оми: да-не-ќе-да-к'уртилит д'етето.* Ив.

Во кичевскиот говор самостојно употребени субјунктивни форми се употребуваат често за да изразат фактивни дејства што се случиле во минатото, но со посебна нијанса на чудење, односно имаме посебен тип на адмиратив: *То: с'обрана пр'ашина до-г'оспода да-се-кр'еват г'оре...* (прашина се креваше горе..., (Текстови, 273); *Тел'ефоноп ц'ела н'едела да-не-р'аботит.* (телефонот не работеше, Текстови, 288); *И та: јат'рва-је, да-и-го-з'емет д'етето и-д-и-го-ф'рлит в-еден-д'ол.* (И го зела и и го фрлила в дол, Текстови, 296); *Ти-в'ела, 'овие да-в'ика:т, да-г'аламат.* (овие викаа, галамеа, Текстови, 304). *Откаде -докаде еден ден да доит в̨кот во гојдата и прао на кравата и теленцето негои да и заколет.* (еден ден дошол волкот во гојдата и кравата и теленцето негови ги заклал; Црско, 61). Ваквата употреба на *да* + презент од свршени глаголи ја нотирал и Блаже Конески укажувајќи на фактот дека презентските форми на глаголите свршени по вид не се употребуваат самостојно и во најголем дел влегуваат во составот на подредената реченица, но погоре наведенава употреба е еден исклучок каде со овие форми придружени со *да* се изразува минато време (Б. Конески 1981: 413). Ние ќе додадеме само дека и овде можеме да претпоставиме еден надграден предикат од типот 'се случи да стане нешто' при што со ваквите форми, секако, се привлекува уште повеќе вниманието на адресатот кон она што го раскажува говорителот.

Во сложените реченични конструкции чиј конститутивен член е сврзнички предикат (види: 4.1.2.), со формите на субјунктивот во кичевскиот говор можат да се изразат и повторливи дејства (иако многу поретко отколку со формите на кондиционалот): *Ко-да-д'ојт овде, прашујт за тебе.* Повторливи дејства во минатото се изразуваат со формите на субјунктив imperfecti: *Ко-да-д'ојше 'овде, праш'ујше з'а-тебе.* Освен за изразување на оваа функција, субјунктивот imperfecti се употребува главно во протазата на ирealниот условен период: *Да-д'ојше п'орано ќе-е-зав̨ршефме раб'отата.* (види условни реченици). Формите на субјунктив perfecti во кичевскиот говор служат за прекажаност, при што, главно, се прекажуваат вакви сложени реченици (како горниот пример)

оформени со сврзнички предикат. Така, погоре наведениве примери кога би се прекажувале би гласеле како што следува: *Ко-да-д'ојл 'овде пр'ашујл з'а-тебе.;* (со оваа реченица се прекажуваат и двете погоре наведени реченици, и таа во сегашно време и таа во минато време); *Да-д'ојл п'орано, ќе-е-зав'ршеле раб'отата.*

Во сложените реченични конструкции субјунктивот се употребува и за изразување на други различни значења, за коишто пошироко зборуваме во делот за сложените реченици, а за кои овде ќе наведеме само неколку репрезентативни примери: 1) во реченици на конјункција од типот: *Нека-ми-д'аџи м'алку п'ари б'рат-ми, па-да-в'идит што-ќе-н'апра: ја!;* или *Б'ез-да 'учиш н'емат доб'ивање г'олеми 'оценки;* 2) во темпорални реченици од типот: *Пр'ед да-'излезеш дот'ерај-се 'убо:.; Пред да-'ојш ф-к'ино, 'оди в-'аптека к'упи л'екој!;* и 3) во финални реченици од типот: *Чојкоф не-е-цв'еќе да-г-м'ириснеш!; П'ост:ф, п'ост:ф да-се-'увера и ко-се-'увериф и-л'етнаф да-в'ика...* (Текстови, 277). Како што може да се заклучи од примерите, „се работи за споеви како *пред да..., за да ..., без да...* Тие се - соодветно - експоненти на темпорална, финална и на конјунктивна релација меѓу два реченични аргумента, при што вториот аргумент е задолжително во субјунктив." (Тополињска 1995: 278).

4.1.1.1.2.1.3. *Императив, оптатив, прохибитив*

4.1.1.1.2.1.3.1. Заповед или желба да се изврши некое дејство кое исто така спаѓа во рамките на модалноста (деонтичка модалност), во кичевскиот говор пред сè се изразува со морфолошките императивни форми: *Тетко, 'оди на-м'ама д-и-к'ажеш, ја 'излегоф партиз'ани.* (Текстови, 276); *'Отвори да-е-в'ида!* (Текстови, 279); *Елате да-ви-к'ажа!* (Текстови, 281); *Ела, р'ече, да-в'идиш ти!* (Текстови, 295); *Тури-му в'ода нав'едни-го ш'ишево, па ќе-з'апрскат. В'одава однес'и-му-ја на-'отвороф н'апред па-ќе-п'рскат.* (Текстови, 301); *„'Идајте, в'идете кај-се-к'ачила!"* (Текстови, 304); *...вр'аќај-се-н'а-школо б'арај-го!* (Текстови, 307); *Ај Саше 'оди ш'ишај-се!; Пр'ескокни-ја огр'адава, ама ако се-'удриш ја не-одгов'ара!; Еј ајде елате по мене...* (Црско, 127). Како што се гледа од неколку од наведените примери, како заповедна форма за повикување се употребува и грчката заемка *ела, елате* (со форми за двата броја, исто како и во стандардот, види: Конески 1981: 416) и ова е една од ретките заемки од грчкиот јазик што се употребува од страна на сите генерации говорители во кичевскиот говор (за други грцизми види:

лексика). Како што може да се забележи од примерите, кратките заменски форми кога се употребуваат со морфолошките императивни форми секогаш стојат постпозитивно, односно се енклитики, како што е и во стандардот.

Честица што служи за изразување на заповед, а што е позната и во другите дијалекти е честицата *на* која е неменлива, а се употребува најчесто придружена со постпозитивни кратки заменски форми за датив со кои се посочува лицето (лицата) кон кое (кои) е насочена заповедта: *На-ти: пр'аскиве!* (со значење: 'земи ги праскиве'); *На-ви по-едно кол'аче!* (со значење: 'земете по едно колаче').

Освен кон второто лице, за кое, како што рековме, постојат морфолошки форми и во еднина и во множина, заповед или желба (оптатив) може да се изрази и кон третото лице и тоа, главно, со помош на партикулата *нека* + презентски форми (и од имперфективни и од перфективни глаголи): *Нека-д'ават г'остот к'акошто е-'арно!; Ајде просто нека ви е...*(Црско, 192); *Нека-ј'адет Анг'ел'инче ц'ел-ден!; Нека-си-'одат преку-Пр'илеп! Нека-ми-д'ајт м'алку п'ари б'рат-ми, па-да-в'идит што-ќе-н'апра: ја!.* Како што може да се заклучи и од примерите, во третото лице немаме вистинска заповед, туку само пренесување на желбата на говорителот со посредство на соговорникот некое трето лице да ја изврши заповедта. Во самостојните искази од ваков тип, примарна била оптативната компонента, како во првите два примера, кои претставуваат израз на желба чија реализација зависи од некоја виша сила. Потоа, како секундарна, се развила императивната варијанта на *'нека'* конструкциите под која подразбираме „наредба/молба/-забрана...упатена кон конкретно физичко лице (лица) in absentia..." (Тополињска 1996: 81) како што е во последните три примери.

4.1.1.1.2.1.3.2. Оптатив, односно желба или блага заповед да се изврши некое дејство во кичевскиот говор освен со *нека* + *презент*, многу често се изразува со формите на субјунктив praesentis посебно во оние лица за кои нема морфолошки императивни форми, но, исто така, и за второто лице: *Да-ми-д'ојт еден коњ д'орија на-в'екоф што-го-н'емат, една с'абја зл'атна, една 'облека ц'елата позл'атена и-да-'ода во-в'ојна, со-'оружје све.* (Текстови, 272); *...ај да-ми-п'ојш фчаршија, да-ми-к'упиш ш'еќер, кис'елина, с'ол, л'еп...*(Текстови, 273); *Б'убее, ај д-и-б'ереме ем'ишите кај-Блаж'ејца!* (Текстови, 273); *Да сте живи синко, да се ќердосате, да бидете благослоени од Бога и да царувате многу години* (Црско 50).

Освен со формите на субјунктив praesentis, императивна функција се изразува и со формите на кондиционал praesentis: *Ќе-йојт ќе-си-го-н'ајт кл'учот к'ајшто го-з'агинал, йак-Ѓана м'ајка д'а-е!*

3.1.1.1.2.1.3.3. Прохибитив со негирана синтетичка форма на императив, во кичевскиот говор се образува само од имперфективни глаголи, како што е всушност и во стандардниот јазик: *Не-ми-го-носи В'иктора н'а-гости!; Не-м'и-йрај губре! Не-м'и-йрај б'ел'а!; Н'е-туку ме-йр'ашујте, 'уморна-су!; Н'е-йрашуј, н'е-йрашуј!* (Текстови, 301). Од примерите убаво се гледа дека во кичевскиот говор со негирани морфолошки императивни форми кратките заменски форми се во препозиција, веднаш по негацијата, и се наредени по редоследот кој е карактеристичен и кај другите глаголски форми т.е. прво формите за датив, па формите за акузатив.

Негираните императивни форми од свршени глаголи немаат прохибитивно значење, ами изразуваат еден вид застрашување (Конески 1981: 416), за што веќе кажавме во делот посветен на видот како граматичка категорија (*Н'е-стани н'а-време йа ќе в'идиш!;* види: 4.1.1.1.1.4.).

Поради видската блокада при образувањето на прохибитив од перфективни глаголи, во македонскиот јазик, секако и со балканско влијание се раширила употребата на прохибитив образуван од старите негирани императивни форми на глаголот 'може': *немој //-немојте* + субјунктив praesentis или + субјунктив perfecti (т.е. *да* + *сум*-перфект): *н'емој да ме мачиш йоиќе, оти ќа умра од мака!* (Црско: 27); *Н'емој да-си-й'ошол на-баз'ен!; Немој да-си-т'ргнал б'ес-йалто!; ...н'емој м'оре м'алечок, н'емој да-ни-фрлаш й'епел...*(Текстови, 271); *Ин'икако н'емој да з'аспиваш, држи: заѓаците до-саб'ајле.* (Текстови, 280).

Прохибитив насочен не кон второто лице, ами кон третото лице или првото лице множина најчесто се изразува со *да*-конструкција т.е. со *да+ не* + *презент*: *Да не ми се йојавујт йред очи!; Децаша да-не-изл'агат надвор н'икако! Н'ајубо: да-не-и-куй'ујме йојќе 'игрички!* (спореди ја раширеноста на *да не*-прохибитивот во јужните македонски говори на што секако имаат влијание прохибитивните искази во балканските системи; Тополињска 1995: 310).

Во прво лице еднина не се вообичаени искази кои искажуваат забрана, односно искази со кои говорителот сам себе си забранува нешто, па затоа и такви искази не се сретнуваат во говорот или се многу ретки. Само ако се работи за прекажаност можат да се слушнат искази од типот: *Не-с'у-смејл да-ѓада ѓајца, (докт'орите р'екле т'ака!).*

4.1.1.1.2.1.4. *Употреба на потенцијал*

Формите на потенцијалот или можниот начин се зачувани во кичевскиот говор (за нивното образување види: т. 3.1.7.2.2.2.3.). Овие форми не се употребуваат многу често, а нивното зачувување е уште еден доказ за бројните архаични црти што ги сретнуваме во кичевскиот говор. Кај постарите генерации говорители формите на потенцијалот се употребуваат главно за изразување на можност, желба: *'И-ја би-д'ошла с'о-тебе!* или за искажување на укор за некоја неизвршена работа, функција што е нотирана и во стандардот (Конески 1981: 499). Примери: *Би-си-п'ошол н'авреме н'а-школо, ја н'е-су-ти кр'ива!; Би-сте-ст'анале н'а-време, што-да-в'и-пра: с'ега!* Додека при изразување на првиот тип функција, во формите на потенцијалот најчесто отсуствува помошниот глагол *сум*, кај вториот тип функција, како што се гледа од примерите, редовно се чува и помошниот глагол *сум*. Кога формите на потенцијалот се употребуваат за искажување на клетви, најчесто се засилени со партикулата *да*. Примерите што ќе ги наведеме подолу се од материјалот од Б. Видоески: *Да би те немало, пушу пушосан!* Орл. *Да би ослепел, господе личен!* Иж.; или со повторување на *да* и *би: Да би век не векуал,да би! Да би не станал од место, да би! Да би нош те дупнал, да би!* Иж. (Видоески 1957: 79). Кај помладите генерации говорители се забележува поинаква употреба на формите на потенцијалот, секако под влијание на стандардот. Така, кај помладите може да се слушне употреба на потенцијалот за учтиво обраќање. Примери: *Би сакал ти да ми помогнеш?;* или употреба во условни конструкции најчесто за изразување на реален услов: *'И-тој ко-би-'имал д'ете тој не-би-п'осакал да-појт в-грат, з'ато-што не-низн'ајт што-е-грат.* (Текстови, 301).

4.1.1.1.3. *Прекажаност (категорија статус)*

Во македонскиот јазик под влијание на балканската јазична средина, а најмногу под влијание на турскиот јазик, се развила посебна граматичка категорија прекажаност (имперцептив, дубитатив, или т.н. дистанцирани форми), со која говорителот во својот исказ зазема дистанциран став спрема она што го кажува, односно не гарантира за вистинитоста на кажаното затоа што тој лично не бил сведок на настанот за којшто зборува. Притоа, во рамките на прекажаноста разликуваме неутрална прекажаност во искази со кои

само се пренесува нешто што сме го разбрале посредно, но без емотивен став на говорителот спрема кажаното (ваквата прекажаност е една од функциите што во турскиот јазик ги извршува суфиксот *-mış*, сп. Meydan 1996: 127), и адмиратив, во експресивно обоени искази, во кои говорителот внесува изненаденост, зачуденост или иронија кон она што го кажува (ваков адмиратив познава и турскиот јазик, а во албанскиот јазик има цел систем на адмиративни времиња; сп. Friedman 1986:180; во српскиот јазик, пак, една од функциите на перфектот без помошен глагол е токму екпресивно -оценувачката, сп. Грицкат 1954: 49).

4.1.1.1.3.1. Во кичевскиот говор, за разлика од некои југозападни македонски говори системот за неутрална прекажаност е целосно изграден и не е можно незасведочени дејства да се изразат на друг начин освен со формите за прекажаност, па, токму затоа, прекажаноста овде ќе ја третираме како посебна граматичка категорија (види поопширно во делот за функциите на перфектот). Централно место во категоријата прекажаност заземаат формите на перфектот I со кои се прекажуваат неидни дејства, т.е. минати и сегашни дејства. Идните дејства пак, се прекажуваат со специјализирани форми изградени од партикулата *ќе* + перфектот I, кои ние ги нарековме имперцептив conditionalis (види: 3.1.7.3.2.). Примери: *К'ажува за-Сп'ојана, п'окрај по: што-б'ил сл'ужбеник, ги-р'аботел и-н'ивјето.; А М'ирко М'илески пак, ко-в'идел п'оследен ќе-го-п'ејап и-сам со-б'омба с-'утепал.* (Текстови, 277); *...п'олку с-упл'ашила 'и-нејзи ж'олчката ќ-и-п'укнела.* (Текстови, 278). Во однос на фактивноста на дејствата изразени со ваква неутрална прекажаност, како што може да се заклучи и од примерите, освен кога се прекажуваат идни дејства за кои со сигурност знаеме дека се нефактивни, во сите други случаи не можеме да судиме за фактивноста / нефактивноста на искажаното дејство.

4.1.1.1.3.2. Освен неутрално прекажување, со формите на перфектот I може да се изрази и адмиратив, односно да се внесе посебна нијанса на чудење, изненадување спрема даден настан или дејство. Притоа, дејствата кои се искажуваат со адмиративот можат да бидат фактивни (*А бе ти многу си пораснал!*) или да се суспендира нивната фактивност (*Донка била уба:, та: ко-м'аче гур'ело:!*) (повеќе за прекажаноста и адмиративот в: 4.1.1.1.5.). Посебен начин на изразување на адмиратив во кичевскиот говор имаме и со формите на субјунктивот, ситуација што ја забележал Б. Конески во Граматиката (Конески 1981: 413), но кај овој тип на адмиратив (изразен со субјунктив) секогаш се работи за фактивни дејства.

Пример: *И ѿа: јаѿ'рва-је, да-и-го-з'емеѿ д'еѿеѿо и-д-и-го-ф'рлиѿ в-еден-д'ол.* (И го зела и и го фрлила в дол, (Текстови, 296). (Поопширно во т. 4.1.1.1.2.1.2.)

4.1.1.1.4. *Време*

Анализирајќи го времето како една од граматичките категории на глаголот, треба да се нагласи дека времето како категорија неминовно се преплетува и со граматичките категории вид и начин. Токму затоа формите на субјунктивот, кондиционалот, императивот за чиишто функции зборувавме во делот посветен на начинот, односно во модално маркираните искази, ќе ги споменеме и овде како дел од граматичките средства со кои се изразуваат различни временски односи, односно се изразува локализираност на настанот за којшто се зборува на временската оска.

4.1.1.1.4.1. *Сеѓашносѿ - средсѿва*

Под поимот сегашност подразбираме сè она што се случува или трае во моментот на зборување, односно во моментот на говорниот акт. Се работи, значи, за временска ориентација на дејството или настанот според апсолутната временска оска (tense) на којашто гранична точка меѓу минатото и иднината е моментот во кој се наоѓаме, односно моментот на зборување. „Таа гранична точка / зона ја толкуваме како сегашност. Трите поими: минато, сегашност и иднина претставуваат три зони од временската оска со помош на кои го одредуваме времето sensu stricto.“ (Тополињска 1995: 213). За начинот на изразување на дејства или настани што се ориентирани на временската оска не според моментот на зборување, ами според некој друг момент (taxis), ќе зборуваме во делот посветен на функциите на плусквамперфектот, а ќе зборуваме поопширно и во делот посветен на сложените реченични конструкции каде што временското подредување на настаните се изразува со различни синтаксички средства.

Во овој дел ќе зборуваме за сегашноста во поширока смисла на зборот, односно за начинот на искажување не само на дејства што се актуелни во моментот на зборување, ами и на дејства и релации што се важечки во сегашниот момент, без разлика дали се актуелизирани или не, а тука спаѓаат и реченици од типот *Томе е наѿсѿавник по маѿемаѿика,* а и хабитуални реченици од типот: *Милева секој ден*

оjт ф чаршија, и секако, омнитемпорални реченици со кои се искажуваат општоважечки вистини или содржини типични за пословици и поговорки: *Два по пет е десет; Ум царует, ум робует.* (Црско, 192).

4.1.1.1.4.1.1. Најпрво, предмет на разгледување се сите граматикализирани средства кои можат да изразат сегашност во кичевскиот говор. Тука спаѓаат, се разбира, формите на презентот од несвршени глаголи (за образувањето на овие форми види: 3.1.7.2.1.1.1.). Нивната основна функција е да изразуваат дејство кое се одвива во моментот на зборување или состојба којашто се констатира во моментот на зборување т.е. актуелна сегашност. Примери: *К'акви се: пра:т пр'иеми, к'акви д'очеци, 'ужаси.* (Текстови, 283); *Што се-сл'ужит, што се спремат, тр'иста чуда. М'аргар'инон го-'има:т ко-п'осен и 'од-него пра:т тр'иста ч'уда.* (Текстови, 283); *Ж'ители, 'имат с'екој ден се п'ојќе.* (Текстови, 302); *Сите с'амо прииду:ва:т.* (Текстови, 302); *Али 'имат, земјод'елие р'аботат, т'утун с'адат, бл'иску им-е-Прилеп, бл'иску им-е-Мак'едонски Брот, како и-да-'е л'уѓево не-с'и-одат од-Ман'астирец.* (Текстови, 302).

Со презентските форми од несвршени глаголи се изразуваат и итеративни дејства кои не се актуелизирани во моментот на зборувањето, но кои важат како факт за сегашниот момент во поширока смисла. Примери: *Секој ден оjт кај него, му чистит, му гоtвит и си се враќат дома за спиење.* Итеративни дејства што се актуелен факт во сегашноста можат да се изразат и со формите на кондиционал praesentis: *Еднуш неделно ода кај него, ќе просуреда, ќе зготви и ќе си дојда дома.* Разликата при употребата на овие два различни начини за изразување на итеративност е во следново: со презентските форми од несвршени глаголи акцентот се става на процесуалноста на дејството што се повторува по некоја навика, а при употребата на формите на кондиционалот повторливите дејства се гледаат како серии заокружени случки со тежиште на нивната неактуелизираност.

4.1.1.1.4.1.2. Во рамките на сегашноста секако спаѓа и резултативноста односно искажувањето на резултат видлив во моментот на зборување, реализиран со некое претходно дејство. Резултативноста во кичевскиот говор се изразува со формите на перфект I (или *сум*-перфект) и перфект II (или *има* -перфект).

Резултативноста изразена со *сум*-перфект главно е карактеристична за второто лице, но не е исклучено вакво значење и кај перфектните форми за другите лица. Примери: *'Ајде, собер'и-си: пари'алите да-те-н'емат кај Пеплеш'аркота, штом си-б'ила т'олку*

гл'уша да-г'избереш 'овај. (Текстови, 271); *Ах, м'ајчето тв'ое, р'ече, в'истина ти-си-б'ила триес'етата!* (Текстови, 295); *„'Идајте, в'идете кај -се- к'ачила!"* (Текстови, 304); *Идет П'етранка 'овде, к'упила чокол'ади...*(Текстови, 307); *Мн'огу 'убо: си-се д'отерал, гл'еда ја!*; *'Една м'анџичка што-су-најр'ајла за-р'учек п'рстите да-ги-'излижеш.; Што-сте-с'еднале дв'ете ко-к'окони, 'ај ст'анете раб'отете н'ешто!*; *В'иди каква 'уба: к'уќа н'ајрајл П'авле, ја не-су-зн'ајла!*

Во кичевскиот говор, освен *сум* -перфектот, и *има*-перфектот се употребува со резултативно значење (и главно со такво). Примери: *Ја, не-су-зн'ајла ја д'ека 'имале Јонгаздовци к'уќа конфиск'увана.* (Текстови, 277) *...и-слуша д'олу, 'имаш ш'аму ко-бр'ана 'имаш најр'ајно, а-пак-та:, бр'анаша 'имаш к'уќа...*(Текстови, 303); *Кај-'ојте, р'ече, н'ие н'оќеска н'емаме з'аспано, ц'ела ноќ, н'ајбурна ноќ!* (Текстови, 310). Како што може да се заклучи од примерите, *има* - перфектот со ваква функција се употребува само од транзитивни глаголи и притоа со него се потенцира самиот предмет кој претставува резултат на дејството. Кај резултативноста пак, искажана со *сум*-перфектот се потенцира самото глаголско дејство. Примери: *Што-су-к'упила 'еден ф'устан да-зн'ајш! / Што-'има еден-ф'устан купено да знајш!* Таа нијанса во значењата, овозможува да функционираат паралелно две различни формализации за изразување на резултативноста.

Освен кај *сум* и кај *има* - перфектот, семантичка компонента на резултативност сретнуваме и кај конструкциите со *сум* + глаголска придавка и од транзитивни и од нетранзитивни глаголи: *И се: ш'ие сите ич'енки ко-што-с'е ш'огај отк'ашени и-ш'ие ќе-ги-д'онесеф д'ома..* (Текстови, 275); *Та: с'ираче е-г'ледана* (Текстови, 278); *з'ато: п'осле е-к'рстен.* (Текстови, 294); *...то: е-с'ело ж'иво, н'е-е с'ело ун'иштено.* (Текстови, 299); (од транзитивни глаголи со пасивна дијатеза); *В'икаш, сме исп'ашени, ама с'ега н'емаш н'ишто...;* (Текстови, 310); *М'ица и-Ќоко се-д'ома, а др'угите се-зам'инаши.* (Текстови, 310); (од нетранзитивни глаголи со активна дијатеза). Во наведениве примери јасно се гледа, дека кај конструкциите *сум + глаголска придавка* доминира семантичката компонента на резултативност (сп. и во говорот на Сухо: *ш'е сă одбир'ани* кај Голомб 1960/61: 176), иако при темпорална интерпретација дадениве конструкции би можеле да ги сметаме како тип на перфект кој изразува минато дејство без прецизна локализираност на временската оска.

4.1.1.1.4.1.3. Формите на имперфектот исто така можат да изразуваат сегашност, но со посебна функција на присетување, односно на барање на информација што претходно сме ја знаеле, но

сме ја заборавиле. Пример: *Како ти беше името?* (Јас знаев како ти е, ама заборавив); *Како се викаше она: твојна комшивка?* (Ја познавам, ама заборавив како се вика). Ваква функција имперфектот има и во соседните балкански словенски јазици, бугарски и српски (сп. Граматика 1993: 19).

Сегашност може да се изрази и со формите на потенцијалот при учтиво обраќање, но само со verba voluntatis: *Би мојла да ти помогна.; Би сакал да-дојда на-гости.*

4.1.1.1.4.2. *Минато*

Минатото е временски простор кој го определуваме како она што му претходи на моментот на зборување. Бидејќи се работи, најчесто, за настани што поминале и на кои човекот бил сведок, зборуваме за факти, кои се изразуваат со фактивни реченици и во кои се употребени граматички средства кои не се модално маркирани. Како модално маркирани по граматичката категорија прекажаност, се јавуваат само граматичките средства што освен минатоста, ја изразуваат и прекажаноста која како семантичка инваријанта ја има парафразата 'не сум сигурен, не гарантирам за вистинитоста на она што го кажувам', а за кои поопширно зборуваме во делот посветен на прекажаноста. Треба да нагласиме дека кај неутралната прекажаност не се работи за суспендирање на вистинитоста на исказот, ами само за дистанцирање од неговата вистинитост. Суспендирање на вистинитоста имаме само кај дел од адмиративните искази кои изразуваат иронија (*Тој знајл да свири, како не, само шкрипеше со гитарана*!). Кај останатите адмиративни искази се работи за фактивни дејства, но кои изразуваат посебна експресивна обоеност од типот: *Абе ти си бил прав мајстор, многу убо си го најрајл креденецот!* (на ваквите искази, исто така, ќе се осврнеме понатаму во текстот).

4.1.1.1.4.2.1. Изразувањето на дејства што се реализирале во минатото, во кичевскиот говор се врши пред сè со системот на минати времиња: аорист и имперфект од една страна како минати определени времиња и перфектот и плусквамперфектот од друга страна како минати неопределени времиња. Освен со минатите времиња, минато дејство може да се изрази и со формите на кондиционал praesentis, императив и презент, но тоа е нивна вторична функција за која ќе зборуваме на крајот на ова поглавје.

При раскажување на настани од минатото на кои сме биле сведоци (или сакаме да ги претставиме како такви) доминантни глаголски форми се аористните. Аористот е просто минато време чија основна функција е да означи завршеност на глаголското дејство во одреден момент од минатото и служи за директно кажување, а не за прекажување (Гајдова 2002: 76). Аористот се употребува и од свршени и од несвршени глаголи така што со аористните форми се покрива едно пошироко поле на изразување на минати дејства, дејства кај кои логично се подразбира дека имаат почеток и крај и се одвивале до еден определен момент во минатото. Погоре веќе заклучивме дека видската разлика на глаголите не му пречи на вистинското значење на аористот (в.: 4.1.1.1.1.3.). Аористната форма си го чува своето темпорално значење без разлика дали е глаголот од свршен или од несвршен вид (Белиќ 1925: 176). Овде ќе наведеме примери на употреба на аорист за изразување на минати дејства во кичевскиот говор: *И-ја и-'обраф кр'ушите н'екако ѿ'ука д'олу, и-в'етката н'а-рамо и-ј-'однесоф до-ѿл'оѿоѿ, а-ѿ'о: 'имаше ѿлоѿ оѿ-иѿици, оѿ-иѿици б'еше св'е 'околу и-ј-'однесоф до-ѿл'оѿоѿ, с-исѿенѿериф од-др'уґаѿа сѿр'ана и је-смᵭнаф и-ј-'однесоф кајр'екана 'оданде.* (Текстови, 274); *Б'еше ѿој во-Јуґослав'ијаѿа, ѿој мид'аде ѿ'асош д-'ода в-Иѿалија, н'ачалник на-ок'олија на-вн'аѿрешни.* (Текстови, 277); *Од Б'уба м'ајка-е еднуш се-ф'аѿи, ни-л'ево, ни-д'есно. М'ама с'обра к'омина од-р'акија, е-сѿ'оѿли, е-ѿ'оѿле ц'ел-ден н'адвор, со-д'рва е-ѿ'оѿле ком'инаѿа, и-ѿ'ури в-едно-б'уре 'олко:...* (Текстови, 278); *и-ѿ'ојдофме Б'елґраѿ, се-вр'аѿифме, сфе, и-с'еґа, ѿа: и-с'обрала ц'ело м'ало и-в'елиѿ...*(Текстови, 281); *И си-е-заѿ'ослија в-б'анка, оѿчеѿрн'ајсеѿ ґ'одини.*(Текстови, 282); *...ама с'еґа во-н'едела беф фцрква, ѿа-в'идоф д'ека кл'исароѿ за-да-ґо-з'аѿалиѿ канд'илоѿо, з'еде ск'ала, вл'езе во-чамец, оѿѿлови до-сред'инаѿа на-канд'илоѿо, ґоз'аѿали и со-ч'амецоѿ н'азаѿ се-вр'аѿи и сл'езе ѿо-ск'алаѿа.* (Текстови, 284- 285).

Покрај аористот, имперфектот е второто најупотребувано време за изразување на минати засведочени дејства. Имперфектот се употребува главно за изразување на минато дејство кое се зема во неговото траење, дејство во процес, во тек, без сигнал за крај или пак го искажува дејството или состојбата што трае додека се одвива некое друго дејство, или едноставно со имперфектните форми се опишува некоја состојба што е констатирана во некој минат момент, како што може да се опише состојба со формите на презент во моментот кога ја гледаме (оттука имперфектот со право некои лингвисти го нарекуваат презент за минатоста). Затоа, за изразување

на основната функција на имперфектот се употребуваат само имперфективни глаголи. Примери: *И ј'унакоѿ шѿо б'еше да се н'ајѿ ѿ'ошѿо ѿ'оѿо* (Текстови, 272); *Ти беше кај-Пеѿлеш'аркоѿа.* (Текстови, 272); *..с'ама жив'ејше во к'уќана* (Текстови, 273); *..и ѿарад'ирафме ко манек'енки г̄оре.* (Текстови, 273); *И ѿо ни б'еше г̄олемо зад'оволсѿво* (Текстови, 273); *Кр'уша б'еше ѿ'аја. 'Есенска кр'уша. П'д̥на, ѿ'д̥на. И-ј'а се-к'ачиф, р'екоф: Б'убе с'ег̄а ја со-мр'ежи. Мр'ежи 'имаше ѿ'орано, ѿл'еѿени, да-не-се-'ошѿеѿаѿ, зн'ајш, ѿ'осле не-сѿо:ѿ ов'ошкиѿе.* (Текстови, 273); *Тука седе: Тал'јанци* (Текстови, 276); *Ја се мислеф, мислеф, Лазе вела,..* (Текстови, 276); *Не видоф ког̄а дувнал ветроѿ ама г̄ледаф самари ко ѿ'аќа: 'од-небо.* (Текстови, 283); *Еднава ѿакеѿ носеше, од еднава сѿрана шише ракија, од друг̄аѿа сѿрана куѿија циг̄ари* (Текстови, 297); *Таа беше една висока, г̄ола ѿланина, саде каменишо месѿо, чкрки, и околнаокол море да не можеѿ да се дог̄ледаѿ.* (Црско, 26). Со имперфектот можат да се изразат и дејства што во минатото се повторувале по некоја навика, како во следните примери: *Се ѿрскафме, се шлаѿафме што-не-ѿр'ајфме, г̄њ'урефме, све, и-ѿ'еска 'имаше и ќ-изл'езефме ќе-се-с'унчаме и-ѿо: б'еше. То: ни-б'еше леѿ'овање, рај ѿо: б'еше.* (Текстови, 274); *'Имаше 'овде, јас'ичиња: ко-ќи-ѿ'оминеш 'една ко-б'ара и-ѿа: ѿрек'у-леѿо ѿресуш'ујше, и-кал ц'елаѿа 'онака ко-г̄л'ина, в'ака 'оѿсѿрана б'еше.* (Текстови, 305). Како што може да се заклучи и од примериве, за изразување на повторливи дејства што се одвивале во минатото и што прекинале да се одвиваат, ако сакаме првенствено да ја истакнеме нивната процесуалност се употребуваат формите на имперфектот, (или формите на перфектот од несвршени глаголи, при прекажување; кај сегашните повторливи дејства таква функција вршат формите на презентот од несвршени глаголи), додека пак за повторливи дејства кај кои битно е да се истакне самата измена што настапила како резултат на дејството и притоа да се нагласи нивната неактуелизираност се употребуваат формите на кондиционалот praeteriti. (види: 3.1.7.2.2.2.2.2.).

И аористот и имперфектот во кичевскиот говор како што е впрочем и во стандардниот јазик, се употребуваат само за доживеано, засведочено дејство, односно аористот во спрега со имперфектот е основното време за раскажување на минати дејства кои лично сме ги доживеале, за разлика од состојбата во некои југозападни говори (тука спаѓа и соседниот битолски говор; в. Трајковски 2000: 219) каде што со овие времиња се предаваат и засведочени и незасведочени дејства, па тие имаат едноставно претеритално значење; сп. Тополињска 1995: 215).

4.1.1.1.4.2.2. Основна функција на *сум*-перфектот во кичевскиот говор, впрочем како и во стандардниот јазик, е именување на минат настан без сооднос со некоја друга одредена точка/исечка од временската оска. Но, ваквата неопределеност на временската оска на *сум*-перфектот може да важи само за првото и за второто лице, додека, ако се работи за трето лице, во кичевскиот говор формата на *сум* -перфектот автоматски носи и значење на прекажаност. (види: 4.1.1.1.5.). Прекажаноста во кичевскиот говор е комплетно развиена категорија и бара задолжителна формализација.

Овде, прво ќе се осврнеме на изразувањето на минато дејство со формите на *сум*-перфект кога се употребени во прво и второ лице каде што најчесто немаме прекажување (со исклучоци од типот *Ко-су-б'ил мал, не- п'амта ја, су-се-к'ачил н'а-баца*), туку имаме значење на дејство извршено воопшто во минатото, без да побудува претстава за одреден момент (Конески 1981: 462). Примери: *Ко-су-му-сп'анала ко-су-му-се-расп'искала на-ч'ојкот, вид-вид'елина ф'ати.*; *Та: в'икај, н'ие: „'еве уште-м'алку" и-до-др'угата п'артија. Др'угата п'артија др'ук с'андак сме-отв'ориле. То: пр'ашина се-кр'еват до-г'осподa.* (Текстови, 273); *Знајш з'ошто, т'о:-е од-н'екојпат, вр'одено, да-му-д'а: на-ч'ојка да- к'аснет з'ато-што ја су-б'ила гл'адна.* (Текстови, 276); *И-кај-'едно, су-б'ила п'орано, г'оре ме-пр'атија во-т'ехничко, кај-техничч'арине, 'и-тогај к'ажаф, т'ате на-м'ама, м'ама на-т'ате, зн'ајш к'ако-е.* (Текстови, 289).

Кај употребата на *сум*-перфектот за второ лице главно констатираме резултат на некое дејство што претходно се извршило (за резултативноста види повеќе во делот за сегашност) или пак поставуваме прашања или даваме претпоставки за некое минато неопределено дејство кое исто така може да се сфати како прекажано, ако не е поврзано директно со првото лице и со кругот на неговото знаење и опит (Конески 1981: 467). Примери: *Мн'огу 'убо: си-се д'отерал, гл'еда ј'а*!; *Сте-б'иле н'екогаш во-Герм'анија?*; *Сигурно мн'огу си-шетал по-држ'авше ко-зн'ајш 'олку ј'азици да-зб'орујш!*

При раскажувањето во кичевскиот говор, ако се употребуваат форми на перфект I во третото лице, секогаш се работи за прекажаност (види: 4.1.1.1.5.).

Поретко, за изразување на доживеано минато дејство кое не можеме да го локализираме точно на временската оска се употребува и перфектот II односно *има* -перфектот: *И-'ова: од-'Ацета К'асапон 'имат п'ејно, В'аска* (Текстови, 292); *Ти-'има каж'увано за-ко-се-к'ачи на-ј'аболко Рен'ета?* (Текстови, 304); *Да-ти-го-к'ажа в'ицот со-т'ие тоб'огани, со-Др'агомир. Л'еле В'есне! Така се-'имаме см'ејно.*

(Текстови, 306); *В'ака, р'ече, ф'аќање, и-с'е: ми-се-в'р̨шт ф'илмоф све к'ај-в'р̨веф н'ис-пл'ажа, кој-м'е-гледал све. Колк'у-пати 'има пом'инато!* (Текстови, 306).

Освен *сум-* и *има-* перфектот, за изразување на минат настан без сооднос со некоја точка / отсечка од временската оска се употребуваат понекогаш и формите на плусквамперфектот. Примери: *Еден-д'ен П'авле беше-п'ошол да-е-в'идит б'аба-му.*

Освен овој основен систем, во секундарна употреба за изразување на минати дејства можат да се најдат и формите на кондиционал praesentis. Пример: *Влегоф, и ко ќе вида што ќе вида: тој дошол, све растурил и си легнал да си спиет.* Треба да нагласиме дека при ваквата употреба на формите на кондиционалот praesentis на планот на минатоста, со нив се изразуваат последователни дејства при што се внесува и посебна нијанса на експресивност што се постигнува и со самото повторување на глаголската форма како во горниот пример.

4.1.1.1.4.2.3. Императивните форми исто така можат да се употребат за изразување на минати дејства, со тоа што овие форми вршат функција само на именување на глаголското дејство, а за фактот дали се работи за минатост треба да се оцени од контекстот односно од претходно употребените глаголски предикати. Примери: *И с'амо п'осле ко-се-вр'ашиф...в'ика: „Кл'учот ми-се-з'агуби.“ „К'ако? вр'аќај-се н'а-школо б'арај-го.“ Б'арај-го, б'арај-го, ба'рај-го, б'арај-го, н'е-бре бр'атко.* (Текстови, 307); *Легнаф, спи, спи никако да се наспија.* Како што се забележува, и во двата примера имаме редупликација на императивната форма што претставува посебен начин на истакнување на должината на дејството што се искажува со дадената форма (сп. ја истата појава на редупликација и кај аористот од несвршени глаголи т. 4.1.1.1.1.3.). Со употреба на императивни форми можат да се изразат и повторливи минати дејства: *И-т'ие за'излагај, тој св'ирни, т'ие за'излагај, т'ој св'ирни, и-до-саб'ајле.* (Текстови, 280); *'Овај, р'ече, т'ргни, а-пак-т'ој кр'ив-бил, п'адарот, кр'ивел со-н'ога:, т'ргни, р'ече, го:, д'емек ќе-си-'ојт, го: да-го-'излажет, з'аслаај Б'оре, тој пак ст'рчај-се, 'удри со-ст'апот, Б'оре 'избегај н'агоре.* (Текстови, 305).

4.1.1.1.4.2.4. Повторливи дејства во минатото освен со имперфектни и со императивни форми, се изразуваат најчесто со формите на кондиционалот, и тоа и со кондиционал praesentis и со кондиционал praeteriti, форми кои можат да бидат комбинирани и во една иста реченица. Примери: *М'ама ќе-к'ажујт и-ќе-пл'ачет.* (Текстови, 278); *Е, п'орано славите по'инаку се-сл'авеа. Ќе-ти-д'ојт п'ола град н'а-*

слава, 'ама не-с'едеа мн'оѓу л'уѓето. Ќе-д'ојдат, ќе-п'оседат и ќе-си-'одат. (Текстови, 283); *И М'ито д'октopон п'окоен што-'умре, ќе-д'ојше на-Св'ети Н'икола и: „Вес'ојце!, Аj В'ес'ојце за-д'евети бр'ој се: к'ажуј! И-ќе к'ажујт м'ама, ќе-р'ечет...* (Текстови, 281); *И ќе-н'апра:т п'олувенец и п'осле в'еќе ќе пра:т дог'овори.* (Текстови, 293).

4.1.1.1.4.2.5. За изразување на минатост во кичевскиот говор можат да се употребат и форми на презентот од имперфективни глаголи, но поретко. Примери: *И-ко-ст'игнале во-ш'ес на-ст'аница, то: х'аос нис-Т'етово, и-со-т'акси д'ошле до-б'олница. К'уќи г'орат, две-три-к'уќи 'имаше зап'алено.* (Текстови, 309); *Петре влезе дома и ко гледат што ќе видит: жена му си седит, си пиет кафе и мака си немат.*).

4.1.1.1.4.2.6. Нијанса на резултативност на планот на минатоста се изразува со конструкциите от типот *бев дојден(// бил дојден* за прекажување) како во следниве примери: *Блаж'ејца с'ама б'еше ост'аната* (Текстови, 272); *...тше си биле распоредени кој в'аму, кој т'аму кој 'онаму...* (Текстови, 281); *...ама конд'уриче б'иле откр'ојни* (Текстови, 282); *...а-'онде к'ачени два-тр'ојца б'еа на-б'андера...* (Текстови, 288); *Б'иле п'ојдени н'еѓде ...* (Текстови, 304); *Б'ефме Р'усјаци п'ојдени.;* (Текстови, 308); *...с'естри-е на-сна:-ми, К'атица и-Н'орка, и т'олку б'еа изнен'адени.* (Текстови, 292); *И в'уjко ми д'ојден бе'ше...и-д'ојден б'еше, п'уштен н'еколку д'ена.* (Текстови, 297); *Еднатa к'ерка со-се-д'еца и-б'еше Гевг'елија зам'ината...;* (Текстови, 310); Овие конструкции, за кои веќе рековме дека во некои западни дијалекти имаат широка употреба како посебна временска парадигма, главно под влијание на балканските несловенски јазици (најмногу на влашкиот, но и на албанскиот и на грчкиот јазик) често се употребуваат и во кичевскиот говор, а и во стандардот (види: Велковска 1998: 113). Во погоре наведениве примери сретнуваме глаголска придавка од непреодни глаголи во функција на именски дел од именскиот прирок, која донесувајќи информација за некаква карактеристика на подметот во реченицата, нормално добива зна-чење и на резултативност, со оглед на глаголското значење што сè уште го чува самата глаголска придавка. Во претпоследната рече-ница имаме и употреба на глаголска придавка од преоден глагол со пасивно значење каде што повторно имаме значење на резул-тативност, но овој пат таа резултативност се однесува на трпителот на дејството во реченицата т.е. на објектот (за дијатеза види повеќе во т. дијатеза). Со оглед на фактот дека формите што изразуваат резултативност имаат двојна сооднесеност на временската оска, и спрема моментот кога се вршело дејството и спрема моментот кога е видлив

резултатот на тоа извршено дејство, и конструкциите *бев + глаголска придавка* можеме да ги третираме како форми со двојна соодносеност (види т.: 4.1.1.1.4.4.).

4.1.1.1.4.3. *Иднина*

Идниот настан или дејство спаѓа во сферата на нефактивноста. Токму поради тоа, граматичките средства што изразуваат идни дејства или настани „многу често претставуваат перифрастични конструкции, послабо се интегрирани во соодветните глаголски системи, полесно варираат". (Тополињска 1995: 222). Во македонскиот стандарден јазик основно граматичко средство за изразување на предвидени т.е. идни настани се формите на кондиционал praesentis кои се перифрастични односно образувани од партикулата *ќе* (добиена од помошниот глагол *хъtěti) и од формите за сегашно време на глаголот. Во кичевскиот говор се сретнуваме со иста ситуација како и во стандардот: за изразување на идни дејства основно средство е кондиционал praesentis (за образувањето на овие форми види: 3.1.7.2.2.2.2.1). За функциите на овие форми кажавме и во делот посветен на модалноста (види: 4.1.1.1.2.1.1.). Во овој дел ќе дадеме краток преглед на сите форми кои во кичевскиот говор изразуваат идност, и на основните и на другите форми кои транспозициски можат да изразат идност.

4.1.1.1.4.3.1. Основно граматичко средство со кое се изразуваат идни дејства во кичевскиот говор се формите на кондиционал praesentis и од свршени и од несвршени глаголи. Примери: *Ја ќе-в'однеса.* (Текстови, 278); *Ќ-'ода кај-ц'арот, в'ака и-в'ака.* (Текстови, 279); *Д'еца:, ќе-пр'а п'ите.* (Текстови, 289); *Ја ќе-е-з'ема.* (Текстови, 289); *Ќе-ми-е-д'ајте аран'ијава? Ќе-ти-е-д'ајме, р'ече, к'ако-не!* (Текстови, 290) *С'ега ќе-се-най̣дниме со-аран'ифчина.* (Текстови, 290); *„И-ти ќе-свр̣ти околу-ц'р̣ква, колку-пати си-го-изнев'ерила маити, т'олку п'ати.* (Текстови, 296); *„Остајте-ја м'ајка-ми ја ќе-е-гл'еда."* (Текстови, 296); *Тие д'еца м'ајчинска љ'убоф ќе-'осетат...* (Текстови, 299); *Мам'оо! Ќе-ми-б'идет н'ешто од-л'арвата што-е-л'апнаф?* (Текстови, 308).

4.1.1.1.4.3.2. Идни дејства секако можат да се изразат и со формите на презентот, ситуација вообичаена и во други јазици. Пример: *„Оф, с'ега 'и-мене ме-з'ема:т!"* (Текстови, 277); *„Утре пол'ага:т."* (Текстови, 309); *Саб'ајле замин'ујме за-Ск'опје.* Со формите на презентот од несвршени глаголи најчесто употребени во

прво лице еднина и множина (како што може да се види и од последниот пример), во македонскиот јазик, а тоа важи и за кичевскиот говор, се изразува посебен тип на модално значење од сферата на деонтичката модалност што се нарекува готовност за извршување на глаголското дејство. Примери: *Ода да-си-го-з'ема д'етето, па-што-с'акаш н'ека б'идеш.* Категоријата готовност им е позната на сите балкански системи, но „само на словенскиот (и малку послабо на грчкиот) фон доаѓа до израз нејзината поврзаност со несвршениот глаголски вид, што им дава на соодветните конструкции посебна експресивна обоеност и динамика" (Тополињска 1995: 183).

4.1.1.1.4.3.3. За искажување на идност со посебна модална нијанса на решеност да се изврши изјавеното дејство, во кичевскиот говор се употребуваат и формите на субјунктивот, најчесто за прво лице, појава позната и во други наши говори, а што произлегува од оптативната функција на субјунктивот (Голомб 1960/61: 169-170). Примери: *Да-п'ојда д'о-пазар, да-пр'окупа нешто!*

4.1.1.1.4.3.4. Идни дејства можат да се изразат и со формите на аористот во неговата секундарна употреба, во ситуации во кои сакаме да го прикажеме идното дејство како готов факт, како нешто што бездруго ќе се реализира. Примери: *'Елке, р'екоф, ја-з'аминаф н'адолу да-се-пр̨гна.* (Текстови, 303); *Ако-не-н'ајдат 'овде, пропаднафме!*

Во условни реченици може да се употребат и форми на *сум*-перфектот за изразување на идно дејство: *Л'еле, и-Сл'ава и-се-ј'ави, р'ече: Ќе-'ода с'ега на-р'изик, пол'ожила, пол'ожила.* (Текстови, 309).

Идни дејства за кои сме добиле информација од друг, односно прекажани идни дејства во кичевскиот говор се изразуваат со формите на имперцептив conditionalis: *Комш'ив̀е в-с'аботa ќ-'ојле н'ас̀в'адба.* (повеќе за прекажаноста во т. 4.1.1.1.3.).

4.1.1.1.4.4. *Двојна сооднесеност: перфект и плусквамперфект*

4.1.1.1.4.4.1. *Перфект*

Перфектот I и перфектот II, како што може да се заклучи и од погоре изнесениот текст за изразување на сегашноста и на минатото, во кичевскиот говор покриваат пошироко функционално поле. Прво, со формите на перфектот I, а поретко и со формите на перфектот II, можат да се изразат минати дејства што не ги лоцираме прецизно во минатоста, туку едноставно претставуваат неопределени минати дејства. Од друга страна, способноста на двата типови перфект да

изразуваат резултативност, обезбедува овие форми да имаат допирни точки не само со минатото, ами и со сегашноста. Притоа, ќе нагласиме дека резултативноста како функција што избива на преден план, е доминантна карактеристика за перфектот II додека за перфектот I, таа е една од повеќето функции што ги покриваат овие форми и во кичевскиот говор и во македонскиот стандарден јазик (види: Конески 1981: 461-481). Ќе наведеме пример: *„Идајте, в'идете кај-се-к'ачила!" и-со-скуп'ина: и-е-ч'екаш да-п'аднеш.* (Текстови, 304).

Конструкциите со *има* (како што веќе кажавме) или перфектот II, не се непознати на овој говор, иако не претставуваат целосен систем како во стандардниот јазик. Примери: *Тој в'елеше: 'една пч'енка н'ема во-ж'ивотоф ок'атено...; Какв'а-куќа 'имаш најр'ајно да-зн'ајш!; Ме-из'едо:, какв'и-маки 'има п'рган 'од-нив!; Отка јадофне кај Димета в уста трошка нема (ја) клаено* (Видоески 1957: 78). Дека вакви конструкции биле можни уште во нашиот стар јазик имаме сведоштва од постари ракописи, меѓу кои еден е токму од кичевскиот крај од 1706 год. каде што партиципот не е во среден род, ами е усогласен со предметот во реченицата (сп. кои кѣтъ мислитъ да го ѵкрадѣтъ имамъ гѡ афорѣсанъ и проклѣтъ и ѯавеѯанъ до страшенъ сѵтъ ; Конески 1982: 201). Неколку примери од кичевскиот говор покажуваат токму ваква состојба, *има*-конструкција, но со усогласена глаголска придавка со предметот во реченицата: *Таму 'имаме л''ул'ашка со-м'ајка-ти к'упена, ќе-си-се-л''ул'аш.; Една-к'уќа што-'имаш н'ајдена 'ептен 'уба:.; Ја, не-су-зн'ајла ја дека 'имале Јонѓ'аздофци куќа конфискувана.* (Текстови, 277). (последниов пример е имперцептив praeteriti и служи за прекажување; види: 3.1.7.3.1.). Овие примери се доказ дека во кичевскиот говор е зачувана една постара состојба на македонскиот јазик во поглед на употребата на глаголските времиња.

Во приказните од Црско на 210 страници дијалектен материјал, најдовме само една *има*-конструкција со резултативно значење што е уште еден доказ повеќе дека оваа глаголска конструкција ретко се употребувала во Кичевско во минатото: *Во неа имаше насадено секакви дрвја плодошти, цвеќиња, лозје, бостан и многу други нешта за јадење.* (Црско, 178).

Секако денес мора да се земе предвид и влијанието на литературниот јазик и контактот со појужните говори во поглед на зголемувањето на употребата на *има*-конструкциите и нивната граматикализација. Факт е дека *има*-перфектот во кичевскиот говор се употребува најчесто од транзитивни глаголи и притоа со него се

потенцира самиот предмет кој претставува резултат на дејството. Кај резултативноста, пак, искажана со *сум*-перфектот се потенцира самото глаголско дејство. (види погоре).

Како што веќе истакнавме во делот посветен на сегашноста, резултат на минато дејство видлив во моментот на зборување се изразува и со конструкциите од типот *сум дојден*, кои нормално се карактеризираат со двојна временска сооднесеност на временската оска, како и двата типа перфект за кои досега зборувавме. Примери: *'Е-та кам'ењето се-со-'едни ко-шт'ичина нар'ајни и-в'одата ги-вр̨тит*... (Текстови, 275); *И се: т'ие сите п'ченки ко-што-с'е т'огај отк'атени и-т'ие ќе-ги-д'онесеф д'ома*.. (Текстови, 275); *Та: с'ираче е-г'ледана* (Текстови, 278); *з'ато: п'осле е-к'р̨стен.* (Текстови, 294); *...то: е-с'ело ж'иво, н'е-е с'ело ун'ишт'ено.* (Текстови, 299); (од транзитивни глаголи со пасивна дијатеза); *В'икат, сме испл'ашени, ама с'ега н'емат н'ишто...;* (Текстови, 310); *М'ица и-Ќ'око се-д'ома, а др'угите се-зам'инати.* (Текстови, 310); (од нетранзитивни глаголи со активна дијатеза).

4.1.1.1.4.4.2. *Плусквамперфект.*

Со формите на плусквамперфектот I (види: 3.1.7.2.1.2.1.2.) во кичевскиот говор главно се изразува дејство што на временската оска го локали-зираме пред некое друго минато дејство. Се работи за taxis, редење на настаните на временската оска со помош на специјализирани глаголски форми. Примери: *Многу му се бендиса и тој стори ниеш да се врати дома и да земи сите пари, што имат мајка му...Беа му останале неколку пари по џебоите* (Црско, 22). *Ќерка му и таја беше излегла да види што е тоа чудо.* (Црско, 23). *Татко му, коа го виде коњот, тогај се сети и за сабјата, што беше му ја дал старецот и што беше му кажал.* Тој *дотогаш не беше му кажал на сина му за коњот и сабјата, а сега му кажа се што беше му рекол старецот.* (Црско, 43). Како што може да се заклучи од поголемиот број од примерите, овие специјализирани форми се употребуваат тогаш кога со нив се укажува на некој поранешен настан отпосле, односно откако се искажани подоцнежните настани, па раскажувачот дополнително се сетил да го допрецизира раскажувањето со некоја дополнителна информација за претходен настан. Ваквата комуникациска потреба и го оправдува постоењето на специјализирани форми од овој тип. Но, во кичевскиот говор, како и во стандардниот јазик (Конески 1981: 483), сретнуваме употреба на

плусквамперфект и за дејства што се извршиле по некое друго минато дејство, или дејства што не се воопшто во сооднос со друго минато дејство. Примери: *И-п'осле, Б'орче ко-б'еше 'излеѓол пар'тиз'анче, нас не-н'и-кажа, д'ојде, од.. 'ене, 'онде, вч'ера му-е-к'ажујф сл'ичката на-С'аше, од-Т'ане Ц'алески м'ајка- му, Цал'ејца е-в'ика:* (Текстови, 276).

Фактот дека основната временска локализација на плусквамперфектот како функција не е прецизирана за одредена точка на временската оска, овозможил транспозиција на формите на ова време и нивна употреба за изразување на нефактивни дејства во зависносложени реченици од типот на условните (функција што во стандардот се изразува со формите на кондиционал praeteriti): *Да беше таткo ми богаѓ, досеѓа и ја беф изучил школ'о* Орл; *Дип ми рече да те чека, инаку досја: беф отишла К'ича:* Вр (Видоески 1957: 79).

Плусквамперфектот II, слично како и плусквамперфектот I, во кичевскиот говор главно изразува дејство антериорно на некое друго минато дејство: *И-ко-ст'игнале во-ш'ес на-ст'аница, то: х'аос нис-Тетово, и-со'т'акси д'ошле до-б'олница. К'уќи ѓорат, две-три-к'уќи 'имаше зап'алено.* (Текстови, 309); *Оти 'уписот ко-б'еше н'емаше н'ишто зап'ишано.* (Текстови, 311).

Со темпорална интерпретација на предминато време, т.е. како форми за плусквамперфект, можеме да ги третираме и конструкциите од типот *бев дојден(// бил дојден* за прекажување) за коишто веќе погоре кажавме дека изразуваат резултативност на планот на минатоста. Освен резултативноста, кај овие форми во дел од контекстите јасно призлегува и значењето на извршување на дејството пред некое друго минато дејство, како во примерите: *И м'ама т'олку в'икнала, во-план'ина: 'одекнало, т'ие си-б'иле распор'едени, кој-в'аму, кој-т'аму, кој-'онаму, по-кап'инкие, на-една-к'апинка с'е: н'е-мојш д-'и-б'ереш.* (Текстови, 281); *Н'ие уште ко-бефме, зн'ачи то: б'еше шесн'ајсти ј'уни, 'еднаша ќ'ерка со-се-д'еца и-б'еше Гевѓ'елија зам'инаша...* (Текстови, 310). Треба да нагласиме дека и со конструкциите од овој тип *бев (//бил) дојден,* (слично како и со плусквамперфектот I) неретко се изразува дејство постериорно на некое друго минато дејство, а не антериорно. Примери: *Блаж'ејца с'ама б'еше ост'анаша, два сина и-две ќ'ерки, с'инојте, 'едниот во- Ит'алија з'аминал, т'оѓај ст'удирал, п'осле з'аминал во-Чик'аго, др'угата Ќ'ерка во-Нов'и-Сад м'ажена, тр'етата во-Ск'опје, др'угиот син во-Ск'опје и с'ама жив'еше во-к'уќана.* (Текстови, 273); *П'ејо имодѓ'оворил... Тоѓаш л'уѓето б'иле кр'ајно уб'едени де'ка е-то: в'истина, д'ека т'аква ц'ѓрква 'имаш.* (Текстови, 285).

4.1.1.1.5. *„Дистанцирани форми" - прекажаност*

Основна функција на *сум*-перфектот во кичевскиот говор, впрочем како и во стандардниот јазик, е именување на минат настан без сооднос со некоја друга одредена точка/исечка од временската оска. Таквата, релативно сиромашна, темпорална маркираност е причина што *сум*-перфектот презема многу вторични функции како што е и дубитативот односно прекажаноста (Тополињска 1995: 216). За кичевскиот градски говор евидентно е дека при раскажување на приказни или случки на кои говорителот не бил сведок, носечко време е *сум*-перфектот, а секое вметнување на директен говор, односно искажување на засведочени дејства предизвикува автоматско префрлање на некоја друга глаголска конструкција. Примери: *'Е, 'имаше ф'устани св'илени, се-с'екава, ш'арена св'ила т'огај се-н'осела, во-б'ифшата Југосл'авија...*(Текстови, 273); *Н'ие, ко-н'емаше во-алб'анското, т'аше з'амина во-Тир'ана да- р'аботит, п'ариче нени-ги-д'авале н'ас, п'оште ни-ги-з'емале, и-м'ама, ќе- к'упеше к'остени од-'Осој, по'ефтини, или-ќе-соб'ерефме т'аму што-ќе- 'останет.* (Текстови, 275); *Си б'иле маш и ж'ена, си жив'ејле, с-'имале и комши:. Така ж'ената се спријат'елила со-'еден од коми'ште 'и и-ст'анал л"убовник.* (Текстови, 285); *Беф, 'онде кај-портирн'ицана, четир'и-пати беф, ќе-д'ојдат, ќе- д'ојдат и-си-'ојле, ф-село, и-го-напр'ајле н-'ова:, н'егде н'е-чинел, кај-Н'ада, 'овде р'екоф к'ај- мене, не.* (Текстови, 288); *Р'екоф, да-ти-к'ажа, те-п'обараф т'ебе, 'ама ми-р'еко: н'е-си-бил т'ука, Ск'опје си-б'ил. В'истина т'ака ми-р'еко:: „Ск'опје-е".* (Текстови, 356); *Зн'ајл да-зб'орујт, ја н'е-го-чуф.* (Текстови, 296); *'Една мн'огу инт'ересна р'аботa во-Ман'астирец се-сл'учуват, с'ите ж'ени, н'е с'ите, но-пр'етежно, одл'училе да-з'емат д'ома д'еца од- д'омоф, безрод'ители...* (Текстови, 298); *Ст'анка од-Б'огета ј'адела с'амо краст'ајци д-'ослабет. И-в'еќе осл'абена, ќ'ерка-е в'елит, а-т'аја дв'еве вр'ати д-и-'отвориш н-е-зб'ираш.; Не-'е-најдоф Мар'ина д'ома, зам'инала кај-т'етка-е, пак 'оттука ќ-'ојла ф-ч'аршија.*

Како што може да се забележи од примерите, во најголем број случаи *сум*-перфектот е употребен за изразување прекажаност. Прекажаноста во овој говор не е само можност, туку налага задолжителна формализација. Во инципитите на приказните скоро без исклучок сретнуваме форми на *сум*-перфект. Од анализата на триесетина приказни запишани во Кичево произлегува дека сите, без исклучок, се раскажани со *сум*-перфектот како носечко време.

Со *сум*-перфектот во кичевскиот говор се изразува и адмиратив, односно чудење, ирониј, несогласување (види т: 4.1.1.1.5.1.).

Формите на *сум*-перфект кога се употребени во прво лице, логички не изразуваат прекажување, освен ако не се работи за исказ од типот: *Ко-су-б'ила м'ала, мн'оѓу су-пл'ачела* (со поттекст 'ама јас не се сеќавам'). Кај употребата на *сум*-перфектот за второ лице главно констатираме резултат на некое дејство што претходно се извршило или пак поставуваме прашања или даваме претпоставки за некое минато неопределено дејство кое исто така може да се сфати како прекажано, ако не е поврзано директно со првото лице и со кругот на неговото знаење и опит (Конески 1981: 467). Примери: *Мн'оѓу 'убо: си-се д'отерал, ѓл'еда ј'а! Сте-б'иле н'екоѓаш во-Герм'анија? Сиѓурно мн'оѓу си-ш'етал по-држ'авие ко-зн'ајш 'олку ј'азици да-зб'орујш!*

Врз основа на примерите што ги разгледавме за употребата на *сум*-перфектот во кичевскиот говор, можеме да го констатираме следново: интензивното влијание на турскиот јазик и отсуството на поголеми влијанија од други јазици, предизвикало *сум*-перфектот во Кичевско како една од основните функции да ја има прекажаноста, но истовремено да зачува и дел од старите функции. Со внимателно читање на повеќе текстови од кичевскиот говор може да се заклучи дека системот на прекажување нормиран во граматиката на македонскиот јазик, со *сум*-перфектот (минато неопределено време) и парадигмата на 'идно прекажано време' или имперцептив conditionalis (*ќе су јадел, ќе си јадел, ќе јадел* итн.) како две носечки парадигми, е целосно изградена категорија. Едноставно не може да се случи да се направи грешка, па незасведочено дејство да се претстави на поинаков начин освен со парадигмите на прекажаност. Притоа, со *сум-перфектот* се прекажуваат минати и сегашни дејства, т.е. неидни дејства, а со имперцептив conditionalis се прекажуваат идни дејства или дејства што се претставени како идни на планот на минатоста т.е. што се постериорни во минатото. За прекажување на минати дејства може да се употреби и плусквамперфектот I, како во примерот: *И-п'осле Б'орче ко-б'еше 'излеѓол партиз'анче...* (Текстови, 276), но овие форми, општо земено, ретко се употребуваат.

За разлика од кичевскиот говор, во соседниот битолски говор имаме начин на изразување на минати дејства кој значително се разликува. Во приказните, формите на *сум*-перфектот се употребуваат почесто отколку во автобиографска нарација, но притоа се мешаат со формите на минатите определени времиња без некое правило. Пример: *Си -беше шо-не-с'и-беше. Си-беше една-б'аба и еден-д'едо. Си-н'емале д'еца...* (Видоески 2000в: 64). Ваквата ситуација ја сретнуваме на една поширока територија на македонски говори, поточно на југозападните македонски говори, каде што морфо-

лошката *л*-форма е или непозната или многу малку се употребува и тоа во функција на минато неопределено време или адмиратив (со експресивни нијанси на чудење, изнедадување, иронија). (сп. Тополињска, 1995, 246). Оформена морфолошка категорија на прекажаност во овој говор не постои, па за да му се каже некому дека нешто прекажуваме мора да се потенцира тоа во самиот исказ.

Постоењето на адмиративот и во кичевскиот и во битолскиот говор, а неоформеноста на категоријата прекажаност во битолскиот говор во онаа неутрална варијанта како што ја имаме во кичевскиот, покажува дека се работи за две различни модални нијанси коишто можат, но не мораат да се појават заедно во системот на еден говор. Може да се претпостави дека адмиративот како функција му бил својствен на стариот словенски *сум*-перфект (сп. постоење на експресивни функции на перфектот во српскиот јазик: И. Грицкат 1954), па, наоѓајќи се на балканска почва каде што адмиративот е присутен како модална категорија, се создале услови тој да се дооформи и во македонскиот јазик.

Во градот Кичево во почетокот на дваесетиот век живеело бројно турско население и при таква констелација на населението нормално дека најголемо било влијанието на турскиот јазик. Притоа, не само што се зачувале формите на *сум*-перфектот, туку тие се здобиле и со нова функција на прекажување која овозможила комплетно преструктуирање на системот на минатите времиња: аористот и имперфектот на една страна како определени минати времиња со инваријанта обележена по потврдност од страна на говорителот, и *сум*-перфектот како неопределено минато време со контекстулна варијанта за непотврдено (прекажано) глаголско дејство (Фридман 1986: 185).

4.1.1.1.5.1. *Адмиратив (односот кон фактивноста)*

Со *сум*-перфектот во кичевскиот говор се изразува и адмиратив, односно чудење, иронија, несогласување. Најпрво ќе дадеме примери во кои со *сум* - перфектот се изразува чудење и изненадување од веќе реализираното фактивно дејство. Примери: *Леле колку убо: го најрајла п'итиево, п'рсти д-'излижеш!; 'Абе ти си-'имал м'ачкина д'уша!; Абе ти г'олем си-п'ораснал!; Абе ти мн'оѓу си-ј'адела!; Ти-си-расц'утела во-уба: д'ејка!; Абе ти мн'оѓу си-п'иел Ј'уји!; Ал'ал-ти в'ера, мн'оѓу си-р'аботел 'убо:!* Во следниве два примера со адмиративот се означува нефактивно дејство, т.е. со нив се изразува

неверување дека дејството е реализирано. Примери: *Зн'ајла ш'а: н'ешто да-р'аботит к'ако да-н'е, за-н'ишто не-'е-бивајт!; Ти си-м'ојл да-го-по'прајш телев'изорот! Да-го-в'ида ш'о:, не-го-в'еруа!; Она б'ило црква!* (Текстови, 284). Значи со формите на *сум* - перфектот во кичевскиот говор се изразува и адмиративно значење кое може да биде и фактивно и нефактивно, за разлика од неутралната прекажаност каде што кон глаголското дејство само заземаме дистанцирачки став, односно се дистанцираме од вистинитоста на она што го кажуваме зашто лично не сме биле сведоци на извршувањето на дејството.

4.1.1.2. *Дијатеза*

Според антропоцентричната јазична теорија постои природна хиерархија на аргументите на еден предикат, при што вообичаено е промените во природата (настаните, дејствата, состојбите) да се толкуваат како резултат на човековата активност. Затоа логично е како основен референт на појдовниот аргумент на предикатот да биде човекот - агенс. Но во комуникацијата се случува често (најчесто од прагматички побуди) човекот да биде симнат од привилегираната позиција и на негово место да се појави некој друг непојдовен аргумент. Во овој дел од трудов ќе се осврнеме на начинот на градење на таквите искази во кичевскиот говор, т.е. на исказите во кои во позиција на појдовен аргумент на предикатот се јавува пациенсот, а не агенсот или пак едноставно позицијата на појдовниот аргумент е блокирана, иако агенсот реално постои. Се работи, значи за семантичката категорија дијатеза која наоѓа одраз во измената на комуникативната хиерархија на аргументите. Соодветните реченични конструкции ќе ги наречеме дијатетички маркирани варијанти на соодветните предикатско-аргументски структури (Тополињска 1995: 151). Во словенските јазици главно сретнуваме три вида дијатеза: активна (тоа се исказите кои се немаркирани дијатетички), медијална и пасивна. Кои се синтаксичките начини на изразување на дијатезата во кичевскиот говор?

За начините на изразување на предикатско-аргументските структури во кои позицијата на агенсот е блокирана поради самата семантичка структура на конститутивниот предикат ќе зборуваме повеќе во делот посветен на изразувањето на падежните односи. Овде ќе се осврнеме само на оние предикатско-аргументски структури во кои агенсот реално постои, но од различни причини не се

именува во текстот. Во македонскиот стандарден јазик постојат два начини за изразување на дијатетички маркирани искази: 1) со заменската форма *се* + глагол и 2) со *сум* и глаголска придавка од преоден глагол, но со пасивно значење (Минова - Ѓуркова 1994: 167).

4.1.1.2.1. Еден од двата начини со кои може да се блокира позицијата на агенсот е со употреба на повратната заменка *се* пред конститутивниот предикат. Оваа т. н. медијална дијатеза во македонскиот стандард, а и во кичевскиот говор е често употребувана. Притоа, заменката *се* овде има улога на морфолошки формант, односно се работи за еден „морфолошки (а не синтаксички) механизам на генерирање на глаголските облици кои конституираат безагентивни синтаксички конструкции" (Тополињска 1995: 156). Примери: *А 'оттамо 'откај центр'алата ѓ'оре, се-'оjше во-Карб'уница, т'амо 'имаше ст'ално б'аза и-ч'ека: к'оjшто ќе-сл'езеш т'амо.* (Текстови, 276); *...се идеше за-чест на-сл'ава̀та, а-н'е за-ѓ'адење.* (Текстови, 283). *Така се-см'етало п'орано.* (Текстови, 285).

Примериве што ги наведовме се оформени како бессубјектни, т.е. без именска синтагма во номинативен падежен однос. Во ваквите „медијални" конструкции глаголските облици се појавуваат со своите најнемаркирани членови на категориите лице, број и род, а тоа е, најчесто, третото лице еднина, среден род.

Сега ќе наведеме примери во кои позицијата на именска синтагма во номинатив е пополнета, но не со вистинскиот агенс, ами со пациенсот во реченицата: *И-с'ега, н'аредил ц'арот, ц'ела в'ојска, све се-пост'авиле н'адвор м'аси, ќе-сл'авит ц'арството.* (Текстови, 272); *Е, 'имаше ф'устани св'илени се-с'екава ш'арена св'ила, т'огаj се-н'осела во-б'ифшата Југосл'авија.* (Текстови, 273); *Не-д'ава: у'опште да-с-'отворит с'андакот.* (Текстови, 277); *И-се-ч'уло во-ц'елото ц'арство то:.* (Текстови, 279); *Се-куп'уjше л'икер и се-пр'аjло л'икер од-в'ишни.* (Текстови, 283); *Што-с'е-служит, што-с'е-спремат, пр'иста ч'уда.* (Текстови, 283); *...и таму со-к'ошој п'ечени р'иби се-прод'ава:.* (Текстови, 284); *Се-к'рстуват в'одата. Се-прајт к'иска со-б'осилек и со-стр'ебрени п'ари, црвен и-б'ел к'онец... И се-н'осит и-л'ейче, н'афора, и-л'ейчето п'осебно го-п'еjат...*(Текстови, 291); *Вистина, р'ече, не-се-сл'ушало н'ишто.* (Текстови, 295); *Игр'ачка-е да-се-н'аранат к'окошките.* (Текстови, 299); *Пр'акса се-п'олагат во-медиц'ина, др'уго н'ишто.* (Текстови, 308) *...и-се-сл'ушаше ц'ело вр'еме п'укање* (Текстови, 310). Од дадениве примери може да се констатира дека предикатите кај ваков тип реченици можат да бидат и во еднина и во множина, а онаму каде што предикатот е конституиран од форми кои се маркирани по категоријата род, се употребува формата

која се усогласува по род со формалниот субјект во реченицата, т.е. со пациенсот (таква е ситуацијата и во нотираните примери од Скопско сп. Цветановски 2004: 170).

4.1.1.2.2. Вториот начин за изразување на дијатетички маркирани искази т.е. за изразување на пасивна дијатеза во кичевскиот говор е со конструкциите *сум* + глаголска придавка од преоден глагол од типот *сум / бев / бил крстен, носен.* Примери: *'Е-та кам'ењето се-со-'едни ко-што'ичина напр'ајни и-в'одата ги-врѫшт...* (Текстови, 275); *И се: што сите пч'енки ко-што-с'е т'огај отк'атени и-т'ие ќе-ги-д'онесеф д'ома..* (Текстови, 275); *Ене и-п'ишујт 'онде, масакр'ирани-се.* (Текстови, 277); *Знајш к'ој-и-е н'еви т'акво, 'Оле што-е-крѫстена, н'а-не: е-крѫстена, докт'оркана 'от-Чифлик.* (Текстови, 277); *Та: с'ираче е-г'ледана* (Текстови, 278); *...си-бе: т'ие од стан'ицата пост'авени ...* (Текстови, 280); *Тогаш л'уѓето б'иле кр'ајно уб'едени де'ка е-то: в'истина, д'ека т'аква цѫ́ква 'имат.* (Текстови, 285); *з'ато: п'осле е-к'рѫстен.* (Текстови, 294); *...то: е-с'ело ж'иво, н'е-е с'ело ун'ишт'ено.* (Текстови, 299); *от-кај-Бл'агица се-две д'еца посв'оени...*(Текстови, 300). Во реченицата *И в'ујко ми д'ојден бе'ше...и-д'ојден б'еше, п'уштен н'еколку д'ена.* (Текстови, 297) имаме интересна паралелна употреба на *сум + глаголска придавка* од непреоден глагол, а потоа и осамостоена придавка од преоден глагол со пасивно значење со што се потврдува честата употреба на глаголската придавка за означување на различни нијанси на значење од чисто активно предикатско значење до обележување на персоналниот аргумент како пасивизиран (за семантичката компонента на резултативност на овие конструкции веќе зборувавме во делот за сегашност и минато, види: 4.1.1.1.4.1. и 4.1.1.1.4.2.).

Кај примерите...*с'естри-е на-сна:-ми, К'атица и-Н'орка, и т'олку б'еа изнен'адени.* (Текстови, 292); *В'икат, сме исп'лашени, ама с'ега н'емат н'ишто...;* (Текстови, 310); конструкциите *б'еа изнен'адени* и *... сме исп'лашени,* можат да се толкуваат на два начини, или како пасивни, доколку се работи за преодните глаголи 'изненадува некого' и 'исплаши некого', или како активни, доколку се работи за непреодните „медијални" глаголи 'се изненади' 'се исплаши'.

4.1.1.3. *Негацијата како доминантен реченичен предикат*

4.1.1.3.1. Главно средство за изразување на негацијата на реченично ниво во кичевскиот говор (како и секаде во словенскиот јазичен свет) е честицата *не* којашто и претходи на соодветната

финитна глаголска форма: *...и-тој п'осле не-'им-фрлал и-т'ие сизам'инале.* (Текстови, 271); *Не-д'ава: у'опште да-с-'отворит с'андакот.* (Текстови, 277); *Ќе-ти-д'ојт п'ола грат н'а-сл'ава, 'ама не-с'едеа мн'огу л'уѓето.* (Текстови, 283); *М'ажот-је ст'анал з'аштo н'е-бил нав'истина слеп и-глуф...* (Текстови, 287); *Тр'еќиот н'е-зна како-се-в'икаше, во-Ит'алија.* (Текстови, 297); *н'е-одај 'овие д'еној... Н'е-сме: да-н'е-ода...* (Текстови, 298); *...л'уѓево кајшто е см'естен го-к'ара:т, н'е-пр'ашуј, н'е-прашуј.* (Текстови, 301).

На синтаксичко рамниште, како специфичност што се јавува на сето кичевско - поречко подрачје, е местото на партикулата *не* непосредно пред основниот глагол во сложени глаголски форми. Примери: *сме-не-зн'аеле, сме н'е-чуле, беше-го-н'е-видел.* (Видоески 1998: 195). Оваа карактеристика се чува на целото кичевско говорно подрачје, а добро се чува и во градскиот кичевски говор и тоа не само во сложените глаголски форми со *сум,* туку и во *да*-конструкции односно во субјунктивните форми. Примери: *Да-го-н'е-видит, колку-го-неќет.; М'ојш д-'издржиш да-се-н'е-топлиш н'оќеска?* (Текстови, 290); *Како-ќе-ме-не-ст'егала гл'а:та ко-ц'ел-ден м'исла н-'ова н-'она!; ...доси'ето, в'елит да-го-пр'очита ќе-н'е-можа да-го-преживеа то:.;* (Текстови, 303); *Ич да-се-не-д'умате за-мене, 'ами да-е-гл'едате раб'отата. За-Шабана да-се-не-сек'ирате.* (семинарска работа од Хр. Мацоски). Вакви примери сретнавме и во текстовите од кичевските села: *Ако с'акал, би-н'е-видел.* (Мра); *Н'емој в'ојник, да-го-н'е-земаш, т'ој-је прос в'ојник.* (Ив); *...да да и врзует гуските за ногa за да му не бегат и да не можат да летнат* (Црско, 97); *Отидоа гуските и се не видоа...* (Црско, 98); *Ако му земеш париште и стокаша, да му не земаш и душата.* (Црско, 103); *Ако ми не дајш изим да ода да ја бара, ја ели ќе с утепа, ели ќа скоча во вода да с удаа.* (Црско, 116); *Покутеа малу и се пулеа еден на другu, ама не и трпеше срце и двајцата да си не прогоорат.* (Црско, 162); *Орелот се изви прво угоре, а после се спушти и грабна со канците ортомата, што беше врзана лесата и се не виде кај фати во облаците.* (Црско, 165). Оваа синтаксичка црта е карактеристична и за помладите генерации (помлади од четириесетина години), односно не исчезнала сосем од нивниот говор. Причината можеби е во фактот што оваа карактеристика не е толку впечатлива и не се чувствува како некое драстично отскокнување од литературната норма. Сепак, мора да нагласиме дека ваквиот редослед на негацијата кај помладите не се чува во сите случаи, туку во усталени изрази од типот на: *Да-го-н'е-видит; да-го-н'е-чујет; да-му- се-н'е-видит; ж'ив-да се-н'е-вратит; д'амла да-го-н'е-фркнет;* и сл. Се работи за линеаризација од словенски тип според

која негацијата не се одвојува од глаголот. За разлика од типичната балканска линеаризација со која негацијата ја отвора низата проклитики што му претходат на глаголот и која во принцип е карактеристична токму за западните македонски дијалекти (Тополињска 1995: 266), овде се сретнуваме со уште еден архаизам којшто се зачувал како резултат на изолираниот начин на живот во поречко-кичевскиот крај во минатото (сп. пример од Пореч: *Еднаш се собрале селаните да се доѓоараат како да је зајлашат мечката, да им је не јадит ѵченката;* Видоески 1950: 75). Споредиот во галичкиот говор: *За да ја не фаќат маѓија* (Белиќ 1935: 228).

Реченичната негација може да се случи да се залепи за глаголската придавка: *ако-е-Кржиќ 'ушше нез'аминат...*(Текстови, 278); *...ѵ'ишшешо ненајр'ајно, шше лом се-најр'ајле.* (Текстови, 289); *Ушше не расшоарено жишошо и сшариош невлезен дома, момичешо се ѵофали со браша е.* (Црско, 99). Се работи, исто така, за карактеристика што се сретнува во словенскиот јазичен свет, а тоа е појавата негацијата *не* да се спои целосно со глаголот, како на пр. во формите на глаголите *немам,* или *неќам.*

4.1.1.3.2. Сега ќе го разгледаме и изразувањето на негацијата со честицата *ни.* Оваа честица претставува хиерархизиран спој од предикатот на конјункција надграден над предикатот на негација: 'и не' (Тополињска 1995: 271). Во примерите што ги извлековме од нашиот материјал ќе ја определиме употребата на *ни. Од-Б'уба м'ајка-е 'еднуш се-ф'аѵи, оѵко-'умре 'Иван се-ф'аѵи, н'и-лево, н'и-десно.* (Текстови, 278). Овој пример е интересен со самиот факт што површински немаме изразена негација на предикатот, која пак на некој начин е вградена во семантиката на глаголот *се фаѵи* (=не може да се движи). Затоа пак, двете *ни* се употребени истовремено и како показатели на конјункција, но и како засилувачи на негацијата на двата прилога кои поблиску определуваат некој елиптичен негиран предикат од типот 'не мрдаше, не се движеше'. Иста ситуација имаме и во примерот: *Коа го ѵушши скокна шерзијаша и фаѵи ѵушшина, забораи да земеш ни ножици ни ендезе.* (Црско, 97); и во овој пример негацијата на предикатот не е површински изразена, таа произлегува од неговото лексичко значење, а носители на негацијата се двете *ни* кои имаат и конјунктивна функција. Сега ќе наведеме друг пример: *Ж'енаша и комш'ијаша в'есели и сл'ободни, се-осиг'урале д'ека ѵој нав'исшина н'емаш ни да-ги-в'идиш ни да-ги-ч'уеш.* (Текстови, 287). Во овој пример честицата *ни* и во двете употреби ја засилува негацијата изразена со негираниот предикат, при што второто *ни* претставува и конјунктивна компонента (се јавува на

местото на сврзникот *и*). Примерот е убав показател и на начинот на кој обично во кичевскиот говор се негираат формите што изразуваат идно време или постериорни настани, а тоа е следниов начин: *немаш* + субјунктив praesentis при што *немаш* главно се јавува како неменливо (само во формата за трето лице еднина презент). Примери: *Ја немаш да-дојда со тебе.; Ние немаш да ојме во-Охрид.* Со ваквиот начин на негирање, обично се искажува поцврста увереност дека дејството нема да се случи. Инаку, негирање на идни настани може да се изрази и со негацијата *не* + презентски форми, но само од имперфективни глаголи: *Не ода кај него попладнево! Не му правме торта дома, ќе купиме готова.* Негирани форми за идно време можат да се изразат и со *не* + *кондиционал praesentis: Тој не-ќе-н'апрајш н'ешто, с'амо ќе-с-'искарат.* Кај ваквиот начин на негирање се изразува помала увереност дека нема да се исполни дејството.

4.1.1.3.3. За изразување на негација се употребува и турската заемка *ич*, најчесто за засилување на реченичната негација изразена со честицата *не: Ич да-се-не-д'уматте за-мене; Оф, ка'кви кр'иви нозе су-'имал, ич н'еубај...* (Текстови, 289); *Татко е и мајка е не а пуштаа дење по надвор ич да излезет, зашто, велеа ако ја видит сонцето ќа а грабнет.* (Црско, 62); *...а младата жена ич без гајле и страв отиде право кај него и фати да му се пулит право в очи.*(Црско 63). Во некои примери *ич* се појавува заедно со заменката *ништо* што претставува дуплирање на информацијата затоа што *ич* во турскиот јазик значи *ништо: Така н'ајпосле и-се-прецт'авујл д'ека ич н'ишто н'е-слушат и-'ич н'ишто н'е-гледат.* (Текстови, 287). Даденава реченица е, исто така, типичен пример за словенската двојна негација каде што со негираниот предикат се употребуваат и негирани заменки од типот *ништо, никој* и сл. Како вистински синоним на *ништо* турското *ич* е употребено во реченициите: *...т'атко-ми н'е-беше ѓаден ич...* (Текстови, 298); *кои ќе врнет пак ич да не сакаш да знајш од дош ко некој офчар* (Црско, 960).

4.1.1.4. *Прашални искази*

Иако целта на нашиов опис е анализа на структурата на асертивните искази, неопходно е сепак да се осврнеме накратко на начините на градење на прашалните искази за да ги опфатиме и оние специфичности во кичевскиот говор што се однесуваат токму на овој дел од јазичниот израз.

Во зависност од тоа каква информација се бара од соговорникот на поставеното прашање, прашањата ги делиме на *да-не* прашања и *К*-прашања. Кај *да-не* прашањата говорителот бара потврда (или негација) на некоја своја претпоставка, а кај *К*-прашањата (кои така ги нарековме поради најтипичната прва буква на македонските прашални лексеми) говорителот бара конкретна информација т.е. „бара идентификација на предмет/ човек / релација/ време/ место како дополнителна компонента на еден настан/ состојба чии други компоненти му се познати (или не му се интересни) на говорителот" (Тополињска 1995: 282).

4.1.1.4.1. Кај *да-не* прашањата како специфичност на сите западни македонски говори, вклучително и на кичевскиот говор, е градењето на овие прашања без партикулата *ли: Знајш к'аде?* (Текстови, 277); *Ами, бил ж'енеш или н'е-бил?* (Текстови, 285); *Ќе-ми-е-д'ајте аран'ијава?* (Текстови, 290); *За-св'адбата да-д'онеса м'есо, р'акија?* (Текстови, 293); *Ти ми-е-з'еде сф'ињата?* (Текстови, 295); *Ти ми-е-з'еде ж'ената?* (Текстови, 295); *М'ожеш да-е-з'ема биц'иклана 'оддома?* (Текстови, 296); *М'ожеш да-п'оиграш?* (Текстови, 301); *Иво, т'ета, б'еше ти во-Ман'астирец?* (Текстови, 302); *Ти-'има каж'увано за-ко-се-к'ачи на-ј'аболко Рен'ета?* (Текстови, 304); *Ќе-ми-б'идеш н'ешто од-л'арвата што-е-л'айнаф?* (Текстови, 308); *Л'ела, ти-е-зн'ајш М'ица?* (Текстови, 310); *Имаш уште некој грош пари покрај тебе?* (Црско, 73). Во кичевскиот говор не може да се случи да се употреби партикулата *ли* во градењето на *да-не* прашањата. Исклучоци нема, а секоја употреба на *ли* веднаш паѓа в очи како знак дека говорителот не е кичевчанец. Слична е ситуацијата со соседните говори. Во монографијата за битолскиот говор К. Трајковски истакнува: „Честицата *ли*, доста честа во североточните говори, битолскиот говор не ја познава и исцело е заменета со прашална интонација."(Трајковски 2000: 255). Оваа особеност, којашто во западните говори се развила под влијание на балканските јазици (Б. Конески 1982: 121) е карактеристична за сите западни говори сè до линијата на централните говори (Скопско и Велешко) каде што веќе се сретнуваме со употреба на партикулата *ли* (сп. во Велешко: *М'ожеш-ли да-го-з'емеш од-Д'ефот сац'адето?;* Видоески 2000в: 54) .

4.1.1.4.2. Од другите прашални партикули што се сретнуваат во кичевскиот говор при градење на *да-не* прашањата, ги сретнавме *зар* и *али: ...к'ако ти, зар-т'и-си к'ерко?* (Текстови, 272); *Зер отиде на гурбет да јадеш гоотои пари?* (Црско, 71); *А зер си имаш секоја чешма сајбија?* (Црско, 200); *'Али в'истина м'орето изг'орело?* (Текстови, 283); *Али-е-ц'амија 'ова? Али-м'ожа да-пр'еноќа пошто ми-*

се-сѣ'емни да-си-п'ојда во-с'елоѿо м'ое? (Текстови, 284); *...али-ч'инит тел'ефоноѿ?* (Текстови, 289). Од примерите се гледа дека со партикулата *зар* (која во текстовите од Црско се сретнува и во формата *зер)* се изразува изненадување од некоја случка, па со прашањето образувано со оваа партикула се бара потврда на констатираната случка или ситуација. Партикулата *али,* пак, се употребува во кичевскиот говор наместо *дали,* во прашални искази каде што има потреба посебно да се нагласи *да-не* прашањето (а не само со интонациската контура како во прашањата без прашална партикула). Истава партикула се употребува и во зависни прашања кога се пренесуваат туѓи прашални искази. Со ваква функција, во зависно прашање ја сретнавме и партикулата *дали* (*Го прашале дали рекаѿа ѿечеѿ злаѿо;* Текстови, 285), но употребата на оваа партикула во кичевскиот говор е ретка и е ограничена само на ваква функција (т.е. не се употребува во директно прашање). Партикулата *али/ ал'* е карактеристична за соседниот гостиварски говор, но таму се употребува паралелно со партикулата *дали* (Поповски 1970: 91), додека пак во битолскиот говор се употребува само партикулата *дали* (Трајковски 2000: 256).

4.1.1.4.3. За образување на прашален исказ со кој се бара потврда на поставеното прашање се сретнуваат партикулите *да не* и *лели: Б'оже-ле, да-не-е-з'абранеѿ?* (Текстови, 309); *Да-не-н'е-ѿи-е 'арно ?; Л'ели ѿи кажав дека не су дома попладне?* Партикулата *нели* не се употребува во кичевскиот говор.

4.1.1.4.4. Кај *К*-прашањата во кичевскиот говор се сретнуваат следниве прашални зборови: *кој (кого̀, кому), што (чуму), чиј, зошто, оѿи, како, кога̀, каде/ кај, колку: К'оја го̀дина?* (Текстови, 276); *Кому-му-и-даде п'ариѿе?; Кому-му-го̀-даде б'акшишоѿ?; Л'елче, што-напр'ајфѿе?* (Текстови, 273); *Што-е Цал'ејце?* (Текстови, 276); *Што-ѿи-е, шѿ'о-плачеш?* (Текстови, 278); *А-бре м'омче, шѿ'о-носиш ѿи во-п'орбава?* (Текстови, 279); *Шѿ'о-имаѿ н'ово во-в'ашето с'ело?* (Текстови, 283); *Чум'у-ѿи-се- п'ариѿе?; Па, з'ошто, р'ече, ѿетко-Добрице ѿи н'е-дојде к'ај-мене.* (Текстови, 288); *Б'або, з'ошто б'ефме бес-ѿ'елефон?* (Текстови, 288); *З'ошто би-пр'ајл ѿеѿ'офчанец к'уќа во-Ман'астирец?* (Текстови, 302); *Оѿи м'амо ко-ќе-д'ојдаѿ го̀сѿи им в'елиш „ј'адеѿе"? Оѿи им-в'елиш пој'ќе-паѿи ј'адеѿе?* (Текстови, 276); *На-Ф'ерчоѿа како-м'у-беше пр'аво 'име?* (Текстови, 278); *К'ако го̀-р'асйнале?* (Текстови, 285); *К'ако бре, 'умре?* (Текстови, 290); *И-как'о-ѿребеѿ да-ми-р'ечеш?* (Текстови, 307); *Ко̀г'а-беше р'оден? Ко̀г'а-умре?* (Текстови, 280); *Ајде, кога̀- к-'ојме?* (Текстови, 301); *'А-бре, 'ајде ни-се-ј'адеѿ, кај-е р'учекоф?* (Текстови, 290); *...к'аде: п'опоѿ?*

(Текстови, 295); *На-к'олку г̄одини 'умре М'омчило?* (Текстови, 280); *Б'уба ст̄аж, знајш колк'у-п̄ари 'имат̄ п'ензија с'ег̄а Б'уба?* (Текстови, 282). Во два од погоре наведените примери гледаме дека наместо *зошт̄о* во прашални искази се употребува и грчкото *от̄и,* што претставува една од функциите на оваа грчка заемка (покрај неговата функција како сврзнички предикат за причина и како комплементарен оператор). Во следниов прашален исказ *В'икт̄ор, шт̄'о-ст̄ојш н'адвор?* (Текстови, 307) имаме пример на употреба на прашалното *шт̄о* на местото на прашалното *зошт̄о,* појава регистрирана во повеќе наши дијалекти, сп. во дебарските говори: *Шчо-'ол'ку осл'абени к'озиве?* (Видоески 1998: 244); во скопските говори: *М'оре ч'оеку, шт̄о-си-с-'уг̄ајлил, шт̄о-си-с-'ужалил...?* (Видоески 2000в: 46); во кукушкиот говор: *шо бе т̄'ат̄е, ни-ј'ајш ни-п̄'ијш* (Пеев 1987: 303). Од сите други погоре наведени примери за начинот на изразување на *К*-прашањата во кичевскиот говор може да се заклучи дека се употребуваат вообичаените прашални заменки, заменски придавки и прашални прилози кои се карактеристични и за стандардниот јазик, вклучувајќи ги тука и посебните форми за акузативен и за дативен предмет од личната заменка *кој: ког̄о* и *кому* и остатокот од промената на заменката *шт̄о,* формата *чуму* (сп. Минова -Ѓуркова 1994: 153).

4.1.1.5. *Валенција*

4.1.1.5.1. *Изразување на п̄адежни односи*

Под падежни односи ги разбираме односите на граматичка зависност во рамките на една реченична конструкција, односно граматичките начини на кои се акомодираат именските синтагми коишто се импликувани од финитната глаголска форма која ја конституира основната реченична конструкција (ОРК), или пак се импликувани од страна на друга именска синтагма (Тополињска 1995: 42). Во македонскиот стандарден јазик падежните односи се изразуваат на синтаксичко рамниште со различни граматички средства, односно се изгубиле морфолошките падежни форми, освен со мали исклучоци, кај личните и роднинските имиња од машки род и кај некои типови заменки (види: Б. Конески 1981; Минова- Ѓуркова 1994). Но, во кичевскиот говор кој е предмет на анализа на нашиов труд, (како што веќе истакнавме во делот посветен на морфолошките форми, види: 3.1.1.) се зачувале некои стари морфолошки

падежни облици чиишто функции ќе бидат предмет на анализа во овој дел од синтаксичкиот опис. Секако ќе се задржуваме и на валентноста на одделни глаголи односно на местата што ги отвора даден глагол за зависни именски синтагми. Тука првенствено ќе бидат предмет на разгледување глаголите кои со секундарна деривација регуваат одделни зависни именски синтагми (ИС).

4.1.1.5.1.1. *Именски синтагми во номинативен однос*

4.1.1.5.1.1.1. Именската синтагма која го изразува појдовниот аргумент, односно вршителот на дејството изразено со глаголската форма, конституент на ОРК, најчесто се јавува во номинативен однос. Според антропоцентричната теорија, семантички гледано, како појдовен аргумент кој го врши дејството, примарно се јавува човекот или некое друго живо суштество. Примери од кичевскиот говор: *И-с'ега ц'арот н'аредил с'ите...*(Текстови, 271); *И Пепл'ешарко се-д'умал, д'умал...*(Текстови, 272); *...В'аса Пол'ежина 'оjше да-се-й'ородит со-М'омчила.* (Текстови, 280); *Б'уба се-вр'ати од-Б'итола...* (Текстови, 282); *И до-к'аменот ќе-й'оjше коб'илата, и-б'аба-ми ќе-се-к'ачеше и-со-коб'илата 'оjше.* (Текстови, 298).

4.1.1.5.1.1.2. Во позиција на номинативна именска синтагма можат да се јават и називи на машини и алатки кои секако се управувани од човек, „но чие функционирање може да биде согледано како самостојно“ (Тополињска 1995: 46) (пример: *На-два к'амена б'еше, дв'ата к'амена м'еле;* Текстови, 275). Во номинативен падежен однос можат да се појават и именски синтагми кои означуваат делови на човечкото тело чија активност не е зависна од човековата волја (*Жл̥чката му й'укна от-страф.;* Текстови, 277). Секако, во номинативен падежен однос можат да се најдат и природни појави или стихии кои не се зависни од човековата активност, а за кои се јавува потреба да се нагласат во комуникацијата како агенси кои вршат некаква активност од типот *Ветар дува // Ветрот дува; Дош вр̥нет. В'р̥нет снек* (*дош*). (наспроти *Д'ува.* безагенсно); *Н'адвор веќе-је-д'ен.* наспроти *Н'адвор се-разд'енуј.* (без номинативна именска синтагма) и сл. На кој начин се изразуваат именските синтагми кои се јавуваат во номинативен падежен однос во кичевскиот говор ќе покажеме во примерите што следуваат.

4.1.1.5.1.1.3. Номинативниот однос се изразува на реченично ниво, со посебен вид на однос на ИС спрема предикатскиот израз, т.е. со однос на меѓузависност (=интердепенденција) на именската син-

тагма и глаголот што го конституира предикатскиот израз. Притоа, именската синтагма му ги наложува на глаголот лицето, бројот и родот, а прирокот и ги наложува на именската синтагма карактеристиките кои таа мора да ги поседува како појдовен аргументски израз: да не содржи никакви сигнали на зависност, а тоа значи да не биде управувана од предлог, да не содржи заменски реплики од типот *му, го*, и, најпосле, кај тие именски класи кај кои постојат морфолошки падежни форми, да не се јавува во такви форми. Во стандардниот јазик кај именската синтагма во номинатив имаме уште едно позитивно барање, а тоа е оваа именска синтагма, барем кога се јавува во прототипска т.е. превербална позиција, да биде референцијално употребена и позитивно маркирана по определеност. Во кичевскиот говор, според примерите со кои располагаме, доколку оваа именска синтагма е тема на исказот, секогаш е маркирана по определеност и најчесто е во препозиција во однос на глаголот (исклучок прават иманентно неопределените клиширани фрази за означување појави кои се генерични по својата природа, што погоре веќе ги спомнавме: *Ветар дување, дош врнеш*). Притоа, како маркер за определеност кај општите именки се јавува членот, освен кај иманентно определени именки од типот *мама, тато* кои можат да се јават без никакви ознаки за определеност. Примери: *Царот се н'алутил, р'екол...*(Текстови, 271); *М'ама с'обра к'омина* ...(Текстови, 278); *А п'опот слушаш* (Текстови, 295). Дуплиран маркер за определеност од типот *Тој човекот дојде.* каков што се сретнува во егејските говори, сретнавме и во анализираниов говор: *То: д'етео пак си-'играло све со-п'ејел.* (Текстови, 271); *И тие Талјанците си-пос'адиле до-н'им 'одма...* (Текстови, 276); *А тој М'ишето е во-Ск'опје...*(Текстови, 277); *И та: јат'рва-е да-и-го-з'емеш д'етето...* (Текстови, 296). Оваа заменска редупликација која е специфична токму за ИС која е во номинативен однос, претставува еден вид тенденција заменската редупликација која ја имаме кај зависните именски синтагми (акузативен падежен однос: ГО човекОТ; дативен падежен однос: МУ на човекОТ и сл.) да се прошири и кај номинативниот падежен однос по принципот ТОЈ човекОТ (Тополињска 1995: 52).

Кога, пак, именската синтагма што е во номинативен однос претставува рема во реченицата, најчесто е постпозитивно употребена во однос на глаголот (исклучок прават именските синтагми со површински показатели на неопределеност кои се на почетокот на реченицата, најчесто во приказните, и се секогаш дел од рема: *Н'екој 'офчар н'е-знајл н'ишто ни за В'елигден ни за-Р'истоса.*; Текстови,

285). Притоа, ако со таа именска синтагма само се укажува на еден член од дадено множество лица или предмети, без да се посочи конкретното лице или предмет, тогаш се јавува без ознака за определеност: *П'омина п'оштар;* или пак со неопределениот член *еден* или со некоја количествена определба*: П'омина еден-п'оштар.; Д'ојдо: мн'оѓу л'уѓе.* Доколку пак во рема се појавува именка која како референт има некое познато лице или предмет, тогаш именската синтагма се јавува определена, најчесто со член: *Ја там'ан с'акаф -д-'излеза, д'ојде п'оштарот.*

4.1.1.5.1.1.4. Во однос на конгруенцијата на именската синтагма во номинативен однос спрема глаголот, најпрво ќе дадеме примери на ИС кои не отстапуваат од правилата за конгруенција кои важат и за стандардниот јазик: *Блаж'ејца сама б'еше ост'ана̄та...*(Текстови, 272); *Ја т'ебе ќе-ти-е-д'а: к'еркава, 'ама ти н'оќеска ќе-сп'иеш г'оре во пал'атава...*(Текстови, 280); *И-тие п'очнале ж'абите кр'астај да-ск'ока:т т'аму и-ц'арот се-н'алутил...*(Текстови, 279); *И-т'ие ќе-ум'ира:т от-см'е:ње.* (Текстови, 281); *Тел'ефонот ц'ела н'едела да-не-р'аботит.* (Текстови, 288); *Знајте што, 'умре аран'ијата!* (Текстови, 290); *Свек'рва-ми е од-Ман'астирец.* (Текстови, 298); *К'уќи г'орат, две-три-к'уќи 'имаше зап'алено.* (Текстови, 309).

Конгруенцијата во поглед на лицето, бројот и родот меѓу ИС и глаголот е најчесто формална, па така, ако именката што е центар на ИС е во еднина и глаголската форма е во еднина. Сепак, во дијалектите не ретко кај именки кои се семантички collectiva конгруенцијата е семантичка, а не граматичка. Така, во кичевскиот говор може да се слушне: *Н'ародот д'ојде.; Д'ојде цел н'арот од-К'опачка.; Ц'ело с'ело се-с'обра.*; *Ц'елото насел'ение сорабо̄туваше со-партиз'аните;* но исто така и со глаголска форма во множина: *Се-с'обра: ц'ело с'ело да-г'о-ф'атат арам'ијата.; Се-с'обра: ц'ело с'ело да-г'о-изб'рка:т п'опот.; И-п'очнале да-в'рват, н'арот, н'арот, н'арот...* (Текстови, 271).

Кај ИС изразени преку именка во морфолошка збирна множина, конгруенцијата во кичевскиот говор редовно е во множина, за разлика од ситуацијата во стандардниот јазик каде што сè почесто овие именки добиваат определба и бараат глагол во еднина (Б. Конески 1981: 224): *Л'исјето п'аѓа:т.; Л'исјата п'аѓа:т.; Да-п'ојме низ-лив'аѓено вран'ешки, да-соб'ереме п'олжај.;*

Ц'апаше преку-н'ивјено В'ецкој!

Конгруенцијата по број е секогаш множинска и кај именските синтагми во номинатив кои се оформени како права конјункција:

Д'ојдо: дв'ајцата бр'ака П'етре и М'арко.; П'етре и-М'арко зам'ина: ф-с'ело.; И-ја и-Ферчота ко-што-б'ефме, ж'иви смрзнафме...(Текстови, 278). Кај синтагмите со права конјункција сретнавме интересен пример каде што општата падежна форма, т.е. casus generalis се употребува во функција на номинатив како втор член на конјункцијата: *И-ја и-Ферчота ко-што-б'ефме, ж'иви смрзнафме...* (Текстови, 278) (оваа појава на употреба на општата падежна форма на местото на субјектна синтагма се сретнува почесто во народната поезија и во други западни дијалекти, сп. Б. Конески 1981: 244).

Кај именските синтагми кои изразуваат социјативна множина главно се сретнуваме со појава на еднинска конгруенција со предикатот, но може да се слушне и множинска: *Д'ојде П'етре со-М'аркота.// П'етре со-М'аркота д'ојде.; Тетко-В'есо, м'ори, што-правиш н'океска со-Ф'ерчота?* (Текстови, 278); но и: *П'етре со-М'аркота д'ојдо:.; ...т'уку ко-што-б'ефме, р'ече, пред-ц'рквана со-Ферчота...*(Текстови, 278).

4.1.1.5.1.1.5. Во номинативен падежен однос може да се јави не само агенсот, односно вршителот на дејството, ами и пациенсот односно трпителот на дејството во речениците со пасивна дијатеза (види: 4.1.1.2.). Во кичевскиот говор пасивната дијатеза, како и во стандардот, често се изразува со конструкција *помошен глагол сум + глаголска придавка* од преоден глагол. Притоа, во позиција на номинатив се појавуваат ИС кои стапуваат во конгруенција по род и број со глаголската придавка од предикатскиот израз, додека агенсот може да не биде површински изразен или, доколку се појави во текстот, тогаш се изразува со зависна именска синтагма која со предикатот се поврзува најчесто со предлогот *од: Лив'адата е ц'ела изг'азена (од д'иви сф'иња/ од-див'и-сфиња).* (наспроти: *Лив'адата е-изг'азија д'иви сф'иња.* активна дијатеза) или *Нејз'иниот син е-'утепан во војната.* - во вакви реченици во кичевскиот говор не се појавува на површина агенсот, а доколку има потреба да се истакне агенсот, тоа се искажува со активна дијатеза: *Нејз'иниот син г-ут'епа: војн'иците.*) Во реченицата *...си-бе: т'ие од стан'ицата пост'авени ...* (Текстови, 280) имаме интересен пример на авансирање на персоналниот акузативен аргумент во номинативна позиција со тоа што вистинскиот агенс е изразен со *од* + ИС која површински не го изразува агенсот, туку го изразува местото каде што работи (делува) агенсот, па така комплетно искажана реченицата би гласела: *тие беа поставени од страна на раководните луѓе во (од) станицата.*

Кај „медијалната“ формализација која и во стандардот и во кичевскиот говор се изразува со повратната заменка *се* + *глаголот* (види: дијатеза), најчесто се блокира позицијата на именската синтагма во номинатив: *А 'оштамо 'откај центр'алата г'оре, се-'оише во-Карб'уница, т'амо 'имаше ст'ално б'аза и-ч'ека: к'ојшто ќе-сл'езеш т'амо.* (Текстови, 276); *...се идеше за-чест на-сл'ават, а-н'е за-ј'адење.* (Текстови, 283); *Така се-см'етало п'орано.* (Текстови, 285).

Во кичевскиот говор, освен оние со „медијална“ формализација, постојат и други конструкции со блокирана позиција на именската синтагма во номинативен однос. Најчесто тоа се изрази со кои се искажуваат психички состојби од типот: *Ми-е-стр'аф, (стр'ам, ж'ал), Мн'огу ми-е-ч'удно што тој т'ака се-пон'ашаше;* или пак конструкции од типот *ме-ст'емни, м'е-раздени, ме-сн'оќи* во кои појдовниот персонален аргумент е поместен од привилегираната синтаксичка позиција во позиција на објект, или директен или индиректен, што, пак се сигнализира со помош на кратките заменски форми. Ќе наведеме уште неколку примери од овој тип: *'Едно и-б'еше ж'ал за-'Ивана, а-'едно т'олку с-упл'ашила 'и-н'еси ж'ѧчката ќ-и-п'укнела.* (Текстови, 278); *...ама н'еси и-б'ило мн'огу то: интер'есно.* (Текстови, 281).

Блокирана позиција на именската синтагма во номинативен однос имаме и кај перифрастичните предикати кај кои номинализираната компонента посочува некоја метеоролошка или временска појава. Кај ваквите предикатски изрази конгруенцијата по род на именската синтагма со предикат изразен преку некоја сложена глаголска форма која ја познава и категоријата на род, се неутрализира по род и се употребува глаголската форма за среден род (*Дувнало еден ветар)*, иако и формалната конгруенција по род не е необична појава: *Е-во-ц'арството д'ошло време...* (Текстови, 271); *Дувнал еден силен ветар.; Еден снег што завеал!* Во примериве што ги наведовме именската синтагма, која овде ја толкуваме како дел на предикатскиот израз, нормално не е определена. Кога истиот овој настан се јавува како дел од тема во текстот, номинализираната компонента на предикатскиот израз се авансира во појдовен аргумент и се јавува како (+def): *п'омина 'есента (л'етото, з'имата).; есента поминала; ближит летото.* Во ваквите конструкции логично е дека нема отстапки од конгруенцијата.

4.1.1.5.1.2. *Именски синтагми во акузативен однос*

4.1.1.5.1.2.1. Кај предикатите со по два или повеќе аргументи, покрај појдовниот аргумент, односно вршителот на дејството, најчесто се јавува и аргументот што го изразува трпителот на дејството, односно оној што ги поднесува последиците на тоа дејство. Во ваква позиција на поднесувач на дејството најчесто се јавува назив на некаков материјален предмет, вклучително со живи суштества, но вторично може да биде и апстрактен поим со психички, а не со физички димензии. Опишаниов однос меѓу предикатскиот и аргументскиот израз на синтаксички план претставува директна граматичка зависност од глагол и во рамките на падежната теорија се определува со терминот акузатив (Тополињска 1995: 55).

4.1.1.5.1.2.2. За изразување на акузативен падежен однос, односно за изразување на аргументот во реченицата што е трпител, т.е. предмет на дејството изразено со предикатот, во кичевскиот говор кај личните и роднинските имиња и кај некои општи именки се употребува општата падежна форма или casus generalis. Casus generalis по потекло претставува стара морфолошка генитивно-акузативна форма добиена со наставката *-а* од старата -о- основа и се зачувала само кај сопствените имиња од машки род и кај некои именки од машки род што означуваат сродство и кај именки од типот *Бог, човек, син* (во приказните можат да се сретнат и други општи именки во casus generalis, ако во дадениот контекст функционираат како сопствено име на одредено лице, пример: *манго* (назив за еѓуптин, циган): *манга*, во примерите: *Отиде манго да го чекат змеот.* (Црско, 51); наспроти: *Бачот му даде на манга сирење и мас...*(Црско, 53)). Бидејќи општата падежна форма е стандардизирана (Б. Конески 1981: 241, Минова-Ѓуркова 1994: 37) нејзино губење кај помладите генерации говорители нема (за разлика од дативната). Напротив, таа толку често се употребува што се смета за регуларна дури и кај странски лични имиња чиј лик не се вклопува во македонскиот онимиски систем. Пример, од личното име Кики (галовна форма од Кристијан) најнормално се изведува генитивно-акузативна форма *Кикита* (како што се изведува од личните имиња што завршуваат на -о или -е, со проширување на основата со помош на -т-: *Столета (<Столе), Драгета (<Драге), Вел'ота (<Вел'о)* и сл.; види т.: 3.1.1.) Пример: *Го-в'идоф К'икита.* Исто така, фреквентноста на употреба на општата падежна форма се гледа и во примерите каде што таа се употребува и во функција на номинатив (види: 4.1.1.5.1.1.).

4.1.1.5.1.2.3. За изразување на акузативен падежен однос, општата падежна форма се употребува без предлог (за разлика од југоисточното македонско наречје каде се сретнува изразување на акузатив со предлогот *на: Го видов на Марко*), но со заменска реплика во сите случаи кога аргументот е еднозначно определен, односно (+def). Се разбира, кога се во прашање именките кај кои сè уште се чуваат морфолошки падежни облици, а тоа се личните и роднинските имиња, аргументот е секогаш определен, така што сите случаи на употреба на овие морфолошки форми се придружени и со заменска реплика. Примери: *Го-в'идофме Тр'ајкоша н'а-ѿазар.; Го-ѿр'аѿиф С'ашеша ѿо-мл'еко.; Б'ожина го-ч'ека да-д'ојѿ н'а-гости; ...со-ѿол'иција го-с'обрале и-Пеѿлеш'аркоша.* (Текстови, 271); *Коа беше гоѿов веќе конакоѿ цароѿ го ѿовика сина му и му рече да ојѿ да го видиѿ* (Црско, 115). Сега ќе наведеме примери на определен аргумент во позиција на акузатив, изразен со некоја општа именка која не познава морфолошка падежна форма, ами е определена на некој друг начин, најчесто со член: *...ко-ќе-го-кл'ајш к'аменов ѿодјазик...*(Текстови, 271); *...д'ошло вр'еме ц'ароѿ да-е-м'ажиѿ к'еркаша.* (Текстови, 271); *Ајде, собер'и-си: ѿарѿ'алиѿе да-ѿе-н'емаѿ...* (Текстови, 271); *Пеѿл'ешарко го-'извајл шам'ифчеѿо...* (Текстови, 272); *...в'одаша ги-вр̥ѿиш кам'ењеѿо.* (Текстови, 275); *...ќе-е-соб'ерефме ф-ѿ'ѿорба ѿч'енкаша...* (Текстови, 275); *ѿи ќе-е-др̥ж'иш в'ака мр'ежа:...*(Текстови, 275); *...и ѿо: л'еѿче го-кр̥шаѿ на-с'иѿни ѿ'арчиња...* (Текстови, 291); *ќе-го-доѿер'ува:ѿ саб'ајлеѿо к'оњоѿ н'еѓоф...*(Текстови, 293); *Кој-ми-'е-зеде сф'иња̀ша?* (Текстови, 295); *Ко-го-заг'убифме еднуш кл'учоѿ ја и-Рен'еша.* (Текстови, 305); *Тр'ебаѿ да-е-к'рша (к'ршиме) в'раѿаша.* Од сите наведени примери можеме да донесеме неколку заклучоци значајни за начинот на формализација на директнозависната именска синтагма, односно акузативната именска синтагма во кичевскиот говор; прво, ако е ИС определена секогаш е проследена со заменска реплика односно со кратка заменска форма, иако од фонетски причини (а записот на дијалектниот материјал е фонетски), не секогаш јасно се гледа формата на кратката заменска форма (пр. *собер'и-си: ѿарѿ'алиѿе< собери си ги ѿарѿалиѿе;)*; второ, кратките заменски форми стојат секогаш пред глаголот, односно како проклитики, освен со синтетските императивни форми и со глаголскиот прилог (примерот *собер'и-си: ѿарѿ'алиѿе,* или *ѿоправ'ајќи-и в'еѓиѿе ќе-г-'истераш 'очиѿе!*), појава карактеристична за стандардниот македонски јазик и за целото западно наречје, при што ваквата западномакедонска линеаризација е од романски тип и е стекната во контактот со

балканските јазици (Тополињска 1995: 57); трето, од примерите може да се заклучи дека ИС во акузативен однос вообичаено се наоѓа зад глаголот, а само во еден од погорните примери е пред глаголот, што е резултат на потребата да се нагласи предметот што е означен со акузативната именска синтагма.

Пример со определен аргумент во акузатив без заменска реплика во нашите текстови најдовме само еден, и неколку такви примери регистриравме во приказните од Црско: *...имаме д'есет д'ена даси-на'учиме пр'едметот, пр'аксава* (Текстови, 309), *За да не кажет тој оти на царот му израсле рогои заповеда да му пресечат главата на еќимот.* (Црско, 29-30).; *Тој многу арно им пасеше гојдата за тоа и сите селани го милуја и го пригледуја кој со какво моџше.* (Црско, 61). Во првиот пример, ексцерпиран од текстовите што ги собравме на терен, можеби првобитно глаголот е употребен самостојно, без аргумент во акузатив, а потоа е додаден аргументот за да се појасни содржината, а во примерите од збирката приказни од Црско веројатно се работи за некакво влијание што го претрпел запишувачот од средината во која живеел (живеел во Бугарија, а за бугарскиот јазик не е карактеристично удвојување на директниот објект сп. Граматика 1993.) Во секој случај, вакви примери во кичевскиот говор се малку, и, освен некои исклучоци од овој тип, можат да се слушнат само скаменетите изрази, што и Конески ги наведува во Граматиката, од типот: *кршш вратот, барај си крајот* (Конески 1981: 262). Обратно, удвојување на неопределен аргумент во акузативен однос со кратка заменска форма има, и тие се главно именски синтагми кои не се членувани, но се определени на некој начин со други зборови, најчесто со неопределениот член *еден*: *Го- в'идоф едно-д'ете, се-в'рткаше в'о-двор.* Ваквите примери се карактеристични и за стандардниот јазик (Конески 1954: 44).

Доколку е акузативната именска синтагма со неидентификуван референт, таа не се удвојува т.е. нема заменска реплика: *...н'ие ќе-ти-д'ајме еден бесценет камен...*(Текстови, 271); *н'ие н'осефме пченка...* (Текстови, 275); *...зел еден колбас...* (Текстови, 287); *И се-н'осит и-л'ейче, н'афора...* (Текстови, 291); *...да -'има н'ешто дапр'ода:, ч'аршафи, постел'ини...*(Текстови, 311).

Директниот објект пак, кој е тема на исказот може да биде изразен само со кратка заменска форма: *Си било едно дете...И што-да прат дом'ашните, го-п'уштиле и-ст'ално си-'играло, само со-п'ейел си-'играло.* (Текстови, 271).

4.1.1.5.1.2.4. Кај ИС во акузативен однос, како и кај оние во номинативен однос, се сретнуваме со појавата на семантичка конгру-

енција по број кај колективните именки, па така сретнуваме употреба на кратка заменска форма за множина во функција на удвоен предмет на именката *мало* (која формално е во еднина): *И-п'ојдофме Б'елград, се-вр'атифме, сфе, и-с'ега, та: и-с'обрала ц'ело м'ало и-в'елит...*(Текстови, 281). Истата ситуација ја имаме и во следниов пример: *И-с'обрала ц'ело с'ело.*

При употребата на социјативната множина кај ИС во акузативен однос, често во кичевскиот говор се сретнуваме со множинска конгруенција во поглед на заменската реплика: *И-тој в'еќе се-згр'анал, се-з'ачудел, го-п'оставил на...ги-п'оставил со-к'еркаша нач'ело на-м'асаша...* (Текстови, 272); но и: *...и го з'ел за-престолон'аследник, Пепеш'аркоша со-к'еркаша и ш'ака си-цар'увале.* (Текстови, 272).

Во текстовите се сретнавме и со пример каде што има дуплирана ознака за определеност кај акузативната именската синтагма, при што таа дуплирана ознака е со показна заменка, појава регистрирана кај синтагмите во номинативен падежен однос: *Ама тој к'аменоп б'есценеп си-го-ч'увало н'еде скр'иен.* (Текстови, 271).

4.1.1.5.1.2.5. При анализата на ИС во номинативен однос веќе спомнавме дека во јазикот се појавуваат конструкции во кои појдовниот номинативен аргумент е поместен од својата привилегирана позиција на позиција на објект (директен или индиректен) што синтаксички се сигнализира со кратка заменска форма. Овде ќе ги наведеме таквите конструкции кои најчесто изразуваат психички или физички состојби кај човекот, а во кои вршителот на дејството е поместен во позиција на акузатив и е изразен со кратка заменска форма за директен објект: *Ме-ст'егап.; Ме-д'авип во-в'ратоф н'ешто.; Ме-г'ушип.*

Именска синтагма во акузативен падежен однос се јавува и кај глаголи од типот: *шепа, седи* и сл. кои со вторична деривација стануваат транзитивни: *Го-ш'епа д'етево.*; *И-го-с'еднал п'опот, ама п'опот бил мал, а 'овај п'округен маш.* (Текстови, 295) итн. или *М'ажоп-ми в'еќе ќе-ме-'умрет.*

Директен објект можеме да сретнеме и кај глаголи на движење коишто, како секундарно транзитивизирани, отвораат место за трпител на дејството, а во таква улога се јавува именската синтагма што би требало да претставува локализатор на дејството, односно ознака на просторот што го поминува вршителот на дејството: *Го-ш'еташ ц'ело п'оле.; Е-ск'ока д'уѓкава ко-н'ишто!* Треба да нагласиме дека вакви реченици се ретки во кичевскиот говор, а почести се оние кои се формализирани на начин што се базира на

стариот словенски модел - со глаголски префикс или со предлог: *Шеташ по-ц'ело п'оле.; Е- пр'ескока д'упкава ко-н'ишто!*

Глаголот *трае* може да биде употребен со акузативна именска синтагма како десна валенција на овој глагол: *Сост'анокот ќе-тр'ајт шес с'а:ти.* Инаку, овој глагол главно се употребува со прилошки определби од типот: *Ова-цв'еќе трајт на-г'олем стут.; Летно вр'еме д'олго трајт д'еност.; Рестрикц'ијата ќе-трајт от - саб'ајле д'о-вечер.*

4.1.1.5.1.2.6. Посебна семантички мотивирана варијанта на акузативен однос во македонскиот јазик, а што е карактеристична и за кичевскиот говор е изразување на директниот објект со предлогот *од* + именска синтагма во ситуации кога именската синтагма има за референт дел од определено идентификувано количество од некоја супстанција или пак дел од некое идентификувано множество: *...донеси- ми од-д'уњине.* (Текстови, 305) (Тополињска 1995: 118). Ваквиот директен објект е од секундарно потекло; се работи за специфичен начин на изразување на партитивност каде осамостоената *од-* именска синтагма ќе ја реконструираме како **(дел) од...* и ќе ја разгледаме во делот посветен на изразување на генитивниот однос (види: 4.1.1.5.1.7.).

4.1.1.5.1.3. *Именски синтагми во датив*ен однос

Најкарактеристичната особеност во деклинацијата на кичевскиот говор, како што истакнува Б. Видоески, е зачувувањето на дативните флексивни форми кај личните и роднинските именки од машки и од женски род (Видоески 1957: 61). Пред да преминеме на изложување на ситуацијата во поглед на дативот денес во Кичевско, ќе се задржиме малку на самото поимање на дативот.

4.1.1.5.1.3.1. Дативот претставува падежен однос помеѓу предикативниот израз и именската синтагма - назив на второто живо суштество, што зема учество во предикацијата, односно, покрај номинативот, дативот е тој што е најчесто резервиран за второ лице (второ живо суштество, стихија, автомат) ангажирано во дејството (Тополињска 1995: 74). Има повеќе такви глаголи коишто покрај номинатив задолжително бараат и датив, а тоа се глаголите на зборување, давање-земање и сл. Пример: *Петре му даде книга на Никола.* Како што се гледа од примеров, во стандардниот македонски јазик дативот се изразува на тој начин што именската синтагма што претставува аргумент во дативен падежен однос е придружена со

предлогот *на* и со кратката заменска форма на личната заменка за датив. Меѓутоа, во кичевскиот говор, како и во некои други западни македонски говори, кај личните и роднинските именки се зачувала флексија, односно дативниот однос кај овој тип именки се изразува со посебна наставка. Примери: *Му-д'адоф Т'омее п'иперки.; Му-р'екоф Сп'ојану да-го-п'ойрајт сп'олето.; Д'ај-и М'илеви од-пр'аскипе д-и-пр'обат; Л'азое му-го-д'адоф к'есето.; Б'орчее му-и-д'адоф..;.Сп'ојану му-'услужиф.; Томее му-и-д'адоф ал'иштата.* Овде ќе се задржиме на начинот на изразување на дативниот однос од синтаксички аспект, значи на дативниот однос сфатен како „граматичка зависност од глагол на една именска синтагма оформена или како синтетски падежен облик што по формата го континуира стариот датив или како предлошка конструкција составена од граматичкиот предлог *на* и од таканаречениот casus generalis" (Тополињска 1995: 87-88).

4.1.1.5.1.3.2. Во кичевскиот говор кај личните и роднинските имиња се чуваат синтетски дативни форми од овој тип: *Трајану, Душану, Маркое / Маркошу, Крспее / Крспешу, Николу; сину, тетину, вујчешу, богу, господу, чојку* (кај именки од машки род); *Мари, Илинки, Косари, Дончојци, Невени, Цвети, мајки, баби, тетки, стрини* (кај именки од женски род). Како што се гледа од примерите, кај именките од машки род доминира наставката *-у* од старата -о- основа, освен кај имињата што завршуваат на *-о* кај коишто имаме појава и на наставката *-(j)e* (со хијатско *j*, <*ве*) од кратко -*u- основа. Кај именките, пак, од женски род, во градскиот кичевски говор и во поголем дел од селата се генерализирала наставката *-и* од меките основи (Видоески 1957: 62-64). Освен кај сопствените имиња и кај именките што означуваат роднински врски, дативни флексивни форми во голема мера се зачувани и кај заменките. Освен оние што се стандардизирани во македонскиот јазик, а тоа се специјализираните форми на личните заменки за датив (*мене ми, нам ни, тебе ти, вам ви, нему му, нејзе ѝ, ним им, себе си* види: 3.1.2.1.), како и формите на лично-предметните заменки за датив (*кому, чуму),* ги сретнуваме овде и формите од показните заменки: *овему, онему, ове(j)зе, оне(j)зе.* Овие дативни флексивни форми се употребуваат регуларно кај постарата генерација говорители, и во градот и во селата. Примери: *Му-д'адоф Тр'ајчешу п'ила.; Ам'ан пак в'еќе со-сер'и:ве, д'ушата ч'ојку му-е-в'аґа:т.; Ф'ала б'огу, ми-'оздраве д'етево.; И-р'еков В'ери да-д'ојт да-ми-п'омогнет за-"ајвароф.; Мих'ојци и-се-с'онило л'ош с'он.; И-д'адоф 'овејзе л'епче.; Су-му-р'екла М'икошу да -ми-д'ајт п'ари да-к'упа Амбас'адор к'ебина.; Радов'аница му-р'екла Ц'елешу за-н'ивата да-е-д'а:т н'екому н'аполу.; Су-е-р'екла*

М'илеви да-не-зб'орувàт лошо за-јàт'рвàта.; Томее му-и-д'адоф ал'иштàта.; П'етранки (Вес'елинки, В'ери, Л'енки, М'ари) и-д'адоф стф'ариτе.; Арно, сùолај Бо̀гу, τи како си? (Црско 158); *Ќе дајτ алах џелешану и ќе се τрефрлеτе ваму.* (семинарска работа од Хр. Мацоски); *Штò е-'убо: и-Б'о̀гу-е др'аго̀.; Н'ему му-д'адоф.; Ними им-д'адоф.; Нас ни-д'адо:.; Вас ви-д'адо:.* (последниве примери каде што имаме дативна синтагма во рема изразена со долги форми на casus generalis од личните заменки за прво и за второ лице множина, ни укажуваат на фактот дека кај овие лица се генерализирала старата акузативна форма за изразување и на дативниот и на акузативниот падежен однос; кај третото лице множина, пак, ситуацијата е посложена, таму и двете морфолошки форми, и дативната и акузативната се употребуваат и во двете функции; види т.: 3.1.2.1). Во примерите што ги наведовме флексивните дативни форми изразуваат дативна падежна функција. Но, освен дативна, овие форми, кога се во адноминална позиција, можат да изразуваат и генитивна посесивна функција како во примерите: *Сùин-му Сτ'ојану τ'ошол в'ојник.; Ќ'ерка-е В'аски изб'ега̀ла б'ега̀лка за-П'етрета од-Д'оленци.;* и со дативни форми од заменките: *Таτко-му н'ему, џ'аро̀τ со-τ'оари ж'ļτици τ'оарчил.; Таτко-му 'овему б'еше кмеτ.; Таτко-е н'ејзе, џ'аро̀τ, се-н'аучи о̀τ-л'уѓе, 'о̀τи 'Ара̀о̀τ го -н'емаτ в'еќе.* (Видоески 1957: 76-77), но за оваа функција повеќе ќе зборуваме во делот посветен на изразување на генитивниот однос (види: 4.1.1.5.1.7.).

Изразувањето на двата односа и на дативниот и на генитивниот од страна на старите морфолошки облици на датив е карактеристика на западните македонски дијалекти. Оваа ситуација се вклопува во поширок балкански контекст затоа што „меѓу типичните балканизми обично се набројува совпаѓањето на морфолошките форми на дативот и на генитивот соодветно во полза на едната, односно на другата форма." (Тополињска 2000: 1231). Така во албанскиот постојат морфолошки форми на дативот, во дел од ароманските системи, ако се прифати за критериум флексијата на постпозитивниот член, постојат исто така дативни форми; во грчкиот пак, се чуваат морфолошки форми на генитивот. Овие стари морфолошки форми, било да се генитивни или дативни, се способни да ги изразуваат и двата односа. Причина за ваквата нивна способност е фактот што и дативот и генитивот како референти најчесто имаат живо суштество, и тоа најчесто човек, и во најголем број случаи тој референт е определен. Оттука и двата падежни односа можат да се изразат со исти морфолошки форми затоа што се јавуваат во различни позиции во реченицата, дативната функција во

адвербална позиција, а генитивната функција во адноминална позиција.

4.1.1.5.1.3.3. Освен со досега анализираните морфолошки дативни форми, во кичевскиот говор дативниот однос може да се изрази и со предлогот *на* + *casus generalis*. Кај помладите генерации говорители доминира ваквиот начин на изразување. Примери: *Муд'адоф на-В'ојота п'окана.; На-т'атета му-се-сл'ошило.; На-В'ера ик'упиле ст'ан.; Му-р'екоф на-Д'онета (на Марка, на Никола)* (Видоески 1957: 62)*; На-В'ецкота (на-Сашета, на-Ст'ојана, на-Силјана, на-П'етрета) му-п'омогнаф.; Ја му-р'екоф на-Бр'анкота.; Д'ушата на-ч'ојка му-е-в'аґаːт.*

Општата падежна форма или *casus generalis* во кичевскиот говор има навистина широка употреба. Освен за изразување на дативниот однос каде што се употребува со предлогот *на* и за изразување на акузативен однос каде што се употребува без предлог, таа се користи и во сите предлошки конструкции и заедно со предлозите може да изразува различни падежни односи (Сп. ги следниве примери: *И кој-ќ'е-ојт кај-Кржиќа во -еден п'о-полноќ...*(Текстови, 278) (casus generalis од презиме) *...В'аса Пол'ежина 'ојше да-се-п'ородит со-М'омчила* (Текстови, 280); *Збор'ујше н'ешто за-Бр'анкота.; ...'и-таја не-зн'ајла да-му-к'ажет како-да-одґ'оорит прет-с'ина-му от-ц'арот.* (Видоески 2000в: 79)).

4.1.1.5.1.3.4. Кај начините на изразување на дативниот однос во кичевскиот говор ќе го споменеме уште оној што е карактеристичен за стандардниот јазик, а тоа е следниов: *на* + именска синтагма при што именската синтагма е во основната номинативна форма.

4.1.1.5.1.3.5. Бидејќи именската синтагма во датив најчесто е определена, секогаш е придружена и со кратка заменска форма како граматички показател на дативниот падежен однос кај синтагмите маркирани како (+def). Примери: *И-р'екоф на-н'оватa уч'ителка, дад'ојт к'ај-нас.; Му-д'адоф на-'еден пр'ијател п'ари.; Им-р'екоф на-син'ој-му да-ми-п'омогнат.; На-'Ели и-р'екоф. Сака на-с'ите да-им-д'а: да-ј'адат.* (Текстови, 276). Притоа, ќе нагласиме дека кратката заменска форма е секогаш во препозиција односно е проклитика и дури може да се најде на самиот почеток на реченицата, ситуација со балкански корени за којашто веќе укажавме во делот посветен на акузативната именска синтагма (види: 4.1.1.5.1.2.3.), а линеаризацијата на дативната и на акузативната реплика е иста како и во стандардот, т. е. прво е дативната, па акузативната кратка заменска форма.

Како што може да се заклучи од сите досегашни примери за дативниот падежен однос, во оваа позиција скоро без исклучок се јавува аргумент чијшто референт е живо суштество, односно (+anim).

Заменската реплика којашто се појавува кај сите примери со определен аргумент и во дативниот и во акузативниот падежен однос, претставува една од балканските црти, т.н. удвојување на предметот и се сретнува и во другите балкански јазици. Во кичевскиот говор, како што е всушност и во западните македонски говори во целина, отстапки од удвојувањето на предметот речиси и да нема (за разлика од источните македонски говори). Удвојување на предметот може да отсуствува некогаш при изразувањето на дативниот падежен однос. Пример: *Ќе-д'аа (П'етрету) на-П'етрета п'ари колку-што ќе-р'ечет само-да-ми -н'апрајт 'уба: вр'ата.* Која е причината што во вакви случаи не мора да има заменска реплика? Веројатно се работи за чување на една постара состојба во јазикот, кога синтетската падежна форма сама по себе е доволно изразна за да не мора да се прецизира дативната релација и со кратка заменска форма. И конструкцијата *на+casus generalis* е исто така доволно јасна и еднозначно го изразува дативниот аргумент (адвербалната позиција секако тука игра битна улога за да не дојде до мешање со генитивниот однос).

4.1.1.5.1.3.6. Кога сме кај кратките заменски форми и нивната употреба, треба да споменеме една специфичност кај заменката за женски род, трето лице, еднина. Во кичевскиот говор, за женски род еднина се јавуваат две кратки заменски форми *и* и *(j)е*, со тоа што формата *и* се употребува во адвербална позиција, а формата *(j)е* во адноминална позиција. Најдобро се гледа нивната различна функција кога се употребени во една иста реченица. Пример: *На-к'ерка-е и-к'упи сп'ан и-д'уќан.* Вакво зачувување на старата разлика меѓу заменскиот генитив и датив постои и во други западни македонски дијалекти кои зачувале архаични црти, како на пример, во бобоштенскиот (Тополињска 1995: 75).

4.1.1.5.1.3.7. Во конструкциите со блокирана номинативна позиција, многу често 'носителот' на дејството е деградиран на дативната позиција и е изразен само со кратка дативна заменска форма: *ми- се-јадет, ми-сп'удит, ми-е-жал; ми-се-ш'етат, ми-се-гл'едат филм, ми-се-п'иет, ми-се-к'апет, ми кусит* (= сум способен да направам нешто без многу размислување), *ми-се-'ојт на-к'орзо, ми-се-'ојт н'а-море.; Четрстр'ета ми-се-ч'инит.* (Текстови, 277); *'Едно и-б'еше ж'ал за-'Ивана, а-'едно т'олку с-уп'ашила 'и-н'ејзи ж'ѧчката ќ-и-п'укнела.* (Текстови, 278); *...ама н'еѕи и-б'ило мн'оѓу то: интер'есно.*

(Текстови, 281); *п'ошто ми-се-сѓ'емни да-си-п'ојда во-с'елото м'ое!* (Текстови, 284).

Како посебни изрази во кои вршителот на дејството е дегради-ран на дативна позиција, а во номинативната позиција се јавува некаков предмет на дејството, се изразите од типот: *ми пукна филмот* (=се налутив, излегов од контрола); *ми се врти филмоф* (= се присетувам).

Конструкции со „двоен адресат" од типот: *Ана му-д'ават п'ари на-Б'ориза за-Бр'анка* постојат во кичевскиот говор, иако не се многу чести во употребата. Истата содржина, нормално, може да се изрази и со поинаква линеаризација каде што вториот адресат е всушност дел на именската синтагма која го изразува директниот предмет: *'Ана му-д'ават на-Б'ориза п'ари за-Бр'анка.*

Кај глаголите коишто отвораат место покрај за директен предмет и за уште еден предмет со кој се искажува оној за кого е наменет директниот предмет од типот 'прави нешто на некого/ или за некого' во кичевскиот говор пообична е појавата на индиректен предмет отколку на предлошки предмет па така, почесто ќе се слушне: *Д'ана и-ш'иет с'ега бл'уза на-Мар'ина.;* отколку: *Ш'ија бл'уза за-Мар'ина.; И-за-Д'анче 'една с'ошиф и-за-Мар'ина 'една.* Примери: *...ај да-ми-п'ојш ф-чаршија, да-ми-к'упиш...да-ми-к'упиш ш'еќер, кис'елина...*(Текстови, 273). *Д'ојчин од-Бр'атка стр'ико фр'анцуски што-тн пред'аваше.* (Текстови, 277). *...му-'излегла волшебн'ицата на-пат.* (Текстови, 279). Од примерите се гледа дека, дури и со глаголи на движење, како кај глаголите *појш* и *излегла,* имаме региран индиректен предмет што значи дека и тука пообична е конструкција со индиректен предмет отколку со предлошки предмет (што е повообичаено за стандардот; види: Интенцијално – синтаксички речник... 2001: 122).

Конструкциите со дативно - генитивен јазол во кои со кратката заменска форма за индиректен предмет употребена пред предикатот во реченицата, се изразува посвојност, се чести во кичевскиот говор: *Му-вл'егофме во-к'уќата // во-гар'ажата.* (со значење: 'влеговме во неговата куќа /гаража'); *Му-вл'егофме во-ж'ивотот.; И-сеис'ушило б'афчето.; И-ов'енале цвеќ'ињата.; И-'украле ар'ами: цвеќ'ињата.; И-е-б'аци р'акаша.* Реченици од типот: *Е-б'аци нејз'ината р'ака* не се употребуваат во кичевскиот говор, туку се вели: *И-е-б'аци р'акаша на-Д'онка.* Реченица во која би се изразила генитивната релација 'дел от телото' само со именска конструкција со предлогот *од* како во следниов пример: Е-*б'аци р'акаша од-Д'онка* се употребува повеќе само кога се сака да се направи споредба со некој друг

предмет кој припаѓа на друг референт: *М'оре:, од-Д'онка р'акаша е-б'аци, а-н'е м'ојва:!.*

4.1.1.5.1.3.8. Во кичевскиот говор често се употребуваат кратките заменски форми за индиректен објект со значење на dativus ethicus: *Ама-си-ми-'убаф, ш'ој на-ш'еша!; Што-ш'и-пр'ајш Д'онка, 'арна-е?; Како-м'и-ши-е д'енеска м'ешето?.* Во ваквите реченици со кратката дативна форма не се искажува некое посебно значење, ами се изразува субјективно интимен однос кон соопштувањето во реченицата (Конески 1981: 325). Во примериве што ги наведовме овде употребата на кратката заменска дативна форма не е импликувана од страна на предикатот ами изразува на семантички план надградена конструкција 'внимавај, тебе ти се обраќам' (Тополињска 1995: 99), со тоа што во сите три примери со овие заменски форми дополнително се потсилува фамилијарната врска, или на говорителот со адресатот (кај употребената заменска форма *ми*) или на адресатот со друг аргумент во реченицата (при употреба на заменската форма *ши*). Овде треба да ја истакнеме и честата употреба на повратната дативна заменка во реченици од типот *си било едно дете...и-сш'ално си-'иг̃рало, с'амо со-п'ейел 'иг̃рало.* (Текстови, 271). *...ама ш̃ој к'аменош б'есценеш си-г̃о-ч'увало н'ег̃де скр'иен.* (Текстови, 271). Во вакви позиции *си* ја потенцира ангажираноста на субјектот во дејството, и, како што може да се заклучи од примерите, се појавува до „глаголи - експоненти на предикати кои не имплицираат „дативен" аргумент". Оваа употреба во основа е стилска и е знак на неформално фамилијарно кажување (Тополињска 1995: 77). Ќе наведеме уште неколку такви примери што ги сретнавме во нашите текстови: *И- ја си-к'ўпујф.* (Текстови, 273), (не со значење дека говорителот купува за себе, туку дека купува за комшивката, од што јасно произлегува потенцирањето на ангажираноста на субјектот; види контекст); *...и-си-'избеѓа н'а-улица и-м-'оспај да-п'аѓа.* (Текстови, 274); *...ко-пошкоманда с'ише си-е-д'рже: ч'испа р'екава р'азбираш! ...с'ише ч'испи, си-е-ч'ува:.* (Текстови, 274); *С-'имаш ш'аму ш̃ој да-г̃о-д'обераш од-д'рво.* (Текстови, 275); *...си-пос'адиле д'о-ним 'одма...си-пос'адиле к'ом-пири...*(Текстови, 276); *И-ш'ака си-сш'анал кр'алски син и ш'ака.* (Текстови, 280); *И си-е-зап'ослија в-б'анка.. .*(Текстови, 282).

4.1.1.5.1.4. *Именски синшаѓми во инсшрумен̃шален однос*

Именските синтагми кои се во зависен однос спрема предикатскиот израз, а со кои се изразува средството, начинот на кој се извршува дејството изразено со глаголот, или пак придружбата на

вршителот на дејството се наоѓаат во инструментален падежен однос. Овде накратко ќе ги разгледаме начините на кои се формализира инструменталниот однос во кичевскиот говор.

4.1.1.5.1.4.1. Основен начин во кичевскиот говор, а и во стандардот, е изразување на инструменталот со зависна предлошка именска синтагма со предлогот *со: М'енујф к'остење со-џ'енка.; С'аше ф'рлаш со-к'амен по-Ф'илиша.; ...а џ'арскаша ќерка да фрлиш со ј'аболко...*(Текстови, 271); *...и-да-'ода во-в'ојна со-'оружје све.* (Текстови, 334); *Б'убе, с'еѓа ја со-мр'ежи.* (Текстови, 273); *...комшијаша се-з'адавил со-к'олбас.* (Текстови, 287); *Ама со-роѓ'ојше се-з'ајнал, а л'авош џ'очнал да-ш̣рчаш* ...(Текстови, 290); *...и ќа им речиш и со уста, шоа шшо им џшуа...*(Црско, 73); *П'авле џ'ишујш со неѓ'ојош ноф м'олиф.; Ф'ана с'ечеш леј со-нош.; Те-ч'екаф со-р'адос.; Со-д'уша ше-ч'екаф.; Со-сшраф ѓо-џ'иеф л'екош.; Со-сшраф ѓи-сл'ушаф в'есшише.; ...џ'аднала з'аедно со-вр'еќаша.* (Текстови, 288). Од примериве се гледа дека двете основни позиции кои се покриваат со семантичкото поле на инструменталниот падежен однос, т.е. средството и начинот на кој се извршува дејството, се изразуваат на ист начин: со предлогот *со* + именска синтагма. Сега ќе дадеме примери за синтагми во кои со ИС во инструментал се изразува придружба, што е вторична функција на инструменталот: *Џ'елоШо насел'ение сорабоШуваше со-парШиз'аниШе.; Ш'оме зб'орујш со-Др'аѓа џ'ел-ден на-џ'елефон.; 'Иван 'играш со-'Ане.; Ане дојде со-П'еШара (со-Ф'илиша, со-К'аше); ...и-ѓо з'ел за-прешолон'аследник Пелеш'аркоша со ќ'еркаша и-ш'ака си-цар'увале.*(Текстови, 272); *Н'ие со-Б'уба б'ефме 'исшо ко-с'ијамски бл'изнаци* (Текстови, 273); *А-м'ама со-Мил"анчеша џ'окоен ко-б'ила по-к'апинки* (Текстови, 281); *И-'ајде џ'осле, пр'аШил 'овај М'иле з'еШоф, со-М'иха се-џ'ознавал, со-с'естра-му 'учел М'иха...*(Текстови, 289); *се-пр'ошија со-м'ајка-им...*(Црско, 71). Како што се гледа од примерите, и оваа функција на инструменталниот падежен однос се изразува со *со + ИС.* Треба да нагласиме дека овде предлогот *со* како и другите предлози кои се јавуваат во предлошките именски синтагми, а кои подолу ќе ги разгледаме, (за разлика од предлогот *на* при изразувањето на дативниот однос чија функција е чисто граматичка) не се лишени од семантика. Предлозите во ваква употреба, освен што претставуваат сигнали за граматичкиот зависен карактер на именската синтагма, тие функционално ги дополнуваат и предикатските изрази на две нивоа: „семантички, доуточнувајќи ја предикатската содржина, и граматички, служејќи како дополнителни експоненти на глаголската рекција“ (Тополињска 1995: 105).

4.1.1.5.1.4.2. Во кичевскиот говор, иако ретко, се јавуваат позиции на т.н. двоен директен објект, појава што се сретнува и во другите македонски говори. Тоа се всушност содржини кои во другите словенски јазици што познаваат морфолошки падежни форми се оформуваат како инструментал. Вакви примери најчесто сретнуваме кај троаргументни предикати од типот *X го наполнува /полни Y со Z.* при што X е каузатор / вршител на дејството , Y е контејнер, а Z она што како резултат на дејството ќе се најде во контејнерот. (Тополињска 1995: 101). Во вакви ситуации Z е втор објект кој по своите карактеристики изгледа како да е директен објект, но тој се однесува различно од директниот објект со тоа што не се членува и никогаш не добива заменска реплика, а во однос на немаркираната линеаризација, секогаш се наоѓа по правиот директен објект. Затоа го нарекуваме 'вторичен објект'. Примери: *И д'ојде м'ама р'ече, л'еле, н'ифчето т'ука п̣но-е к'отпири...*(Текстови, 276); *...и-две-три п̣лни к'орпи, 'олкај в'ака, дон'есофме д'ома к'отпири.* (Текстови, 276). Првиот пример е карактеристичен по тоа што овде директниот објект (*н'ива*) е поместен во позиција на субјект на кој му се припишува својство (*'е полна*'), па затоа во ваква реченица е поедноставно да се употреби беспредлошка именска синтагма во функција на инструментал. Во вториот пример, синтагмата *п̣лни к'орпи ...к'отпири,* освен како т.н. вторичен објект, можеме да ја толкуваме и како генитивна синтагма. Оттука произлегува дека во кичевскиот говор не се сретнува многу често т.н. вторичен објект. Во реченици каде предикатите имплицираат по два предмета (од овој тип како горе споменатите примери, т.е. каузативи) многу почесто се користи зависна предлошка именска синтагма со предлогот *со: М'ама го-т'п̣нит к'азаноп со-в'ода за-да-е-сф'арит рак'ијата.; Саше го-т'покрил кр'евепот со-к'ебе.; и-т'ие што-к-'идап од'оздола со-п̣ченка п̣лна к'олава...*(Текстови, 275); *Б'еше бре р'ека б'еше, р'ека в'истинска, 'уба:, ек'олошки здр'ава, со-т'олку р'иби.* (Текстови, 275); *Сеѓа ќе-се-напл̣ниме со-аран'ифчиња.* (Текстови, 290). Сепак, во приказните од Црско најдовме примери со вторичен објект и ќе ги наведеме: *Мајка му пак му напл̣ни едни дисаѓи пари.* (Црско, 71), *...и си напл̣нија по едни дисаѓи алпани...*(Црско, 116); но и: *...ја су зарачал да пи напраат една убаа ѓемија и ќа пи ја напл̣на со секакви стоки...*(Црско, 77); *Секој после ја зеде в рака чашата и ја напл̣ни со вода да плиснеп и да видип..*(Црско, 140); *...ја секојпат ќа пи носа по едни дисаѓи п̣лни со злапо.* (Црско, 175).

Со глаголот *фрла / фрли* предметот со кој се извршува дејството, освен со инструментална падежна именска синтагма со пред-

логот *со*, може да се изрази и со директно зависна именска синтагма односно со ИС во акузативен однос: *Саше ф'рлаш со-к'амен по-Ф'илипа. / Саше ф'рлаш к'амен по-Филипа.* Други вакви глаголи што имаат двојна рекција, акузативна и инструментална се следниве, со кои, се разбира, не се исцрпува списокот на сите вакви глаголи: *јава коњ/ со коњ; свири виолина, тамбура* итн. */ со виолина, со тамбура* итн; и др. Примери: *Тој јавна коњош и оттиде пак во тој ѓрад...*(Црско, 71); *Одејќи така зачу кај свирит еден чоек со тамбура во една куќа.* (Црско, 71). Глаголот *јавне* го сретнавме и со локативна рекција во примерот *...јавнал на еден црн коњ коа некој дух.* (Црско, 43). Глаголот *владее* во кичевскиот говор има инструментална рекција и, евентуално локативна, но не и акузативна: *Царот вл'адејл со-една-држава. / Ц'арот вл'адејл во-една-д'ржава.;*

За кичевскиот говор исто така не е многу својствено промовирање на инструментални синтагми во номинативна позиција, па така најчесто би се рекло: *П'етар ѓо-ск'рши пенц'ерето со-к'амен.* или: *Го скршиле пенцерето со камен* доколку не е познат сторителот, но многу поретко би се рекло: *К'аменот ѓо-ск'рши пенц'ерето.*, и тоа само во ситуации кога сакаме со тоа да истакнеме спротивставеност на информацијата наспроти некоја друга информација: *Каменот ѓо скрши пенцерето, а не ветрот.* Затоа пак конструкции од типот: *'ова п'енкало 'убо п'ишуј.* се многу пообични, веројатно затоа што кај вакви реченици како основна се јавува информацијата за квалитетот на предметот што е изразен со инструменталната именска синтагма, во случајов авансирана во номинативна позиција.

И-п'очнале да-в'рват н'арот, н'арот, н'арот, со-пол'иција ѓо-с'обрале и-Пеплешаркота. Даденов пример може да се толкува на два начини: или се работи за реченица во која вршителот на дејството не се појавува на површина, а синтагмата *со полиција* претставува придружба на извршителите на дејството, или пак појдовниот аргумент, доколку е тоа синтагмата *со полиција* е изразен со инструментал, односно е вторично деградиран на местото на инструментална падежна именска синтагма.

4.1.1.5.1.5. *Именски синтагми во локативен однос*

Под локативен однос се подразбира семантичка релација меѓу предикатот и/или предикатско - аргументската структура и локализаторот на соодветното дејство (Тополињска 1995: 88).

Показатели на семантичка зависност на именските синтагми кои се во локативен однос во кичевскиот говор има неколку. Локативната именска синтагма може да биде беспредлошка, но најчесто е предлошка, при што тука предлозите не се лишени од семантика (како кај граматичката употреба на предлогот *на* при изразувањето на дативниот однос), ами тие носат права семантичка, предикативна информација (види: 4.1.1.5.1.4.1.).

4.1.1.5.1.5.1. Ќе почнеме од беспредлошките локативни синтагми кои укажуваат правец на движење во просторот и се чести во кичевскиот говор: *Ојт Б'итола. Ојт Скоп̄је (*паралелно со: *во-Ск'оп̄је//ф-Ск'оп̄је.) Замина Туин (Кладник) (//...ф-Туин, ф-Кладник); ...и-п̄'ојдофме Б'елг̄рат, се вр'атифме, сфе...*(Текстови, 281)*; И-ај Ск'оп̄је п̄'ојдоф, ов'а-време, т̄ро п̄'одоцна...* (Текстови, 282). Од примерите може да се заклучи дека беспредлошките локативни именски синтагми кога се употребени со називи на топоними кои се определени и пошироко познати, не создаваат никаква нејасност во поглед на информацијата што се донесува. Затоа пак, кога се употребуваат општи именки како називи на населено место кои се немаркирани по определеност, редовно се употребува предлогот *в (ф)*: *З'амина ф-с'ело, в-г̄рад, ф-ст̄ранство.* Според примерите, може да се заклучи, исто така, дека беспредлошки конструкции главно сретнуваме со глаголи на движење: најчесто со глаголот *ојт̄*, а поретко со глаголите *т̄рг̄ат и заминујт̄* (*Тр̧г̄аме Крушино!; Ут̄ре комшијана заминујт̄ Италија*) со кои сепак, неретко, се сретнуваат и предлошки конструкции со предлозите *за, во* или *на: Саб'ајле р'ано ќе-т̄'рг̄на за-Д'ебар.; Тр̧г̄аме за-Охрит̄.; 'ојме со-Л'ела ние за-Б'елг̄рат.* (Текстови, 281); *Зам'ина: во-Грција н'а-одмор; ...за-п̄'ороѓај си-'ојше во-Б'елг̄рат.* (Текстови, 280); *...ко-'ут̄еха да-си-се-'ут̄ешит̄ во-Тасос з'аминал.* (Текстови, 303); *...не на-Тасос да-си-'одат̄ да-си-т̄р'ошат̄.* (Текстови, 303) (во последниов пример предлогот *на* се употребува со пространственото значење 'положба згора врз нешто', едно од основните значења на овој предлог (сп. Конески Б. 1981: 519), инаку вообичаена употреба кога се работи за остров).

4.1.1.5.1.5.2. Со општи именки кои означуваат место, ако се работи за отворен простор, главно се употребува предлогот *на* (и со глаголи на движење и со статични глаголи на престојување некаде): *З'амина н'а-нива.; Појдофме на-р'ека; Сит̄е т̄ројца биле н'а-бафче; Му-'излег̄ла волшебн'ицата н'а-п̄ат̄.* (Текстови, 279); *...на-'ист̄ата п̄'орт̄а д'ошол 'Ит̄ар П'ејо.* (Текстови, 284); *И т̄ој г̄о-'обесил к'от̄лет̄о, на-некој- 'емиш, на-н'екое ѓ̧аблко, г̄'оре.* (Текстови, 290). Од примериве лесно може да се заклучи дека предлошките синтагми со

на + општа именка главно означуваат место кое не е определено. Ако пак се сака да се определи местото, тогаш се употребува многу често предлогот *кај* + определена членувана именка, најчесто со членот *-он, -на, -но -не* или на друг начин (види: референцијална карактеристика на именската синтагма): *Иг̀рафме кај рекана; Го заг̀убиф клучоѿ кај школоно; берефме чај кај бафчено наше; ...н'а-д'уќан кај-ѿ'аѿко-ми.* (Текстови, 297). Од последниот пример се гледа дека *кај* + именска синтагма се употребува во кичевскиот говор и за изразување на одушевен локализатор, за што ќе наведеме уште неколку примери: *...и-си-п̀ошла кај-Пейлеш'аркоѿа...* (Текстови, 271); *И-'одаѿ се: кај-ц'ароѿ.* (Текстови, 272); *...а-м'ама б'еше с'ироѿа да-йојѿ кај-ѿеѿа-Тоца...* (Текстови, 276). За изразување на локализираност на дејството со одушевен локализатор се употребуваат и предлозите *йри, у* и *ву*, иако многу поретко отколку предлогот *кај* и со ограничен терен на употреба во југоисточните кичевски села, а не во градскиот говор (види: 3.1.8.). Примери: *Оѿидоа йри мајка си* (Рус); *У Сајкофци направја баскан* (Орл); *Види да не је ву ѿебе йусул'чеѿо* (Рус) (Видоески 1957: 77).

4.1.1.5.1.5.3. За определеност на локацијата, но со прецизирање на точна локализираност се употребуваат синтагми со предлогот *во: во дворон од школоно; во нивана од Карефци имало крадци; ...секој емиш, вишни, шѿо-йосѿ'ојше, кај-Блаж'ејца во-двор.* (Текстови, 335); *...вл'езе во-ч'амец...* (Текстови, 284); *си -е п̀очува ф-ц'р̣ква...* (Текстови, 293).

Со глаголи кои означуваат престој во некој простор, т.е. со статични глаголи задолжително се употребуваат предлошки конструкции: најчесто со предлогот *в/во* или со предлогот *на* (само со неопределени именски синтагми како што веќе истакнавме погоре во текстот): *Беф во-Д̀оленци.; Ја-су д'енеска ф-с'ело (в-м'анасѿир, ф-Скойје).; В'ерка ж'ивејѿ во-Нов'и-Сад.(во-Б'елг̀раѿ); И-'онде во-Темница, во-Темница к'ариш Чакофци...к'арйа 'имаше во-с'амаѿа в'ода...*(Текстови, 274); *...си-се-йрес'елија ѿ'ие за-сѿ'ално во-Б'елг̀раѿ.* (Текстови, 280); *Иво, ѿ'еѿа, б'еше ѿи во-Ман'асѿирец?* (Текстови, 302); *М'иха е-н'а-нива//н'а-бафче.; ...и осѿ'анале н'а-нива* (Текстови, 285).

4.1.1.5.1.5.4. Граница на просторот до кој се оди или од кој се поаѓа т.е. адлативната и аблативната функција соодветно се изразува со предлозите *до* и *од: Да-п̀ојме д-'Осломеј.; И-д'ошле до-кај-офиц'ерски дом.* (Текстови, 282); *Дојде до йорѿаѿа и фаѿи да се молиѿ со-йл'ачење...* (Црско, 46), *Сег̀а се-вр'ак̀аме од-Ск'ойје.; ...и-се-вр'ак̀але се: 'оѿ-шума.* (Текстови, 282); *Б'уба се-вр'аѿи од-Б'иѿола...*

(Текстови, 282); *...р'екол д'ека 'идеш ош-ф'ил'ан с'ело.* (Текстови, 284); *...д'ошорош н'е-беше д'ојден од-Гоштивар...* (Текстови, 310).

4.1.1.5.1.5.5. Движење по површината на нешто или по должината на нешто се изразува со именски синтагми со предлогот *по: Па-'ојфме п'о-грат п'осле...*(Текстови, 275); *...да-си-п'ојдат 'уѓоре по-р'ека̀та д'ека п'о-неа т'ечет зл'ато.* (Текстови, 285); *Н'астрадин си-пр'одолжил по-п'атот.* (Текстови, 285); *Тој од страф не се ни обзираше назад, фати пустина по небото.* (Црско, 65).

4.1.1.5.1.5.6. Локација или движење во внатрешноста на нешто се изразува со предлогот *низ* + именска синтагма: *...ко-п'оминаф н'извода ч'измиве ми-пож'олте:.* (Текстови, 285); *И-се: да-се-сп'асит, да-'избегат, се-п'икна̀л во, низ-дрва̨та да-б'егат.* (Текстови, 290); *И-кост'игнале во-ш'ес на-ст'аница, то: х'аос нис-Тетово...* (Текстови, 309). *После излезе низ градот да се прошетат.* (Црско, 177). Како што се гледа од вториот пример, истото значење (или приближно исто) може да се изрази и со предлогот *во*, па оттука доаѓа колебањето на раскажувачот во поглед на тоа кој предлог да го употреби во конкретниот случај.

4.1.1.5.1.5.7. Лоцираност односно положба од оваа страна на предметот се изразува со предлогот *пред*: *Пред-куќа имавме една уба: дуња.; ...доведете го пред мене тука...*(Црско, 63); *...тие се живи и стојат пред тебе.*(Црско, 156); *Заспала ми је Света Недела, пред лепа црква, пред манастира.* (МНУК, 27).

4.1.1.5.1.5.8. Со спротивно пространствено значење на предлогот *пред* т.е. за означување на положба од онаа страна на даден предмет, се употребува предлогот *зад: Се скрила з'ад-дрво и-м'ислит не-'е-гледа.; ...тој се поз'аслна малу зад кореното на дрвото...*(Црско, 161).

4.1.1.5.1.5.9. Во списокот на предлози со кои се образуваат синтагми кои изразуваат локациона содржина ќе ги додадеме уште предлозите *под* и *над* кои првенствено изразуваат пространствено значење, а кои често се употребуваат: *...седна тој со жената му под тремот на куќата под сенка на една постела ...*(Црско, 62); *...отиде надвор под едно дрво убоо и се навали под сенка до кореното.* (Црско, 161); *...а н'ад-куќа згора имаше една л'ивада.*

4.1.1.5.1.5.10. Беспредлошки синтагми со значење на локација сретнавме и кај општи именки от типот:*...се-д'отерал Пејл'ешарко и-'ојт в'ојна.* (Текстови, 272); *Го-пр'ашале дали р'ека̀та т'ечет зл'ато.* (Текстови, 285). Вториов пример е посебно интересен затоа што примери со речиси исто значење и изразени со исти граматички средства регистрирал Голомб во материјалот од Сухо: *т'ос клајанц*

зашто кр'ъф тиче! С39, на кумл'уку н'ос кл'ајанц в'ода тиче, кәрәф тиче? С40.... Еве што вели Голомб за овие примери: „...не е исклучено дека тука имаме работа со беспредложен додаток за место: *клајанцу* „во кладенецот", па според тоа *кр'ъф, в'ода* би биле подмети.." Голомб 1960/61: 142). Нашиот пример упатува на истиот заклучок т.е. дека *злато* е подмет а *река* е 'беспредложен додаток за место'. Бидејќи се работи за предавање на иста семантика со исти граматички средства во два доста оддалечени дијалекти (и временски и просторно), поопстојни истражувања би ни помогнале да заклучиме дали се работи за карактеристика својствена на една поширока територија на македонските дијалекти или, пак, глаголот *тече* во дијалектите се употребува и како транзитивен со значење 'носи, однесува', па има акузативна рекција (во стандардниот јазик не е регистрирано вакво значење види: Интенцијално - синтаксички речник 6: 18).

Конструкции кои директно кодуваат простор во време сретнуваме и во кичевскиот говор: *Д'о-таму 'имаш дв'а-дена пат.; Од-овде до-Кл'адник 'имаш два-с'а:та пат.* Се работи за просторна релација определена преку временски параметар, појава карактеристична и за други дијалекти (Тополињска 1995:).

Со поголемиот дел од веќе наведениве предлози + именска синтагма можат да се изразат и временски релации, за кои ќе наведеме неколку примери од кичевскиот говор: ... *по-н'еколку д'ена 'идеш*...(Текстови, 290); *То: 'обично си-закаж'увале, 'обично по-двен'едели или за-празн'ициче к'ако-се...* (Текстови, 294); *...во-нед'елата го-'убија...* (Текстови, 298); *Зна една-г'одина 'имаше, б'аба што-ост'ајла д'уњи, во-ј'уни, во-ј'ули м'есец.* (Текстови, 305); *...во-'осум с'атот пред-б'олница да-б'идеме.* (Текстови, 309); *...за два три дена им-ги-д'адо: дипл'омите.* (Текстови, 310); *и таја за неколко време се стори големо дрво со златни лисје.* (Црско, 155); *И-с'ега баш П'еца е-пр'ашував пред-некој-ден...* (Текстови, 311) (за изразувањето на низа посложени релации со помош на предлозите види: 4.1.2.2.2.).

4.1.1.5.1.6. *Именски синтагми во предикативен однос*

4.1.1.5.1.6.1. Именски синтагми во предикативен однос се оние чијашто функција е да му припишат на референтот на една друга именска синтагма извесно множество особини - конотација на поимот - без референција (Тополињска 1997: 191). Овде ќе ги разгледаме именските синтагми во предикативен однос кои се дел од имен-

скиот прирок. Примери: *Ама ѓа: б'еше хр'абра.* (Текстови, 281); *'Ама конд'уриѓе б'иле оѓкр'ојни...* (Текстови, 282); *...сѓана п'ознаѓа и-во-Македонија за-з'емање најѓешки случаи.* (Текстови, 299); *Та: ком'ала, ейѓен б'еше мер'аклија за-кач'ување.* (Текстови, 304); *А с'иноѓ и-сна:ѓа н'е-зна, сн'а:ѓа ѓ'аму с'удија -е,...*(Текстови, 311); *Она б'ило црква!* (Текстови, 284).

Во наведените примери се потрудивме да избереме репрезентативни примери за повеќе видови на предикативни именски синтагми. Како што се гледа од третиот и од четвртиот пример, се сретнуваме и со придавски предикати коишто акомодираат зависни именски синтагми (*сѓ'ана п'ознаѓа ...за-з'емање најѓешки случаи; б'еше мер'аклија за-кач'ување*). Тополињска ја регистрира истата појава и во егејските говори, иако примерите од тој македонски дијалектен дел се малубројни (Тополињска 1995: 21). Во кичевскиот говор лексемите на *-лија* од турско потекло (и не само тие, ами и други заемки од турскиот јазик) многу често се јавуваат во предикативна улога, а некои од нив се резервирани исклучиво за таква функција (види лексички дел). Последниот пример *Она б'ило црква!* (Текстови, 284) е карактеристичен по тоа што како субјектна синтагма ни се јавува показна заменка од среден род, којашто не подлежи на конгруенција со именката од која е конституирана предикативната синтагма. Се работи за појава од словенски небалкански тип, карактеристична и за стандардниот јазик (за разлика, на пример, од егејските говори каде имаме *...ѓојнака не е човек;* наспроти се почесто употребуваното во стандардот *Тоа е човек;* сп. Тополињска 1995: 21).

4.1.1.5.1.6.2. Типично за дијалектниот јазик е глаголот - копула често да биде испуштен од именскиот прирок и прирокот да биде сведен на неговиот именски дел: *А в'амо п'оѓлиѓка, све се-г'л'еда: р'ибиѓе вн'аѓре...*(Текстови, 274); *Б'орче, мл'адо д'еѓе, ѓетнајсеѓ-годишно.* (Текстови, 276); *Тр'ојца од-Ѓонгазда с'иној.* (Текстови, 277); *Пак ѓ'ие р'однини, Олга со-Б'уба, по-Цвеѓа, по-м'ајка-е.* (Текстови, 278); *Бес-ѓ'елефон ѓ'ога.* (Текстови, 289); *...ама п'оѓоф бил мал, а овај п'окруѓен маш.* (Текстови, 295); *Па в'истина, р'ече, ѓи в'ака, д'емек, п'оубаф оѓ-п'оѓоф, п'окруѓен!* (Текстови, 295). Ваков тип реченици, т. н. „номинални реченици" во говорниот јазик се чести затоа што „им се спротивставуваат на класичните конструкции со именски прирок како експресивно маркирани - отсуството на глаголскиот дел го истакнува именскиот дел од прирокот и така често служи за потенцирање на ремата" (Тополињска 1995: 28-29).

Во рамките на именскиот прирок можат да се сретнат именски синтагми кои претставуваат осамостоен именски дел од прирокот кој потоа се присоединува кон еден друг предикатски израз. Притоа, ваквите именски синтагми не се разликуваат суштествено од ИС врзани со глагол-копула, зашто и во двата случаи „именскиот дел од прирокот по дефиниција е немаркиран од гледна точка на категоријата определеност, односно на семантички план има само конотативна, а не и денотативна вредност“ (Тополињска 1995: 17). Пример: *Го-избрале прец'едател.* Во кичевскиот говор значи, се сретнуваат ваков тип именски синтагми, иако истите содржини можеме да ги слушнеме и поинаку изразени, на пример со предлог + ИС како во следниве примери: *Н'е-дај б'оже да-ме-'изберат за-прец'едател на-м'есна за'едница з'адутре.; ..и-го-з'ел за престолон'аследник, Пепеш'аркота со-к'еркаша..* (Текстови, 272). Во дадениве примери се работи за деривирана (кондензирана) реченична конструкција со именски прирок, која во поразвиена форма би била составена од две реченици од кои едната би била онаа со именскиот прирок ('го зеле за да биде престолонаследник').

Од предикатските изрази коишто искажуваат промена на временските и метеоролошките состојби во кичевскиот говор најчесто се користат следниве изрази: *Се-бл'ижит п'олнок (// ближит полнок); идет есен; се-бл'ижит л'етото; се-сир'емат н'евреме; Е-воц'арството д'ошло време...* (Текстови, 271); *Дувнало еден ветар.; Дувнал еден силен ветар.; Еден снег што завеал!* Изразите од типот: *п'омина 'есента (л'етото, з'имата).; ближит летото* не претставуваат предикатски изрази со именска синтагма во предикативен однос, ами нив ги толкуваме како изрази со авансиран неперсонален аргумент во позиција на појдовен аргумент, односно во номинатив (види: 4.1.1.5.1.1.).

Треба да се нагласи дека во кичевскиот говор, освен погоре споменатите изрази, уште почеста е употребата на полнозначни глаголски предикати со ваква функција (без именска предикативна синтагма) од типот: *се стемнујт, се разденујт, застудујт, се заладујт, се запролетујт, се распролетујт, се зазимујт, се зазорујт* и сл.

Во овој дел посветен на именските синтагми во предикативен однос ќе се осврнеме уште на еден тип перифрастични предикатски изрази образувани од глаголите *е, има, прави, стори, фаќа, дава* + неакомодирана именска синтагма најчесто образувана од именки или придавки од турско потекло од типот: *Да-се-к'абил' скршен д'инар не-б'и-дале за-н'ишто.* (види лексика: 5.3.); *Не му-ф'аќај к'усур, р'асеан-е!;*

Не-м'и-прајт м'уабет п'ојќе!; Ми даваш 'изим да-ти-е-з'аврша раб'отата? ; Тој посака на т'атка му да му дајт изим, да појт и при тој јунак да го видит. (Црско, 42); *Таму се стори крсмет и се глави за гојдар да и пасет селските гојда.* (Црско, 61); *...коа виде куемџијата како чесно му работит и му фаќат умот за секакви работи...*(Црско, 62); *Лели си сторил ниет, одај, ама прво појди кај исповедникон, исповедај се...*(Црско 103). Вакви перифрастични изрази се чести во дијалектниот јазик. Тие претставуваат еден вид заемки „на кат", од турскиот јазик, т.е. (1) позајмени се определени предикативни содржини од турскиот јазик и (2) тие содржини се формализирани „на начин што - во рамките на автохтониот македонски (и воопшто словенски) систем -структурно им е најблизок на појдовните турски конструкции". (Тополињска 1995: 38).

4.1.1.5.1.7. *Именски синтагми во генитивен однос*

4.1.1.5.1.7.1. Во генитивен однос се наоѓаат именските синтагми што се зависни од други именски синтагми. Зависната синтагма по формата или го континуира стариот датив, или има облик на предлошка конструкција составена од предлозите *на* и /или *од* и од casus generalis (Тополињска 1995: 88). Со генитивниот однос можат да се изразат неколку релации на вистинска посвојност: релацијата 'X го поседува Y', релацијата 'дел–целина', релацијата 'роднинска врска'. Во кичевскиот говор првиот вид релација на вистинско поседување, доколку се изразува со предлошка конструкција, се изразува само со предлогот *од: до-кај-к'уќана од Др'агета; до-кај-ч'ешмана од-Драгица; дв'орот од-М'ара Ш'ол'анка; ...'имаше ствари от-к'ерките.* (Текстови, 273); *...от-кај-к'уќата од-Благица си-се-ом'ажиле..* (Текстови, 300); *К'уќата от-Ст'ојана е-мн'огу 'уба:.* Како што се забележува од примерите, кај именките кои познаваат морфолошки падежни форми зависната генитивна ИС се наоѓа во casus generalis.

Релацијата на вистинска посвојност во кичевскиот говор може да се изрази и со посвојни придавки, начин што ретко се употребува во кичевскиот говор поради конкуренцијата од другиот начин што претходно го спомнавме – со зависна предлошка именска синтагма (*нивјено од Вецкота*): *Ц'апаше преку-н'ивјено В'ецкој!; Во Бориз'о:но б'афче 'имало ар'ами:.;*

4.1.1.5.1.7.2. Релацијата 'дел–целина' во кичевскиот говор се изразува со предлошки конструкции со предлогот *од*: *едно касајче од*

свет'илебот да каснеше!; Ми дадо: парче од роденденската торта.; Се скршила р'ачката од-т'авата.; Никако не-можа да-г-'измија г'азерот од-кацата.; Така д'ошле на-м'остот од-р'ека̀та. (Текстови, 288); *Е од-ј'азот в'одата што-с'е-стори.* (Текстови, 275) и сл. Како што може да се заклучи од примерите, во кичевскиот говор вистински дел од некоја целина којашто се јавува како определено идентификувано множество, се изразува исклучиво со предлошка *од*-конструкција. Со осамостоена предлошка *од*-конструкција т.е. со *од* + определелна именска синтагма во кичевскиот говор (всушност тоа е и една од особеностите на македонскиот јазик) се изразува и партитивност на реченично ниво во реченици од типот: *...ја ќе-ти-да: од-кај'инкиве мој*! (стр. 16); *'Оди, р'ече, дон'еси-ми од-д'уњине.* (стр. 46); сп. Б. Конески 1981: 526; Тополињска 1995: 118). Ваквите осамостоени *од*-конструкции, иако претставуваат еден специфичен начин на изразување на директниот предмет импликуван од страна на предикатот, ние ги разгледуваме во овој дел посветен на генитивот затоа што таквите конструкции можеме да ги реконструираме како **(дел) од...* со што тие се вклопуваат во погоре спомената релација 'дел - целина'. Партитивност во македонскиот јазик може да се изрази и со именска синтагма во акузативен падежен однос, односно со директен објект, но немаркиран, односно без член, наспроти целосна опфатеност на директниот објект кога е употребен со член. Примери: *Дај ми млеко / Дај ми го млекото;* во овие два примери се изразува разликата 'дел / целина' (види повеќе во делот за именска синтагма).

4.1.1.5.1.7.3. Релацијата пак, од типот *парче леб* (*...ќе-појт д'ома, ќе-ск'инет к'орка леб*... Текстови, 301) се сфаќа како единица мерка за дадена супстанција или даден предмет и се изразува со беспредлошко надоврзување на две именски синтагми. Притоа, дадената супстанција е изразена со неопределена именска синтагма со која само се укажува на супстанцијата/ предметот, а не се определува точно за која супстанција/ кој предмет се работи, односно имаме генерична употреба на втората именска синтагма, а не определувачка.

4.1.1.5.1.7.4. Со конструкцијата 'предлогот *од* + именска синтагма' се изразуваат и релациите 'кој порано му припаѓал на X ', 'кој доаѓа од страна на X' 'кој порано бил составен дел на X', каде што немаме вистинска посвојна интерпретација: *...л'икер од в'ишни* (Текстови, 283); *...плот от-штици* (Текстови, 274); *...к'омина од-р'акија* (Текстови, 278); *...б'уре од-р'акија* (Текстови, 278).

Овде ќе дадеме и други примери во коишто се работи за изразување на единица мерка или количество од некоја материја со

беспредлошко надоврзување: *...л'онче ќе-дајф к'остени и тие...* (Текстови, 275); *и две три дни корти 'олкај вака дон'есофме д'ома к'омпири.* (Текстови, 276); *И-ко-'извајл тој, в'-р-р-р, една-т'орба ж'елади.* (Текстови, 279); *ж'ената тогај д'ошла со-б'окалот в'ино ...* (Текстови, 287); *од-'еднава стр'ана ш'ише р'акија, од-др'угата стра'на к'утија ц'игари.* (Текстови, 297); *...ќа ви даа на секого по едни дисаѓи пари* (Црско, 71).

4.1.1.5.1.7.5. Релацијата 'роднинска врска' се изразува и со предлогот *од* и со предлогот *на* коишто, за разлика од нивното функционирање во источните говори каде што имаат комплементарна дистрибуција, овде се изофункционални (Тополињска 1997: 136): *зас'ин-му од-К'ицота* (Текстови, 296), *мајка-му на-К'ицота* (Текстови, 296), *ќ'ерка-му на-т'ој Р'ецеп* (Текстови, 297), *т'атко-му на-к'умот ваш, на-Ст'ојана* (Текстови, 297), *на-свек'рва-ми и-е-сна: за-прв-бр'атучет* (Текстови, 299), *и-от-св'екор-ми бр'аќата* (Текстови, 303), *то: б'ило от-т'атко на-св'екор-ми* (Текстови, 303), *ч'ичко от-св'екор-ми* (Текстови, 303). Како што се гледа од наведените примери, називите за роднински врски редовно се проследени со кратка заменска форма (употребена постпозитивно) од личните заменки за трите рода и за двата броја (за разлика од соседниот битолски говор каде што во третото лице се генерализирала кратката форма на личната заменка за машки род еднина за сите три рода и за двата броја: *мајка му на близнаците* или *син му на Марето;* и сл. сп. Трајковски 2000: 177-178). Кога се употребува за изразување на генитивниот однос, општата падежна форма, исто така се употребува со двата предлога *на* и *од*. Примери: *Од-М'ишета е-'Оле.* (Текстови, 277); *Ќ'ерка-му на-В'ел'ота се-вр'атила од-Ск'опје.*

Во кичевскиот говор, посесивната релација 'роднинска врска' можат да ја изразат и дативните флексивни форми, кога се во адноминална позиција, како во примерите: *С'ин-му Ст'ојану п'ошол в'ојник.; Ќ'ерка-е В'аски изб'егала б'егалка за-П'етрета од-Д'оленци.;* и повеќе примери од материјалот на Б. Видоески: *Р'ечи-му на-бр'ат му-'Андону.; Т'атка-је Д'аници го-в'икат ф-с'ело.; С'ин-му Бр'анкоје ј-'исекол с'ета п'ченката.;* и со дативни форми од заменките: *Т'атко-му н'ему, ц'арот со-т'оари ж'ители п'оарчил.; Т'атко-му 'овему б'еше кмет.; Т'атко-е н'ејзе, ц'арот, се-н'аучи от-л'уѓе, 'оти 'Арапот го - н'емат в'еќе.* (Видоески 1957: 76-77). Ова претставува особеност на западните македонски говори кои ги зачувале дативните флексивни форми. Со оглед на фактот дека ваквиот начин на изразување на роднински врски со флексивни дативни форми, сè уште се чува во кичевскиот говор, изразувањето на истата релација со помош на

посвојни придавки не е многу често во разгледуваниов говор. Со тоа се потврдува мислењето на повеќе автори дека во посвојните придавки има елементи на соодветните заменски и/или именски падежни парадигми. Од тоа пак би следел заклучокот дека тие дијалекти што сè уште чуваат флексивни падежни форми од лични и роднински имиња не го развиле комплетно системот на посвојните придавки (западните говори), а тие дијалекти во кои се изгубени флексивните падежни форми можеле да го развијат максимално системот на посвојните придавки (како на пример, јужните македонски говори).

Кога сме кај роднинските називи ќе истакнеме дека можат да се слушнат и дуплирани ознаки за посвојност, и со кратка заменска форма и со посвојна заменска придавка, од типот *тајко му неѓоф, мајка ми моја,; А, Аце, м'ажот-је нејзин* (Текстови, 297), но вакви изрази не се чести и главно со нив се потенцира лицето за кое се зборува, односно се доопределува за да биде појасно за соговорникот за кое лице точно се работи.

Посвојноста во кичевскиот говор може да се изрази и со именски синтагми конституирани од посвојни заменски придавки и општа именка: *П'авле п'ишујт со неѓ'ојот ноф м'олиф; ...ќе-ти-да: од-кај'инкиве мој!* (Текстови, 282); *...н'ашето м'есто* (Текстови, 283); *...в'ашето с'ело...*(Текстови, 283); *...во-неѓ'о:што м'есто* (Текстови, 284); *... ц'р̥кваша н'ивна.* (Текстови, 284); *...к'уќите н'ивни* (Текстови, 292).

4.1.1.5.1.7.6. Посвојноста на реченично ниво најчесто се изразува со кратки заменски форми (види: датив): *...и-све ми-се-ч'инит д'еца: да-не м'и-се ѓл'адни...* (Текстови, 276); *...на-м'ајсторот што-ѓо-п̄рајл мин'арето, му-п'аднала т'еслата...* (Текстови, 284); *Ти ми-е-з'еде св'ињата?* (Текстови, 295); *В'ујко-ми му-'умре ж'ената* (Текстови, 297); *...се-'оѓледал во-вод'ичката н'аведнат и-си-ѓи-в'идел роѓ'ојте.* (Текстови, 289). Од примериве се гледа дека посвојноста може да се изрази и само со кратките заменски форми од личните заменки за индиректен предмет, односно за датив. Ако поседувањето на некој објект се однесува на субјектната синтагма, тогаш се употребува кратката форма за индиректен предмет од повратната лична заменка *себе си.*

Кога кратката заменска форма од повратната заменка *си* се употребува во примери како следниве: *'И-ја си-б'еф т'аму, си-р'учаф, си-се-п̄ров'еселиф и 'еве-су.; Ќе-си-'имаме за цела зима м'есо.* (Текстови, 286), тогаш не се работи за изразување на посвојност, туку за истакнување на ангажираноста на субјектот во дејството, појава карактеристична за дијалектниот јазик (види повеќе во: 4.1.1.5.1.3.8.).

Генерално гледано, за разлика од старословенскиот јазик во кој заменката *свој* немала конкурент за изразување на посвојност во третото лице, денес во македонскиот јазик, и во стандардот и во најголемиот дел од дијалектите, речиси е генерализирана употребата на маркираните по лице посвојни заменски придавки и маркираните по лице кратки дативни заменски форми (*негов, нејзин, нивни; ми, ти, му* итн. пр. *Е-в'идел м'ајка-му* наместо *Е-в'идел м'ајка-си.*).

4.1.1.5.2. *Комплементарни реченици*

4.1.1.5.2.1. Во функција на аргумент на глаголскиот предикатски израз којшто ја конституира ОРК, освен именски синтагми, можат да се јават и реченични конструкции коишто се зависни од надредените глаголски предикати, а тоа се комплементарните односно декларативните реченици (Пример: *Ме-н'ервираш со-пост'ајкие./ Ме-н'ервираш како-се-одн'есуј ш.*). Глаголските предикати што се јавуваат како надредени се предикатите од втор ред, односно предикатите кои го одразуваат самиот процес на восприемањето и/или на толкувањето на светот од страна на човекот. Во неразвиеното народно кажување многу често се случува овој вид реченици да не се појавуваат со свои обележја на површината на текстот, зашто таквите содржини или се даваат во директен говор, или се даваат без површински експонент на комплементарноста од типот *Тој вели ќе дошол* (Тополињска 1995: 128). Во примерите што ќе ги презентираме подолу во текстот најпрво ќе се осврнеме на секој комплементарен оператор посебно, а потоа и на оние без комплементарен оператор и на примерите што се наоѓаат на граница меѓу декларативните и релативните реченици, појава карактеристична за дијалектниот јазичен израз.

Во кичевскиот говор како комплементарни оператори што доминираат се јавуваат *дека, што,* и *да* и примерите без оператор односно со оператор *ø*. Комплементарниот оператор *оти* го сретнавме само во приказните од Црско. Во кичевскиот говор денес употребата на *оти* со ваква функција е маргинална, односно многу ретко се употребува и тоа под влијание на стандардот и на медиумите (за разлика од прашалното и од причинското *оти*, види: 4.1.2.1.3.1.).

Во списоков на комплементарни оператори што го наброивме, *да* ќе го издвоиме според неговите особености: прво, *да* главно се јавува како дел на субјунктивните парадигми и во таквите примери неговата фактивност или нефактивност зависи од надредениот

предикат; и второ, само во неколку примери се сретнуваме и со фактивно *да* како празен комплементарен оператор и тука се работи за поархаичен јазичен израз.

4.1.1.5.2.1.1. ***Дека***. Основен празен комплементарен оператор во кичевскиот говор за изразување на фактивни настани е словенското *дека*: *Ја, не-су-зн'ајла ја д'ека 'имале и Ј'онгаздофци к'уќа конфиск'увана.* (Текстови, 277); *Тогаш л'уѓето б'иле кр'ајно уб'едени д'ека е-то: в'истина, д'ека таква црква 'имат.* (Текстови, 285); *И-п'очнала да-в'икат по-м'ажот -је да-е-ч'ует, д'ека комш'ијата се-задавил со-к'олбас* (Текстови, 287); *А в'еќе весн'ициве пиш'ува:т д'ека ќе-капитул'ират Југославија* (Текстови, 298); *... ја и-т'огаш сф'атиф. Д'ека н'е-е н'ишто то: да-и-се-к'упит н'ајскапа 'играчка на-д'етево...* (Текстови, 299); *...а зна:т дека мн'огу пак, од-Македонски Брот и-от-ц'елата ок'олина, мн'огу 'имат мобилиз'ирани* ...(Текстови, 302); *...с'ите зна:т ј'асно, м'ислам, д'ека н'е-е-'убиен...*(Текстови, 303); *Зна дека ќе-б'идет т'ака, ама се-сл'ага со-то:.* Како што може да се заклучи од примерите, комплементарниот оператор *дека* се употребува и преку реченичните граници. Комплементарниот оператор *дека* во кичевскиот говор може да се сретне и со функција на воведување на директен говор односно како што функционираат наводниците во текстот: *М'ажот-је во-прво вр'еме не-се-согл'асувал и-зб'орувал д'ека: „што-ќе-ни-е мн'огу з'елка"*, ... (Текстови, 286); *П'осле го-н'ајде 'Елена, ама-К'арла и-к'ажа дека: 'ова: е-ќ'ерката тв'оја.*

4.1.1.5.2.1.2. ***Што***. *Што* како комплементарен оператор се сретнува и во кичевскиот говор. Оваа функција на *што* произлегува од неговата постара функција како relativum generale, односно од „неговата способност како анафора да посочува и реченична конструкција, а не само именска синтагма (Тополињска 1995: 130). Со ваква функција relativum generale се јавува и во другите балкански и романски јазици, во англискиот и во други јазици. Во македонскиот стандарден јазик *што* во декларативни реченици се јавува само до одредени глаголски предикати односно до предикати од определени семантички полиња. Слична е ситуацијата и во кичевскиот говор како што ќе видиме од следниве примери: *Во позадина ама гледал што се дешават.* (Текстови, 272); *Целата работа нас не-н'и-беше што ќе се нај'адеме 'емиш, т'уку...*(Текстови, 273); *Ја в'идоф ти шт'о-носиш...* (Текстови, 279); *И сл'ушнала што рекол царот ...* (Текстови, 280); *Се: не-ме-пр'ашујт м'ене шт'о-е, т'уку си-се-п'одаде...*(Текстови, 281); *Го-пр'имиле, го-наг'остиле и го-пр'ашале шт'о-имат н'ово к'ај-ниф.* (Текстови, 283); *И п'осле тој ко-в'идел, Ст'ојмир П'атрикон, ко-*

в'идел зарди-н'ег̑о шт̑о-напр'ајла м'ама и-т̑ој с'осе п̑ат̑'ерици 'избег̑ал д'ома. (Текстови, 282); *Ја ќе-т̑и-к'ажа шт̑о-д'а-стор̑иш.* (Текстови, 286); *Срдечно г̑о-п̑р'имил ко-бај'аг̑и бил р'адосен шт̑о-д'ошол...* (Текстови, 287); *И-ф'ак̀а:т̑ и-ѝл'ак̀ат̑, к'ој-знајт̑ шт̑'о-пра:т̑.* (Текстови, 297); *Ме-н'ервират̑ т̑о: шт̑о-ми-п̑оф̑т̑'орујш с̑т̑'ално 'ист̑о.; Тој не знаеше веќе шт̑о да п̑рог̑оорит̑.* (Црско, 53). Од примерите се гледа дека карактеристична е употребата на *шт̑о* по глаголи на сетилна перцепција како во погорните примери: *г̑леда, види, слуша.* Освен со овие глаголи *шт̑о* се употребува и со глаголи од типот *знае, нервира, п̑рашува.* Во случаите со глаголот *п̑рашува* нормална е употреба на *шт̑о* затоа што тука се работи за предавање на директниот говор во индиректен, за т н. зависни прашања каде што имаме еден вид комплементарни дел-реченици со нулти оператор на комплементација (Тополињска 1995: 293). Всушност, тука зависното прашање според синтаксичката формула е исто како и независното, па ваквите дел- реченици започнуваат обично со некое прашално зборче. Иако ваков тип реченици обично се поретки во дијалектното изразување, во нашите материјали најдовме такви примери кои овде ќе ги презентираме. Освен веќе споменатото *шт̑о,* други прашални зборчиња кои се чуваат во ваков тип реченици во кичевскиот говор се следниве: *како, колку, кај, али, дали* и сл., како во следниве примери: *М'ама в'аљда д'ојде, како 'избег̑а Б'орис, шт̑о-му-напр'ајфме, к'ако напр'ајфме н'е-зна, г̑лавно се-с'ек̀ава на-п̑р̑ката м'оја.* (Текстови, 276); *к'уј-знајт̑ к'ако му-п̑реп̑'укнујл.* (Текстови, 297); *В'ан̀г̑у и-знајт̑ како-се-в'ика:т̑ с'ит̑е.* (Текстови, 297); *Тр'ек̀иот̑ н'е-зна како-се-в'икаше...* (Текстови, 297); *Го п̑рашујф како си п̑оминал на одмор.; Ц̑ел-ден се с'екира али-ќе-ст̑'иг̑нат̑ н'а-време.; Го-п̑р'ашале д'али р'ек̀ата т̑'ечет̑ зл'ат̑о.* (Текстови, 285); *Ме-н'ервираш како-се-одн'есујш.; Тиј̑е секој п̑ат̑ си зборуале, како им је п̑опот̑ мног̑у арен...*(Црско, 54).; *Евреиног̑ и слушал кај си зборуат̑ т̑ака...*(Црско, 54).

Е м'ама дур-'умре г̑о-каж'уј̑ше к'аков-бил см'ок̀от̑. Даденава реченица претставува пример за преодна конструкција меѓу декларативните и релативните, каде што директниот објект (ИС во акузативен однос) е изразен само со кратка заменска форма, за потоа, наместо да се употреби показната заменка *т̑о:* која понатаму би се објаснила со следната реченица (и со тоа би се добила релативна реченица), зависната реченица е директно надоврзана на глаголот, со што имаме еден вид декларативна реченица. Слични се и следниве примери: *Го-г̑л'еда кај̑шт̑о с'едит̑ пр'ет̑-куќа.; ...и-до-ден д'енеска не-г̑о-зн'ајме к'аде:.* (Текстови, 298) во кои заедничкиот аргумент во

главната дел-реченица е даден само со кратка заменска форма, а во зависната реченица е даден со релативна заменка или прилог кои се однесуваат на место, локација, а не на лице. Се работи за семантичко - синтаксички јазол помеѓу релативните и комплементарните дел - реченици при што варијантите со *каде* се често употребувани (позната е таква употреба на *каде* и во српскиот јазик, а и на *που* во грчкиот јазик; сп. Тополињска 1995: 144).

4.1.1.5.2.1.3. ***Да.*** Во комплементарните реченици во текстовите од Црско, и кај некои постари говорители кои ги анкетиравме на терен, како празен комплементарен оператор го сретнуваме и фактивното *да*: *Коа виде да е ѵлна со ѳакви убај шеќери, ѳој рече на другаријѳе:* (Црско 106), *Су го гледал и су слушал да е сладок, ама в уста не су ѳурил досега.* (Црско 106); *Ко ќе мислиш да е гоѳо: (јадењето), извај-го!;* Ваквата употреба на партикулата *да* не е вообичаена денес за градскиот кичевски говор, а нејзината употреба се намалува и во говорот на селата, од што можеме да претпоставиме дека се работи за постара особеност на кичевскиот говор која е во фаза на губење. Истата особеност, т.е. фактивно *да* во комплементарни реченици, ја сретнавме и во гостиварскиот говор (пр. *Чуф да си дошол;* сп. Поповски 1970: 94). Од сите наведени примери може да се заклучи дека фактивното *да* се употребува како комплементарен конектор по предикатите *види, чуе, мисли,* а не по verba dicendi, ситуација што се поклопува со онаа регистрирана и во југоисточните македонски говори (Тополињска 1995: 140). За другите реченици во кои *да* се појавува како дел на субјунктивната парадигма на даден глагол којшто е во подредена положба во однос на еден надреден предикат од кој зависи фактивноста или нефактивноста на дејството изразено со *да,* веќе зборувавме во делот за употребата на субјунктив. Овде ќе дадеме само неколку примери, со што ќе го заокружиме описот на комплементарните реченици со *да: Те-ч'ека да-д'ојш.; Та: с'акаше многу да-п'омагаѳ.*(Текстови, 278); *И ко-го-в'идела м'ама Сѳ'ојмира со-ѳатер'ицѳе и-с'акала да-му-дајѳ откаѳ'инкѳе да-к'аснеѳ...* (Текстови, 282); *И п'осле м'ама се-ѳройр'елала, сѳ'анала, п'очнала да-се-ѳр'есеѳ и п'очнала да-'офкаѳ.* (Текстови, 282); *Ж'ената и комш'ијаѳа си-ѳрод'олжиле и ѳон'аѳака да-се-вид'ува:ѳ и ѳа: п'очнала да-разм'ислујѳ к'ако да-го-сн'емаѳ м'ажоѳ-је.* (Текстови, 286); *и-р'екол на-ж'енаѳа да-з'емеѳ една-вр'еќа г'олема...* (Текстови, 287); *Моји, р'ече, д-'издржиш да-се-н'е-ѳ'оплиш н'оќеска?* (Текстови, 290); *...р'ечи-му на-'офчарон од-б'ачило да-д'онесеѳ ј'агне* (Текстови, 290); *Ај се: с'ака да-ми-п'ејѳе за-с'ин-ми.* (Текстови, 292); *И во-ѵл'аѳноѳо м'ораѳ да ѵр'есѵијеѳ д'еѳево.*

(Текстови, 294); ... *и к'ујзнајш к'ако е-пр'елагал скр'ишум ж'енава да-е-з'емеш.* (Текстови, 294); *Овај п'итропоф с'акаш да-му-д'окажеш с'ега.* (Текстови, 295); *„М'ожеш да-е-з'ема биц'иклана 'од-дома?“* (Текстови, 296); ...*тр'ебало што п'обрго да-се-ж'енит.* (Текстови, 297); *Избега од селото и тргна да оит да го барат Господа...*(Црско, 54); *Да-ојш н'оќе в-пл'анина е-'опасно.* Како што може да се заклучи од примерите, нефактивното *да* се јавува во три типа конструкции: по verba voluntatis, по предикати на состојба каде *да*-реченицата има функција на номинативен аргумент (последниот пример) и по предикати кои носат информација за начинот на остварување на дејството изразено со *да*- конструкцијата (инхоативност, модус и сл.)

4.1.1.5.2.1.4. ***Оти.*** Грчката заемка *оти* во улога на празен комплементарен оператор во комплементарните реченици (каква што му е улогата и во грчкиот јазик) во кичевскиот говор се среќава ретко. *Оти* со другите две функции (види причинско *оти* и прашално *оти*) се јавува навистина често, додека со оваа функција на празен комплементарен оператор *оти* го најдовме само во неколку примери и тоа главно во текстовите од Црско и во приказните од Кичево кои Б. Видоески ги забележал на терен, главно од информатори Македонци - муслимани чиј говор делумно се разликува од кичевскиот: *Змеот многу се уплаши од манга, нему му се стори оти уште кој знаеш какво големо јунакство имаш тој.* (Црско, 52). *Ја знаев оти имаш тука пари, затоа те терав да копаш.* (Црско, 59); *Цар'ицата коа чу после оти умрел татко е си ја зеде мајка си при неа...* (Црско,142); *Знајф оти-т'ој б'еше криф 'ама не- го-кажаф.; Ќе-му-р'ечеш на-с'иноп оп-ц'ароп оти-'има три-г'одини откако-п'адна сн'егоп, а с'ега прок'опнојп, оти-т'ој с'акаш да-пе-пр'ашаш кога-ј'а-пушпе бр'адапа, а ког'а-почна да-поб'елојп.* (Видоески 2000в: 79). Во последниов пример сретнуваме употреба на две различни *оти*, едното како празен комплементарен оператор, а другото како сврзнички предикат за причина. Видоески во неговата монографија за кичевскиот говор констатира дека декларативниот сврзник *дека* е многу редок, а почесто со такво значење се употребува *оти* (Видоески 1957: 75). Судејќи според текстовите собрани на терен во 2001 година можеме да заклучиме дека ситуацијата се изменила во полза на словенското *дека*, а заемката *оти* денес повеќе се употребува како причински сврзник. Слична е денес ситуацијата и во соседниот битолски говор каде што декларативното *оти* се употребува многу поретко од причинското (Трајковски: 266). Во гостиварскиот говор пак, за којшто материјалот е собиран во седум-

десетите години на 20 век, декларативното *оти* воопшто не се споменува, а го нема ни во текстовите (сп. Поповски 1970: 94).

Оти во кичевскиот говор, со оглед на фактот дека ретко се употребува како празен комплементарен оператор, не се употребува ни за цитирање (поинаку е во егејските говори каде што *оти* е основен комплементарен конектор по verba dicendi и verba cogitandi, а има и доста примери каде воведува oratio recta, види: Тополињска 1995: 146).

4.1.1.5.2.1.5. **Ø како комплементарен оператор**. *А М'ирко М'илески пак, ко-в'идел п'оследен ќе-го-т'ејат и-сам со-б'омба с-'утепал.* (Текстови, 277); *Тетко, 'оди на-м'ама д-и-к'ажеш, ја 'излегоф партиз'ани.* (Текстови, 276); *Се догов'ара: вч'ера, ќе-пр'ија: квиз.* Поврзувањето на комплементарната реченица без комплементарен оператор, туку директно со предикатот, не е необична појава и посебно е карактеристична за дијалектниот јазик. На ваков начин т.е. без комплементарен оператор, во кичевскиот говор најчесто се предава и директниот говор. Примери: *Оти м'амо ко-ќе-д'ојдат гости им в'елиш: ј'адете!?* (Текстови, 276); *Оти им-в'елиш појќ'епати: ј'адете!?* (Текстови, 276); *И фт'орпат ко-прип'укале 'Иван р'екол: „Оф, с'ега 'и-мене м'е-з'ема:т!"* (Текстови, 277).

4.1.1.5.2.2. На крајот на делот за комплементарните реченици ќе кажеме дека ваков тип реченици можат да се изразат и со трансформи конституирани од глаголска именка, како во следниве примери, каде што глаголската именка се појавува како објект на надредените глаголски предикати кои можат да бидат: а) модални глаголи и изрази: *Излег'ување н'емаше цела ноќ.* (Текстови, 308); *'Исега т'ешко се-л'ечит, ако н'е-е н'авреме откр'иена. Ама не-ум'ира:т. Долготр'ајно л'ечење м'ожет, 'ама...* (Текстови, 298); или б) објект на сетилни глаголи, глаголи за зборување, сознајни глаголи и глаголи спреги - егзистенцијални и идентификациски, како во следниов пример: *....и се-сл'ушаше ц'ело вр'еме п'укање;* (Текстови, 310). Во првиот пример глаголот *има* содржи модално значење на 'можност', 'неможност' (што е и во нашиов случај), 'допуштеност' за извршување на дејството изразено со ГИ (И. Чашуле 1989: 218). Затоа, во експлицираната реченица се појавува некој модален глагол: 'Не смееше да се излегува цела ноќ'. Вакви конструкции не се специфичност само на разговорниот јазик, ами и на стандардниот јазик во неговата пишана форма: *Другари нема веќе враќање; Сега немаше повлекување додека не го чуе одговорот што упорно го бараше;* (Чашуле 1989: 218). Во вториот наведен пример имаме употреба на ГИ како објект на модалниот глагол 'може'. Во експлицитна

предикација ГИ би се заменила со *да*-реченица и имперфективна глаголска форма: *'може да се лекува долготрајно, ама...* И во двете ситуации се работи за функција која претходно ја вршел стариот инфинитив.

Единствениов пример што го најдовме во нашите дијалектни текстови каде што ГИ претставува објект на предикатот 'слуша', се вклопува во множеството примери што се сретнуваат и во стандардниот македонски јазик, а во кои ГИ формално претставува објект на сетилни глаголи, глаголи за зборување, сознајни глаголи и глаголи спреги - егзистенцијални и идентификациски (Чашуле 1989: 179) *....и се-сл'ушаше ц'ело вр'еме п'укање;* (Текстови, 310).. Всушност, се работи за надредени глаголски предикати кои бараат дополнување или во вид на декларативна реченица со сврзникот *дека* или во вид на номинализација како што е во дадениот пример. Ако ја замениме ГИ со финитна глаголска форма горната реченица би гласела: *...и се слушаше цело време дека пукаат //дека се пука.*

4.1.2. *Сложена реченица*

Во рамките на сложената реченица ќе ги разгледаме реченициите чиј конститутивен член претставува сврзнички предикат и нивните кондензирани варијанти т.е. просто-проширените реченици кои се изградени од два реченични аргументи од кои едниот е изразен со матрична реченица конституирана од финитен глаголски облик, а другиот со трансформа која најчесто се состои од некој нефинитен глаголски облик (може и само со предлог како единствен показател на предикатот види: 4.1.2.2.2.2.). Најпрво ќе ги разгледаме реченициите конституирани од сврзнички предикати, а потоа и оние со трансформи.

4.1.2.1. *Конструкции конституирани од сврзнички предикати*

Сврзничките предикати семантички претставуваат израз на релациите кои поврзуваат два настани **„средени / корелирани во резултат на мисловните процеси на говорителот“** (Тополињска 1997: 9). Таквите релации формално се изразуваат со сврзник кој во дадената сложена реченица претставува сврзнички предикат и нејзин конститутивен член. Одделните настани за кои се зборува во делреченициите на една сложена реченица говорителот може да ги доведе

во различна врска: чисто асоцијативна, временска, причинска и др. Токму такви се и типовите сложени реченици чиј конститутивен член е сврзнички предикат: асоцијативни, темпорални, каузативни. Делречениците кои се поврзани со еден сврзнички предикат всушност претставуваат негови реченични аргументи.

4.1.2.1.1. *Асоцијативна врска меѓу настаните*

Во рамките на асоцијативните типови на релации изразени со сврзнички предикат, се јавуваат неколку вида основни релации: конјункција, дисјункција, алтернатива, адверзативност и др. Какви се начините за изразување на овие релации во кичевскиот говор ќе покажеме во текстот што следува.

4.1.2.1.1.1. *Конјункција*

Конјункцијата е наједноставната релација која се изразува со сврзнички предикати, но затоа и најсиромашна семантички. Во дијалектните текстови таа е многу раширена токму заради овие свои својства. И покрај тоа што е сиромашна во поглед на информациите што ги донесува самиот сврзнички предикат, оваа релација им поставува и извесни барања на реченичните аргументи што ги поврзува. Прво такво барање е дека реченичните аргументи треба да бидат сукцесивно подредени, ако се работи за настани што се случуваат едно по друго (а не за синхронизирани настани), а информацијата за тоа е вградена во лексичкото значење на глаголските предикати или е дополнета со други содржини вградени во аргументските конструкции. Другите барања зависат и од типот на сврзникот што е употребен.

4.1.2.1.1.1.1. ***И.*** Најчестиот сврзнички предикат кој изразува асоцијативна врска на настаните е сврзникот *и: На-пр'имер, д'енеска е-В'одопос. И строк п'ос-је. И к'умот саб'ајле и-н'овиот кум и-ст'ариот. 'Одат п'рво ф-црква, н'океска во-дван'ајсет с'атот.* (Текстови, 291); *Б'уба се-вр'ати од-Б'итола: „Н'е-ода, ја без-м'ама н'е-можа.“ И си-е-зап'ослија в-б'анка, от-четрн'ајсет г'одини.* (Текстови, 282); *Караулот на часот го фати и го отера во затворот.* (Црско, 198). *Ко-п'ојдофме в-манастир и-се-прек'рстифме и-н'афора к'аснафме и-ги-в'идофме ик'оните.* Сврзникот *и* „носи двојна информација: примарната, вградена во основниот тек на кажувањето дека гово-рителот ситуацијата претставена во претходниот исказ

/пасус ја асоцира со ситуацијата за којашто ќе стане збор, и секундарната, метатекстуалната, дека (врз основа на споменатата асоцијација) текстот продолжува" (Тополињска 1997: 10). Сврзничкиот предикат *и* задолжително бара присуство на два аргументи, од кои едниот не мора да биде експлицитно оформен на површината на текстот. Во нашите текстови најдовме примери и од тој тип: *И-ја си-беф т'аму, си-р'учаф, си-се-пров'еселиф и 'еве-су.* (Текстови, 280); т.е. 'не само ликовите од приказната биле на свадбата туку и раскажувачот'. *На свадбата ме донесе татот и ја таму да се зго̄да.* (Црско, 174); т.е 'не биле на свадба само гостите во приказната туку и самиот раскажувач; и други вакви примери. Вака употребено *и* се доближува семантички до сврзничкиот состав *не само ...туку и.*

4.1.2.1.1.1.2. ***Та.*** Меѓу сврзничките предикати што изразуваат конјункција, во кичевскиот говор може да се сретне и сврзникот *та: Т'ака тој мн'ого̄ ќе-се-зд'ебелит, та ќе-'оглувнит и ќе-'окорит и ти ќе-се-курт'улисаш 'од-него̄.* (Текстови, 286); *Седна, се наужина та и нему му стана со секирчето да го тл̣чет до омалдушуање.* (Црско 64). Овој сврзник не е фреквентен во кичевскиот говор, а според функцијата што ја врши во погорните примери можеме да заклучиме дека е синонимно со *па,* односно поврзува два реченични аргументи кои изразуваат временски редослед на настаните што се изразени со нив, а многу често и причинско - последичен однос кој е искажан со самото лексичко значење на глаголските предикати коишто се поврзани со *та.*

4.1.2.1.1.1.3. ***Па.*** Сврзнички предикат на конјункција што е доста пофрек-вентен од *та,* е *па.* Примери: *И го-кр'ева:т с'ега, к'умоф стар п'рво, п'осле н'овиоф што-ќе-го н'аследит, па-т'ој п'осле ч'аст.;* (Текстови, 291); *Пак 'ајде по-то: п'осле, ќе-го-дотер'ува:т саб'ајлето к'оњот н'егоф, пак 'овие со-к'оњи 'исто т'ака, к'оњите ќ-и-н'акитат со-в'еленца 'убај, со к'ако 'оние пл'етенки ќ-им-пл'етат на-оп'ашкине, с'ака да-р'ече, па-ќ-'одат по-н'евеста, па-д'евер, кум, како-да-т'и-кажа.* (Текстови, 293); *П'ојдофме ф-село на-В'одици, па-му-'удрифме едно-'играње, едно-п'е:ње.; Ај, В'есо, наран'и-си-го пр'асето, па-д'ојди н'а-кафе.* За овој сврзнички предикат важи истото што го кажавме погоре за *та,* односно дека поврзува реченични аргументи кои изразуваат настани што временски се редат едно по друго. Во вториот пример може да се забележи дека освен *па* со иста функција се јавува и *пак* со таа разлика што ако е во иницијална позиција или во позиција пред првиот глаголски предикат ова *пак* има функција на партикула со значење на 'повторно' и служи за надоврзување на текстот, додека во средината на сложената

реченица, меѓу двата реченични аргументи најчесто е синонимно со *па* и претставува сврзнички предикат (сп. *Роди ме мајко со крсмет, пак фрли ме на патот* (Црско, 142)). Во следниов пример имаме две *пак* употребени со двете различни гореспоменати функции: *Др'угиот ден пак 'одат п'рво м'ажите и-си-замин'ува:т, пак-ж'ените 'одат.* (Текстови, 292).

4.1.2.1.1.1.4. ***Да.*** Како сврзнички предикат на конјункција во кичевскиот говор се сретнува и сврзникот *да* кој е хомонимен со субјунктивното *да*: *Не, не, не-му-вер'увале н'икако. 'От-тамо, да 'от-тамо.* (Текстови, 290); *Јунакот извај едно парче книга и си пушти малу крв од еден прс, да му напиша нешто и удри еден муур на неа и му рече...*(Црско, 44). *И тој штотуку го виде јунакот кај идет, на часот го позна, кој је и каков је, да отиде пред него и му се поклони.*(Црско, 44). И сврз-ничкиот предикат *да* има улога на *па*, односно ги подредува времен-ски настаните изразени во двете дел-реченици. Употребата на *да* со ваква функција е карактеристична само за постарите генерации гово-рители, кај помладите говорители ваква употреба на *да* не забележавме.

4.1.2.1.1.1.5. ***Ем-ем.*** Овој сврзнички предикат се употребува во кичевскиот говор како показател на засилена конјункција. Се работи за заемка од турскиот јазик и во стандардот како и во кичевскиот говор функцио-нира токму како и во турскиот јазик: изразува „релација со чија помош говорителот инсистира на истовременото присуство на двете именувани компоненти“ (Тополињска 1997: 22). Во текстовите со кои располагам не успеав да пронајдам примери. Примерите што ќе ги наведам се собрани подоцна од комуникација со родени говорители од Кичево: *Ем сакаш да завршиш школо ем книга не фаќаш, како бидујло та: работа.; Ем не-р'аботит, к'утната ц'ел-ден, ем с'акат д-и-е-сур'едено.; Ем слаба е ко сучка и пак диета ќе држела!; Ем ќа јада и пија на свадба ем пет пари не ќа поарча.*(Црско, 101). Како што се гледа од третиот пример, *ем* во кичевскиот говор може да се комбинира со *и* како втора компонента на сврзничкиот состав, при што значењето останува исто, односно се поврзуваат реченични кон-струкции или именски синтагми кои се семантички спротивставени. Како заклучок можеме да кажеме дека овој сврзнички предикат во кичевскиот говор се јавува главно како двоелементен. Само во една народна песна најдовме пример со *ем* употребено самостојно како синонимно со другите копулативни сврзници:...*што не зборуеш со мене? со мене лудо делија, што вјаа коња дорија, ем носа згора кошула, в девет градои праена...*(МНУК,

134) (спореди иста појава и во дел од југоисточните говори: Тополињска 1997: 22).

4.1.2.1.1.1.6. На крајот на прегледот за сврзничките предикати кои изразуваат конјункција ќе наведеме уште примери за начинот на изразување на надградена негација кај секој член на една силна конјункција. Во кичевскиот говор како што е и во стандардниот јазик (Б. Конески 1981: 542) надградената негација кај секој член на една силна конјункција се изразува со *ниту...ниту...* (сп и во егејските говори Тополињска 1997: 25). Примери: *К'ицу л'егнал б'олен, н'иту здр'авејт, н'иту 'умират.; М'ите н'иту ј-'остават н'иту је-з'емат д'ејката.; ...стани, стани Иво, добар јунак, ќе те пита, право да ми кажеш, дал си женет, дали си свршено? ниту су женет, ништо су свршено...*(МНУК, 122); *Тој му одговори оти никој не му кажал да доит тука, ниту пак знаит, како е дошел.* (Црско, 64).

4.1.2.1.1.2. *Адверсативна врска*

Релацијата на адверсативност или спротивставеност која претставува комбинација од конјункција и негација, во кичевскиот говор се изразува со неколку сврзници.

4.1.2.1.1.2.1. ***А.*** Основен адверсативен сврзник е сврзникот *а.* Речениците што ги поврзува овој сврзнички предикат или се конституирани од различни глаголски предикати или се од ист глаголски предикат, но кој врзува различни ИС како аргументи. Примери: *И-с'ега ц'арот н'аредил с'ите, ц'ело ц'арство што-се-м'омчиња да-в'рват по-'една гл'авна 'улица, а-ц'арската к'ерка да-ф'рлит со-ј'аболко...*(Текстови, 271); *...ама т'ешки крушите и-ја уште зг'ора и-п'очна да-се-д'елит, к'ррр, п'окроце, и-п'очна да-се-нав'алујт, а-Б'уба д'олу ко-в'иде д'ека кр'ушата ќе п'аѓат, ј'а ќе-п'аѓа од'озгора с'осе кр'уша и л'етна да-б'егат...*(Текстови, 273); *И ја и-'обрав кр'ушите н'екако т'ука д'олу, и-в'етката н'а-рамо и-ј-'однесоф до-пл'отот, а т'о: 'имаше плот от-птици, от птици б'еше све 'околу...*(Текстови, 274); *Е-па кам'ењето се-со-'едни ко-штичина најр'ајни и-в'одата ги-вр̥т'ит и-т'ие в'ака врт'ат, вр̥т'ат, а-под-кам'ењето, 'огромни, 'олкај 'округли, под-кам'ењето ж'итото од'озгора т'ечет ...*(Текстови, 275); *И-м'ене ми-к'ажа:, пак б'елки Блаж'ејца, кој-м'и-кажа, р'ече: Б'орчета го-б'араше 'еден полиц'ајц. А-м'ама беше с'ирота да-појт кај-тета-Тоца...*(Текстови, 276); *Све си-с'адел с'еланецот. А-сел'анецот 'имал три с'ина.* (Текстови, 279); *Како ќе-прајш, прајш, да-гл'едаш ц'ела ноќ зајач'иња д-'останат*

к'ај-тебе ф-с'оба. А-вр'атата ќе-б'идет отв'орена. (Текстови, 280); *И е-зап'ослија в-б'анка, д'евојче четирнајсетг'одишно, а-ј'а с'ирота мет'ера: 'од-дома, 'или ојш да-се-шк'олујш или ч'аре-не.* (Текстови, 282); *Тој н'ачин п'онапред к'ако-што се-сл'авеле сл'ави п'оарен-е, п'ојќе соду'ша, се-'идеше за-чест насл'ават, а-н'е за-ј'адење.* (Текстови, 283); *Така, ко-д'ошол една-в'ечер п'одоцна комш'ијата к'ај-ниф, т'аја п'очнала с'илно да-му-к'ажујт дека е-комш'ијата, прij'ателот д'ојден, а м'ажот-је мн'огу силно е-пр'ашувал, кој-е д'ојден...* (Текстови, 287). Од примериве можеме да донесеме неколку заклучоци за сложените реченици чијшто конститутивен член е сврзникот *а.* Прво, дека во еден добар дел примери овој сврзник врши улога на конјункција, а не на вистинска адверсативност, второ, дека како и други сврзници за конјункција (види ги примерите со *и*) и сврзникот *а* функционира и преку реченичните граници (такви примери има навистина доста, во кои имаме и еден вид „адверсативно надоврзување") и трето, таму каде што изразува вистинска адверсативност може истовремено да изразува и редослед во време како што е во последниот пример.

4.1.2.1.1.2.2. ***Ама.*** Сврзникот *ама* којшто е познат и во турскиот и во грчкиот јазик е навистина фреквентен во кичевскиот говор и тоа со значење на вистински адверсативен сврзник. Примери: *...изистепал ст'орил, 'арно 'ама г̄о-р'аниле во-пр̣стето, во н'екој пр̣ст г̄о-р'аниле.* (Текстови, 272); *Ја в'идоф ти шт'о-носиш, ама бид'ејќи м-'излажа, в'истина лубен'ицата да-ти-се-н'апрајт ж'елади.* (Текстови, 279); *Ја т'ебе ќе-ти-е-да: к'еркава, 'ама ти н'оќеска ќе-сп'иеш г̄оре вопал'атава, а-т'аму во-с'обата кајшто ќе-спиеш к-имат дван'ајсет зај'ачиња.* (Текстови, 280); *и-п'ошле тр'опнале на-вр'атата, три-ч'етири и-вл'егле. 'Ама м'ама вл'егла нај'осади и п'есот т'р̣г̄ал сосиц'имката и се-'откинал и на-м'ама 'овде.* (Текстови, 282); *Ќе-тид'ојт п'ола г̄рад н'а-слава, 'ама не-с'едеа мн'огу л'уѓето.* (Текстови, 283); *Н'е-видоф ког̄'а-дувнал в'етрот, 'ама г̄л'едаф с'амари пагa: 'однебо.* (Текстови, 283); *Да ве-л'ажа н'е-можа, 'ама беф н'а-пазар да-к'упа н'ешто и т'аму со-к'ошој п'ечени р'иби се-прод'ава:.* (Текстови, 284); *Да-ве-л'ажа, н'е-можа, 'ама заб'ележаф д'ека ко-п'оминаф н'из-вода ч'измиве ми-пож'олте:.* (Текстови, 285); *Р'екоф: „да-ти-к'ажа, теп'обараф т'ебе, ама ми-р'еко: н'е-си-бил т'ука, Ск'опје си-б'ил.* (Текстови, 288); *Ја ќе-се-м'ажеф п'орано, ама м'ама ми-б'еше б'олна и н'е-мојф да-ј-'оста: с'ама.; Ја ќе-з'авршеф факулт'ет, ама-н'ема: 'оддома да-м-издрж'ава:т.; Лели си сторил ниет, одај, ама пр̣во појди кај исповедникон, исповедај се...*(Црско 103). За сврзникот *ама* е карактеристично тоа што бара утврден редослед на аргументите,

бидејќи првиот аргумент секогаш ја носи пресупозицијата што е задолжителна семантичка компонента на адверсативната конструкција (Тополињска 1997: 42).

4.1.2.1.1.2.3. ***Но.*** Во кичевскиот говор адверсативниот сврзник *но* се упо-требува само кај помладите генерации говорители и не е одлика на самиот говор, туку е влијание на стандардниот изговор. Во тексто-вите најдовме само еден пример со *но* и тоа во текстовите раскажани од родена говорителка која припаѓа на помладата генерација (родена 1968). Еве го примерот: *'една мн'оґу инт'ересна р'аботa во-Ман'астирец се-сл'учуваш, с'ите ж'ени, не с'ите, но-пр'етежно, одл'училе да-з'емаш д'еца од-д'омоф без-род'ители со-ш'о-што не-ќе-ґи-п'осфојаш, но за-одр'едена п'арична над'окнада ќе-ґи-ґл'едаш.* (Текстови, 298). Како што се забележува, во даденава сложена реченица два пати се сретнуваме со употреба на сврзникот *но*. Во првиот случај се работи за адверсативност на рамниште на именска синтагма, а во вториот случај имаме адверсативност на два рече-нични аргументи при што *но* врши основна сврзничка функција.

4.1.2.1.1.2.4. ***Ами.*** Сврзникот *ами* во кичевскиот говор се однесува како обичен сврзник за конјункција и служи главно за реченично надоврзување со некој вид на слаба адверсативност (како сврзникот *а*), при што главно функционира преку реченичните граници. Примери: *„М'амо м'ори ш'то-п'рајш?“ „'Ами с'ите в'икаш бр'ојој.“ Д'емек.* (Текстови, 281); *Ами ко-п'ошла, ај п'ечес др'уґарки ќ-'одаш кај-Турчинка, с'еґа. Со-Турчинки п'орано во-'чист с'окак р'астеле.* (Текстови, 282); *Малу им беше на тије две кучки, да ґледаат толку ґодини, како се мачит сестра им ами и пуштиа и децата по мене за да заґинат...*(Црско, 156). Во последниов пример се сретнуваме со употреба на *ами* како вистински адверсативен сврзнички предикат.

4.1.2.1.1.2.5. ***Али.*** Сврзникот *али* го забележавме во неколку примери во текстовите. Се работи за сврзник којшто не е карактеристичен за кичевскиот говор, туку е импорт од надвор и се сретнува (како и сврзникот *но*) само во говорот на помладите генерации говорители. Пример: *Сеґа д'али к'олку р'аботит каменоломот н'е-знам. Али 'имаш, земјод'елие р'боташ, т'утун с'адаш, бл'иску им-е-Пр'илеј...* (Текстови, 302). Како што се гледа од примерот се работи за функција на еден вид адверсативно надоврзување, преку реченичните граници. Сврзникот *али* нашироко се употребува со ваква функција во колоквијалниот јазик и во медиумите, за што е доста пишувано (в. Цветковски 1994: 59).

4.1.2.1.1.2.6. ***Туку.*** Сврзникот *туку* се употребува во кичевскиот говор со две функции како што ќе забележиме во следниве примери: *И, т'уку м'ама, ко-што б'еше м'ама! Се: не-ме-пр'ашујт м'ене шт'о-е, т'уку си-се-п'одаде н'а-ова и в'елит...* (Текстови, 281); *И, туку, м'ама р'ече: „Се-'измлкна от-кај-кат'инката, 'олкав д'ебел смок, 'олкај 'очите му-б'е: и ми-се-кр'ена.* (Текстови, 281); *И си-пр'одолжил и-тој н'атаму. Туку в'ика, го-зд'огледал 'еленот пр'еднего.* (Текстови, 289); *Сљнцето по малу завртуише и најсетне и огреа и туку наеднуш неа ја снема.* (Црско, 62). Во првата реченица имаме убав пример и за двете карактеристични функции на *туку*, едната, надоврзувачка функција и со временско значење на актуелност на настаните во моментот на зборувањето, а другата со вистинско адверсативно значење на спротивставеност на дејствата изразени со глаголските предикати во двете дел-реченици. Кај оваа вторава функција сврзничкиот предикат *туку* им наложува построги ограничувања на своите аргументи отколку сврзникот *ама.* Па така конструкциите со *туку* „главно се остваруваат според шемата *не p туку q*, со задол-жителна површинска негација во првиот аргумент." (Тополињска 1997: 35). Ќе наведеме неколку такви примери: *Ги-гл'еда:т ко-св'ои д'еца т'ака што д'ецава да-н'е-реча за-кр'атко вр'еме п'очнува:т не м'амо да-ги-в'ика:т, ко-што не-в'ика:т н'ашиве, т'уку м'амичке.* (Текстови, 298); *Тој излезе од дома и ко улив од жал не знаше кај да оит и што да прат туку фати пустина од градот надвор и се не врати веќе.* (Црско: 62). Треба да нагласиме дека се среќаваат помалку примери во кои *туку* се јавува со вторава адверсативна функција, а повеќе се јавува во функција на надоврзување.

4.1.2.1.1.3. *Алтернатива*

4.1.2.1.1.3.1. ***Или.*** Една од асоцијативните релации е и алтернативата која во кичевскиот говор се изразува со сврзникот *или* или со сврзничкиот состав *или...или...* Примери: *И е-зап'ослија в-б'анка, д'евојче четрнај-сетг'одишно, а-ј'а с'ирота ме-т'ера: 'од-дома, 'или оџш да-се-шк'олујш или ч'аре-не.* (Текстови, 282); *А-с'екој 'еден со-к'отлето, по-к'уките к'ај-што 'одат, д'ава:т п'ари или д'ава:т п'ари за-кр'стот, кој с'акат, дв'есте, тр'иста, петст'отини.;* (Текстови, 291); *'Еден брат, зн'ачи ч'ичко от-св'екор-ми, со-коцкарски д'олгој н'ешто, п'огинал, с'ам, д'али т'ака бил 'облогот или-шт'о-знам к'ако, или л'ажел н'а-карти па-го-'убиле, и-т'ака, мн'огу т'акви н'екако*

сл'учаи, 'и т'ака с'ето то: е-'уште непод'елено. (Текстови, 303); *Или б'иди м'ирен или 'одма 'излагај!; Или 'учи или отт'иши-се.; Саше, 'одма да-д'ојш д'ома или ќе-те-т'еба.* Како што се забележува од примерите, во алтернативен однос можат да се стават настаните или пак само нивните протагонисти при што „следствено, *или* поврзува цели реченични конструкции или само одделни именски синтагми, а можна е и комбинација од двете шеми" (Тополињска 1997: 38). Во говорот на селата што се протегаат јужно од градот Кичево сврзничкиот предикат за алтернатива (или дисјункција) гласи *ели*: *Не туку ми се меткај, бре дете, ели седи, капи, ели мрдни се оттука;* Вр (Видоески 1957: 75).

Примерите со алтернативниот сврзнички состав *ја...ја* во кичевскиот говор се поретки, но можат да се чујат, посебно во говорот на постарата генерација говорители: *Ја з'еми-ме, ја 'остај-ме.; Ја да-г'о-т'еба, ја да-не-г'о-теба.; Ја ќе-б'идет п'итето 'убо:, ја не-б'идујт.*

4.1.2.1.1.4. *Сврзнички показатели на споредба*

Овде ќе ги разгледаме сврзничките предикати кои конституираат сложена реченица во која се споредуваат два настани, (или ситуации, процеси), а не два аргументи на еден ист глаголски предикат како што е кај простата реченица. Примери од овој тип има доста, иако во текстовите често се сретнува ситуација вториот реченичен аргумент на ваквата релација на споредба, да биде искажан со трансформа (види: 4.1.2.2.2.2.5.). Ќе ги наведеме примерите за сврзнички предикати на споредба што ги најдовме во нашите текстови: *Ма-то: фс'ушнос н'е-е-т'аван, ко-с'оба е-г'оре. Ко-с'ега што-и-пра:т поткр'овљана.* (Текстови, 273); *Ја в'ака 'одовде ист'ориф ќе-в'идиш ти. Само в'ака...Ко Н'анчота 'исто ко-што им-пр'ајл, и-л'етна да-бегат Б'уба.* (Текстови, 274). *Арно ама, ко-што-'е во-прик'азните, му-'излегла волшебн'ицата н'а-пат.* (Текстови, 279); *Тој начин п'онапрет к'ако-што се-сл'авеле сл'ави, п'оарен-е, п'ојќе содуша..* (Текстови, 283); *Оттука се: з'ема:т, с'ите, п'ејат, пост'аринси п'есни, ж'ени ко-што-п'ејат, ја зна м'ајка-ми п'ејше.* (Текстови, 291); *...и-гле:ме, зап'анати 'онде, се-м'ачкат со-та: к'алта, све ко-црници се пр'а:т.* (Текстови, 305). Од дадениве примери можеме да заклучиме дека сврзнички предикати за споредба се *ко* или *ко што*. Во сите погоре наведени примери настанот со кој се врши споредбата е фактивен.

4.1.2.1.2. *Сврзнички предикати - показатели на темпорална врска меѓу настаните*

Темпоралната врска меѓу настаните се изразува со посебен инвентар на сврзнички предикати кои можат да покажуваат неколку типа на временски однос: истовремено одвивање на настаните, со делумно или целосно поклопување во време, последователност на настаните, при што последователноста може да биде разгледувана од перспектива на поранешниот или на подоцнежниот настан, односно да се изразува релацијата 'по' или релацијата 'пред' и, најпосле, сврзничкиот предикат може да сигнализира помала или поголема временска дистанца меѓу настаните. Како се изразуваат сите овие релации во кичевскиот говор ќе видиме во прегледот на временските сврзнички предикати што следува. Освен на вистинските сврзнички предикати за време, ќе се осврнеме и на инвентарот средства што вршат кохезиона функција кај темпоралните релации од типот *Децата мирно си играа. Тогаш се сретнавме.* (Тополињска 1997: 44). Во ваква улога најчесто се јавуваат заменските прилози за време (види: 3.1.6.1.).

4.1.2.1.2.1. Општ контакт во време во кичевскиот говор најчесто се изразува со сврзникот *кога,* кој во кичевскиот говор доследно се скратува во *ко*: *...ние ќе-ти д'ајме 'еден б'есценет к'амен, ко-ќе-го-кл'ајш к'аменов п'од-јазик, све што с'акаш, ж'елба што-'имаш во-жиотоф, ќе-ти-с-'испо̣нит.* (Текстови, 271); *Ко-е в'иделе 'ова: к'очија што-се-прибл'ижујт, ц'ело ц'арство с'ите 'излегле, што'-е 'ова ч'удо што-'идет.* (Текстови, 272); *Оти м'амо ко-ќе-дојдат г'ости им-в'елиш ј'адете!* (Текстови, 276); *и ко-се-вр'аќаше, со-гар'анција, со-гар'анција м'ожа да-к'ажа д'ека по-чорапи б'еше.* (Текстови, 277); *Ко-вл'ага: во-К'ичево, ко-мари'ира: и-ја е-в'идоф л'ично.*(Текстови, 277); *И ко-му-п'укна ж'о̣лчката, л'егна 'Иван д-'умират.* (Текстови, 278); *И ко-се-сво̣ри за 'ова: м'ајка-ми б'еше стр'ојник.* (Текстови, 293); *...м'ашко или ж'енско ко-ќе-с-'оженит н'икој не-с'и-ојт 'от-таму.* (Текстови, 302); *Ко-пом'ина: бал'истите нис-К'ичево уп'епа: дв'ајсет ц'ивили.; Ко-д'ојдо: партиз'аните, ги-'убија Герм'анците во-згр'адана од-н'ародна 'одбрана.; Ко засв'ирија св'ирките, ц'ело с'ело 'излезе н'а-гумно.; Ко-д'ојде Л'упче тогаш сф'атиф к'олку-бил п'аметен.; Ко-дипом'ираф 'одма п'осле то: син'ајдоф р'абота.*

Од наведените примери можат да се донесат неколку заклучоци за употребата на сврзничкиот предикат *ко* (<кога) и за значењето што тој го носи во дадена реченица: прво, дека во сите

реченици оформени со *ко* се укажува на временскиот контакт меѓу два настани; второ, дека од видот на глаголот во глаголскиот предикат со кој е оформена реченицата со *ко,* зависи дали настанот во временската реченица е фон врз којшто се случува настанот од главната речница, тоа е во случаите кога глаголот е од несвршен вид, или пак временската реченица искажува настан што му претходи на настанот во главната реченица, а тоа е во оние случаи кога глаголот во временската реченица е од свршен вид. Повеќето примери што ги наведовме погоре се од вториов тип. Интересно е дека во примерот: *И ко-се-сврши за 'ова: м'ајка-ми б'еше стр'ојник.* (Текстови, 293); реченицата оформена со *ко* и со глагол од свршен вид укажува на настан што се случил не пред настанот во главната реченица, туку по тој настан. Овој пример укажува на фактот дека самиот сврзнички предикат *ко* како семантички најсиромашен сврзник има широко поле на временски значења што може да ги изрази, а што можат да се добијат со комбинација со видот и со лексичкото значење на самите глаголски предикати. Кога изразува идна временска перспектива сврзникот *ко* се врзува со *ќе* како во првиот горенаведен пример. Од неколку од горенаведените примери (првиот и третиот) може да се заклучи дека со сврзникот *ко* + кондиционал или *ко* + субјунктив (*К'ога да-ти-р'ечам да-ме-п'ослушаш, ти не-м'е-слушаш!; Ко-да-д'ојт овде, прашујт за тебе;*) можат да се изразат хабитуални дејства, една од функциите на овој сврзник што се сретнува и во другите дијалекти (сп. *Кога волојте и к'ершее ние и-правеме цилезни* ШК; Тополињска 1997: 50).

Средства за реченично надоврзување, а кои служат за изразување на релацијата контакт во време се *тогај//тогаш* и *во то: време.* Примери: *Борче младо д'ете петнајсетг'одишно. Се п'етљал т'огај со-овие што бе: во-комунистичка п'артија, во-т'ие, св'езди пет'окраки пр'ајле...* (Текстови, 276); *Тој го к'ажал 'истото м'есто што-го-к'ажал 'Оцата. Тогаш, со-г'олема рад'озналос го-зајр'ашале...* (Текстови, 284); *Ц'ела н'едела беф бес-т'елефон. Такви р'абоќе. И-Евжо, и-т'огај 'убо: д'емек се-п'онесе, р'ече...* (Текстови, 289).

4.1.2.1.2.2. Релацијата 'последователност базирана врз релацијата *по*' во кичевскиот говор се изразува со сврзничкиот предикат *'отко: Отко д'ојдо: 'еднуш во сл'ободен град д'ојдо: во-К'ичево, и п'осле то: на-Б'укојќ.* (Текстови, 277); *Од-Б'уба м'ајка-е 'еднуш се-ф'ати, отко-'умре 'Иван, се-ф'ати, ни-л'ево, ни-д'есно.* (Текстови, 278); *'Отко се-поздр'авиле со-Итар П'ејо...го-пр'ашале д'али р'екаа т'ечет зл'ато.* (Текстови, 285); *Сега р'екоф ч'инит...Сега, р'екоф,*

'една н'едела отко-н'емаф т'елефон, (Текстови, 289); *Ќе-р'уча:т и после на-с'екоја к'уќа ќе-'одат. 'Отко ќе-го-ф'рлат к'рстот.;* (Текстови, 292); *В'ујко-ми му-'умре ж'ената, и 'отко му-'умре ж'ената и с'еа, т'акоф 'обичај 'имале, тр'ебало што п'обрго да-се-ж'ени.* (Текстови, 297); *И, с'ега, п'осле то:, отко-му-го-ут'епале т'атко-му, н'емат ж'елба.* (Текстови, 303); *Отко: умре: м'ама и-т'ате, бр'ат-ми с-исп'амети.* Од наведениве примери може да се заклучи дека со сврзничкиот предикат *отко* (< откога) се изразува сукцесивност на настаните изразени во двете дел-реченици при што дел- реченицата воведена со *отко* го именува поранешниот настан и главно оваа реченица и претходи на главната реченица (но може и да следи по неа како во вториот и во четвртиот пример). Од првиот и од претпоследниот пример, пак, можеме да заклучиме дека понекогаш информацијата за сукцесивност, последователност се засилува и со надоврзувачки средства од типот *после то:* кое овде сигнализира токму редење на настаните едно по друго, а во последниот пример, пак, информацијата е засилена уште и со *и, с'ега,* и двете во функција на надоврзување и на потенцирање на временскиот редослед.

Овде ќе дадеме и примери како оваа временска релација се изразува со средства за надоврзување: *И тој, му- го-д'але т'ие к'аменот, и-тој п'осле не-'им-фрлал и тие си зам'инале.* (Текстови, 271). Анафорски корелат на *отко* во кичевскиот говор е *оттогај: И оттогај сиром'ајот Б'орис три г'одини, г'одини три и-на-ср'емски фронт, три г'одини...Две, три г'одини зна: б'еше, две-и-пол или три, т'ака н'ешто.*(Текстови, 277).

Брза последователност во време се изразува и со меѓуреченична анафора со прилозите *одма* или *одма после то:*. Примери: *Ме-в'икна: на-т'елефон и-ј'а 'одма се-сир'емиф.; Прајфме крштефка. И-'одма после-т'о: зам'инафме в-'Охрид.*

Забрзана последователност на настаните се изразува и со турската заемка *таман: И т'ам'ан е-з'еде, и-го-з'едо: в'ежба.* (Текстови, 298).

Освен со *отко* последователност се изразува и со сврзничките предикати *чим* и *штом* (кои се разликуваат од каузативните *чим* и *штом*) кои имаат побогата семантичка компонента од *отко*, а тоа е инсистирање дека двата настана се редат еден по друг (Тополињска 1997: 66). Примери: *Чим влегол дома му и тој му спукотел, сајбијава* Иж (Видоески 1957: 76); *Штом ти влагаш, та: 'излагат.*

4.1.2.1.2.3. Сврзничкиот предикат *дури* употребуван со реченични аргументи „сигнализира завршна временска граница на еден настан (состојба, процес...) при што таа може да се поклопува или со

почетокот или со крајот на настанот (состојбата, процесот...) – локализатор."(Тополињска 1997: 49).

Најпрво ќе ги разгледаме примерите во кои *дур(и)* се употребува самостојно или во спрега со *да* (за изразување на идна временска перспектива) и со него се искажува релација на делумно или целосно преклопување во време. Примери: *Е м'ама дур-'умре го-каж'уше к'аков-бил см'окоп.* (Текстови, 282); *...а-пој, па: дур-е б'арала препходно вр'еќапа, зел 'иглa и-к'онец и ги-скрил во-п'алтото.* (Текстови, 287); *Дур-да с-'испржит кр'омидоф ја ќе-п'ојда д'олу ќе-пор'аботa.;* Од третиот пример се гледа дека кога се работи за идна временска перспектива сврзничкиот предикат *дур* се јавува во спрега со партикулата *да,* односно бара употреба на субјунктив praesentis. Инаку, и во трите примери во временската реченица имаме изразување на настан чиј крај треба да се поклопи со крајот на настанот изразен во главната реченица.

4.1.2.1.2.4. За изразување на обратен временски редослед во кичевскиот говор се употребува сврзничкиот предикат *пред да* или самостојно или засилен со *уште: Пред да-'умрет м'ама, ме-совет'уше како-да-р'абота.; Та: б'еше б'олна. Ама уште-пр'ед да-п'ојт н'а-лекар зн'аше д'ека-е н'ешто т'ешко.*

4.1.2.1.2.5. Освен *пред да* со ваква функција во текстовите се појавува и сврзничкиот предикат *дур* комбиниран со партикулата *не.* Примери: *Дур не-ми-да:т реш'ење за-пл'ата ја не-се-н'адева.; Из'ејте-ги јаг'откиве дур-не д'ошол т'атко-ви с'ите да-ги-'изејт.;* Карактеристично за сврзничкиот предикат *дур не* е тоа што освен обратен временски редослед носи дополнителна семантичка компонента, а тоа е задолжителен контакт меѓу настаните (Тополињска 1997: 66).

За разлика од *дур (да),* кое го спомнавме погоре, а кое изразува дека крајот на едното дејство се поклопува со крајот на другото дејство, *дур не* исто така изразува временска граница, но граница меѓу крајот на едното и почетокот на другото дејство. Како резултат на ваквата негова семантика, сврзничкиот предикат *дур не* секогаш бара свршен вид на глаголскиот предикат што ја конституира временската реченица.

4.1.2.1.3. *Причински релации*

4.1.2.1.3.1. ***'причина'***. Причинската релација во кичевскиот говор се изразува со повеќе сврзнички предикати. Еден од пофреквентните е сврзничкиот предикат *оти: ...а зн'аш з'ошто го-*

в'ика: П'атрикон, 'оти н'осеше п'атерици... (Текстови, 282); *..и и-в'елел да-вн'имават к'аде 'одат о'ти е-н'оќе, п'ошто с'амо та: гл'едат, а-тој н'аводно н'е-гледат.* (Текстови, 287); *Знајт кога-е-вр'еме за-по-смр'ека. Оти 'изгледат с'амо со-то: се-заним'авале.* (Текстови, 301); *Ко-ќе-с'еднеше д'о-мене и с'е: ме-препраш'уваше, ама многу ми-б'еше жал, 'оти л'уѓево кајшто е-см'естен го-к'ара:т, н'е-прашуј, н'е-прашуј!* (Текстови, 301); *Б'орис велит: „Прос ја 'оти не-с'и-појдоф д'енеска по-п'ечурки.“; Тој се-'извалка оти не-ме-сл'ушаше.* Сврзникот *оти* е по потекло од грчкиот јазик каде што има функција на комплементарен оператор, додека причински сврзник во грчкиот е γιατι кое му одговарало на македонското *зошто/зашто*. Веројатно на македонски терен *оти* ги соединило функциите на οτι и γιατι, а по примерот на *зашто* при-фатило и прашална функција (Тополињска 1997: 74). Во кичевскиот говор *оти* го сретнуваме главно како сврзнички предикат за причина и како прашално зборче. Во улога на комплементарен конектор *оти* се јавува маргинално и тоа главно под влијание на стандардот и медиумите кај помладите генерации, а не како одлика на самиот говор.

4.1.2.1.3.1.1. Комплементарниот оператор *дека* се јавува и во причински реченици, појава регистрирана и во други македонски дијалекти (Тополињска 1997: 72). Примери: *Оти заг'еота, му-р'екол, д'ека во-Тасос бил?* (Текстови, 302); *Кр'аделе кај-Блаж'ејца цр'ешни, та: д'ека не-гл'едала.* (Текстови, 304); *Б'урето т'очно п'од-дрво зд'ола б'еше ост'ајно. И гр'анките, т'ие д'ека н'иски, в'ака, и-н'ад-него 'одма.* (Текстови, 305).

4.1.2.1.3.1.2. Друг пофреквентен сврзнички предикат што изразува причинска релација во кичевскиот говор е *пошто: Ти ж'ено ќ-оџш н'апрет ја ќе-ти-п'омогна, ќе-'ида п'о-тебе, ќе-ти-п'открева, п'ошто е-н'оќе, и-н'е-гледа, су-ќор.*(Текстови, 287); *...и и-в'елел да-вн'имават к'аде 'одат 'оти е-н'оќе, п'ошто с'амо та: гл'едат, а-тој н'аводно н'е-гледат.* (Текстови, 287); *И п'ошто л'етово не-м'ојме да-п'ојме н'а-одмор, п'ари н'емаме со-к'уќава, одл'учифме да-пос'едиме т'амо.* (Текстови, 298).

4.1.2.1.3.1.3. Освен *пошто* го сретнавме и сврзникот *оштшто* којшто слично како и *пошто*, бара поинаков редослед на речениците, односно со овој сврзник прво се воведува реченицата што ја искажува причината, а потоа реченицата со последицата (слично како и кај последичните реченици) (сп. Тополињска 1997: 69). Примери: *...и 'оштшто и-к'ажуваф м'ама р'ече, м'орат да-д'ојда да-го-в'ида то:.* (Текстови, 300); *'Оштшто си-'инат г'олем с'амо пр'облеми прајш; Ја з'ато: в'ака тр̣чаф п'о-вас д'еца и-по-вн'уци, 'одшто су-б'ила*

гл'адна т'огај, в'езден и-све ми-се-ч'инит д'еца: д'а-не м'и-се гл'адни, с'амо тр̨ча по-С'ашета... (Текстови, 276). Последнава реченица е убав пример на комбинација на надоврзувачкиот релатор *з'ато:* и сврзничкиот предикат *одшто* којшто овде (за разлика од неговата позиција во другите примери) се наоѓа во втората дел-реченица, односно редоследот е ист како кај сврзникот *оти*.

4.1.2.1.3.1.4. И сврзничкиот предикат *бидејќи* се сретнува во кичевскиот говор. И овој сврзник се јавува во иста комуникативна перспектива како претходните два сврзници (*пошто* и *отшто*): *Ита: му-р'екла: „Б'идејќи м-'излажа, ми-р'ече ж'аби, ж'аби да-ти сенапрајт лубен'ицата и-то-кр'астај ж'аби!"* (Текстови, 279); *...и-та: р'екла: „бид'ејќи ми к'ажа да-ти-е блосо:на и-да-ти-'успејт...* (Текстови, 279).

4.1.2.1.3.1.5. Освен *оти*, *пошто*, *отшто* и *бидејќи* се употребува и сврзникот *зашто што* (за каузативните *штом* и *чим* во т: 4.1.2.1.3.5.). Пример: *Ж'ители 'имат с'екој ден се п'ојќе. З'ато-што од-Ман'астирец, м'ашко или ж'енско ко-ќе-се-'ожени т'икој не-с'иојт 'от-таму.* (Текстови, 302).

4.1.2.1.3.1.6. И сврзникот *ко* (<кога), во зависност од конситуацијата, може да се употреби како причински сврзник: *П'авле, н'ејрскат ко-н'емат в'ода*! Оваа појава на наслојување на причинската интерпретација на сврзничкиот збор врз релативно - просторната или релативно - временската ситуација е потенцијално присутна во словенските и не само за словенските јазици (Тополињска 1997: 75).

4.1.2.1.3.1.7. На крајот на прегледот на причинските сврзници што се употребуваат во кичевскиот говор ќе го споменеме уште турското *дел'ми* (< dilmi (нар), değil mi (лит.); Јашар-Настева 2001: 230) кое ретко се употребува, повеќе кај постарите говорители, а има значење слично на *бидејќи*. Пример: *Д'ел'ми н'еќеш да-ни-п'омогнеш, ние н'емат што-да-пр'ајме.* Од даденио пример може да се заклучи дека овде имаме каузативна релација која наликува и на релацијата 'со оглед на' (види: 4.1.2.1.3.5.), а за која е исто така карактеристична употребата на турското *дел'ми* (Тополињска 1997: 85).

Како анафорски релатор за причина во кичевскиот говор се јавува *зато:*. Примери: *Ја з'ато: в'ака тр̨чаф п'о-вас д'еца и-по-вн'уци, 'одшто су-б'ила гл'адна т'огај, в'езден и-све ми-се-ч'инит д'еца: д'а-не м'и-се гл'адни, с'амо тр̨ча по-С'ашета...* (Текстови, 276); *'Исус Хр'истос е-р'оден на-Б'ожиќ, рожд'ение на-'Исус и т'ие не-гок'р̨стиле, з'ато: п"осле е-кр̨стен.* (Текстови, 294); *...а 'имало пл'ева зазапиш'ујње. З'ато: и-парал'елките по-четир'иесет ги-пр'аја.*

(Текстови, 311); *'Кр'овоѿ и-п'адна на-Сл'авка и-з'аѿо: се-'исели водруг'а-куќа.*

4.1.2.1.3.2. ***'последица'***. Релацијата 'последица' иако реално постои во јазикот, во кичевскиот говор површински ретко се изразува со специјализиран сврзнички предикат. Го регистриравме само следниов пример: *П'осле н'еколку вр'еме, м'ажоѿ-је ѿ'олку мн'огу се-пр'еправал д'ека е-ќор и глуф што ѿа: стан'ујла пор'адосна и пор'адосна.* (Текстови, 287) во кој како сврзнички предикат за последица се јавува *ѿолку ...што,* сврзник карактеристичен и за стандардот. (Минова - Ѓуркова 1994: 258). Инаку, последицата како релација обично не се изразува со посебни средства, т.е. со сврзнички предикати. Овој тип на релација во испитуваниов говор, а и воопшто во дијалектниот јазик може да се изрази со надоврзување, главно асиндетонско, како во следниов пример: *Ц'ела ноќ к'оли врве: поул'ицава, (ѿ'ака-што) 'око н'е-склопиф.*

4.1.2.1.3.3. ***'концесија'***. Релацијата 'концесија' или 'допуштање' претставува негација надградена врз причинската врска, т.е. „отсуство на очекуваната последица при присуство на причината која би можела да ја предизвика" (Тополињска 1997: 77). Притоа првиот или појдовен аргумент (што не мора да биде и прв по редослед) е настанот чие (не)реализирање значи дека не се остварила очекуваната последица, а вториот реченичен аргумент воведен од сврзничкиот предикат за концесија, ја изразува причината заради која сме можеле да ја очекуваме нереализираната последица. Во кичевскиот говор оваа релација се изразува главно со сврзничкиот предикат *ако* чијашто употреба е одлика на народниот јазик (Минова-Ѓуркова 1994: 269). Примери: *Основни р'аботи, на-пример, ќе-појѿ д'ома, ќе-ск'инеѿ к'орка леѿ и-'ако л'уѓево 'има:ѿ, с'игурно 'има:ѿ...* (Текстови, 301); *Еве в'еќе П'авле, 'ако 'имаѿ един'ајсеѿ и-пол ѓ'одини ќе-з'аојѿ п'рво оддел'ение с'еѓа, с'еѓа во-Ман'астирец ѓозап'ишале.* (Текстови, 301); *Ман'астирец 'ако е-с'ело, не-е нем'одерно с'ело.*(Текстови, 301); *'Ако ѿ'ураше дош, ја п'ојдоф ѓо-п'осеѿиф в-б'олница.; 'Ако б'еше с'иромаф, ѿа: си-ѓо-з'еде.; Ако је јабанџија, ама многу арен ќе бидеѿ.* (Црско 49). Примери со *макар* во нашите текстови не најдовме.

4.1.2.1.3.4. ***'услов'***. Условната релација е една од основните каузативни релации. Показателите на оваа релација главно се исти за поголемиот дел од македонската дијалектна територија, а тоа се *ако* и *да*-субјунктивот. Истото важи и за кичевскиот говор. Сите условни реченици се нефактивни. Разликата е само во тоа дали со нив се искажува реален или ирреален услов (Тополињска 1997: 80- 81).

4.1.2.1.3.4.1. Најпрво ќе дадеме примери за условни реченици што изразуваат реален услов, а што ги има поприлично многу и во нашите текстови и во приказните од Црско. Примери: *...ако-е Крѫжиќ 'уште нез'аминат, да-д'ојт да-му-помогнет на-ч'ојкоф...* (Текстови, 278); *... зат'иши-го р'ече бр'ојот и-уште-'еднуш ако-'имат квар к'ајмене да-д'оју.* (Текстови, 288); *'И-сега т'ешко се-л'ечит ако н'е-е н'авреме откр'иена.* (Текстови, 298); *...ако му-п'оклона, на-пр'имер, еден-пар б'оички, н'ишто не-су-напр'ајла, него, како една 'акција...* (Текстови, 300); *П'авле:, ако-н'е-бидеш д'обар ќе-те-вр'атиме в-дом..* (Текстови, 302); *И-е-ч'екат ф-ск'утина, д'емек ако-п'аднет ќе-е-з'адржит скут'инава.* (Текстови, 304); *Д'обро што н'емаше повр'едени, н'оќта ако и-д'онесле, и-н'емат да-те-п'уштат, н'емат да-вл'езеш ако- 'имат повр'едени.;* (Текстови, 310) *...ја-н'е-зна 'она к'ако ќе-г-'остат ако-тр'ебит да-з'аминат н'егде.* (Текстови, 310); *Ако те бендисат, мојш и за појќе време д-останеш, а не саде за свадбата, нејзе је требет таков измеќар.* (Црско, 49); *Ја да го фата каменот в рака пепел ќа го направа.* (Црско 51). *Ако ја загина, баре ти остани да ме споменуаш.* (Црско, 137). *Ако му земаш на чоика горното алиште, да не му земаш и кошулата, да го остаиш гол.* (Црско 103); *Ако не веруите, отидете и питајте.* (Црско, 174); *И ако не умрел, может да е жив и денеска.* (Црско, 188); *Ако е б'удала нека 'умрет!* (Црско, 210). Како што се забележува од примериве, условните реченици за изразување на реален услов во кичевскиот говор се градат најчесто со *ако* + презентска форма (и од имперфективни и од перфективни глаголи) во протазата, а поретко со формите на субјунктив praesentis. Во аподозата пак, ситуацијата со употребените глаголски форми е поразновидна. Од примерите можеме да заклучиме дека најчесто во аподозата се употребуваат формите на субјунктив praesentis, но исто така и формите на кондиционал praesentis, на презент од несвршени глаголи, но и на перфектот I како и негираните форми на condicional praesentis со *нема да* (како во примерот *н'оќта ако и-д'онесле, и-н'емат да-те-п'уштат*). Исто така, од погорните примери може да се заклучи дека во аподозата можат да се употребат и морфолошки императивни форми. Кога се работи за прекажани настани, реалниот услов во протазата може да се изрази со формите на перфектот I (сп. во погорните примери: *н'оќта ако и-д'онесле, и-н'емат да-те-п'уштат,* или *И ако не умрел, может да е жив и денеска.*) или со *да* + перфектни форми односно со субјунктив praeteriti, а со формите на потенцијалот во аподозата како што е во следниов пример: *...Вештерицата пак фати да е зборуат за браќа е, за куќата, за*

бавчата, како им било се убоо, ама да имале уште три нешта, поубоо ништо би немало на светот, ни цароt тогај не би се мерил со ними (Црско, 151). Формите на субјунктив praeteriti „обично се дел од ирealниот условен период, најчесто образувајќи ја протазата" (Гајдова 2002: 138), како што ќе видиме подолу од примерите за ирealен услов, но во конкретниов пример, од контекстот можеме да заклучиме дека се работи за прекажување на реален условен период.

4.1.2.1.3.4.2. Реченицитe што изразуваат ирealен услов се помалуброjни. Во текстовите собрани на терен успеавме да најдеме само два примера, кои овде ги дополнуваме со примерите најдени во збирката од с. Црско: *Турч'инката за-мом'ент 'ако н-'излегла, 'ова в'ака све л'ицево на-м'ама к-и-г-'откинел п'есот.*(Текстови, 282); *С'амо, р'екоф, да-д'ојше овие-д'еној 'овде, ќе-в'идиш што-ќе-тин'апрајф.* (Текстови, 288). *Некој цар некогаш ако знаел занат нејќеше да пасет гојда.* (Црско, 90). *Да беше поумен, не ми зборуше да ода да спија во гробиштата!* (Црско, 175); *Ако не беше таков немаше да викат: „Се затна, се затна!"* (Црско 202). Како што може да се забележи од примериве, во протазата на ваквите реченици можат да се употребат или *ако* + некое минато време или пак субјунктив praeteriti, а во аподозата кондиционал praesentis, имперфект, кондиционал praeteriti (вклучувајќи ги тука и негираните форми кои се образуваат со *не ќе + имперфектни форми, немаше да +презент* или како во погорниот пример со *нејќеше да + презент*, форма интересна и невообичаена за современиот кичевски говор) или, ако се работи за прекажување, imperceptiv condicionalis (како во првиот пример).

Во поглед на сврзничките предикати кои се карактеристични за условните реченици во кичевскиот говор важи истата констатација што З. Тополињска ја дала за егејските говори, а тоа е дека „се забележува тенденцијата, иако послабо изразена отколку на пр. во стандардниот јазик, *ако* да сигнализира реален услов, а *да*-субјунктивот за минато - ирealен услов." (Тополињска 1997: 85).

4.1.2.1.3.5. ***'со оглед на'*** . Релацијата 'со оглед на' се наоѓа меѓу условот и причината и ја издвојуваме како посебна. Во овој тип на релација се работи за веќе исполнет услов, но сè уште нереализирана последица (Тополињска 1997: 85). Таа на површинско рамниште во кичевскиот говор се изразува со сврзничките предикати *штом* и *чим*, кои во примериве што ќе ги наведеме имаат каузативно значење (за разлика од темпоралните *штом* и *чим*): *'Ајде, собер'и-си: парт'алите да-те-н'емат кај Пепеш'аркота, штом си-б'ила т'олку гл'упа да-г-избереш 'овај.* (Текстови, 271); *„Штом-е т'ака, дај т'ука да-го-ф'рлиме, и-в'икнал, 'ајде, т'урни-ја вр'екаша од-р'амото...* (Текстови,

288); *Чим не-м'е-сакаш, 'ој-си.; Штом н'емаш п'ари н'ека си-с'едаш д'ома.; Штом не-сш'е-зеле пл'аша н'емојше с'еѓа да-план'ираше 'одмор; Штом В'асе не-'е-дават пл'аша нека-си-се-р'анит на-друѓ'о-место.* Нефак-тивното дејство изразено во вториот реченичен аргумент во наве-дениве примери најчесто се изразува со императивна форма или со субјунктив praesentis кој исто така е во функција на императив.

4.1.2.1.3.6. *'цел'*. Целните или финални реченици ја искажуваат целта заради која се извршува дејството изразено во првиот реченичен аргумент. Се работи за нефактивно дејство изразено во вториот реченичен аргумент кое, нормално, бара и глаголски форми кои ја изразуваат таа нефактивност, а тоа е главно субјунктивот. Затоа, најчест сврз-нички предикат за изразување на оваа релација во кичевскиот говор е *да*, а поретко е *за да*, сврзници кои се карактеристични и за стандардниот јазик (Б. Конески 1981: 538). Примери: *Отвори да-е в'ида!* (Текстови, 279); *На-м'ажот-је мушт'екнало и и-р'екол на-ж'ената да-з'емет една-вр'еќа ѓ'олема за-да-ѓо-кл'аш комш'ијата во-вр'еќата, а тој н'екако ќ-и-п'омогнет за-да-ѓо-фш'ераш в'о-вреќа, а п'осле да-ѓо-'однесаш кај-р'екаша и-'од-мос да-ѓо-ф'рл'аш в-река.* (Текстови, 287); *Во-Теарце му-е-зап'алиле к'уќата, тој за-да-си-е-'олеснит б'олката, да-си-е-'ублажит б'олката, ко-'утеха, да-си-се-'утешит, во-Тасос з'аминал.* (Текстови, 303); *Еве, р;'екоф, д'еца: и-д'онесоф м'алу р'иби да-поф'ака:ш.* (Текстови, 304); *...з'астана Ж'ифко за-да-з'емет кол'ачи н'ешто да-не-вл'аѓаме пр'азни...* (Текстови, 310); *П'ојдоф на-ст'аница за-да-те-пр'ечека.; Мн'оѓу шруд д'адоф (за) да-и-п'омоѓна д-'оздравет.*

4.1.2.2. *Реченични трансформи*

Во овој дел од трудов ќе се осврнеме на кондензираните трансформи на сврзничкиот предикат и на неговиот втор реченичен аргумент. Се работи за покондензиран јазичен израз со којшто сврзничкиот предикат и вториот реченичен аргумент (втората дел-реченица), се изразуваат со помош на некоја нефинитна глаголска форма или само со предлог како единствен показател на релацијата. Овој поекономичен начин на изразување е вообичаен за дијалектите и во повеќе ситуации претставува прв избор на искажување на дадена релација. Тоа значи дека пошироките нетрансформирани реченици што ние ќе ги наведуваме како примери во текстот што следува, само потенцијално постојат во системот како модели, но не и дека транс-формите произлегле директно од нив, односно тие ќе бидат тука

дадени само за поексплицитно објаснување на значењето на дадена трансформа, а не како задолжително скалило во мисловниот процес низ којшто се доаѓа до трансформата.

Најпрво ќе ги разгледаме трансформите во кичевскиот говор кои се во апсолутна употреба, односно во кои нефинитната глаголска форма е единствениот носител на предикативната содржина. Во ваквиот тип трансформи спаѓаат оние кои се конституирани од глаголски прилог, од глаголска придавка или од глаголска именка (ГИ), ако е самостојно употребена т.е. без предлог. Потоа ќе ги разгледаме трансформите контитуирани од предлог + (од)глаголска именка или само од предлог како единствен показател на предикатот.

Од анализата на текстовите заклучивме дека најфреквентни се трансформите конституирани од глаголска именка, било да е таа во апсолутна употреба, или употребена со некој предлог. Затоа поголемиот дел од описот посветен на трансформите во кичевскиот говор ќе се однесува на функциите што ги вршат трансформите конституирани од ГИ, за што од голема помош ни беше монографијата на И. Чашуле во која е прецизно разработена синтаксата на македонската глаголска именка (види: *Библиографија*).

4.1.2.2.1. *Апсолутни конструкции конституирани од нефинитни глаголски форми*

4.1.2.2.1.1. *Трансформи конституирани од глаголскиот прилог*

Глаголскиот прилог како форма ретко се употребува во кичевскиот говор. За начинот на образување на глаголскиот прилог веќе кажавме во вториот дел (види: 3.1.7.4.3.). Овде ќе ги наведеме речениците во кои се употребува глаголски прилог, а што успеавме да ги најдеме во разгледуваните материјали: *Еден ѓуптин одејќи од село на село да питат, го дотерало патот и преку една планина да поминет.* (Црско, 51). *Одеики така три дни и три ноќи ко улав, гладен и потстанал, завлезе во една гора голема.* (Црско 54). *Дотрчаа дедо му и баба му плачеики, фатиа да го караат отти излегле надвор да ја видит сл̣нцето и да ја земет.* (Црско, 62) *Одеиќи така дошел до еден сокак кај што се збирало многу калабалок...* (Црско 129); *Така, ко-д'ошол една-в'ечер п'одоцна комшијата к'ај-ниф, т'аја, п'очнала с'илно да-му-к'ажујт д'ека е-комшијата, пр'ијателот д'ојден, а-м'ажот-је мн'огу с'илно е-*

пр'ашувал, кој-е д'ојден и к'аде:, пр'ајќи-се д'ека е-многу глуф и-ќ'ор и-с'акал с'о-н'его да-се-п'оздравит, ама-р'аката е-п'уштал на-друг'а-стр'ана, пр'ајќи-се д'ека н'е-гледат. (Текстови, 287); *Во-Рим с'ите ј'адат од'ејќи п'о-пат.; Ц'ело вр'еме чит'ајќи ј'адеш. Ти с'акаш трч'ајќи сфе да-е-св'ршиш раб'отата.; Одејќи н'а-школо, паднал;.* Во сите примери, како што можеме да констатираме, со глаголскиот прилог се изразува временска релација. Бидејќи глаголскиот прилог изразува трајно дејство, ако глаголот во матричната реченица е од свршен вид, тогаш со трансформата изразена преку глаголскиот прилог се претставува фонот врз којшто се реализира „матричното" дејство. Најтипични се оние реченици во кои со матричниот предикат се именува почетен или краен момент на дејството изразено со трансформата (Тополињска 1997: 94). Такви се всушност првите четири реченици во кои со предикатите *дотерало, завлезе, дотрчаа, дошел* се означува крајот на дејството изразено со трансформата. Освен ваков временски редослед на прикажуваните дејства, со глаголскиот прилог во кичевскиот говор може да се изрази и истовременост на двете дејства, дејството изразено со трансформата и дејството изразено со финитна глаголска форма (каде имаме предикат од несвршен вид), а такви се претпоследните три примера кои без трансформи би гласеле како: '...се правел дека е многу глув и ќор и многу силно е прашувал...'; 'Во-Рим сите одат по-пат и јадат'; 'Цело време читаш и јадеш...'. Од дадениве примери можеме да го констатираме уште и тоа дека појдовниот аргумент на трансформата и на матричната реченица е кореферентен (за разлика на пример од јужномакедонските говори каде што тој не мора да биде кореферентен види: Тополињска 1997: 93), а всушност најголемиот дел од предикатите во погоренаведените примери се едноаргументни, па тука кореферентноста претставува единствен избор. Доколку се обидеме да ги претставиме горните трансформи со финитни форми интересно е тоа дека најчесто ќе добиеме реченици со конјункција: 'Еден ѓуптин одел од село на село да питат, па го дотерало патот...'; 'Одеше така три дни и три ноќи,... па завлезе во една гора...'; 'Дотрчаа дедо му и баба му и притоа плачеа'.; 'Во Рим сите одат по пат и јадат..' итн.

Во последната реченица *Ти с'акаш трч'ајќи сфе да-е-св'ршиш раб'отата* се сретнуваме со поинакви односи на трансформата и на матричната реченица; тука глаголскиот прилог го доопределува начинот на којшто се реализирало дејството изразено со предикатот во матричната реченица, односно ни укажува дека тоа се одвивало 'брзо, со трчање'. Употребата на глаголски прилог наместо качествен

прилог за брзина, ја збогатува семантички информацијата зашто определува темпо на одреден вид на движење 'трчајќи'. Реченици со вакви трансформи не се необични за дијалектите, па дури можат да се сретнат и осамостоени трансформи како носители на целиот предикативен израз од типот: *И т'о тајчиник пр'аво д'ома* (примерот е од С. Бојковска, Мегленско; види: Тополињска 1997: 95), коишто веројатно ги има и во кичевскиот говор, но ние не најдовме пример во материјалите.

4.1.2.2.1.2. *Трансформи конституирани од глаголска придавка*

Овде ќе се потрудиме да дадеме најдобра можна интерпретација на функциите на глаголските придавки што се јавуваат како трансформи во дијалектните материјали од Кичевско со кои располагаме. (За образувањето на глаголската придавка во кичевскиот говор види: 3.1.7.4.2).

4.1.2.2.1.2.1. Глаголските придавки најчесто се јавуваат во функција на трансформи кои заменуваат темпорални реченици од функционалната зона на 'пред да' при што задолжителна компонента им е надградена негација: *И т'ака се-ист'епале, п'итето ненајрјно, т'ие лом се најрајле.* (Текстови, 289); *Уште-н'евлезен и п'очна да-се-к'арат.; Уште-нер'асонет се-ф'ајкат з'а-квака.; Уште не растоарено житото и стариот невлезен дома, момичето се пофали со брата е.* (Црско, 99). Кај овој тип трансформи често се сретнуваме со клишинирана формула за изразување на дадената релација: „почетна позиција во исказот и присуството на партикулата - предикат *уште* или - поретко - *веќе.*" (Тополињска 1997: 98).

4.1.2.2.1.2.2. Како резултат на испуштање на глаголот - копула сретнавме доста примери со трансформи образувани од глаголска придавка кои претставуваат самостојни искази: *Ене-го, р'ече, 'ене-го, об'есено.* (Текстови, 291); *С'ега пак да-ти-к'ажа, св'е испотр'уени од-мн'огу л'екој.* (Текстови, 298); *Д'о-горе, скроз, д'о-гла:, в'ака. Со-кал изм'ачкани.;* (Текстови, 305); *И пред-б'олница ко-д'ојдофме, полиц'ајци заст'анати, от-специ'алците, 'овде пишт'олине што-ин'осат.* (Текстови, 310) (ваквата појава е карактеристична и за говорите во Егејска Македонија, сп. Тополињска 1997: 97-98).

Како заклучок ќе кажеме дека во кичевскиот говор има доста честа употреба на глаголската придавка во предикативна употреба, со испуштен глагол - копула, но не може секогаш еднозначно да се

определи дали во конкретен случај се работи за трансформа на темпорална реченица, или пак се работи за определба на дадена именка (види т.: 4.2.1.1.).

4.1.2.2.1.3. *Трансформи конституирани од глаголски именки*

Како што веќе рековме, најчест и најбогат сегмент на синтаксичка деривација и во стандардот и во дијалектите, е преминот од конститутивна финитна глаголска форма во глаголска именка (ГИ). Овој процес, што обезбедува поконденсиран јазичен исказ, е сè почест во македонскиот јазик воопшто, а посебно во некои стилови како што е административниот, публицистичкиот, научно-стручниот и сл. Ваквиот развој во стандарниот македонски јазик секако бил иницран од состојбата во дијалектите, во кои употребата на глаголските именки е честа, не без влијание на балканската јазична средина, односно сличната ситуација во ароманскиот, албанскиот, грчкиот и, во некоја смисла, турскиот јазик. Кичевскиот говор во тој поглед се вклопува во западното дијалектно наречје, за кое, пак, е општо познато дека една од неговите особености е честата употреба на ГИ. Анализата на текстовите од Кичево покажа дека во говорниот израз на помладите генерации имаме уште почеста употреба на ГИ отколку кај постарите генерации, посебно како основно предикатско јадро, односно во апсолутна употреба. Овде ќе се осврнеме на ваквата апсолутна употреба на ГИ во кичевскиот говор.

Глаголската именка е употребена како основно предикатско јадро во оние реченици каде што таа, во отсуство на каква - годе индиција за реченична предикација (т.е. на финитна глаголска форма) е носител на основната предикативна содржина (Чашуле 1989: 234). Во нашите текстови најдовме доста вакви примери: *С'амо што-д'ошол и-'уште да-се-ф'рлиш, и-'овај д'ошол, со-сш'апот ш'а:к, уд'ирање и-Б'оре пак 'избегал на-цр'ешната г'оре;* (Текстови, 304); *'Овај, н'е-бе какво-сл'агање;* (Текстови, 305); *...и-не-му-с'е-вдаде. р'ече, да-се-к'ачиш п'ојќе, ск'окање и-н'а-него*; (Текстови, 305) *..Ја р'ече, п'уштање и с'анки стр'уја по-г'азоф ми-п'омина...* (Текстови, 306); *В'ака, р'ече, ф'аќање и-с'е: ми-се-в'ртиш ф'илмоф све кај-в'рвеф...;* (Текстови, 306); *п'осле п'олсат, са:т б'арање, го-н'ајдофме;* (Текстови, 307); *Н'аврба кач'ување, В'есне, и-ш'уку св'етна в'ака с'онцео.* (Текстови, 306).

Употребата на глаголската именка како основно предикатско јадро во разгледуваниов говор е најфреквентна. Притоа, како што се гледа од примерите, ГИ изразува едно дејство во низата дејства претставени со финитни глаголски форми. Значи се работи за

асоцијативни врски, најчесто надградени со темпоралната информација дека дејствата временски се редат едно по друго. Оваа особеност на говорителите од кичевскиот крај ја констатира и Б. Видоески при своите дијалектни испитувања од 1956-57 година. Тој, разгледувајќи ги темпоралните реченици, истакнува дека: „меѓу темпоралните реченици особено се истакнуваат оние без сврзник, стегнати во глаголска именка: *Влаѓање ф село Турците отвориле оѓон (*Вр.); *Фаќање и ѓо стрелале* (ЈД)." (Видоески 1957: 76). Паѓа во очи фактот дека овде, за разлика од широко познатото клише за изразување на претходење во времето со синтагмата *едно + ГИ,* а којашто Б. Конески ја толкува како балканско влијание, давајќи паралели во ароманскиот и албанскиот јазик (Б. Конески 1965: 158), во примерите од Кичево и Кичевско таква синтагма не сретнавме. Овде ГИ самостојно се употребува и ги носи сите значења на финитната глаголска форма од матричната реченица, а со која најчесто се изразува некаков временски редослед на дејствата или настаните. Оваа тенденција на ширење на употребата на ГИ без определбата *едно,* е присутна во разговорниот стил на македонскиот стандарден јазик (Чашуле 1989: 93). Дали се работи само за јазична економија или пак балканската клишерана конструкција се повлекува пред внатрешнојазичните процеси карактеристични за развојниот пат на македонскиот јазик, тешко е да се каже, но веројатно и двата фактора се во игра. И. Чашуле објаснувајќи ја ваквата појава во стандардниот јазик укажува и на фактот дека со употребата на ваквата номинализирана форма се постигнува попластично доловување на дејството слично на функциите на т.н. историски презент (сп. *Фаќање него за ѓуша и трескање од земја* / ' Го фаќа за гуша и го треска од земја '; Чашуле 1989: 93).

4.1.2.2.2. *Предлошки трансформи*

4.1.2.2.2.1. *Предлошки трансформи конституирани од (од)глаголски именки*

Во текстовите собрани на терен најдовме голем број на глаголски именки (и една одглаголска именка) во кои имаме состав од предлог + ГИ, кои главно се трансформи на следниве видови реченици: асоцијативни, временски, причински. Овде ќе ги анализираме трансформите од овој тип во кичевскиот говор, водејќи сметка редоследот по кој се дадени конструкциите од предлог + ГИ главно да соодветствува на погоре наведениот редослед, т.е. дадените

трансформи да изразуваат асоцијативна, временска или причинска, т.е. каузативна врска во којашто ја опфаќаме и релацијата 'цел'.

4.1.2.2.2.1.1. ***Со* + глаголска именка.**

А тој со-в'икање е-пр'ашувал што-му-к'ажуват та:. (Текстови, 287); *„'Оди, р'ече, дон'еси-ми од-д'уњине.“ И-ја 'отаде, со-т'рчање д'ома, д'уња да-му-д'онеса за-со-к'ал да-ме-н'амачкал.;* (Текстови, 305) *Б'арај-го со-т'рчање, к'аде? Н'а-врба.;* (Текстови, 306) *Н'емат ко-'овде в-гимн'азија, со-пиш'ување т'еми, р'абоќе, не, не н'ишто н'емаше.*(Текстови, 308). Сите наведени примери на употреба на глаголските именки со предлогот *со* претставуваат реченични трансформи во коишто се работи за асоцијативна врска меѓу трансформата и матричната реченица (т.е. реченицата во која се вградува трансформата, види: Тополињска 1997: 93). Обично со глаголската именка се именува дејството што е придружувачко (некаква состојба или процес) на дејството изразено со финитната глаголска форма (Тополињска 1997: 99). Бидејќи се работи за разговорен јазик, за којшто се карактеристични многу елипси, може да се случи и финитната глаголска форма од матричната реченица да отсуствува како што е во вториот пример (*И-ја 'отаде, со-т'рчање д'ома,* наместо, *И-ја 'отаде отидоф со трчање дома..)* и притоа целата информација да ја носи самата глаголска именка, се разбира поткрепена со контекстот. Овде секако спаѓа и следниов пример (што содржи трансформа од (од)глаголска именка добиена со суфиксот-*ана*): *И-ја, со-т'рчана, ја п'омагаф, за-св'е п'омагаф ја.* (Текстови, 275), каде што имаме елипса на предикатот од матричната реченица како и во погорниот пример, но значењето јасно произлегува од контекстот. Ако ги прикажеме погорните примери со реченица, на местото на *со* + ГИ би се појавила најчесто приредена реченица со сврзникот *и: Јас отидов дома и притоа трчав* или *Трчај и барај го* (наместо *Б'арај-го со-т'рчање*) и сл. Како што се забележува од примерите, во наведената функција ГИ е неопределена. Во примерот *Н'емат ко-'овде в-гимн'азија, со-пиш'ување т'еми, р'абоќе,...* (како и во некои примери што ќе ги разгледаме подолу) можеме да забележиме дека директниот објект се сврзува непосредно со глаголската именка и тоа претставува една од нејзините глаголски особености (Б. Конески: 1981: 451). Во текстовите од кичевскиот говор не најдовме примери во кои конструкцијата *со* + ГИ носи временско значење од типот *Со отворањето на вратата вревата нарасна...*коишто Б. Конески ги наведува во *Граматиката* (Б. Конески 1981: 454) и кои се сретнуваат не само во стандардниот јазик, ами и во некои од дијалектите (сп. *Со дојд'ењето на гарците*

н'ашиот пој 'изб'ега; Тополињска 1997: 99). Во кичевскиот говор доследно, со ваква временска функција се јавува ГИ самостојно употребена, заменувајќи ја темпоралната реченица.

4.1.2.2.2.1.2. ***Во* + глаголска именка**.

Во-ш'о: през'емање тој н'осит п'огача, на-пр'имер леј, па-е-к'ршат ш'ука...; (Текстови, 291) *Како ви-ш'екнало с'ега на-г'ости в-'ова п'укање да-'идете, в-ов'а-време?* (Текстови, 310) *Б'еше во лозјекр'оење.* (Видоески 1957: 81). Трансформите во кои имаме номинализација со помош на конструкции *во* + ГИ, главно се со временско значење односно кондензираат реченица што изразува истовременост со дејството изразено во главната реченица. Така, овие реченици во поексплицитна парафраза би гласеле 'Кога го презема, тој носи погача...' или 'Како ви текнало да идете на гости сега, кога се пука...'. Само кај последната реченица којашто како трансформа има една сложенка составена од именка- објект на дејството и ГИ која го изразува самото дејство, се работи не за временска, ами главно за каузативна трансформа со доминантна релација 'цел': 'Отиде (за) да го крои лозјето'. Определеноста на конструкциите *во* + ГИ е обусловена од фактот што во овие конструкции имаме „вклучување на дополнителен агенс во дејство што е веќе во одвивање или поврзување на семантички непотполна реченична предикација со веќе остварувањето дејство на настанот за кој реферира ГИ." (Чашуле 1989: 149).

4.1.2.2.2.1.3. ***По* + глаголска именка**.

По-кар'ањето, што-се-к'арале. И-се-закан'увала та:. (Текстови, 297). Од предлошките конструкции *по* + ГИ во нашите текстови најдовме само еден пример со временска, но исто така и со можна причинска интерпретација, т.е. со ГИ се изразува дејство што му претходело на дејството во матричната реченица, но што, исто така, било и причина за дејството што е изразено со финитната глаголска форма. Како и кај другите темпорални трансформи и овде е задолжително настанот што е претставен во трансформата да биде идентификуван, најчесто со членот како типичен показател (Тополињска 1997: 102).

4.1.2.2.2.1.4. ***Од* + глаголска именка**.

И-ш'ие ќе-ум'ира:т от-см'е:ње.; (Текстови, 281) *Ко-ќе-к'ажуват, 'озбилен 'онака, стојт, с'амо ко-ќе-пр'опнет н'ешто, ти-в'ела, уште да-п'аднеш от-см'е:ње.* (Текстови, 306). Двата примера што ги најдовме во нашите текстови се мошне слични и очигледно е дека во овој случај се работи за трансформи кои изразуваат при-

чинска врска. Во материјалот од Б. Видоески го најдовме примерот *Од гости праење куќа не се расипуј*; (Б. Видоески 1957: 77) во којшто конструкцијата од + ГИ може да се толкува како експонент на причинска врска или со надградена условна релација ('Затоа што ќе правиш /Ако правиш гости куќата не се расипува'). Во дијалектниот јазичен израз *од* + ГИ имаат главно причинска интерпретација (сп. *от би'ене умр'е;* Тополињска 1997: 103), но поретко и темпорална интерпретација која може да се протолкува паралелно со темпоралните *по*-трансформи, како што е случајот и со следниов пример: *Тој се освести од зашутрување*то *и ја загрна да ја бацуе*т. (Црско, 24), што изразено со финитна глаголска форма би гласело: 'Беше зашутрен, а потоа се освести и ја загрна...'. Се забележува и овде како и кај *по* + ГИ дека настанот претставен во трансформата е идентификуван со член.

Во материјалите од Црско најдовме примери и од типот: *Од едно слегување от* коч'ијата *се приближи кај него*...(Црско, 23-24); *Од едно влегување во пештерата на часот фати да мирисат и им рече...* (Црско, 63) во коишто конструкцијата *од* + *едно* + ГИ има временско значење, односно означува дејство што се извршило непосредно пред дејството изразено со финитната глаголска форма. Вакви конструкции не се многу вообичаени за современиот кичевски говор, каде што временската релација 'непосредно пред' се изразува само со глаголска именка, без предлог и без други определби.

4.1.2.2.2.1.5. ***На* + глаголска именка**.

Да-д'оји на-б'ерење гр'озје!; ...и ќе-'ојме се: на-к'апење, ја, Симо... (Текстови, 305). Во предлошките конструкции *на* + ГИ имаме два интересни примера. И во двата примера спојот од *предлог* + *глаголска именка* е тој што ја изразува целта на дејството изразено со финитната глаголска форма во матричната реченица. Тоа што ваквите трансформи се јавуваат по глаголи на движење *дојш, ојме* и сл. е од причина што структурите *на-б'ерење гр'озје, на-к'апење,* носат и дополнително локационо значење: 'таму каде што се бере' или 'таму каде што се капе'. Овие реченици искажани со два глаголски предикати би гласеле: 'Да дојдеш за да береме грозје', или 'Ќе одиме да се капеме' и сл. Ова е една од ситуациите во кои глаголската именка истапува во функциите на загубениот инфинитив во македонскиот јазик (Чашуле 1989: 142). Во текстовите од Кичево собрани во книгата *Текстови од дијалектите на македонскиот јазик* најдовме пример во кој составот *на* + ГИ изразува временски однос: *Нав'ачање го-пред'екала најмалат'а-ќерка и го-запр'ашала...* (Видоески: 2000в: 79). Овој временски однос би можел да се толкува како 'во

моментот кога', некаква истовременост или делумно поклопување во време (*Кога тој се враќал го пречекала најмалата ќерка).* Ваквите трансформи настанале по пат на директна семантичка деривација од просторните предлошки *на*-конструкции (Тополињска 1997: 101).

4.1.2.2.2.1.6. ***За* + глаголска именка.**

М'ажот-и п'омогнал м'алку за-кр'евање и и-р'екол на-ж'ената..., (Текстови, 287); *..ст'ана п'озната и-во-Македʼонија за-з'емање н'ајтешки сл'учаи.*; (Текстови, 299); *Тој знајт с'амо д'едо-им 'одел м'овот го-пр'одавал... И смр'еката да, и-смр'еката за-прод'авање;* (Текстови, 301); *Та: ко-м'ала, 'еттен б'еше м'ераклија за-кач'ување*, (Текстови, 304); *ја го-гл'еда, ми-'идет за-см'е:ње и т'уку едно-в'реме...*, (Текстови, 306); *Е п'осле ко-д'ојде за-пол'агање...*, (Текстови, 308); *...м'амо, р'ече, ги-пр'озва: за-влег'ување т'аму во-кабин'етот.* (Текстови, 310); *Коа ќе дојш до крајот и веќе ќе ја видиш скалата за слегуање.* (Црско, 64); *Ќа -в'ика 'аргати за-б'ерење п'ченка. За-п'ченка-к'атење к'упиле м'ашина.* (Орл. Видоески 1957: 77). Во сите наведени примери за употреба на трансформите од типот *за* + ГИ се работи за каузативни трансформи со доминантна релација 'цел'. Во последните два примери може да се забележи дека објектот на дејството изразено со ГИ е употребен без предлог во однос на самата ГИ, па дури во вториот пример објектот се појавува меѓу предлогот *за* и ГИ (тоа бил веројатно и патот по кој се добиле сложенките што се карактеристични за кичевскиот говор од типот *гроз'ебрање, жито-п'левење,* и др. (Видоески 1957: 81); види: 3.1.7.4.4.). Нетрансформирани реченициte би гласеле: 'Мажот и помогнал малку за да го кренат...'; 'стана позната во Македонија затоа што земаше најтешки случаи'; 'Тој знаел дека дедо им одел за да ја продава смреката'. Примери од типот *за знаење - не знам, за сакање - не сака* што се специфични за разговорниот јазик (Б. Конески 1981: 455, Минова Ѓуркова 1991: 42, Чашуле 1989: 242), а претставуваат специјализирани конструкции за референција кон претходно споменување, постојат и во кичевскиот говор, но во нашите текстови не најдовме.

Во говорниот израз на помладите кичевчани, ГИ е сè поприсутна и тоа во различни контексти и на местото на различни реченици кои многу успешно ги заменува, што се гледа и од посочените примери. Употребата на ГИ е карактеристична и пошироко, не само за одредени дијалекти, ами и за разговорниот јазик на македонските родени говорители воопшто (сп. Минова-Ѓуркова 1991: 31-43). Со тоа се потврдува и констатацијата на Б. Видоески, дадена во 1957 година, во која, со извонреден усет на лингвист којшто го чувствува пулсирањето на сопствениот јазик, истакнува дека изразите со употреба на

глаголски именки кои се општа особина на централните и западните говори, „можат да се искористат како одлично стилско средство во современиот јазик“ (Видоески 1957: 76). Триесетина години подоцна, И. Чашуле констатира: „доменот на распространувањето и актуелизирањето на ГИ во ситуација на целосно разгранување на јазичниот стандард значително и динамично се проширува, во голема мерка обусловено од стилистичката диференцијација присушта во литературниот јазик“ (Чашуле 1989: 12).

4.1.2.2.2.2. *Предлошки трансформи со предлогот како единствен показател на предикатот*

4.1.2.2.2.2.1. Кај овој вид трансформи се работи за реченици во кои матричната реченица и вториот реченичен аргумент се поврзани само со предлог, без глаголски показател на предикатот кој го конституира тој втор реченичен аргумент. При реконструкција на ваквите предлошки трансформи најчесто би се добил предикат во облик на (од)глаголска именка. (Тополињска 1997: 103). Овие трансформи се главно од каузативен карактер, а во примерите со кои ние располагаме доминира релацијата 'цел' и тоа со предлогот *за*. Примери: *...и-го-з'ел за-престолон'наследник, Пеплешаркота со-ќерката и-т'ака си-цар'увале.* (го зел за да му биде престолонаследник) (Текстови, 272); *И-пак пр'еку-штици се-нацртав в'аму, е-д'обраф кр'ушата и-в'еќе не-се-с'еќава Б'уба 'али се-вр'ати да-ми-п'омагат п'ојќе за-кр'ушата.* (за да ја береме крушата/ за берење на крушата) (Текстови, 274); *Тој ќе-го-н'апрајт за-помалку да-т'ечет, за-с'итно бр'ашното, не кр'упно, а-за-ж'ивина, за-св'ињи, п'окрупно.* (за да стане ситно брашното) (Текстови, 275); *...к'ојшто ќе-му-д'онесет ср'ет-зима луб'еница, ќе-му-е-д'ајт ќ'ерката за-н'евеста.* (за да му стане невеста) (Текстови, 279);

4.1.2.2.2.2.2. Предлогот *за* може да се појави и во комбинација со други предлози. Еве ги примерите што ги најдовме во нашите текстови: *И сл'ушнала шт'о-рекол ц'арот и-тој ко-врвел го̄ре за-фс'оба и-т'а: 'излегла и-му-р'екла...*(за да си појде в соба) (Текстови, 280). *Зн'ајт с'амо дека е-с'ега вр'еме за-по-м'оф.* (Текстови, 301); *Знајт кога-е-вр'еме за-по-смр'ека.* (Текстови, 301). Ваквата појава е карактеристична и за други дијалекти: примери од Струшко од материјали од 19 век: *Тăргвет за в цăрков*; *Сите су желатели за по славјански* (Тошев 1979: 89); примери од Гостиварско: *и за со пари не ти оjт чоек с офци; си везам миленце за на шторет;* (Поповски 1970:

78); примери од Кукушко: *зă-прăт св'ет не сум убл'ечин.* (Пеев 1987: 222).

4.1.2.2.2.2.3. Освен со предлогот *за,* предлошки трансформи се сретнуваат и со предлогот *по* кој е карактеристичен како секундарна формализација на аргументот којшто е импликуван од глаголи на движење: *Не, д'етиште, Б'орче, по-р'иби оjше, по-р'иби.* (одеше да лови риби, на ловење риби, на риболов); (Текстови, 275). *А м'ама со-Мил"анчета п'окоен ко-б'ила по-к'апинки...* ('отишла да бере капинки') (Текстови, 281); *'ајде В'есо д-'оjме по-к'апинки!* (Текстови, 282);

4.1.2.2.2.2.4. Најдовме и неколку примери со предлогот *на,* при што исто така се работи за формализација на аргументот импликуван од глаголи на движење: *'Имат м'ајка м'ила ќ'ерка, је-пр'атила н'а-вода ...* (Текстови, 292); *А понед'елником саб'ајле е-н'осат нев'естата н'а-вода.* (Текстови, 294). *Знаjш што, 'утре ќ-'оjме н'а-дрва.* (Текстови, 295) *Им-б'оцкат 'очи ко-ќе-в'идат м'ажи тет'офчани, со-т'рскаша н'а-рамо 'одат н'а-риби...* (Текстови, 302); *Ко-б'ефме п'ојдени Р'усjаци н'а-риби...* (Текстови, 303). Оваа функција на предлогот *на* е карактеристична и за стандардниот јазик и е една од неговите многубројни функции (Б. Конески 1981: 519).

Во примерот *...или л'ажел н'а-карти па-го-'убиле* имаме трансформа во којашто предлогот *на* формализира втор аргумент што искажува временска релација која многу едноставно би можела да се изрази со глаголски прилог зашто изразува истовременост на двете дејства: 'или лажел играjќи карти/ кога играл карти, лажел... '.

Од погоре изложените примери можеме да заклучиме дека трансформите коишто се конституирани од предлог не се многу фреквентни во кичевскиот говор, а карактеристични предлози во ваква функција се *за, на* и *по.*

4.1.2.2.2.2.5. На крајот на излагањето за трансформите ќе ги разгледаме уште споредбените трансформи. Тие претставуваат посебен случај затоа што и во двата реченични аргументи се појавува ист глаголски предикат кој, кога ќе се испушти на површината на текстот во вториот аргументски израз, се добива споредбена трансформа (Тополињска 1997: 104). Примери: *Ги-гл'еда:т ко-св'ои д'еца т'ака што д'ецава да-н'е-реча за-кр'атко вр'еме почн'ува:т...* (Текстови, 298) ' ...како што ги гледаат и своите деца...'; *То: гр'анките н'иски скрос н'адолу, ќе-с'ирнеме в'ака, ко-на-црт'анине ф'илмоj, к'ини од-пр'аска:, п'ак с'едни в-б'уре, 'изеj-ги.* (Текстови, 305), ' ...како што се sирка на цртаните филмови...'; *П'осле се загрнаа и се избациjа ко брат и сестра.* (Црско, 169); '...како што се бакнуваат брат и сестра...'; *Тоj се избаци пак ко со сестра и си тргна да си оjт дома.* (Црско, 169),

'...како што се бакнува со сестра...'; *Саде забиτе му свеτеа, ко бисер, друго се црно на него коа жужал.* (Црско, 170) ' ...како што свети бисер, другото сè му беше црно на него како што е црн жужелот.' ; *Кобилаτа леτна уτрав уτоре со него, се извиши уτоре кон облациτе и τој виде одозτора една деојка кај леτаτ τрао на него ко куршум со една сτрела во рацеτе.* (Црско, 171), ' ...како што лета куршумот...' Од примериве може да се заклучи дека релацијата 'споредба' се изразува со *ко* (<како), истиот сврзувачки збор што се јавува и кај сложените реченици со два глаголски предикати само што таму овој збор претставува сврзнички предикат, а овде е во предлошка позиција (сп. и во егејските говори: Тополињска 1997: 105).

Како генерален заклучок за овој дел којшто го посветивме на кондензираните трансформи коишто го заменуваат сврзничкиот предикат и неговиот втор реченичен аргумент, можеме да констатираме дека во кичевскиот говор се употребуваат различни видови трансформи, од кои најфреквентни се оние конституирани од глаголска именка.

4.2. *Именска синτаґма (ИС)*

Една од двете цели на јазичната комуникација, покрај предикацијата за кој досега зборувавме, е номинацијата, односно именувањето на деловите на светот кои човекот ги издвојува како дискретни величини во својата перцепција на сè она што е околу него или што е дел од неговиот мисловен свет. Во овој дел од трудов ќе се задржиме на граматичките експоненти на номинацијата. Како основен резултат на процесот на номинација се јавува именската синтагма (ИС). Начините на кои е формализирана именската синтагма во кичевскиот говор, а кои се израз на одредено значење кое го носи самата именска синтагма, граматичките категории кои се карактеристични за именската синтагма, како и дополнителните членови кои можат да се јават во исказот, а чија цел е доопределување на самата именска синтагма, сето ова ќе биде предмет на анализа во делов што следува.

4.2.1. *Сτруκτура на именскаτа синτаґма*

Именската синтагма се состои од конститутивна именка која е нејзин главен член и дополнителни членови кои претставуваат главно определби на конститутивниот член, а кои можат да бидат во

форма на придавски зборови, на (зависни) именски синтагми или на релативни реченици. Веќе рековме дека со именската синтагма се идентификуваат предметите или појавите за кои станува збор и оваа способност за идентификација на ИС претставува нејзина референцијална служба. Освен референцијалната служба ИС е способна да ја изрази и количествената квантификација на деловите на светот кои таа ги изразува, а кои најчесто ние ги перцепираме како дискретни единици кои се мерливи според нивните просторни и/или временски параметри. Погоре наведените две основни семантички карактеристики на ИС, референцијата и квантификацијата, кои се универзални, на граматичко ниво имаат свои формални обележја кои се изразуваат преку граматичките категории „посоченост" („определеност") и „број". (Тополињска 1997: 109). Освен на овие две граматички категории, ќе се осврнеме и на граматичката категорија „род", која може да има своја семантичка мотивација во поглед на тоа дали изразува живо суштество кое е определено по пол (+ човек и пошироко + живо) и се изразува со формалните обележја во рамките на ИС кои граматички го маркираат природниот род, но може и да нема семантичка мотивација кај ИС кои не означуваат живи суштества, и тука се изразува со немотивирани формални обележја по граматички род.

Именската синтагма, како што веќе кажавме, семантички ја сфаќаме како компонирана од референцијалната карактеристика (Р), количествената карактеристика (К) и сè она што е предмет на овие две карактеристики, а што ние ќе го викаме предикативна содржина. Ваквата семантичка структура на ИС може шематски да се претстави на следниов начин: *РК (п̄)* (Тополињска 1997: 110). Според нашата теорија номинацијата е вторична во однос на предикацијата, и сè, освен главните учесници во комуникацискиот акт, а тоа се *јас* и *тӣ* и нивните семантички деривати *сега̄, овде*, сè друго се предикати кои ја збогатуваат семантичката структура на ИС (Тополињска 1997: 110). Површинската репрезентација на *п̄* (предикативната компонента) ќе ја наречеме јадрена именска синтагма. Како конститутивен член на јадрената именска синтагма освен именката којашто најчесто се јавува, издвојуваме и неколку други формални експоненти: 1) составите *тӣоа шӣто, кој шӣто;* 2) именка со задолжителна определба од типот *мајка ми, мојта̄ гла̄:* при што, како што може да се заклучи од примерите, тука спаѓаат именки што како такви семантички се несамостојни (со релациска содржина, како *бра̄т, мајка, комшија* и сл.) или именки кои именуваат објекти кои се делови од нешто (како *гла̄:, коска, рачка*); 3) придавски збор, односно супстантивизирана

придавка од типот *мил мој, мајкини мои!* (Текстови, 299); или *ако-н'е мојш да-ми н'апрајш д'обро б'аре н'е-ми-прај л'ошо.*

Ќе ги разгледаме накратко овие формални начини на изразување на јадрената именска синтагма.

Составите од показна и од релативна заменка *тоа (ова, она) што/ кој што* функционираат како неделиви и се појавуваат на почетокот на релативната реченица. Нивната содржина е сиромашна, а повеќе информација носи релативната реченица. Примери за вакви именски групи во кичевскиот говор ќе наведеме повеќе во делот посветен на релативните реченици, а овде ќе наведеме само неколку репрезентативни примери: *Се пеељал т'огај со-'овие што бе: вокомун'истичка п'артија.* (Текстови, 276); *...т'аму 'имаше ст'ално б'аза и-ч'ека: којшто ќе-сл'езет т'амо.* (Текстови, 276); *п'отомци му-се 'онај ф-п'ошта што-р'аботит* (Текстови, 277); *којшто н'емат б'акарно, пак т'ије со-к'рпа го-пра:т, го-украс'ува:т...* (Текстови, 291); *И 'оттука одат н'а-река, го-ф'рла:т крстот, к'ојшто ќе-го-ф'атит п'осле ојт...* (Текстови, 291).

Како конститутивни членови на јадрената ИС можат да се јават именки кои бараат, најчесто, задолжителна определба. Тоа се именки кои означуваат некое сродство или некаква релациска содржина или именки кои означуваат делови од нешто. Како илустрација за првата група ИС ќе ги наведеме следниве примери: *од Тане Цалески м'ајка-му* (Текстови, 276); *Бр'аќа на Олга Мицеска* (Текстови, 277); *од-Б'уба т'атко-е* (Текстови, 277); *...да-ми-п'ејте зас'ин-ми* (Текстови, 292); *м'ажот -је ст'анал..* (Текстови, 287).; *'овие рогој мој што си-ги-бенд'исуваф* (Текстови, 290); *овие нозе мој што не си-ги-б'ендисаф* (Текстови, 290).

Придавски збор што се осамостоил и што претставува конститутивен член на јадрената именска синтагма исто така се сретнува и во стандардот и во дијалектите, следствено и во кичевскиот говор, но не многу често: *Ст'ара: ми-се-ј'ави.* (со значење 'мајка ми ми се јави'); *Да-не-су-в'идела н'ешто 'арно 'от-т'ебе, а-за-л'ошо...!*

Сега ќе се осврнеме на дополнителните членови што можат да се јават во јадрената именска синтагма. Во улога на дополнителни членови ги сретнуваме придавките и придавските зборови, други зависни именски синтагми или релативните реченици. Ќе ги разгледаме редум сите начини на коишто овие дополнителни членови се акомодираат кон јадрената именска синтагма.

4.2.1.1. *Придавските зборови како дополнителни членови на јадрената именска синтагма. Конкуренција со предлошките именски синтагми*

4.2.1.1.1. Една од основните функции на придавските зборови покрај предикативната, е да бидат дополнителни членови на ИС односно да ја доопределуваат именката која ја конституира ИС. Притоа именката која е главен член на ИС, на придавките им налага конгруенција по род и број, за разлика од другите типови определби кои не стапуваат во конгруентна врска со именката. Во кичевскиот говор отстапувања во поглед на конгруенцијата нема, освен кај придавките од турско и грчко потекло кои по своите синтаксички особености (не се менуваат по род, а почесто се јавуваат во предикативна функција, отколку во определувачка функција) се наоѓаат на границата меѓу именки и придавки (види т.: 3.1.4. и лексика). Инаку, придавките во поглед на тоа што определуваат, односно какво значење носат, според теоријата што ја прифативме, ги делиме на кондензатори кои можат да бидат единични ($К_е$) или генерични ($К_г$) и на кои во класичните граматики би им одговарале отприлика *релациските придавки* (пример: *мојот стан, змиска кожа, офчо млеко)* и модификатори (Мод) на кои би им одговарале *квалитативните придавки* (пример: *убај луѓе, добра свекрва, шарена чешма*).

Немаркираниот редослед кај ИС определени со придавски збор е кога е прво придавката, па именката. Примери: *ц'арскава ќерка* (Текстови, 271); *сијамски близнаци* (Текстови, 273); *др'угата партија* (Текстови, 273); *г'олемо зад'оволство* (Текстови, 273); *ц'ело лето* (Текстови, 274); *т'есно к'оритце* (Текстови, 274); *ц'р̨вени п'ерки* (Текстови, 275); *мл'адо д'ете* (Текстови, 276); *ж'ешко с̨лнце* (Текстови, 285). Маркираниот редослед, именка, па придавка, се јавува често во текстовите што ги собравме на терен, а мотивацијата за таков редослед може да биде различна: 1) кај емотивно маркираните ИС, на пример во вокатив: *с'инко мој!; ј'агне мое!; добре ни дошел брате наш!* (Црско, 107); 2) кај синтагми кои претставуваат рема на исказот, а најдобро ремата се истакнува со маркиран редослед како во следниве примери: *Оо, г'олемо б'еше-то:, в'оќнаци ц'ели!* (Текстови, 273); *и-ко-б'еше Н'аде м'ала, г'одини дв'е, три...* (Текстови, 281); *д'евојче четр̨најсетг'одишно* (Текстови, 282); *...од-кат'инкиве мој!* (Текстови, 282); *во с'елото м'ое.* (Текстови, 284); *...то:-е ц'р̨квата н'ивна* (Текстови, 284); *...ќе-ти-д'а: од-кат'инкиве мој!* (Текстови, 282); *...да-го-р'аниш м'ажот-ти со-к'олбаси, со-з'елка к'исела...* (Текстови, 286); *Ж'ената и комш'ијата в'есели и сл'ободни, се-осигурале д'ека*

тој нав'истина н'емат ни да-ги-в'идит ни да-ги-ч'ујет. (Текстови, 287); *...п'очнал п'окроце да-ги-ш'иет вр'еќата и-ал'иштата н'ејзини...* (Текстови, 287); *секој две-н'едели р'аѓат ар'ани, аран'ифчиња м'али.* (Текстови, 290); *се-изнаѓадофме пр'аски з'елени* (Текстови, 305); 3) кај ИС со повеќе од една придавска определба при што таа придавка што претставува главна рема оди во постпозиција: *што-д'увна еден-в'етар с'илен* (Текстови, 283); *...да-з'емет една вр'еќа г'олема...* (Текстови, 287); *'овие р'оѓој мој што си-ги-бенд'исуваф* (Текстови, 290). Од последниве примери се гледа дека неопределениот член *еден* секогаш се наоѓа во препозиција, додека новата информација кој најчесто донесува некаква квалификација за конститутивната именка многу често се јавува во постпозиција. Исто така, од повеќето погоре наведени примери можеме да заклучиме дека многу често во постпозиција во однос на именката се јавуваат посвојните заменски придавки, појава карактеристична и за други наши дијалекти и што секако може да се доведе во врска и со местото на генитивните и дативните посвојни синтагми (сп. Тополињска 1997: 121). Како генерален заклучок за линеаризацијата на придавските определби во ИС во кичевскиот говор можеме да кажеме дека доста честа е постпозитивната употреба, односно маркираниот редослед што сигурно не е без влијание од типот на текстовите од кои црпиме материјал: текстовите се усно раскажувани при што многу често раскажувачот првенствено сака да ја каже главната информација, а потоа ги додава определбите, било да се тие во вид на придавски определби или од друг тип (види релативна реченица).

Кога пред именката се појавуваат повеќе придавски определби, во зависност од значењето што тие го носат, имаат и таков редослед, односно утврдена линеаризација од која ретко се отстапува: *(РК ·) $К_е$ · Мод · $К_і$ (· КЧ)* каде што *РК* претставуваат експоненти на референцијална и количествена квантификација, а *КЧ* претставува конститутивен член на ИС (сп. Тополињска 1997: 119). Оваа линеаризација што е карактеристична за стандардот, карактеристична е и за кичевскиот говор, иако, како и во секој народен говор, примери со сите позиции пополнети поретко се сретнуваат, зашто тие во принцип се израз на поизграден литературен стил. Овде ќе ги наведеме сите примери што ги најдовме во нашиот материјал: *...по-'една гл'авна 'улица* (Текстови, 271); *в-'едни распарт'алени алишта* (Текстови, 277); *та: една-пл'ава 'уба: ж'ена б'еше* (Текстови, 277); *т'аква 'есенска праска* (Текстови, 305).

Сега ќе ги разгледаме придавските кондензатори кои изразуваат посвојност. За посвојноста и начинот на изразување на оваа

семантичка категорија со именски синтагми во генитивен однос веќе зборувавме (види: 4.1.1.5.1.7.). Овде ќе се осврнеме повеќе на придавските кондензатори и на тоа во кои позиции повеќе се употребуваат придавски кондензатори, а во кои именски синтагми. Заменските посвојни придавки често се употребуваат во кичевскиот говор за да изразат посвојност. Што се однесува до нивната линеаризација, веќе рековме дека тие, освен во препозиција, многу често се јавуваат и во постпозиција (види ги погорните примери). Овде ќе наведеме уште неколку примери: *И ш'аква хр'аброст да-го-гр'абнет д'етево... На-св'оја ј'атрва.* (повратната посвојна заменска придавка задолжително упатува кон референт на субјектната именска синтагма, т.е. кон синтагмата во номинативен однос, а во кичевскиот говор главно се употребува во доменот на третото лице; Текстови, 297); *М'ајка-ми м'оја б'еше 'от-Чивлик.; С'естра-му н'его: ...; Б'афчено н'аше мн'огу 'убај ш'икви р'аѓаше; ...овје луб'ејнци се-ќ'ерки-ши-швој.* (Видоески 2000в: 82).

Како што може да се заклучи од примерите, кога се работи за именки што означуваат сродство, ако е посвојната заменска придавка во постпозиција, тогаш имаме задолжителна употреба на енклитичка кратка заменска дативна форма. Ако е, пак, посвојната заменска придавка пред именката, тогаш не може да се појави и кратка заменска форма ни во препозиција ни во постпозиција (нема синтагми од типот *мојата ми мајка*). Исто така, треба да нагласиме дека во кичевскиот говор не можат да се сретнат со посвојно значење предлошки синтагми образувани од предлогот *на* + *долга акузативна заменска форма* од типот: *мајка му на него* (како што имаме во југоисточните македонски говори сп. Видоески: 1999б: 141), туку овде таква улога вршат долгите флексивни дативни форми од личните заменки: *С'ш'арата си-му-б'еше от-ш'атко-му н'ему.* Кај постарите генерации претежно во говорот на селата, со посвојно значење се употребуваат и долгите флексивни дативни форми од показните заменки кои се маркирани по блискост / оддалеченост: *Мајка е овејзи е од Душугубица; Татко му овему беше кмет* (Видоески 1957: 77). (со тоа што ваквиот начин на изразување на посвојност сè повеќе се губи на сметка на употребата на посвојните заменски придавки). Изразувањето на посвојност со помош на посвојни придавки образувани од лични имиња од типот: *Брат му Милев го зедо: Турците* Бел; *Дафина ќерка је Достина, је грабиле* Чел. (Видоески 1957: 77) не е многу фреквентно денес во кичевскиот говор. Најчесто ваков тип посвојни релации денес се изразуваат со предлошки синтагми со предлозите *од* или *на* + casus generalis: *С'ин-му на-Џабира д'ошол на-*

гости. ; *Дв'еше ќ'ерки од-Тр'ајкоша Ск'опје сшуд'ира:ш; Во-гра̄д'инана ош-Сп'ироша 'имаш з'ајаци.* (за повеќе примери види: 4.1.1.5.1.7.).

Посвојност во кичевскиот говор многу ретко се изразува со посвојна придавка образувана од општа именка (како што имаме во јужните македонски говори сп: Тополињска 1997: 124). Во овој говор поизразена е тенденцијата вистинска посвојност да се изразува со генитивна именска синтагма. Примери: *д'ешено од комшијана,* (роднинска врска); *пала̄ша̄ша од царош* (вистинска посвојност); *рачка̄ша од секира̄ша* (дел -целина).

Посвојни придавки во кичевскиот говор се употребуваат само како генерични придавски кондензатори: *'орлој н'окши, 'офчо мл'еко, кр'авјо с'ирење, би'олечка к'ожа, зм'иска к'ожа, к'омшиско д'еше, ц'арскошо шамифче* (Текстови, 272); *'есенска кр'уша* (Текстови, 273); *едни 'алиша̄ша гр'адски* (Црско 205); *маѓ'аречки 'инаеш* (Црско, 207). Паралелно, но со поретка употреба, иста генерична функција имаат синтагмите со предлогот *од: к'ожа од л'исица* ('кожа што потекнува од лисица' еден тип на посесивна релација); *к'уќарка од-сл'ама* ('куќарка која е направена од слама' релацијата не е посесивна), *пло̄ш ош-шт'ици* (Текстови, 274). Во трите случаи имаме работа со предлошка ИС во која предлогот *од* се јавува со својата аблативна функција, неговата примарна просторна служба.

Освен на придавските кондензатори од групата на посвојните придавки, ќе се осврнеме накратко и на другите типови придавски кондензатори. Тука спаѓаат единичните кондензатори од групата на показните заменки (*вакоф, шолкаф,* и сл.), од групата на редните броеви (*пр̄в, шре̄ш, последен*) и оние од групата на показатели на просторните и временските односи (*вчерашен, сеѓашен, шукашен, десен, леф,* и сл.). Овде ќе наведеме неколку примери што ги сретнавме во нашите текстови: *в-'онаква пр'ашина.* (Текстови, 273); *'олкав д'ебел смок, 'олкај 'очише му бе:,* (Текстови, 281); *Таква зм'ија* (Текстови, 281); *во-п'рвише р'едој* (Текстови, 272); *д'евеши број, д'евеши број* (Текстови, 281); *со-'оцкај ч'аши ко-пр̣сшоф* (заменската придавка *оцкај,* освен показна функција, носи и информација за мала големина, што значи е на граница меѓу кондензаторите и модификаторите) (Текстови, 283); *к'акви к'уќи 'има:ш, к'акоф с'алон...* (Текстови, 310); *ш'оѓашнише ши пари беа колку денешнише ши гроша* (Црско, 133).

4.2.1.1.2. Во овој пасус ќе се осврнеме уште на неколку типа предлошки ИС како дополнителни членови на јадрената ИС. За *од*-предлошката ИС веќе зборувавме накратко. Сега ќе наведеме уште неколку примери на предлошки ИС со предлозите *со, без* и *за.* Кај

предлошките *со-* синтагми се работи за постоење на определен објект/ објекти (Тополињска 1997: 152), најчесто за контејнер полн со некаква содржина или за доопределба на објектот именуван во надредената ИС во опозиција спрема други претставници на истото множество: *к'ондури со-шт'икли* (Текстови, 273); *к'упишта, 'олкај, со-ц'рвени п'ерки* (Текстови, 275); *р'ека в'истинска 'уба:, 'еколошки зд'рава, со-т'олку р'иби* (Текстови, 275); *Ст'ојмира со патериците* (Текстови, 282); *една к'аца г'олема со-р'асол..* (Текстови, 286); *б'очва со-в'ино* (Текстови, 286); *ќес'иња со-п'ари* (Текстови, 291).

Кај предлошките синтагми со предлогот *без* генерално се работи за недостаток на некој предмет, т.е. отсуство на некој предмет чие присуство би можело да се очекува. Примери: *д'еца од-д'омоф без-род'ители* (Текстови, 298); *Тоб'оганоф н'е-работел и л'ели б'ез-вода 'онака суф.* (Текстови, 306; во овој пример синтагмата *б'ез-вода* можеме да ја толкуваме на два начина, како дел од именскиот прирок, при што глаголот - копула е испуштен, и како предлошка ИС која претставува определба на именката *тобоган*). Вакви синтагми се поретки во дијалектниот јазик. Во стандардот чести се придавски кондензатори изведени со истата морфема *без* (бескуќен, бескаматен), а за нашиот дијалектен материјал како специфична се јавува придавката *бесценет // бефценет.*

Кај предлошките синтагми со предлогот *за* главно се работи за кондензации од семантичкото поле на цел, намена: *за-ц'ела з'има м'есо* (Текстови, 286); *б'олук за-ј'адење* (Текстови, 286); *за-црквата п'ари.* (Текстови, 292); *Ч'ојкот што-му-д'адоф п'ари за-д'рва н'игде го-н'емат.* (За повеќе примери од овој тип види 'реченични трансформи', т. 4.1.2.2.2.1.).

4.2.1.1.3. Придавските модификатори изразуваат „релации чиј интензитет варира, т.е. **а**. релации измерливи како просторни и/или временски или други физички димензии (тип: *долг, широк...*) или барем **б**. релации споредливи со други релации со иста основна содржина, т.е. **ба**. психички димензии (тип: *мудар, штар...*) или **бб**. оценки (тип: *добар, одличен, згоден...*)". (Тополињска 1997: 156). Од кажаново произлегува дека придавските модификатори претставуваат формализации на предикати од минимум два аргумента, при што вториот аргумент е или некоја апстрактна единица мера или некој објект со кој се врши споредба. Токму оттука произлегува можноста за степенување на придавските модификатори (не можат да се степенуваат само поголемиот дел од глаголските придавки). Како придавски модификатори во кичевскиот говор се јавуваат

голем број од качествените придавки, степенувани или нестепенувани: *Саше 'убаф, с'окол на-б'аба!; коњ бел, 'убаф, на-в'екоф што го н'емаш...* (Текстови, 272); *И-што: ни-б'еше г'олемо зад'оволство.* (Текстови, 273); *Н'осеше бомб'арици, ц'рни пант'алони и-б'ела бл'уза и-к'апче...* (Текстови, 277); *А м'ама со-Мил"анчета п'окоен ко-б'ила по-к'апинки..*(Текстови, 281); *...што-д'увна 'еден в'етар с'илен, во н'ашето м'есто* (Текстови, 283); *...да-си-е-кл'ајте погол'емата б'очва со-в'ино..* (Текстови, 286); *'основни р'аботи за-б'ебето: пл'атно б'ело, свеќи...* (Текстови, 294); *Ние во-ст'арана к'уќа им'афме т'аква 'есенска пр'аска.* (Текстови, 305); *кај што го одведе младиот чоек.* (Црско, 34); *Во неа седеше еден млад чоек.* (Црско, 93); *...скокна и загрли синои си и ќерка му и со радосни сълзи и бацуше.* (Црско, 156); *..за-ж'ена-ми да-дојт еден ф'устан цел 'извезен со-зл'ато.* (Текстови, 272); *...'имале Јонг'аздовци к'уќа конфиск'увана* (Текстови, 277); *М'ајка-му шлог'ирана н'е-зна к'олку г'одини...*(Текстови, 296); *По ручек го одведоа во една друга одаја кај што имаше и еден чардак надвисен над една голема бавча со секакви јемиши и цвеќиња насадена...*(Црско, 35); *Царот коа влезе под чадорот и виде сите три дечиња заклани од жал писна коа змија да го укасала...* (Црско, 112). Од последните неколку примери се гледа дека глаголската придавка во функција на рестриктивна определба на јадрената ИС најчесто се јавува во постпозиција. Во ваква позиција обично се јавуваат апозитивните определби, а не рестриктивните и би било тешко да се утврди за каква определба станува збор ако се работи само врз пишан текст, ама бидејќи најголем дел од материјалот е собран на терен, располагаме со звучен запис што ја отклонува дилемата. За употребата на глаголската придавка веќе зборувавме во неколку наврати во трудов. Овде само ќе истакнеме дека во македонскиот јазик, а таква е состојбата и во кичевскиот говор, глаголската придавка сè почесто се употребува како модификатор на именката која е конститутивен член на ИС. Притоа, глаголските придавки од преодни глаголи образуваат конгруентна врска со акузативна (објектна) именска синтагма (*прочитана книга*), а глаголските придавки од непреодни глаголи образуваат конгруентна врска со номинативна (субјектна) именска синтагма (*заминат воз*) (Тополињска 1995: 167). Со други зборови, тоа значи дека сè повеќе доаѓаат до израз именските особености во глаголската придавка (иако сè уште е доминантен глаголскиот карактер на глаголската придавка во македонскиот јазик во целост гледано). Така, во многу од т.н. номинални реченици во кои глаголската придавка е дел од именскиот прирок, но е испуштен глаголот - копула, улогата на

глаголската придавка се сведува само на модифицирање на именката на којашто се однесува. Ќе наведеме уште неколку примери од кичевскиот говор во кои, главно, имаме типична придавска функција на глаголските придавки, со препозиција во однос на именката која е конститутивен член на ИС: *...го-в'идоф в-'едни распарт'алени 'алишта, 'ама го-п'ознаф 'одма.* (Текстови, 277); *...и-т'аму со-к'ошој п'ечени р'иби се-прод'ава:.* (Текстови, 284); *Со-р'ушена чаша ќе-појдат.* (Текстови, 293); *П'ојоф и п'итројоф с'еднале ќе-пиш'ува:т к'олку 'имат рас'ипани ж'ени во-с'елово.* (Текстови, 295). (за глаголските придавки во функција на апозитивна определба види т.: 4.2.5.).

4.2.1.2. *Именка како дополнителен член на јадрената именска синтагма*

За словенските јазици не е својствено именките да претставуваат определби, но во македонскиот стандарден јазик не е мал бројот на вакви примери (Конески 1981: 267). Да видиме колку вакви примери нудат текстовите од Кичевско: *три д'евојки сам'овили* (Текстови, 271); *еден коњ д'орија* (Текстови, 272); *св'езди пет'окраки пр'ајле...* (Текстови, 276); (*петокрака* може да се толкува и како именка и како придавка); *зак'оли-ја кр'аваша јал'оица...* (Текстови, 286); *Им-б'оцка:т 'очи ко-ќе-в'идат м'ажи тет'офчани, со-т'р̣скаша н'а-рамо...* (Текстови, 303); *Беше едно време една жена вдовица.* (Црско, 21); *а тој со тебабијата големци...* (Црско, 111); *...да заколет две три овци јалоици за варење манца...*(Црско, 113); *Мајка, син -ј'унак над ј'унаци и арапин* (Црско, 167).

Од примериве можеме да донесеме неколку заклучоци: 1) во неколку од примерите како јадрена именска синтагма се појавува именка која означува некој најопшт, содржински најсиромашен поим од множеството живи суштества (+ аним), најчесто човек (*д'евојки, м'ажи,* но и *коњи*), а именката што претставува именска определба е носителот на побогатата содржина за целата ИС. Во другите примери обете именки придонесуваат за целосното значење на дадената ИС. Што се однесува до линеаризацијата, очекуваниот редослед би бил прва да е именката којашто е конститутивен член на ИС, а потоа нејзината определба - именка, која по правило би требало да е во конгруентна врска по број и по зависност со именката – конститутивен член на ИС. Во примерите што ги наведовме немаме отстап-

ки од овие правила коишто се важечки за стандардниот јазик. (за именските определби од типот *чаша вода* види: 4.1.1.5.1.7.).

4.2.2. *Количествена информација во именската синтагма*

На почетокот на овој дел којшто е посветен на именската синтагма, веќе кажавме дека таа, освен предикативната содржина, носи и количествена информација затоа што предметите кои таа ги посочува најчесто претставуваат дискретни единици кои се избројливи и кои подлежат на квантификација (Тополињска 1997: 174). Во овој пасус ќе се задржиме на средствата кои ја носат количествената информација и на нивниот сооднос со јадрената именска синтагма (која најчесто е именка). Што е карактеристично за кичевскиот говор во поглед на изразувањето на количествената информација, ќе видиме од примерите што следуваат.

Веќе ни е познато дека дел од количествената информација се оформува на морфолошко ниво со тоа што именките кои се конститутивни членови на ИС се менуваат по број и не можат да се реализираат надвор од оваа морфолошка категорија. Во македонскиот стандарден јазик, а што е карактеристична појава и за кичевскиот говор, кај именките постои и морфологизирана информација за збирна множина наспроти обичната, немаркирана множина. Освен обичната и збирната множина, на морфолошко ниво со посебни морфеми во кичевскиот говор се изразува и избројаната множина кај именките од машки род, најчесто еднослоżни и двослоżни, со тоа што овие форми бараат на синтагматско ниво задолжително присуство или на број или на бројна определба од типот: *колку, неколку, толку* (за образувањето на формите за избројана множина види: 3.1.1.2.).

4.2.2.1. Најпрво ќе дадеме примери за изразување на множество еднородни елементи со помош на ИС конституирана од именка во множинска форма, која често е придружувана од определба во вид на број (што главно ѝ претходи на именката): *два с'ина и две ќерки...* (Текстови, 272); *Кр'уфчето м'ало, р'одот сто-кила.* (Текстови, 273); *н'екој три т'опачи н'екој пет н'екој десет.* (Текстови, 275); *од-четрн'ајсет г'одини.* (Текстови, 275); *две три дни к'орпи 'олкај в'ака.* (Текстови, 276); *три г'одини, г'одини три и-на-ср'емски фронт* (Текстови, 276); *на триесет 'и-три г'одини си-'умре.* (Текстови, 278); *дван'ајсет зај'ачиња* (Текстови, 280); *С'имјанка со-шест к'уфери* (Текстови, 281); *триста зг'оди и-н'езгоди* (Текстови,

281); *во две котл'ичиња* (Текстови, 282); *'обично по-две-н'едели...* (Текстови, 294); *...две три кокошки* (Црско, 93); *'Обата т'рґна: к'омити.; 'Обете ќерки му-се-м'ажени во Старојц.* Од примериве може да се заклучи дека броевите немаат посебни морфолошки форми за род, освен броевите *два* и *обата* кои имаат посебна форма за машки род и една посебна форма заедничка за женски и за среден род: *две, обете.* (бројот *обата, обете* се употребува само во членувана форма и означува целосно опфатено множество).

Сега ќе дадеме примери за ИС изразени со морфолошки форми за избројана множина за кои веќе рековме дека задолжително се претходени од бројна определба: *два с'ина и две ќерки...* (Текстови, 272); *по-три ч'етири д'ена сѝ'ука:* (Текстови, 277)*; А-сел'анецот 'имал три с'ина.* (Текстови, 279); *Е-па то: три д'ена...* (Текстови, 297; наспроти *три дни и три ноќи;* Црско, 54); *за три ґодини му роди три сина коа три арслана.* (Црско, 112). Како што може да се забележи од примерите, со морфолошки форми за избројана множина се јавуваат најчесто именките *ден* и *син*, а по примерот на именката *син* со посебна форма за избројана множина се јавува и турската заемка *арслан* (за значењето на оваа лексема види: лексика).

4.2.2.2. Посебно интересни бројни определби се оние кои се маркирани по машки род, односно кои носат информација дека „објектите што се бројат се човешки суштества од машки пол, односно човечки суштества меѓу коишто има и претставници на машкиот пол". (Тополињска 1997: 176). Тоа се бројните определби образувани со суфиксите *-мина* и *-ица.* Во кичевскиот говор се употребуваат и двата суфикса. Ќе ги наведеме примерите што ги најдовме: *Олґа со-четв'орица др'уґи партиз'ани* (Текстови, 278); *ґ'олеми с'емејства, сн'аи, с'иној, н'е-биле двајц'а-луѓе.* (Текстови, 284); *...с'екоје с'ело 'имат по-дв'ајца тр'ојца к'умој...* (Текстови, 291); *...и т'ераат тројца кирации.* (Црско, 104); *...се вратиле сите тројца ќирации.* (Црско, 105); *Ајде сеґа з'еми и тиј тројца и одај* ...(Црско 104); *Тројцата побратими, ламјата и самовилите* (Црско, 158); *Тројцата браќа, најмалиот ќелеш и цар* (Црско, 175). *Сите петмина директори дојдо: на состанокот.*

Кога се изразува поголема бројност на лица, обично се употребува именката *души* (за лица од трите морфолошки рода) претходена од главен број: *Коа отиде тамо дванајсет души излеґоа пред неґо...*(Црско, 104); *...коа да заклал педесет души.* (Црско, 105); *...и што да ти наит у ними: во сите дванајсет души, двајсети пет*

ќемера, ѝдни со алтани, во секој ѝо две ока чисто злато. (Црско, 106).

4.2.2.3. Како што погоре веќе спомнавме, една од архаичните особености на кичевскиот говор е зачувувањето на морфолошките форми за збирна множина кај именките од сите три рода и нивна употреба со вистинско збирно, колективно значење (за образувањето види: 3.1.1.2.). Примери: *ѝо-ливаѓено вран'ешѝички; иѓрале кајкам'ењана; Земај ѓи коѝѐењеѝо и беѓај одовде!* Кн; *Годиње ѝоѝерајнци ѝомина:.* Вр; *Тој беше ишол ѝо сиѝе ридој наоколку и мали ѝланиње...*(Црско, 111); *со сиѝе царски ѓолемци, измеќари, робје.* (Црско, 111). Од примерите се гледа дека на синтагматско ниво конгруенцијата со придавските определби е секогаш множинска. Една од особеностите на овие форми, а што укажува на нивната семантика на 'збирност, колективност', е што не се употребуваат со броеви, правило што важи за нивната употреба и во стандардниот јазик. (Б. Конески 1981: 223-224). Денес, како што ни е познато, заради ограничената употреба на овие форми на поголемиот дел од македонската дијалектна територија, сè помалку се употребуваат и во стандардниот јазик. Кичевскиот говор, во тој поглед, се приклучува на една група западни македонски говори (охридскиот, струшкиот, гостиварскиот, велешкиот) каде што сè уште опстојува збирната множина и како морфолошка и како семантичка категорија (в. Лаброска 1999: 126-127).

4.2.2.4. Семантичките колективни именки кои формално се во еднина од типот *народ, војска, аскер, село, ѓрад* (како збир на луѓето што живеат тамо, а не како вид населба) на синтагматско ниво имаат секогаш еднинска конгруенција (*ц'ело село, ѓолем аскер*), а на реченично ниво таа може да биде еднинска, но и множинска (види: номинативен однос): *Цело село излеѓо: да ѓл'еда:ѝ.*

4.2.2.5. Приближни бројни определби во кичевскиот говор се изразуваат на следниве начини: *д'ести́на ил'ади ако б'иле, н'е-биле...* (Текстови, 274); *на ѝр'иесеѝ и неколку ѓ'одини* (Текстови, 278); *ѝричеѝири и вл'еѓле.* (Текстови, 282); *ќерка на ѝечеснајсеѝ ѓодини...*(Црско, 108); *беше маж веќе на дваесеѝ и две ѝри ѓодини.* (Црско, 108). Како што се забележува, приближна бројност се изразува или со посебен суфикс *-ина* или со редење на два соседни броја едно до друго (кај вториов начин, ако е бројот поголем од 12 тогаш обично се редат само единичните броеви пред зборообразувачкиот дел *-ајсеѝ: дваѝринајсеѝ, ѝричеѝрнајсеѝ, ѝечеснајсеѝ* види повеќе во т. 3.1.3.). Еден од начините е, исто така, кога до бројот ќе се додаде прилогот *неколку* (како во вториот пример).

Приближна бројност може да се изрази и со невистинските броеви во кои спаѓаат: *малку, многу, трое* (< трошка), *толку, неколку, п'ојќе.* Примери: *малку луѓе; многу офци; ...имало мн'оѓу д'ѣва.* (Текстови, 290); *неколку души; н'еколку д'ена т'ака, по н'еколку пати* (Текстови, 290); *'имала п'ојќе д'ечиња.* (Текстови, 289); *толку пари имавме;* (со последнава форма обично се укажува анафорски во текстот: дека количеството било доволно за да се направи тоа што е претходно кажано.) Најчесто ваквите приближни определби одат со морфолошки множински форми на именката која е конститутивен член на ИС, освен кога именката е назив на супстанцијална именка од типот: *малку мл'екце, трое леќе, многу брашно,* па и во примери како следниов: *многу зелка* (Текстови, 286). Кај примерите од овој тип како последниов, именката се употребува во еднина со генерично значење, зашто еднинската форма во тој поглед е немаркирана (сп. и во други говори: *б'ихме да зб'ирме кл'ас*; Пеев 1979: 68).

4.2.2.6. Кога се работи за прецизно определување на објекти замислени како еден или повеќе делови на една целина, тогаш ИС формално се изразува со нумерички определби и со еднинска форма на именката која е конститутивен член: *...тое б'еше п'ола кр'уша* (Текстови, 274); *ќе-ти-д'ојт пола ѓрад н'а-слава* (Текстови, 283); *Ѓадеф ч'етврт б'урек и-ј'оѓурт.* Кај овие синтагми, значи имаме обележја (+ парт) и (+нум) (Тополињска 1974: 58).

Овде ќе ги разгледаме и ИС од типот *еден од..., малку од....* Посебен начин за некоја синтагма која е бројно определена да се вклучи вторично во една конструкција карактеризирана како (+ парт), е со предлогот *од* како во следниве примери: *И се јадеше по малу од сирењето, дури го изеа сето.* (Црско, 58); *Од арапите еден беше останал жив со расцепена глаа и скршена нога да тој овкаше во бунарот.* (Црско, 168). *Д'ај м'алу од-праските што-си- ги-к'упила н'а-пазар.* Од примерите се гледа дека донесуваат двојна информација: прво го карактеризираат предметот на мислата како составен од такви и такви, толку и толку единици, а второ го карактеризираат како дел на еден друг позитивно посочен предмет на мислата (Тополињска 1974: 59). Изрази кои се обележени како /+парт/, но во кои немаме прецизна бројна определба, се и оние кои се изведени, веројатно, од изрази како во погорниве примери: *И ко-го-в'идела м'ама Ст'ојмира со патериците и с'акала да-му-д'ајт от-кај'инките да-к'аснет..* (Текстови, 282). Во даденио пример имаме ИС (*от-кај'инките*) обележена како /+парт) којашто функционира во директна опозиција по посоченост (определеност) наспрема ИС од типот *да-му-дајт капинки* која не е маркирана по партитивност

(Тополињска 1974:59)). Ист таков пример е и следниов: *Весо не-се с'екирај, ја ќе-ти-д'а: от-кај'инкиве мој!* (Текстови, 282).

4.2.2.7. Количествена информација со означување на контејнерот или единицата мера која определува приближно количество на именката што е конститутивен член на ИС, најчесто се дава со именка, со или без предлог (за конструкциите со предлог види: ИС во инструментален однос и ИС во генитивен однос), а притоа главната именка најчесто е во еднина: *В'ојникот ми-п'обара ч'аша в'ода.; п'откупи од-н'егде по-едно вр'еќиче пч'енка* (Текстови, 275); *'Еднава, ц'акет н'осеше, од-'еднава стр'ана ш'ише р'акија, од-др'угата стр'ана к'утија ц'игари.* (Текстови, 297); *...држ'авава им-надокн'адуват с'ума п'ари.* (Текстови, 299); *ќе-ск'инет к'орка леп* (Текстови, 301); *...едни дисаѓи пари* (Црско, 21); *...една карта вино* (Црско, 93). Значи имаме синтагми кои се единици на мера било да се конвенционални или неконвенционални.

4.2.3. *Референцијална карактеристика (посоченост, определеност) на именската синтагма*

Овде ќе ја разгледаме граматичката категорија 'посоченост' кај ИС во кичевскиот говор, т.е. граматичките средства со кои се изразува референцијалната карактеристика на ИС (нејзината способност да идентификува делови на светот). При јазичната комуникација, од основно значење е адресатот успешно да биде информиран за кои објекти се работи, односно да ги поврзе називите со нивните референти. Средствата, односно структурните елементи на ИС што служат пред сè за посочување на нејзините референти, спаѓаат во проблематиката на нејзината референцијална карактеристика (Тополињска 1997: 191). Треба да нагласиме дека референцијалната карактеристика не спаѓа само во доменот на ИС, туку таа може да се утврди дури на нивото на реченицата. Затоа, морфолошкиот израз на определеноста кај именските зборови во македонскиот јазик, т.е. членот, покрива само дел од начините на посочување, т. е. членот е само еден од експонентите на референцијалната карактеристика на ИС.

Според степенот на идентификација на ИС тие можат да бидат: 1) без референција, предикативно употребени како називи на множество особини што му се припишуваат на референтот на друга ИС (види повеќе во т. 4.1.1.5.1.6); 2) генерични употребени: *Л'екарите се хумани.* 3) употребени како називи за даден елемент кој објективно

постои, е индивидуализиран, но не е идентификуван; и 4) определени, т.е. да означуваат еден единствен објект кој е познат и за говорителот и за соговорникот.

Маркирани по посоченост се сите синтагми кои се употребени референцијално, а немаркирани по посоченост се предикативните синтагми. Кај ИС маркирани по посоченост се издвојуваат оние маркирани по определеност, т.е. кои претставуваат називи за идентификувани предмети. Во овој дел од трудов, ќе се осврнеме на ИС маркирани по посоченост во кичевскиот говор.

4.2.3.1. *Именски синтагми со идентификуван референт*

4.2.3.1.1. **ИС со конститутивни членови маркирани по определеност**. ИС која изразува идентификуван предмет може да биде изразена со конститутивни членови маркирани по определеност, а такви се личните заменки за прво и второ лице еднина. Обично, кога не се работи за посебно истакнување во текстот, личните заменки се испуштаат, а првото и второто лице се изразени преку самите морфолошки глаголски наставки. Примери: *Ја, го:, в'ажна, в'ажна накад'емија во-Ск'опје.* (Текстови, 282); *Ја ќе-ти-к'ажа што-д'аст̄ориш.* (Текстови, 286); *Иво, т̄'ета, б'еше ти во-Ман'аст̄ирец? Д'абе ги-заб'орајф ја маг̃ар'ињата.* (Текстови, 302) (со употреба на личните заменки); *Што ти-к'ажујф т̄ој, за-Иг̃ор др'уг̃арот̄...* (само со глаголската наставка). Заменката за второ лице само во дијалог може навистина да го идентификува адресатот. Инаку, со глаголски форми за второ лице или со заповеден начин, веќе кажавме, можат да се изразуваат и дејства кои важат општо за човекот или за некакво подмножество луѓе: *Ќе с-'ут̄епаш од-р'абот̄а, н'икој ф'ала не-т̄'ивелит̄.; Секој-д'ен 'исто: ст̄'ани, н'ајади-се, р'инт̄ај, т̄'о: па-т̄'о:.*

Кај личните заменки за прво и второ лице множина се работи за елиптична множина односно 'јас + Х' , 'ти + Х', и, при употреба на овие заменки, само од контекстот може да се открие кој се крие зад 'ние' или 'вие': *Ние во- ст̄'арана к'уќа 'имафме т̄'аква 'есенска п̄р'аска.* (Текстови, 305); *То: нап̄р'ајт̄е-го в'ие п̄осле-м'ене, в'елит̄.* (Текстови, 303); *Ко-б'ефме п̄'ојдени Р'усјаци н'а-риби...; Што-п̄р'ајт̄е бе?;* (Текстови, 304).

Заменките за третото лице се јавуваат во текстот во анафорска, кореференцијална служба.

Освен личните заменки, инхерентно оспособени да го идентификуваат референтот на ИС се сопствените имиња. Под сопствени

имиња ги подразбираме и човечките и месните имиња како и името на господа. Примери: *Блаж'ејца с'ама б'еше ост'анаша, ...син'ојше, 'едниош во-'Италија з'аминал, ... др'уѓаша ќ'ерка во-Нов'и-Сад м'ажена, шр'еша во-Ск'опје...* (Текстови, 272). За сопствените имиња во кичевскиот говор е карактеристично тоа што, кога ќе се најдат во зависнопадежен однос, се јавуваат во посебни морфолошки форми, една за датив и една за casus generalis, т.е. стара генитивно-акузативна форма која врши различни функции во реченицата (види: падежни односи): *...и-го-з'ел за прешолон'аследник, П'ейлешаркоша со-ќ'еркаша...* (Текстови, 272).

Синтагмите кои се во вокатив се исто така инхерентно маркирани по определеност. Примери: *'Еве, уште-м'алку нино-Блаж'еје!* (Текстови, 273); *М'амо м'ори, ...ше им'а:ш б'аѓаш...* (Текстови, 281); *Господи, к'ажи што-д'а-сшора со-м'ојош маш?* (Текстови, 286); *Ама, м'ажу,...ќе-си-'имаме за-ц'ела з'има м'есо.* (Текстови, 286); *Ти, ж'ено, ќе-'ојш н'аред...* (Текстови, 287). Конститутивните членови на вокативните ИС најчесто се лексеми кои се маркирани по определеност и кога се надвор од вокативната ИС (најчесто се лични заменки за второ лице, сопствени имиња, називи на сродство, професионални титули). Инаку, како што се гледа од примерите, експоненти на определеноста кај овие ИС се самите експоненти на вокативот, т.е. соодветната синтагматска интонација, во кичевскиот говор редовно придружена со посебна вокативна наставка (види: 3.1.1.3.). Конститутивниот член на вокалните ИС може да биде придружен од тесен избор на дополнителни членови кои внесуваат експресивен став на говорителот спрема соговорникот. Ако на местото на дополнителен член на вокативната ИС се појави при-давски збор, тој најчесто е во постпозиција, со исклучок на долгите придавски форми кои секогаш стојат во препозиција во однос на конститутивниот член на вокативната ИС. Примери: *ej сину мој,* (Видоески 1957: 63); но: ... *еве чешши царе, ја победиф шаму...* (Текстови, 272); *Чешши ц'аре, овје лубејнци се ќерки-ши-швој* (Видоески 2000в: 82).

4.2.3.1.2. **ИС со конститутивни членови немаркирани по определеност**. Сега ќе се осврнеме на ИС чии конститутивни членови се немаркирани по определеност. Тоа значи дека сами по себе дадените ИС не го идентификуваат референтот на кој се однесуваат, туку идентификуваноста произлегува од заедничкото искуство на соговорниците стекнато или пред или во текот на разговорот, т.е. во времето на изговарањето на текстот (Тополињска 1997: 200).

Основен експонент на идентификувачката употреба на ИС инхерентно немаркирана по определеност се показните заменки. Во кичевскиот говор, исто како и во стандардот, постојат три серии показни заменки *-ов, -он, т-*, кои се маркирани по род и по просторна оддалеченост од говорното лице и со делумно зачувана деклинација кога се однесуваат на лично или роднинско име (види т.: 3.1.2.3.). Заменките базирани на *-ов* коренот посочуваат предмети кои се блиски на говорителот; заменките од коренот *-он* посочуваат предмети кои се пооддалечени во однос и на говорителот и на соговорникот; показните заменки базирани на коренот *т-* посочуваат предмети кои се оддалечени во однос на говорителот, но блиски во однос на соговорникот. Исто како и личните заменки, и показните имаат и долги и кратки форми. Притоа, кратката форма од показната заменка со коренот *т-* се специјализирала во анафорска служба и станала определен член. За прашањето дали и кратките форми на показните заменки со корен *-ов* и *-он* во кичевскиот говор станале вистински определени членови или се само показни заменки кои се немаркирани од гледна точка на топикализацијата, ќе видиме во текстот што следува.

Морфосинтаксички гледано, членот во македонскиот јазик претставува постпозитивна клитика која се додава на првиот елемент со кој започнува дадената ИС, па оттука тој е знак за почетокот на една ИС: *ќ'еркаша, ц'арскаша ќ'ерка, н'ајст'арашта ц'арска ќерка* (за формите на членот во кичевскиот говор види: 3.1.1.4.). Со членот се конкретизираат, односно се прикажуваат како познати именуваните предмети или лица. Членот може да извршува повеќе функции. Оние функции на членот кои можат да ги вршат и други морфолошки средства (на пример показната и анафорската функција можат да се изразат и со заменки) не се примарно обележје на семантиката на членот. Функции кои се карактеристични само за членот се: изразувањето на ситуациска определеност, т.е. случаите кога членот претставува обележје на ИС со референти идентификувани in absentia и употребата на членот со генерично значење, т е. кога членот го определува како познат целиот генус, а не само поединечни претставници (Тополињска 1979: 39). Поаѓајќи од ваквата дефиниција, членските морфеми на *-ов* и *-он* во македонскиот стандарден јазик не извршуваат чисто членска функција, туку нивната употреба останува во сферата на функциите на показните заменки. Затоа, пак ситуацијата во кичевскиот говор малку се разликува од онаа во стандардот. Во кичевскиот говор во повеќе случаи се сретнува употреба на членската морфема *-ов* со значење што му се доближува на чисто

членското. Б. Видоески од своите истражувања на терен во шеесетите години на минатиот век го констатира следново: „Во овој говор особено паѓа в очи честата употреба со чисто членско значење на формите со *-в: И на тоа што ќе напра:т комитиве. Пребегна: од четава српска во бугарскава. - Дојде кај мене поречанчево. Ама четава сеа је немат. Дојде после Пешо. Го предадофне детево. Во сета чета после Пешо'е најповерен поречанчево. - По двајцава што дојдоа, еве и и ти'е. Кој ќе бидет стража, овие двајца што се дојдени во четава. - А ти'е, ка што ти рекоф, да г'утепа:т војводава, Пеша. Дошле да му је сечат глата на војводава* Орл.“ (Видоески 1957: 65). Од примериве се гледа дека се работи за употреба на членот *-ов* не се показно значење, ами за ситуациска определеност. Ние ќе наведеме примери од нашиот материјал: *И др'угиот ден н'аново дефил'е, пак н'аново с'ите вр̥ват за-да-г-'удрит со-јабл̥ко тој што ќе-го-б'ендисат ц'арскава к'ерка* (Текстови, 271-334); *Круша беше таја. Есенска круша. Пл̥на, пл̥на, пл̥на. Кр'уфчево м'ало, р'одот ст'о-кила.*(Текстови, 273); *Ко-б'ефме п'ојдени Р'усјаци н'а-риби и п'р̥вото, зост'ана: д'ецава, с'ите д'о-мене ост'ана:. ...т'аму ко-бр'ана 'имат напр'ајно, а-пак-т'а:, бр'аната 'имат к'уќа, п'орано вод'еница, 'имат р'ека, а-ч'ојкоф т'ука с'едит, си-живејт...*(Текстови, 303). Од дополнителни истражувања на терен успеавме да добиеме информација дека со членот *-ов* може да се изрази и генерично значење: *Чојкоф ти е ко камен, што све не-изд'р̥жујт; Компјутериве ќе ги оќорат децава.* Слична употреба на членот *-ов* се сретнува и во други говори од западното наречје, пр. во Гостиварско: *Си бил некој стар чоек со едно внуче. Стариоф сакал да го однесет внучево да се учит.* (Поповски, 1970: 64). Сепак, треба да се нагласи дека во погоре наведените примери се работи за замислено пространствено определување на предметот којшто доминира во говорот во дадениот момент. Оттука, можеме да констатираме дека во кичевскиот говор, а и во други западни говори, се сретнуваме со употреба на членската морфема *-ов* (некаде и на *-он*) која се приближува до чисто членското значење карактеристично за *т-*, но за попрецизни заклучоци потребни се поопстојни истра-жувања на терен на цела територија каде што е регистрирана оваа појава. Инаку членската морфема *-ов* нормално се употребува со пространствено значење: *Ова кав'алчево 'еве ти-го-д'ава!* (Текстови, 280).

Сега ќе дадеме примери на употреба на членот *т-* во кичевскиот говор: *К'арпа 'имаше во-с'аматa в'ода и-т'ука б'еше дл'апка ко-'езерце се-пр'ајше и-го-в'икафме Темница. И ќе-е-н'ајме в'ака со-н'осете ќе-е-н'ајме, зн'ајфме к'арпата к'аде-е, н'а-карпа и ќе-се-ф'рламе*

вр'ау во-в'одата (Текстови, 274); *П'осле војната, па-пак н'екако к'упујфме, пошкупи од-негде...*(Текстови, 275). Од примерите можеме да констатираме дека членот *-т-* ги обележува: а) ИС употребени анафорски, т.е. ИС чии референти биле спомнати во текстот (или пак биле спомнати нивни роднини, делови од тело, т.е. елементи кои автоматски се идентификуваат во однос на друг идентификуван референт) или б) ИС чии референти во дадената ситуација однапред им се познати на соговорниците како резултат на заедничка културна зона, заедничко минато и сл. (таков е примерот *П'осле војната,*). Генеричната употреба, што е една од функциите на членот *-т-* во македонскиот стандарден јазик се сретнува и во кичевскиот говор: *'Е-па кам'ењето се-со-'едни ко-што'ичина најр'ајни и-в'одата ги-в'рѫтит и-т'ие в'ака в'рѫтат, в'рѫтат, а-под-кам'ењето, "огромни, 'олкај 'округли, под-кам'ењето ж'итото од'озгора т'ечет и д'ека с'илни кам'ењето т'ие го-гм'ечат ж'итото, пч'енката.* (Текстови, 275). Ваква генерична употреба во кичевскиот говор има и членот *-ов,* за што веќе зборувавме погоре во текстот.

Во кичевскиот говор членската морфема на *-т-* може да се употреби и со пространствено значење и во тој случај нема вистинска членска функција: *Д'ај-ми-ја тетратката!* (со значење 'таа тетратка што е до тебе').

Главно со пространствено значење се употребува и членската морфема *-он: Ами, рече, в'идофте, к'уќине кајшто г'орат? Како па, р'ече, 'одовде се-гл'еда:т.* (Текстови, 310). Оваа членска морфема се употребува како ознака за определеност кај прекарите во кичевскиот говор, во сите нивни употреби, освен кога се во вокатив. Пример: *Б'елион д'ојде к'ај-мене. С'едефме со-Б'убета Б'рѫмон ф-каф'ана. Го-в'идоф В'елета Ф'ил'кана*; наспроти вокативните форми: *Б'ели!, Брѫм, кај си бе!; Ф'ил'ке!.*

Удвојување на експонентите на определеноста од типот *Тој чојкот пак дојде;* се сретнуваат и во кичевскиот говор. Се работи значи, не за апозитивен атрибут (во тој случај би стоела запирка зад показната заменка), туку за вистинско удвојување на определеноста при што ИС ги опфаќа во иста конгруентна низа и долгите и кратките форми на показната заменка. Примери: *И т'ие Тал'анците си-пос'адиле д'о-ним...* (Текстови, 276); *..тие му-се п'отомци на-т'ој Иваноп.* (Текстови, 277); *'Арно 'ама, та: ц'арската к'ерка го-в'идела...* (Текстови, 280); *'Ова кав'алчево 'еве ти-го-д'ава!* (Текстови, 280); *Тие зајач'иња та ко-ќе-с'ака:т д-изл'ага:т н'из-врата,...* (Текстови, 280); *И кај 'ова пошт'ар'иштево Л'азе, тој пр'имат, 'овај коми'ијава од-'Анка.* (Текстови, 356); *Таа вештерицата ко секоја друга, за пари и*

Господа ќе го продаит. (Црско, 109). Оваа појава може да се објасни на повеќе начини. Тука прво ќе го истакнеме влијанието на грчкиот јазик каде ваквата појава е регуларна. Ако се толкува пак, семантички, се работи за обновување на експонентите на референцијалната определеност. Кај ИС кои се во номинативна позиција ако се тема на исказот, знаеме дека се граматикализира употребата на членот. Така се појавила потреба да се обнови експонентот на референцијалната определеност со воведување и на показната заменка. Впрочем, системот од удвоен предмет што функционира кај ИС во дативен и акузативен однос, можел да повлијае вакво удвојување да се појави и кај синтагмата која е во меѓузависен однос со предикатот, т.е. во номинатив. На крајот, и во ситуации кога мотивот можеби е експресивно истакнување на дадената ИС, наједноставно решение е воведување на показната заменка. (Тополињска 1997: 208).

4.2.3.1.3. Освен со показните заменки и со членот, идентификувачкиот карактер на дадена ИС може да се изрази и со т.н. метапредикати од типот *сиот, цел, полн* или *истиот тој, самиот тој* кои, употребени со конститутивниот член на ИС укажуваат на екстензијата или на интензијата на ИС, т.е. дека дејството изразено со предикатот се однесува на целото множество на референти означени со конститутивниот член на ИС, или дека токму тој референт идентификуван со констутутивниот член на ИС е опфатен со дејството изразено со предикатот, а не некој друг. Овие метапредикати, стојат надвор од самата ИС и затоа се наоѓаат или на самиот почеток на ИС, или во постпозиција како апозитивни модификатори (Тополињска 1997: 209). Примери: *Сиот н'арот се-с'обра на-плошт'ат.; И се: т'ие с'ите пч'енки ко-што-с'е т'ог̣ај отк'атени...* (Текстови, 275); *...тој пак отиде на лов со сета тебабија...* (Црско, 112) *...ауу, т'ука ц'ело л'ето.* (Текстови, 274); *... и с'ег̣а та: и-с'обрала ц'ело м'ало.*(Текстови, 281); *...ќе-си-'имаме за-ц'ела з'има месо.*(Текстови, 286); *...'оти р'екоф, тел'ефоност ц'ела н'едела.* (Текстови, 288); *Ж'ената п'очнала с'екоја н'едела д-'ојт ф-ц'р̣ква да-се-м'олит на-б'ог̣а...* (Текстови, 286); *Л'уѓето скоро-с'ите повер'ујле.* (Текстови, 284); *С'ите се-с'обра: на-'улица.* Во примерите што ги наведовме со метапредикатите *сиот, сета, сите, цел, -а, -о* се укажува на целосната опфатеност на референтот или референтите идентификувани со ИС.

Метапредикати, пак кои ја искажуваат интензијата на опфатеност на референтот којшто е определен од страна на ИС се: *истиот* и *самиот*. Примери: *'Истиот чојк што- те-б'араше фч'ера, пак ми-се-п'ојави н'а-врата. Самата та: ми- кажа што-и-се-сл'учило.*

Во кичевскиот говор со вакво значење на метапредикат за интензија се употребува и турцизмот *баш: ѓа кажуваш свекор -ми, тој ги прајл, баш, петлиња, од-шеќер.* (со значење 'токму тој ги правел, а не некој друг'; Текстови, 303). Вакво̀то значење на *баш* произлегува од неговото значење во турскиот јазик: baş 'глава; врф, почеток; главатар, старешина; прв, главен, најстар' (Škaljić 1965: 122; сп. и во ТРМЈ едно од значењата на *баш* е 'истакнување на некој исказ, навистина' (ТРМЈ 2003: 96).

4.2.3.2. *Именски синтагми со неидентификуван референт*

Именските синтагми со неидентификуван референт не се едноставен лингвистички проблем. За разлика од ИС со идентификуван референт каде што идентификацијата на референтот на кој се однесува ИС (а за што условот е таа да претставува определена дескрипција) претпоставува согласност на говорителот тој референт да го гледа како постоечки ентитет (Тополињска 1997: 214), кај ИС со неидентификуван референт ситуацијата е многу посложена. Кај ваквиот тип синтагми постоењето, односно непостоењето на референт на кој се однесува дадената ИС не може да се одреди само од начинот на градење на ИС, ами зависи од повеќе фактори, меѓу кои и лексичката семантика на глаголот, временската актуелизација или неактуелизација на предикатскиот израз и сл. (пример, во реченицата: *Утре треба да се сретнам со една пријателка на жена ми,* ИС *една пријателка* е референијално употребена, ама референтот не е идентификуван за соговорникот, а можеби не е и за говорителот, што не можеме да знаеме од самиот исказ, наспроти: *Би требало да си најдам една пријателка* каде ИС *една пријателка* не е референцијално употребена, зашто не можеме да знаеме дали во иднина ќе постои некој таков кој ќе биде бараната пријателка на говорителот; Тополињска 1997: 215). Оттука, поради немањето на некои општи правила за тоа кога ИС со неидентификуван референт е употребена референцијално, а кога не е, ние ќе тргнеме од лексичките показатели на неопределениот карактер на ИС и ќе ги толкуваме можностите за изразување на овој тип ИС во кичевскиот говор. Треба да го истакнеме уште и фактот дека ИС со неидентификуван референт кои содржат во себе лексички показатели на неопределеноста, посочуваат индивидуализирани елементи на општото множество, за разлика од ИС со нулти показател, кои најчесто се во генерична употреба, па така ако речеме: *На врата ѕвонеше еден поштар*

тежиштето на информацијата е врз индивидуализацијата на посочуваниот елемент од множеството поштари, а ако речеме *На врата звонеше поштар*, тогаш даваме само информација дека посоченият елемент е поштар, а не на пр. полицаец или нешто друго (сп. генерична употреба на ИС со нулти показател во примерот: *Тука имаш чоек! Кажете ми каде е?* (Црско, 63). Во кичевскиот говор, како што е и во стандардниот јазик, освен ИС со нулти показател, генерично значење може да има и членувана ИС (види ИС употребени генерично: 4.2.3.3.).

Во македонскиот стандарден јазик, а ситуацијата е иста и во кичевскиот говор, има три типа неопределени заменки: 1) тип *некој* кој носи информација дека говорителот не знае да го идентификува посоченият предмет; 2) тип *еден, друг* со информација дека говорителот не сака да се изјасни дали го идентификува посочуваниот објект, и 3) тип *кој било, кој и да е* со информација дека не постои таков елемент на идентификуваното множество што не би можел да биде референт на дадената ИС. Како конститутивни членови кои се инхеретно маркирани како индивидуализиран неидентификуван референт кај неопределените дескрипции се јавуваат само членовите на една затворена група неопределени заменки (*нешто, некој, некојси* и сл.), додека кај другите ИС со неидентификуван референт, најчесто конститутивниот член е необележен, а соодветната информација за неидентификуваноста ја носи допол-нителен член кој е најчесто заменска определба. Во примерите подолу во текстот ќе ги разгледаме ИС конституирани и од неопре-делени заменки и од некој немаркиран конститутивен член со неопределени заменски определби во кичевскиот говор.

4.2.3.2.1. Објективно неопределените ИС најчесто се изразуваат со неопределената заменка *некој: ...ама го-р'аниле во-п'рстето, во-н'екој прст го-р'аниле.* (Текстови, 272); *...тие бројојте, триесседум, триесосум, триешес, т'ака некој-бр'ојој,..*(Текстови, 273); *Н'екој 'офчар н'е-знајл н'ишто ни за-В'елигден ни-за-Р'истоса.* (Текстови, 285); *...а на другите негде -годе по некое зрно саде да паднет?* (Црско, 66); *...да не задремет и тој, пак да доит некој звер, вдк ели мечка, да им изеит некој коњ ели ними.* (Црско, 116). Кај ваквите ИС најчесто се работи за референт кој не му е познат на говорителот. Во примерите што ги наведовме, *некој* се јавува како определба на именката која е конститутивен член. Се сретнуваат и примери каде што *некој* самостојно ја конституира ИС со неидентификуван референт: *...'онде во-б'афчено наше н'екој и-в'идел.* (Текстови, 276); *Абе ако е-н'екој д'обар н'е-требат да-го-*

злоупотр'ебуј ш!; Назираше тој, дали ќа излезе т некој да му отвори т ама никој не излезе ни да се прошета т по двор т. (Црско, 44).

Освен *некој,* во текстовите од Кичево и Кичевско се сретнува и формата *некојси* која носи информација дека говорителот не знае да го идентификува референтот, но и дека таквата информација не е важна за текстот: *И детето сретнало некојси офчар.*

Блиска по значење е и неопределената заменка *едикојси.* Оваа заменка во кичевскиот говор се употребува повеќе во говорот на постарите говорители, а значењето и е, најчесто, дека говорителот не сака да го идентификува посочениот референт, иако ја знае таа информација. Пример: *-Кој зборујл лошо за мене? -Едикојси, не е битно.* Во некои контексти може да носи и значење исто како на *некој,* т.е. дека говорителот не знае да го идентификува посочениот референт, или со дополнителна информација дека не е битна таа информација (како *некојси): 'Ич н'е-ми-е г'ајле шт'о-кажал едик'ојси з'а-мене.*

Објективно неопределени, т.е. со позитивна информација дека говорителот не знае да го идентификува референтот, се и именските синтагми конституирани од заменката *нешто: ...ама беф н'а-пазар да купа н'ешто и таму со-к'ошој печени риби се-прод'ава:.* (Текстови, 284); *Ар'амија дур-не-н'апрајт план, к'алаус, што-в'икаме, н'е-ојт тој ни-да-кр'адет, ни-да-пр'ајт н'ешто.* (Текстови: 297); *Царскиот син тогај се сети оти другар му имат нешто што оит така преку труп без пат...* (Црско, 117). Во примери како првиот, каде што исказот е даден во прво лице еднина, исказот може да носи значење и дека говорителот можеби знае да го идентификува референтот на ИС конституирана од *нешто,* но или не сака да го идентификува или мисли дека не е потребна таа информација.

4.2.3.2.2. За лексемата *еден* знаеме дека во македонскиот јазик врши функција на неопределен член. Слична е ситуацијата и во кичевскиот говор. Овде ќе дадеме примери од користените текстови во кои *еден* навистина има членска функција (а не бројна): *Си-б'ило едно дете, м'ало...*(Текстови, 271); *Да-ми-д'ојт еден-к'оњ д'орија, нав'еков што-го-н'емат, една с'абја зл'атна...* (Текстови, 272); *Една-ж'ена р'екла ќе-пр'ајла п'ите.* (Текстови, 289); *Отиде во една одаја кај што ја беше скрил сабјата...*(Црско, 43); *Имало еден јунак на некоја планина.* (Црско, 43); *Пред ними излегол еден чоек и ги прашал...*(Црско, 127); *Тој најде зафрлени во куќиштето едни орачки железа, ралник и цресло и зеде и ги однесе на еден коач да му направ т од ними едно топусче* (Црско, 158). Од примерите се гледа

дека со *еден* се врши индивидуализација на објектот којшто е посочен со дадената ИС, но не и негова идентификација. Слична индивидуализирачка функција извршуваат и броевите, па затоа синтагмите со бројни определби по дефиниција ги толкуваме како непредикативни. Од кажаново произлегува дека двете функции на *еден*, членската и бројната, се преклопуваат и се доближуваат на некој начин. Разлика, сепак, може да се забележи во начинот на изговарање на бројот *еден* кој е секогаш акцентоген и неопределениот член *еден* којшто, како што се гледа од примерите, најчесто влегува во акцентска целост со именката што е конститутивен член на ИС.

За субјективна неопределеност во кичевскиот говор се употребува и лексемата *фил'ан* како во следниов пример: *...р'екол дека 'идеш од ф'ил'ан с'ело.* (Текстови, 284). Значењето на оваа заемка од турскиот јазик (тур. filan/falan) е дека 'тој и тој е идентификуван за оние чии зборови се прекажуваат, но експлицитно неименуван во текстот' (Тополињска 1997: 222).

Лексемата *друг* не е вистинска неопределена заменка. Таа функционира главно во опозиција со некој друг објект, претходно споменат, а можеби и веќе идентификуван. Пример *...да-си-н'апра:ш к'олбаси и др'уго м'есо да-н'апра:ш за-з'имница.* (Текстови, 286).

4.2.3.2.3. Освен посочување на неопределени елементи од општите подмножества, како кај досега наведените примери, јазикот располага и со средства за посочување на неопределени подмножества од општите или определените множества. Има два типа такви средства: 1) за издвојување на само две подмножества или 2) без конкретна информација колку подмножества можат да се издвојат. За издвојување на само две подмножества се употребуваат заменките *еден* vs *друг*. Примери: *едниот во-Италија заминал,...др'угиот син во-Скопје...* (Текстови, 272). За издвојување на неопределен број подмножества се користи како средство повторувањето на заменката *кој* или на заменката *некој*: *Сите излегле да-го-ш'епаш влкош, кој со пиштоли, кој со пушки.;... со-п'ченка п̣лна к'олава, ќе-ми-д'а:ш, н'екој три-ш'опачи, н'екој пеш, н'екој д'есеш, з'ависиш ош-ч'ојкош, н'екој п'одобар шш'о-е.* (Текстови, 275).

4.2.3.3. *Именски синтагми употребени генерично*

Под именски синтагми употребени генерично ги подразбираме оние со кои не се посочува конкретен референт во стварноста, ами се именува множество на референти на кое припаѓа и

поимот означен со дадената ИС. Значи службата на овие синтагми е сведена на конотација, а не и денотација. На кој начин во кичевскиот говор се градат ИС со генерично значење? Тоа се истите начини како и во стандардниот јазик: 1) првиот начин е со ИС без член, која се разликува од оние синтагми кои го содржат неопределениот член *еден* (и со кои се врши индивидуализација на референтот), примери: *Дојде ел'ектричар.* (а не поштар или водоводџија), наспроти *Дојде еден електричар.* И во двата примери ИС е употребена референцијално, т.е. се однесува на определен референт, но во синтагмата без *еден* референтот не се посочува, туку само се нагласува дека тој припаѓа на дадено множество (множеството електричари, во конкретниов случај); и 2) вториот начин е со ИС со членската морфема *т-*, а во кичевскиот говор видовме дека во ваква улога може да се употреби со членско значење и морфемата *-ов*, примери: *К'учето е-ч'увар на-к'уќата*; *Чојкоф ти е ко камен, што све не-изд'р̨жујт.* (види: 4.2.3.1.2.).

4.2.3.3.1. Сега ќе наведеме повеќе примери за генерична употреба на ИС со нулти показател: *Ар'амија дур-не-н'апрајт план, к'алаус, што-в'икаме, н'е-ојт тој ни-да-кр'адет, ни-да-пр'ајт н'ешто.* (Текстови, 297); *...ако му ја извајт туѓа рака од ножницата, тој од тоа ќ умрет.* (Црско, 42). Со нулти показател на референцијалната карактеристика се јавуваат и називите на единици на мера кои се потчинети на други ИС од типот: *к'орен ј'абл̨ко, ѓ'ајба кр'уши, ш'ише р'акија;* како и именките во перифрастичните предикати од типот: *прајт мет'ани, д'ават 'изим, фр̨лат к'имка, 'имат н'иет, пр'ајт 'р̨шум.* Всушност, кај овие примери се работи за предикатски содржини чија форма дозволува внесување во позиции наменети за ИС, но кои во конкретниот текст не можат да бидат актуелизирани, па се употребуваат заедно со надграденият предикат што е како таков способен за актуелизација (Тополињска 1997: 225). Исти карактеристики имаме и кај подвлечените ИС во следниве примери: *И ко-'извајл тој в-р-р-р, една-т'орба ж'елади.* (Текстови, 279); *...едно ќа имат со белеѓ на челото, еден мал роѓ.* (Црско, 42); *К'упиф ц'е-де за-комп'утер, а- н'е за-д'и-ви-ди.*

4.2.3.3.2. Генеричната употреба на членската морфема претставува вторична појава во развојот на членот и во дијалектниот израз се среќава поретко, зашто е одраз на поапстрактен начин на размислување. Во текстовите собрани на терен најдовме малку такви примери, иако од дополнителните истражувања утврдивме дека не е невообичаено да се употреби ИС со членска морфема (*т-* или *-ов*) со генерично значење. Ќе ги наведеме примерите што ги најдовме во

текстовите и на терен: *Комйутериве ќе ги оќорат децава.; К'учето е-ч'увар на-к'уќата.; Праο кажуат чоеците, оти чоикот коа да остареит се чинит ко дете.* (Црско, 175); *'Е-та кам'ењето се-со-'едни ко-шт'ичина напр'ајни и-в'одата ги-в'рѫшт и-т'ие в'ака в'рѫтат, в'рѫтат, а-под-кам'ењето, "огромни, 'олкај 'округли, под-кам'ењето ж'итото од'озгора т'ечет и д'ека с'илни кам'ењето т'ие го-гм'ечат ж'итото, пч'енката.* (Текстови, 275).

Меѓу ИС со генерично значење има разлика во информацијата што ја даваат меѓу оние со нулти показател и оние со членска морфема. Имено, тие ИС што се со нулти показател укажуваат само дека постои таква единка означена со дадената ИС која му припаѓа на соодветното множество елементи (референти во природата или замислени поими). Со исказот, пак, во кој имаме ИС со членска морфема генерични употребена, најчесто се даваат квалификации, упатства што важат за сите припадници на даденото множество што е означено со таа ИС. Па така, во погорниот пример *Комйутериве ќе ги оќорат децава,* констатацијата што се дава во овој исказ важи за сите компјутери, а не за една единка што припаѓа на множеството компјутери. Во примерот пак, *К'упиф ц'е-де за -комйу'тер, а- н'е за-д'и-ви-ди.* се кажува дека информацијата дадена во исказот важи за единка од множеството на компјутери, или можеби и за повеќе единки, но не значи дека важи и за сите постоечки компјутери. Оттука ни се наложува заклучокот дека можеби членот кога е во генерична употреба не е без семантичка улога, тука тој „како да ја проширува предикацијата на целиот генус на цела една класа на нештата.“ (Тополињска 1997: 226). На крајот, како констатација ќе кажеме дека со генерична употреба во кичевскиот говор почести се ИС со нулти показател, зашто тие можат да се употребат и во функција на припишување на предикација на целиот генус како во примеров: *Ар'амија дур-не-н'ајрајт йлан, к'алаус, што-в'икаме, н'е-ојт тој ни-да-кр'адет,*, иако и примерите со ИС со членска морфема не се малку, но се ограничени само на употребата што веќе ја нагласивме.

4.2.4. *Релатйвна реченица*

Во улога на дополнителен член на јадрената именска синтагма може да се појави реченична конструкција односно т.н. релативна реченица. Релативната реченица всушност прикажува некаква состојба чиј учесник е референтот на ИС чијшто дополнителен член е

токму таа релативна реченица. Со други зборови, појдовниот аргумент во релативната реченица е „идентичен со аргументот на надредената реченична структура оформен во ИС во кој се вградува релативната конструкција“ (Тополињска 1997: 162). Затоа, при градењето на релативните реченици, местото резервирано за појдовниот аргумент се блокира со семантички празни супститути (т.н. релативни заменки) кои претставуваат и конектори односно средства за акомодација на релативната реченица кон определената од неа ИС.

Во кичевскиот говор како и на целата македонска дијалектна територија универзален релативен супституит - конектор т.е. relativum generale е заменката *што*. Но, поради фактот дека *што* е максимално немаркирано (среден род, еднина, нулти показатели на падежен однос), кога оваа релативна заменка се јавува како средство за акомодација на релативна реченица кон ИС која не е во номинативен однос, ами во некој друг падежен однос, се јавува потреба да се сигнализираат функциите што таа ИС ги врши во дадената реченична конструкција. Затоа, често, со ваква функција на изразување на категоријалните карактеристики се јавуваат категоријално маркираните заменски клитики кои заедно со *што* го покажуваат падежниот однос. Кои заменски клитики најчесто се појавуваат во кичевскиот говор, ќе видиме во примерите што следуваат.

4.2.4.1. Најпрво ќе дадеме примери во кои со релативната реченица се изразува номинативниот падежен однос (меѓузависност на глаголскиот предикат и именската синтагма која претставува појдовен аргументски израз): *...и ц'арот н'аредил с'ите м'ашки што-се да-се-мобилиз'ира:т...* (Текстови, 272); *И п'очнала да-б'егат в'ојската, од-стр'отивна стр'ана што-б'иле, н'епријателиве...* (Текстови, 272); *..секој емиш, в'ишни, што пост'ојше, кај-Блаж'ејца в'о-двор.* (Текстови, 273) (го имаше кај Блажејца...); *..оти н'екако ко-пот-ком'анда т'ие ж'ителi што-б'иле, д'естина 'ил'ади 'ако б'иле, н'е-биле, с'едум 'ил'ади, ...с'ите си-е-држе: ч'иста р'екава.* (Текстови, 274); *Леле колку-м'е-болит п'рстоф! 'Овај, ск'ршен н'екојпат што-бил.; ...и-т'ие што-к-'идат од'оздола со-п'ч'енка п'ḍна к'олава, ќе-ми-да:т, н'екој три-т'опачи, некој пет некој д'есет..* (Текстови, 275); *Се-п'етљал т'огај со-'овие што-бе: во комун'истичка п'артија, во-т'ие, зв'езди пет'окраки пр'ајле..* (Текстови, 276); *..п'отомци м'у-се 'онај в-п'ошта што р'аботит, Стр'умка, т'ие му-се-п'отомци на-тој 'Иваноп.* (Текстови, 277); *Знајш к'ој-и-е н'еви т'акво, 'Оле што-е-к'ḍстена, н'ане: е-к'ḍстена, д'окп'оркана 'от-Чифлик.* (Текстови, 277); *За-ч'ојкоп*

што се-т'опел н'а-покриф; (Текстови, 290); *Да, тој што прајт т'акво н'ешто, 'однапрет пл'анират к'ако ќе-с'е-бранит.* (Текстови, 297); *И М'ито д'октopoн п'окоен, што умре ќе-д'оjше на-Свети Н'икола...* (Текстови, 281); (двојно определена ИС и со придавка и со релативна реченица и оваа релативна реченица е нерестриктивна, односно не внесува нова информација за референтот на релативизираната ИС).

Освен со *што* релативна реченица во номинативен однос сретнавме и со *којшто* во следниве примери: *...т'амо 'имаше сп'ално б'аза и-ч'ека: којшто ќе-сл'езет т'амо;* (Текстови, 276); *Којшто ќе-му-д'онесет ср'ет-з'има луб'еница, ќе-му-е-д'ајт к'ерката за-н'евеста.* (нула во позиција на релативизирана ИС; Текстови, 279). Од примериве убаво се гледа дека фактички се работи за празна релативизирана ИС, па употребата на *којшто* е неопходна за да укаже на фактот дека со релативната реченица се посочува на некое лице кое претходно не се појавува во текстот.

Во примерите сретнавме и употреба на *кајшто* како конектор којшто заменува ИС во номинативен падежен однос, појава карактеристична и за други дијалекти: *Ами, р'ече, в'идофте к'уќине к'ајшто г'орат?* (Текстови, 310). Употребата на прилошките форми *каде* и *како* како вистински конкуренти на *што* веројатно претставува балканска црта со грчко влијание затоа што грчкото *που* има функција и на прашален (заменски) прилог 'каде' и на универзален релативен субститут (Тополињска 1997: 164).

4.2.4.2. Акузативниот однос при употреба на relativum generale во кичевскиот говор се изразува на следниов начин: *...све што с'акаш, ж'елба што-'имаш во-ж'иотоф, ќе-ти-с-'испълнит.* (Текстови, 271); *...ц'арската к'ерка да-ф'рлит со-j'аболко, тој што-го-с'акат да-сиго-'одберет т'аја.* (Текстови, 271); *...за-да-г-'удрит со-j'абл̥ко тој што-ќе-го-б'ендисат ц'арскава к'ерка.* (Текстови, 271); *...и-та: си-из'ела т'аму ф'устанчиња, што-'имала...* (Текстови, 271); *Дај да-пр'оба 'овие што-ми-го-д'адо: п'од-јазик.* (Текстови, 272) (во овој пример релативизираната ИС се наоѓа во претходната реченица (*бесценетиот камен*), а дека е така сведочи кратката заменска форма *го*); *Ма-то: фс'ушнос не-е-т'аван, ко-с'оба е-г'оре. Ко-с'ега што-и-пр'ат пошкр'овљана.* (Текстови, 273); *....еее, 'овие р'огој мој што-си-гибенд'исуваф, глеш што-ми-напр'аја, да-ме-ф'атит л'авот.* (Текстови, 290); *овие нозе мој што не си-ги-б'ендисаф* (Текстови, 290). *Ја отст'оење н'а-нозе се-изм'оруа, а-н'е от-т'и што-ме-пр'ашујш.* Како што се гледа од примериве, акузативниот однос кај релативните реченици се изразува најчесто со *што* и со кратките заменски клитики за

акузатив: *ме, те, го, е, нас, вас, и//ги.* Изразување на акузативен однос без заменска реплика има само во примерите во кои релативизираната ИС посочува нешто неживо и е немаркирана по определеност како во првиот пример.

4.2.4.3. Конектор којшто заменува ИС во дативен падежен однос во релативните реченици во кичевскиот говор е, исто така, релативното *што:... ...и наj'оsади д'ошол до-'овај што-му-е-з'ел ж'енава.* (Текстови, 295). Дативниот однос во релативните реченици во текстовите што ги имаме на располагање се сретнува многу ретко.

4.2.4.4. Инструменталниот однос во релативните реченици во кичевскиот говор се изразува на следниов начин: *...'еве-го шам'инчето ти што ми-го-пр'еврза п'рстот.* (Текстови, 272); *Зн'ајш, М'иха го-'откол жел'езото.-Кое-ж'елезо? -Па-то: што-се-'удри! К'ујзнајт колку-с'е-удрил!* Како што се забележува од примерите, инструментален однос во релативните реченици се изразува без посебни средства кои ќе ги изразат категоријалните карактеристики на релативизираната ИС, ами само со употреба на *што,* а до двозначност не доаѓа затоа што најчесто релативизираната ИС која е во инструментален однос означува некој предмет на кој нормално не може да му се припише дека самостојно врши некое дејство. Од првиот пример се гледа дека може да се допрецизира вршителот на дејството со нагласување со употреба на лична заменка.

4.2.4.5. Локативен однос во кичевскиот говор се изразува со *каде што* кое во овој говор се изговара скратено како *кај што* или само со *што*: *'Она б'еше вод'еница, 'онде к'уќа кајшто е-најр'а:ја. Од-ја'зот.* (Текстови, 274); Првиов пример може да се толкува на два начини: како релативна реченица во акузативен однос, но во која како релативен конектор се јавува *кајшто* кое е карактеристично за изразување на локативен однос или како релативна реченица што изразува локативен однос со оглед на фактот дека релативизираната ИС се јавува како неопределена, а ако е во акузатив најчесто е определена (сп. ги погорните примери во т. 4.2.4.2.). Понатаму ќе ги дадеме следниве примери: *Арно ама, нај'аднала н'екоја д'ржава наова: д'ржава кајшто ж'ивејт Пејл'ешарко...* (Текстови, 271); *...Аце к'асапот кајшто-'имаше кас'апница, па с'осе д'олу, то: б'ило от-Јонг'аздофци.* (Текстови, 277); *Ама 'имало н'егде, н'екое село кајшто 'имало 'она: в'ода, т'опла, како-е-в'ика:т т'ермичка.* (Текстови, 279); *...а т'аму во-с'обата кајшто-ќе-сп'иеш к-имат дван'ајсет заj'ачиња.* (Текстови, 280); *...зел 'еден к'олбас од-ст'ајот што-се-с'ушеле к'олбаси во-од'ајата...* (Текстови, 287); *...и-пак си-с'еднал на-'истото м'есто, к'ајшто си-с'едел на-ст'олот...* (Текстови, 287). Од претпос-

ледниот пример се гледа дека локативниот однос во релативната реченица може да се изрази и само со relativum generale односно со *што*.

На крајот на овој краток преглед на релативните реченици во кичевскиот говор ќе го истакнеме фактот дека тие претставуваат добар пример за тоа на кои начини говорителот се труди да му ја дообјасни ИС на соговорникот. Токму затоа, во овој избор на примери не ги издвоивме оние што се нерестриктивни од рестриктивните релативни реченици.

4.2.5. *Апозитивни определби*

4.2.5.1. Под апозитивни определби ќе ги разгледаме именските синтагми кои ја определуваат основната именска синтагма, но не се граматички зависни од неа, ами се конгруентни со неа по граматичка зависност, т.е. по падежен однос. Многу често, основната ИС, ако е маркирана по определеност не може да прифати „обични" определби и токму тука апозитивната определба се јавува како најдобра варијанта за доопределување на таквата ИС, зашто содржината што ја формализира апозитивната определба се наоѓа надвор од доменот на референцијалниот квантор што ја доминира определуваната ИС (Тополињска 1997: 227). Во нашите текстови најдовме навистина голем број примери со апозитивни определби. Најпрво ќе ги издвоиме оние кои доста често се среќаваат во текстовите собрани на терен, а тоа се именски синтагми со конститутивен член именка во функција на апозитивни определби на други именски синтагми: *Б'орче, мл'адо д'ете, петнајсетг'одишно. Се п'етљал т'огај...* (Текстови, 276); *да-д'ојт да-му-п'омогнет на-ч'ојкоф, мл'ат-чојк, тр'иесет-ин'екоја г'одина.* (Текстови, 278); *...и т'ури в-'едно-б'уре 'олко:, б'уретo, б'уре од-р'акија...* (Текстови, 278); *Му-е-дал ф-т'орба т'аква, д'исаѓи, лубен'ицата, и-т'р̩гнал.* (Текстови, 279); *...т'аја п'очнала с'илно да-мук'ажујт д'ека е-к'оми'јата, прј'ателот д'ојден...* (Текстови, 287); *М'иле пр'ашујт, д'иректорон, с'ега го-зн'а к'ој-е.* (Текстови, 289); *Б'егал, б'егал и-д'ошол до-ш'умата, до-г'ората кајшто 'имало мн'огу др̩ва.* (Текстови, 289); *И-т'ој г-'обесил к'отлето, на-пр'имер, на-некој-'емиш, на-н'екое ј'аб̩лко, г'оре.* (Текстови, 290); *Во то:-през'емање тој н'осит пого̀ча, на пример леј, па е кршат тука...* (Текстови, 291); *Сега в'елиме н'ие збор, в'еридба.* (Текстови, 293); *К'оњиве знајш по-с'екакви уг'орници, по-с'екакви п'атишта 'одат.* (Текстови, 296); *Анѓа, Анѓа што с'едеше кај..., една црна, кај Ецка с'едеше, во-елек-*

тр'ичноно работеше. (Текстови, 297); *А Аце, мажот-је н'ејзин...* (Текстови, 297); *И-к'обила 'имаше 'една, М'ица.* (Текстови, 298) *...'имат п'огон од-Силика, каменол'ом.* (Текстови, 302); *...з'ошто едни тет'офчани, тр'и фам'или:, си-напр'аја в'икендички.* (Текстови, 302); *...и-от св'екор-ми бр'аќата, дв'ајца бр'ака св'екор-ми, му-се-'умрени.* (Текстови, 303); *Еден брат, значи ч'ичко от-св'екор-ми, со-к'оцкарски д'олгој н'ешто, п'огинал...* (Текстови, 303); *Зд'ола ко-ќе-е-в'идиш в'ода:, ст'акло, к'амчиња б'ели...* (Текстови, 306); *Н'емат ко-'овде вогимн'азија, со-пиш'уње т'еми, р'абоќе...* (Текстови, 308); *И-от-пр'офесор од-Гостивар, д'октор, гинекол'ог и-пред'аваше акушерство...* (Текстови, 308); *А-Сл'афка од-Ратка, од-М'илета св'екарон...* (Текстови, 309); *...н'е-беше д'ојден д'октороп, с'амо гл'авната с'естра, само инструкт'оркаша.* (Текстови, 310).

4.2.5.2. Во текстовите сретнавме и повеќе примери со апозитивни именски определби, а кои се определби на заменски ИС, а кои се разликуваат од сличните такви примери во кои имаме дуплиран референцијален показател (види ИС со идентификуван референт) според начинот на изговор со пауза: *Ама тој, к'аменот б'есценет сиго-ч'увало н'егде скр'иен.* (Текстови, 271); *И п'осле п'очнал кр'алот и то:, придр'ужбата н'его:* (Текстови, 271) (имаме постпозитивна атрибутска определба); *И-та:, м'ама п'очнала да-пл'ачет...* (Текстови, 278); *И-п'осле, тој ко-в'идел Ст'ојмир П'атрикон, ко-в'идел з'ардин'его што-напр'ајла м'ама...* (Текстови, 282); *И кај-'ова поштар'иштево Л'азе, тој пр'имат, 'овај комш'ијава од-'Анка.* (Текстови, 288); *Ако је-'исправна, ќе-го-н'акитат 'ова мн'огу 'убо:, рак'ијата.* (Текстови, 293); *Ааа, тој, фрл'ениоф, б'ебево, с'ега г'олем.* (Текстови, 296); *Дод'уша мн'огу му-пр'ајше п'аја ч'естој, сн'а:-му.* (Текстови, 296); *И-му-в'елат н'ему, на-в'ујко- ми...* (Текстови, 298); *...с'еланка ж'ена неопт'ов'арена со-матери'јални д'обра, со-то:, со-психол'ошки р'аботи...* (Текстови, 300); *Тие 'изгледат, тет'офчани с'ироти 'уште... сизн'ајле.* (Текстови, 302); *Што-ти-к'ажујф тој, за-'Игор др'угарот, к'олега од-р'абота...* (Текстови, 302); *Ај по-н'екое вр'еме ќе-се-вр'ака да-в'идиме шт'о-е с'о-н'его, с'о-п'адарот.* (Текстови, 305); *И-ние, д'еца, ни-се-ч'инеше к'ој-знајт шт'о-е.* (Текстови, 305); *'Овие, другариве, легина:т од-см'еа.* (Текстови, 306); *...от-кај-ш'упана 'изла-гат нат'аквото, на-s'итчето, 'околу ск'окна...* (Текстови, 308).

4.2.5.3. Освен апозитивните определби конституирани од ИС со именка како контитутивен член, под апозитивни определби ги подразбираме и придавските модификатори кога се во функција на нерестриктивни определби, а што може да се утврди со помош на паузата во звучниот запис на материјалот. Ќе наведеме неколку

примери од нашите текстови: *Па-в'истина р'ече, ти-в'ака, демек, п'оубаф от-п'опоф, п'окрупен!* (Текстови, 295); *М'ашките д'еца н'ејлодни б'иле, ст'ерилни од-з'аушки.* (Текстови, 298); *Еден к'амен в'ака в'исок, г'олем за-т'упање.* (Текстови, 298);*...како една-'акција, м'алку в'ака хуманит'арна, н'екоја ф'ирма, б'арем за-Н'ова г'одина да-п'оклонит...* (Текстови, 300).

4.2.5.4. Во кичевскиот говор со функција на апозитивна определба на основната ИС често се јавува и глаголската придавка: *И тој ти-в'ела, к'остегот, ф'есот н'а-гла:, д'отеран и ќе-д'ојше пр'ед-дуќан...*(Текстови, 297); *Е, то: се 'обично д'еца, кој 'еднаш посв'оени, па п'офторно ост'авени, кој д'еца инвал'иди...;* (Текстови, 298) *Пример, како т'акви д'еца, з'емени 'од-дом, ќе-се-сн'ајдат во-една, пр'имер, ср'едина, с'елска.* (Текстови, 299). *...веќе б'иле д'евојки, бенд'исани...* (Текстови, 300); *Та: н'иеднуш во ж'ивотот свој н'емала н'ово, к'упено от-прод'авница, ама спец'ијално з'а-не:.* (Текстови, 300); *'Имаше мн'оѓу од-Брв'еница изб'егани, т'ука д'ојдени* (Текстови, 302) *П'орано, н'ие ко-ќе-се-см'ејфме, д'еца, покр'ај-река р'астени...;* (Текстови, 378). Ваквата употреба на глаголската придавка е доста раширена и вообичаена и во стандардниот јазик (Б. Конески 1981: 445).

4.2.5.5. Сретнавме и примери каде што метапредикатите од типот *сиот, сите* се јавуваат како апозитивни модификатори, појава што се сретнува и во другите дијалекти (Тополињска 1997: 209): *Ко-е-в'иделе 'ова: к'очија што-се-прибл'ижујт, ц'ело ц'арство, сите 'излегле, што-е-о'ва ч'удо што-'идет.* (Текстови, 272).

На крајот, можеме да констатираме дека се забележува тенденција на голема употреба на апозитивни определби во усна конверзација, при водење на разговор за секојдневни теми, каде што говорителот се труди да биде што појасен, за разлика од помалата употреба на апозитивни определби во приказните каде што во голема мера текстот на приказната е клиширан, со мали измени од страна на раскажувачот.

III. ОД ЛЕКСИКАТА И ОД ФРАЗЕОЛОГИЈАТА

5. За особеностите на лексичкиот состав на кичевскиот говор

Кичевскиот говор, иако по своите јазични особености не отстапува многу од стандардната норма, изобилува со специфичности, посебно во поглед на лексиката. Туѓојазичното влијание на територијата на западна и јужна Македонија било особено изразено, па имаме голем број на заемки, посебно од турскиот и грчкиот јазик. Од друга страна на оваа територија „најмногу се запазиле словенски лексички елементи кои на другата македонска територија биле истиснати“ (Видоески 2000в: 42). Така, и во лексиката во кичевскиот говор се зачувани и сè уште се употребуваат голем број на лексеми и фразеологизми коишто му даваат посебна живост на зборувањето. Поаѓајќи од фактот дека дијалектите се најуверлив запис на промените што се случувале во јазикот во времето и просторот, должноста на дијалектологот е најсоодветно да го прочита и протолкува тој запис и со тоа да придонесе за расветлување на патиштата по кои се дошло до денешната состојба во јазикот. Еден мал дел од тие промени на лексичко рамниште, што се засведочени во нашиов говор се обидовме да ги расветлиме во овој дел од трудов.

Во овој краток осврт на лексиката ќе се задржиме, главно, на оние лексеми кои се помалку познати во другите дијалекти или кои имаат малку поинакво значење во кичевскиот говор отколку во другите говори. Свесни сме дека списокот на лексеми и фразеологизми што го приложуваме овде е само еден малечок дел од огромното лексичко богатство што го поседува секој дијалект, но исто така сме свесни дека и нашите претходници – колеги направиле многу на ова поле, а се надеваме дека ќе направат и нашите идни лингвисти и дијалектолози.

5.1. *Зборови од словенско потекло*

Најпрво ќе се задржиме на лексемите во кичевскиот говор кои се од словенско потекло, а кои во повеќето други дијалекти не се користат или се во фаза на губење. Како такви ги забележавме следниве:

в'еко̄т 'многу, доста' (adv); - *В'еко̄т пл'ева се с'обрала, едв'аj 'искорнаф.* (*Веко̄т има дрва.* Видоески 1957: 88); сп. и во поречкиот говор: *Имаме веко̄т брави* (Видоески 1950: 57). Потеклото на овој прилог може да се поврзе со прасловенската именка vĕkъ 1. lebenszeit, 2. saeculum. (Skok3: 590). Значењето на голем временски период лесно можело да се пренесе и на голема количина на нешто.

з'адле 'место насадено со дрвја што е нечија сопственост, мала шума, гора'. Во кичевскиот говор често се употребува овој назив затоа што се работи за крај богат со шуми, па многу често таков простор, најчесто насаден со дабова и букова шума, е во нечија сопственост и од таму сопственикот може да користи дрва за огрев. Во таков случај се вели: *Сп̄'ировци 'има:т̄ з'адле и си-д'онесле цел к'амион д'рва.* Се работи за словенски назив (za + dělъ, сп.. Skok1: 406) којшто во формата *задел* го среќаваме често во географската терминологија и во бројни топоними изведени од овој корен (Видоески 1999в: 61, сп. и *забел* 'мала шума забран' исто така често употребуван географски термин). Во кичевскиот говор очигледно се работи за деминутивна форма со која веројатно се сака да се истакне малата површина што ја зафаќа даденатa шума.

з'одано г̄рне 'глазирано грне'. Придавката *зодан,-а, -о, -и* се употребува како дел од грнчарската терминологија во селото Вранештица, село познато по производство на глинени производи. Во PMJ (PMJ1: 266) забележани се следниве зборови: зод 'глеѓ'; зодење 'šaranje, pisanje zemljanog posuđa'. Потеклото на овие лексеми може да го бараме во сесловенскиот технички термин zidati. Поствербалот zid < stcslav. zьdь 'terra figularis' во рускиот е zodь (Skok3: 653). Сп. и во Бугарскиот етимолошки речник *зод* <ʒьдъ со дијалектен премин ь>ъ>о (БЕР1: 652).

исч'аблајн (<исчаблавен) '1. извалкан со саѓи, исцрнет 2. расеан, чукнат'. Потеклото на оваа лексема е нејасно. Можеби може да се доведе во врска со прасловенското * čāditi (БЕР2: 135). Со своето прво значење целосно се поклопува со лексемата *чабав* 'ветов, поцрнет, потемнет, покриен со саѓи' што е регистрирана во PMJ, а чиешто потекло исто така е нејасно (PMJ1 стр.528). Во

кичевскиот говор постарите говорители го употребуваат со првото значење. Примери: *Ц'елиот-е исч'аблајн!; Sид'ојте-се ц'елите исчабл'ајни од-тој-п'усти шт'орет што-не-ми-т'ргат!; Го-пр'етурав оти- в'одата исчабл'ајна б'еше.* Помладата генерација пак, оваа лексема ја користи со пејоративно значење (кога се кажува за некого дека не е во ред со паметот, или дека е многу расеан). Пример: *'Остај-го! Исч'аблајн-е!; К'олку пр'облеми ме-нав'алија, с-исч'аблајф.*

к'л̥кат 'едвај стои' - Пример: *Не-м'и-кл̥кат д'ушава п'ојќе.* Во РМЈ под заглавие *колка 'kljukati'* даден е и примерот *дури ми колка душа* во којшто е употребена стандардната варијанта на глаголот што овде го разгледуваме и со исто значење како во кичевскиот говор (различен од глаголот *колка* со значење 'клука, храни') (РМЈ1: 341). Потеклото на овој глагол може да се доведе во врска со прасловенското и балтословенското *kl̥kъ со значење 'бедро, горниот дел од коската на ногата' (Скок2: 225; БЕР3: 190).

к'очит; к'очен, -а, -о, -и 'гали, разгалува; гален, разгален' – *Мн'огу го-к'очит б'аба-му з'ато: е-в'ака р'асрден.* Во БЕР потеклото на овој глагол го поврзуваат со глаголот *коткам* 'залисвам, галја, приласкавам' кој пак се доведува во врска со прасловенското *katъ 'нешто што се тркала, врти' (Бер2: 677, 685).

к'ушат 'бае, лечи со баење' – *Од-Стамб'олета т'атко-му ми-к'ушаше и ми-ги-сн'ема тр̥тн'ицте.* Потеклото на овој збор мже да се доведе во врска со прасловенското*kušāti, *kušają 'вкусвам, опитвам' итератив на - jāti од *kusiti (БЕР3: 174). Во РМЈ се забележени следниве лексеми од овој корен: *куша* 'бае', *кушање* 'баење' и *кушачка* 'бајачка'.

л'исат (се) 'се смее, се исмејува, се чуди, озборува' – *Си-'остана б'ес-куќа да-му-се-л'иса:т ц'ел-грат.*; сп. и во поречкиот говор: *немој да се прајш папагал да се лиса:т на тебе* (Видоески 1950: 62). Веројатно се работи за стара словенска лексема од прасловенското lis (*lysъ) 'calvus, ćelav, plješljiv' но и 'biljeg na celu u zivotinja i ljudi; 2. biljka, crven cvijet' (Skok2: 307). Наша претпоставка е дека во основата на глаголот лежи оваа придавка која и со значењето 'ќелав' и со значењето 'некој кој има белег' со преосмислување можела да ја добие семантиката 'исмејување'. Во македонската топонимија се сретнуваат повеќе називи со овој корен во основата сп. *Л'иса Гара*...1. 'необраснат со шума: гол, ќелав < стсл. лъісъ, вълъісъ 'гол, ќелав' 2. црвен, црвеникав' (Иванова 1996: 374).

од-нет'отега 'мрза, немање желба' (adv) – *Н'е-појдоф нап'ојница од-нет'отега. Не-с'и-кладоф жива-т'уршија од-нет'отега.*

Се работи за словенска лексема во чија основа лежи прасловенското tęg-'vući'. Од овој корен потоа се изведени бројни лексеми: *poteg* 'pertica ', *nateg* 'vučenje lađe', *potega* 'jedno od dva drveta kojim se spaja brana'. Сп. го и глаголот во хрв.-кајк. *ne ftegnem = ne tegnem = ne utegnem* 'nemam vremena'. (Skok3: 452). Во македонските дијалекти се упо-требува лексемата *потег, потез* како дел од земјоделската терминологија со различни значења, и тоа само во западното дија-ектно наречје '1. правец на земјиштето во нивата; 2. остранство на една месност, површина, 3. дрвото кај плугот за влечење 4. мерка за количина на дрва' (од картотеката на МДА).

пајајца 'меко, стасано тесто'; назив за растението (вид на печурка) 'Lycoperdon bovista'; Во кичевскиот говор оваа лексема, главно, се употребува со вторичното значење на квалификација на некаква тестенина дека е мека и убаво направена, што веројатно се пренесло од основното значење 'именување на билка што е мека и воздушеста'. Сп. *К'ифлите ми-се-најр'аја пај'ајци, со-'очи да-ѓ-ј'адеш.* Се работи за лексема која во коренот ја има прасловенската именка *рǫръ (пупка). Според Скок се работи за поствербал од глагол кој исчезнал во словенските јазици, но го има во балтичките (lit. *pampti* 'nabujati', lot. *Pampt* 'isto' ; Skok3: 78). Во PMJ оваа именка е нотирана со стандардниот изговор *пајавица* и со значење '(Lykoperdon) puhara, puša, puhavica' (PMJ2: 130); Според наведените српски паралели во PMJ, се гледа дека оваа лексема во македонскиот јазик означува и пуканки (грицкалки добиени од посебен вид пченка).

п'оточка 'последната ракија што истекува од казанот за варење' – *Г'ѫтни м'алу да-в'идиш к'аква-е! 'Ова: н'е-е п'оточка, т'уку препеч'еница.* Словенска лексема со глаголот teći (1. fluere, 2. durare) во основата (Скок3: 449). Споредиги и именките од истиот корен *поточе* (мал поток) и *поточиња* (mulj, sitan rečni nanos) (PMJ2: 385).

пр'опас 'длабока дупка, бездна' – *Ајде сега земи и тије тројца и одај по она патче тамо прао, ќе најш еден пропас една длабука дупка.* (Црско 104). Се работи за лексема од географската терминологија која Б. Видоески ја регистрирал како таква во повеќе пунктови пред сè во западна Македонија, и еден пример од Разлошко, Пиринска Македонија (Видоески 1999в: 126). Во PMJ оваа лексема е нотирана со повеќе значења, од кои едното е гореспоменатото. Се работи за лексема која потекнува од прасловенскиот глагол pasti од кој се образувани апстрактуми од i деклинација со суфиксот -ть: napast и propast (Skok2: 615).

пр̨тен 'многу сиромав'; *Тие-се п'р̨тени, н'ема:т што- д'ајдат, пак т'ебе ќе-ти-д'але н'ешто!* Се работи за лексема од

прасловенско потекло со значење: prt[1] '1.haljina 2.prtljag, 3 (metafora) magarac + tovar' (Skok 3: 58) различно од prt[2] со значење 'put ili staza po snijegu' (Skok2: 58-59). Во полскиот јазик има значење 'грубо платно'. Во PMJ (PMJ3: 583) е објаснета како (од колчишта) пртен, пртено платно. Значењето на *сиромав* не се споменува. Во кичевскиот говор се употребува и со значење на 'стари, танки, искинати алишта' што е поблиску до основното значење.

ск'орнеш/ ск'ориваш '1) буди некого; 2) стане, станува некого': *В'есо:, ск'орни-ја П'етранка!* Се работи за глагол кој има потекло од прасловенската придавка skor со значење 'брз; неодамнешен' (Skok3: 266). Во PMJ е забележан истиот глагол со значење I 1) 'прекине сон некому' но и 2) (fig.) 'предизвика, породи' и II 'дигне од седење' (PMJ3: 215).

(с)тр'ашта се 'се збунува, се возбудува, оди лево-десно'; се работи, најверојатно, за прасловенскиот глагол tratiti (Skok3 1973: 493). *И с'ега ко-се-стр'ашта 'ова: Киц'оjца: Л'еле р'ече, м'ори ја д'енеска се-з'афатиф со-р'абоша, д'евер-ми не-г'о-видоф.*(Текстови, 296). Во PMJ овој глагол е забележан со формата *траќа се* и со слично значење како во кичевскиот говор (PMJ3: 395).

ш'ил'ушка 'вид кратко потстрижување при што веројатно се гледа тилот'; Може да се доведе во врска со прасловенското *tylъ 'задниот дел од главата' (Skok3: 645). (сп. во *Речникош на македонскиош јазик со српскохрвашски шолкувања* (PMJ3: 382), сретнавме лексема *шилници = плешенки од коса,* означена како дијалектна, што е доказ повеќе дека од коренот *шил* во дијалектите се изведувале различни називи поврзани со косата).

'убушка 'погрден збор за мрзлива жена'. Можеме да претпоставиме дека е стар словенизам со коренот *bъlva (болва) во основата, чијашто деминутивна форма е bušica. Од овој корен понатаму во словенските јазици се изведени повеќе називи за различни материјални предмети. Спореди го и обликот на деноминалниот глагол: obuhati 'otjerati buhe' (Skok3: 229). Пример од кичевскиот говор: *Н'аместо да-с'еднеш да-р'аботиш сѝ'иеш по-бафч'ињана 'онаму, 'убушка н'иедна!*

ш'ешерлаф 'широк, раширен, набран' (adj). Придавка кој денес се употребува најчесто за фустан или за здолниште, иако во приказните од Црско најдовме и поинаков пример. Примери: *Тинка н'осеше едно-ф'устанче шеш'ерло:. Во полето под градош имаше едно многу големо шешерлаво дрво.* (Црско, 194). Во PMJ се забележени следниве лексеми: *шешерење* 'šepurenje ', *шешери се*

(шири се, кокори се, дуе се) 'šepuriti se' и *шешерлав* 'kitnjast' (PMJ3: 566). Потеклото на оваа лексема е нејасно.

шл'ивоса 'оди кај некого непоканет', *Ми-се-шл'ив'оса: сѝ'о-души н'а- го̄сѝи.* Етимологијата не е јасна. Како една можност ја даваме претпоставката дека се работи за словенскиот корен *лиѝи* (македонско *лие*)+ префиксот *с* : *слие/слива* кое подоцна со фонетска промена преминало во *шливоса*, а грчкиот суфикс *-оса* не е невообичаен за образување на глаголи од различни основи во македонските дијалекти.

ч'а̄ѝчале 'мала чаша со рачка, од метал или од пластика' . Во PMJ е забележена именката *ча̄ѝче* со следното толкување: „мал сад за црпење вода; може уште да се сретне и по некои чешми надвор од градот, за пиење вода" (PMJ3: 530). Етимологијата и на двете именки може да се бара во коренот *ча̄ѝ-* (истиот корен е и во имперфективниот глагол *ча̄ѝа* - 'фаќа, граба' и од него изведениот перфективен *ча̄ѝне*) којшто се среќава и во другите словенски јазици, а индоевропскиот корен се наоѓа во латинското capio (Skok 1: 294). Пример од кичевскиот говор: *На̄ѝ'ни-си в'ода во-ча̄ѝч'алето̄.*

5.2. *Зборови по̄ по̄текло од друг̄и индоевро̄йски јазици*

Овде ќе се осврнеме на мал број интересни зборови кои се по потекло од различни индоевропски јазици, а кои се сретнуваат во кичевскиот говор.

кардиѕ'у:ње 'кушање против страф'. Оваа именка можеби има врска со грчкото καρδιά 'срце; храброст' (ГБР, 265), но не можеме да бидеме сигурни. Пример: *Го-'однесе д'е̄ѝе̄то на-кардиѕ'у:ње.*

ме̄ѝ'анија во изразот 'прајт мет'ани: н'екому' од грчкото μετάνοια со значење 'покајание, каење; поклон' (ГБР: 331; Аргировски 1998: 183). Во кичевскиот говор овој израз се употребува со значење 'моли некого, му угодува некому за да постигне некаква цел'. Пример: *Не-ќе-му-пр'а: цел ден ме̄ѝ'ани: за-да-с'еднеѝ д-'учӣѝ!*

н'е̄йендек - 'лошо, малер, не е добро да се прави нешто, кобење'. Етимологијата на овој збор не е многу јасна. Во PMJ е забележан истиот збор со сосема спротивно значење: 'лек, излез, средство, начин да се постигне нешто, да се излезе од некое зло' (PMJ1: 493). Во Бугарскиот етимолошки речник забележан е зборот *йендек,* како синоним на *не̄йендек* со двете погоре наведени значења (БЕР5 1999: 147). Спомнато е дека може да е од грчко потекло. Во грчкиот јазик именката πένθος значи 'траур, жалење; мака, печал'

(ГБР: 402). Дали нашето *нѣндек* може да се поврзе со овој грчки корен, не можеме со сигурност да кажеме. Моја претпоставка е дека се работи за стара заемка која на почетокот гласела *ѣндек* или *ѣндик*, а потоа низ вековите го добила префиксот *не-* за да се потенцира веќе избледената негативна семантика на зборот. Во некои дијалекти пак, со оглед на изместувањето на првобитното значење, се добило сосема спротивно значење во смисла на *лек, излез, средство.* Според усна информација од една колешка, во кумановскиот крај зборот е познат во формата *лѣндек* и го има првоспоменатото негативно значење. Во дијалектите често се случува кај недоволно познат збор да дојде до фонетски промени, кои потоа се пренесуваат со генерации, за што претпоставувам, се работи и во овој случај. Во Кичевско, зборот секогаш се изговара како *нѣндек* и се употребува само со првото споменато значење на 'малер, лоша среќа, кобење'. Примери: *Н'ѣндек-е да-йл'ачеш без-йр'ичина. Ц'рна м'ачка да-ѣи-го-йр'есечеѣ й'аѣоѣ е н'ѣндек.*

(се) й'енѣерийѣ 'се качува'; *Кај-се-й'енѣериш ѣаму, ќе-с-'уѣе-йаш!* Најверојатно се работи за лексема која може да се доведе во врска со класично латинското pendere со значење 'виси ' (Skok2: 636). Сп. го и дијалектното *ѣендар* 'dukat kao ukras na grudima' пендари 'niska dukata' (PMJ2: 149). И во двете заемки семантиката 'висење ' е зачувана. Глаголот го има и во српскиот јазик со истото значење како и во македонскиот јазик 'се качува, се јази' (СМР: 235).

йоѕѣр'офија 'лоша и неуредна жена'. Зборот може да се доведе во врска со зборот *ѕѣройа* добиен преку грчкото σκρόφα од латинското scrofa 'свиња, маторица' (види подолу). Зборот исто така би можеле да го поврземе и со грчкото *апоѕѣрофѝ* кое има значење 'апострофирање, преобраќање, застранување; но и гнаса' (ГБР: 83). Во PMJ овој збор не е нотиран. Во кичевскиот говор се употребува како пејоратив: *Поѕѣр'офија една!, Та: ќе-ми-к'ажујѣ м'ене шѣо-д'а-йра:!*

(йо)ѣрефиѣ 'погодува нешто, наместува, прави како што треба'; *Си- го- йоѣр'ефила сл'аѣково!* Во PMJ е забележан со толкување 'potrefiti, pogoditi' (стрелав и го потрефив) (PMJ2: 389). Се работи за глагол кој се употребува во повеќе словенски јазици (српски, хрватски, полски, горнолужички и руски), а потекнува од германското treffen (Skok3: 496).

йр'ейсно е 'редно е, човечно е'; Пример: *Пр'ейсно-е да-й'ојш да-им- ч'ешѣиѣаш!* Во PMJ (PMJ2: 472) е забележан глаголот 'препса' со значење 'личи, прилега'. Во кичевскиот говор не сретнавме упо-треба на овој глагол, туку само на глаголската

придавка изведена од него и тоа во улога на дел од предикатот како во примерот наведен погоре. За потеклото на овој збор пишува М. Аргировски. Се работи за збор што потекнува од грчкиот глагол πρέπω кој покрај другите значења го има и значењето 'личи, доликува, аор. έπρεψα.(Аргировски 1998: 227).

пропересшиш 'става, поставува нешто без многу внимание, не како што треба; става на брзина'; *М'ама е-пропересши зав'есава зарди-г'осшише. Е- пропересшиф к'олана, б'елки н'е-смешаш н'икому.* Се работи за глагол чие потекло не е јасно. Во PMJ овој глагол не се споменува. М. Аргировски исто така не го наведува во списокот на грцизми. Можеби се работи за латинизам? Во латинскиот јазик постои глаголот properо со значење *'брза, се брз'* (интранзитивен) *'нешшо брзо прави, забрзува, убрзув'* (транзитивен) (Divković 1980: 952). Даденов глагол со своето транзитивно значење можеби може да се поврзе со глаголот *пропересшиш*, но за попрецизно определување на етимологијата потребни се поопстојни истражувања.

сшр'оша 'несмасна, неуредна жена'. Овој збор најверојатно може да се доведе во врска со грчкото σκρόφα којшто е по потекло од латинскиот јазик и за кое М. Аргировски ги дава следните значења 1. 'свиња, маторица' 2. фиг. 'развратница, блудница' < итал. scrofa 'исто' < лат. scrofa 'свиња, маторица', ром. scroáfă (Аргировски 1998: 290). Очигледно дека во нашиов говор дошло до фонетски промени кои не се необични, па консонантската група *скр-* преминала во *сшр-*, консонантска група вообичаена за словенската лексика, а фонемата /ф/ се заменила со /п/, промена која исто така била вообичаена во минатото за македонските дијалекти (Б. Конески 1982: 81). Пример: *Каква-сшр'оша е сн'а-е, ја н'е-зна како-'е-зеде с'ин-је 'онаква!* Во битолскиот дијалект и во дијалектите од југозападниот дел на Егејска Македонија оваа заемка е позната како *шкрофа* со истото фигуративно значење како и во кичевскиот говор (види: Трајковски 2000: 491; Аргировски 1998: 290). Во PMJ овој збор не се споменува во ниедна фонетска варијанта.

5.3. *Зборови по потекло од турскиот јазик*

Во зборовниот состав на кичевскиот говор посебно значајно место имаат многубројните турцизми коишто го прават јазичниот израз поархаичен и коишто се посебно фреквентни кај постарата генерација. Помладите говорители исто така употребуваат доста турцизми, но кај нив може да се забележи и изместена семантика,

којашто е резултат на недоволното познавање на значењето на дадена лексема или пак е резултат на потребата да се изрази некое ново значење со веќе постојна лексема којашто ќе биде доволно експресивна, а тоа секако се турцизмите. Овде се дадени мал дел од турцизмите во кичевскиот говор, посебно оние коишто не се пошироко познати на македонската јазична територија. Притоа се дава толкување на нивното значење во кичевскиот говор, како и на значењето во турскиот јазик, без претензии тоа да биде исцрпно и целосно. Списокот на турцизмите коишто се овде опфатени и примерите на нивната употреба се добиени по пат на усна комуникација со родени говорители од Кичево или се извлечени од текстовите што се наоѓаат на крајот на трудов, или се од приказните од селото Црско (запишани од Спиро Иванов 1908 година).

'абир-д'ебир 'а еднаш, де уште еднаш'; се работи за сложен извик најверојатно добиен од а+ бир, де + бир, со турскиот број *bir* = *еден* во основата, комбиниран со извиците *а* и *де* со значење 'а еднаш, де уште еднаш', во смисла дека нешто се прави постапно, повеќе пати. Пример: *'Ама конд'уриτе б'иле оτкр'ојни, меѓу-ѓ'оноτ и-к'ожаτа 'имало пр'оспор, и-се-п'икнал к'амен τ'ука и-τ'аја п'очнала да-се-зад'ржујτ за-да-н'е-паднеτ и 'абир д'ебир, ѓ'ас прек'у-ѓла: и-се-к'утнала со-се-к'апинки.* (Текстови, 282).

ал'аштο 'многу'. Овој збор се употребува како прилог за количество во кичевскиот говор, со посебна стилска обоеност: *Ал'аштο л'уѓе се- прот'очка: н'из-двор.* Претпоставуваме дека потекнува од турското *alış* (Оливера Јашар Настева 2001: 71), глаголска именка од турскиот глагол almak 'добива, определува размер', коешто во кичевскиот изговор звучи како *алаш* поради непостоењето на темниот вокал, + членот *-το* којшто вообичаено се додава на прилози од овој тип (сп: *повеќеτο, многуτе* и сл.)

'аман, од турското aman, со значење 'милост, помош, простување' (Škaljić 1965: 92). Спаѓа во турските извици кои широко се употребуваат во македонскиот јазик. Во поетскиот јазик често се употребува со значење на 'радост, задоволство, болка или тага', но може да се употреби и без значење. Во кичевскиот говор се употребува и формата *'аманте* кога се користи за обраќање кон повеќе луѓе, позната и во други дијалекти во македонскиот јазик (Јашар-Настева 2001: 123). Примери: *'Аман, τргн'и-ми-се од-пр'ед-очи да-неτе-ск'рша οτ-к'οτек. 'Аманте бре л'уѓе, пом'аѓајτе, ќе-ми-'умреτ ж'енава!*

'арслан од турското arslan, aslan (Felis leo) со значење 'лав, лавица' (Јашар - Настева 2001: 51). Во PMJ (PMJ1: 15) зборот *арслан*

е забележан со значењето 'лав' што го има и во турскиот јазик. Во кичевскиот говор се употребува само со преносно значење на 'убаво, крупно момче; силен маж' во реченици од типот: *Еден-с'ин што-'имаш ко-'арслан, м'ашала!* Според ТРС, овој збор се употребува со преносно значење и во турскиот јазик: **aslanım** 'голубчик, дорогой мой!' (ТРС 1977: 69).

аџ'амилок од турското acamılık (Јашар - Настева 2001: 177) со значење 'неискуство, незнаење, неупатеност'. Во кичевскиот говор се употребува главно во говорот на постарите говорители со истите значења. Пример: *Од-аџ'амилок е-зг'ешил раб'отата. Изб'егала зан'екој четириесетг'одишен вд'оец, од-аџ'амилок!*

'аџеба 'дали, али', сп. acaba арапски прилог за изразување на љубопитност, сомневање и неувереност (ТБР, 9). Кај нас се употребува како синоним на прашалната партикула *дали* која во кичевскиот говор гласи *али*. Примери: *'Аџеба 'има:т с'ите да-д'а:т п'ари?; 'Аџеба али-е-д'ојден д'осега?; 'Аџеба али-зн'ајт м'ајка-ти д'ека-си 'овде?* Од вториот и од третиот пример се гледа дека имаме редупликација на информацијата, со употреба и на македонската партикула којашто има исто значење. Тоа значи дека во свеста на говорителите доминира експресивното значење на овој збор, т.е. потребата од привлекување на вниманието на говорителот врз самиот исказ, а конкретното значење се искажува со македонската прашална партикула. Во *Речникот на македонските говори во југоисточниот егејски дел* од Коста Пеев се сретнува оваа лексема со исто модално значење како и во кичевскиот говор и во неколку фонетски варијанти (Пеев 1999: 99).

б'аскан 'неред, кршење, растурање' од турското baskın што значи 'напад, атак, претрес' (ТРС: 97). Во РМЈ е забележан зборот *басканлак* со значење 'претрес' и со ознака дека се работи за архаизам (РМЈ1: 23). Во кичевскиот говор, кај постарите генерации, се употребува со првичното значење на 'претрес'. Кај помладите генерации пак, главно, се употребува со вторичното значење произлезено од несреденоста што е резултат на самиот претрес, а не со значењето на претрес. Ќе дадеме примери за употреба во кичевскиот говор: *Бал'ишките д'ојдо: в'ечерта к'ај-нас и-б'аскан нар'а:ја. Б'аскан нар'а:ја д'ецата п'о-куќи.*

бафта'на во изразот *на-бафта'на* што значи 'на среќа, спонтано, без многу размислување, без многу мака', добиено од bäht персиски збор 'среќа' (Škaljić 1965: 112). Во Турско-рускиот речник (ТРС, 91) имаме израз bahtını aramak што значи 'ја искушува судбината'. Според правилата на адаптација на турцизмите во словен-

ските јазици (Škaljić 1965: 31, 37), лексемата bahtını го дала токму нашето *бафта'на.* Примери: *Си-л'упаше н'ешто на-бафтан'а и-си-го-п'оложи 'испитот. Пом'инавме 'оттаму 'онака, на-бафтан'а, и-го-н'ајдовме д'уканот.*

б'олук // б'улук 'многу, голема количина, група' од турскиот збор bölük што значи 'оддел, одделение, табор војска' (Škaljić 1965: 153). Во РМЈ е забележана фонетската варијанта *болук* со значење 'изобилство' (именка) или 'многу, во изобилство' (прилог). Во Толковниот речник на македонскиот јазик се сретнува фонетската варијанта *булук* со значење 'стадо, крдар, мноштво животни' (ТРМЈ 2003: 195). Во кичевскиот говор се употребува и со двете значења: 1) 'голема количина на нешто' или 2) 'група, јато'. Примери: *Ж'ената му-предл'ожила да-е-кл'а:т најгол'емата к'аца со-р'асол и-да-си-'има:т б'олук за-ј'адење.* (Текстови, 353); *Тој 'имат б'улук 'офци.*

'далдиса 'запаѓа, почна да паѓа, се занесе, се загледа', сп. dalmak, турски глагол со значење '1) потонува, нурка; 2) се натоварува со стока' (ТБР, 207). Во македонскиот јазик е адаптиран со грчкиот суфикс *-иса* (сп.: адаптација на турските глаголи во македонскиот јазик со грчката аористна наставка -sa (Јашар-Настева 2001: 211). Примери: *Го-т'о:ри вел'енцето, ко-се-с'опна, ко-се-д'алдиса, ќе-с-'утепаше за-м'алку.; Се-д'алдисал ч'ојкот по- Л"уба и-што-ќе-'му-прајш.* Во *Речникот* од Пеев се сретнува овој глагол со значење 1. 'се нурне некаде' 2. 'се занесе по нешто' (Пеев 1999: 310).

'денгере 'неубав, неприкладен, голем предмет', сп. denge што на новотурски значи 'рамнотежа, баланс' (ТБР, 126), исто така и тур. denk, gi 'израмнет товар', но и 'врзоп, алишта или стока' (ТБР, 127). Во кичевскиот говор овој збор се употребува како именка со пејоративно значење што може да се однесува на кој било предмет. Примери: *'Ич не-се-'убај фот'ел'ине, ко- н'екој денгер'иња! К'упиле 'едно д'енгере, п'ак-уште ил'ад'а-марки го-пл'атиле!* Во *Речникот на македонските говори од југоисточниот егејски дел* лексемата *денгере* не се сретнува, туку само лексемите *денга* и *денк* коишто означуваат 'бала или врзоп работи' што е блиску до значењето на овој збор во турскиот јазик (Пеев 1999: 324).

з'абан 'горна машка облека од волна, со кратки ракави или без ракави', сп. турскиот збор zıbın со значење 'кратко палто што се носи под кафтанот' (Škaljić 1965: 655). Во кичевскиот говор овој збор денес се употребува за означување на облеката на овчарите, или се сретнува во приказните, а порано имал поширока употреба. Пример: *Го-н'аврe з'абаноt и-'излезе н'адвор.* Кај Јашар-Настева овој збор е регистиран со формите *забун, зубан,* што претставува различна

адаптација на турскиот темен глас /ı/ во другите наши дијалекти (Јашар Настева 2001: 93).

зал'уќумоса (се) 'се стврдна, се залепи, се обложи со нешто' сп. турското lökün 'леплива смеса слична на кит, но од него потврда и потрајна; служела за спојување и лепење на цевки, ќумци и прозорски стакла' (Škaljić 1965: 436), (ТБР, 342). Примери: *Сме-г-ост'ајле л'онецот не'измиен ф-шт'аис и-се-зал'уќ'умосал.; 'Тенцерето се-зал'уќум'осало, н'ишто ж'иво не-г'о-чистит.* Значи, се работи за глагол којшто е добиен од именка од турско потекло, но со словенски префикс и со грчки суфикс според правилата за зборообразување на глаголи во македонскиот јазик (К. Конески 1995: 131). Од именката што означувала конкретна материја во турскиот јазик, кај нас се добил глагол којшто има поопшто значење и којшто од основната семантика на позајмениот збор го задржал само значењето 'лепливост и трајност'.

и'зим 'дозвола, допуштање' от турскиот збор izin со истото значење (ТРС 1977: 488). Зборот е забележан и во PMJ, со истото значење (PMJ1: 281). Во кичевскиот говор се употребува и кај постарите и кај помладите говорители, со таа разлика што во говорот на помладите добива посебна нијанса на фолклорна обоеност: *Ми-д'аваш 'изим да-г-в'икна н'а-гости?*

'иктиза//'ифтиза 'потреба, нужда од нешто', од турското iktiza со значење 'бара од некого нешто' (Škaljić 1965: 343). Во PMJ зборот е забележан како **иктиза** со значење 'потреба, нужда' (PMJ1: 289). Во кичевскиот говор се сретнуваат двете погоре наведени фонетски варијанти, но во градскиот говор, главно, преовладува формата *иктиза.* Примери: *Сега, побратиме, ја ќа си одам по моја работа, а коа ќа ти треба и коа ќа имаш некоја ифтиза, ето ти таја прачка.*(Црско 35). *'Има 'иктиза за-п'ари, ако-м'ојш да-ми-з'ајмиш н'екој д'инар?*

'инќар 'лага, измама, скривање', од турското, односно арапското inkârý порекнување, непризнавање' (Јашар-Настева, 2001: 84). Во кичевскиот говор се користи со малку поинакво значење отколку во турскиот јазик, во смисла на 'лага, измама', што веројатно произлегло од основното значење на 'непризнавање'. Во PMJ овој збор не е забележан. Пример од кичевскиот говор: *З'етоф на-ш'урава му-г-з'ел ц'ело им'ање, со-'инќар.*

ј'алица 'тесно патче меѓу куќи, ко сокак'. Се работи за заемка, за која претпоставуваме дека во кичевскиот говор е дојдена преку турскиот јазик од именката *yalı* што значи 'брег на море или

река, крајбрежје' (ТРС 1977: 907). Кај нас дошло до преосмислување, односно до измена на значењето во 'тесен простор, долга линија односно патека за поминување'. Именката ја има и во албанскиот (*jali*) и во грчкиот јазик со слично значење, како и во турскиот (*γιαλύς* 'крајбрежје' (ГБР 1994:135). Инаку, како што наведува Б. Видоески во *Географската терминологија,* зборот се употребува и во поречкиот говор со истото значење како и во кичевскиот, а се сретнува и во два топонима во Кичевско и Велешко (топ. *Јалица* 'пат во полето' Миокази (Кич), *Јалици* 'тесен проод' Мартолци (Вел), сп. Видоески 1999в: 67). Примери од кичевскиот говор: *Оѿ-к'ај-дојде? - Од јалица, нис Кошарани. П'омини ѿо ј'алица ќе-сѿ'игнеш до-к'уќаѿа н'его:.*

к'абил' 'кој е во можност, кој е во состојба' од турското kabil со придавско или прилошко значење 'можен, можно' (Škaljić 1965: 377). Во РМЈ е нотиран зборот со формата *кабил* (без мекост на латералот) и со исто значење (РМЈ1: 311). Примери од кичевскиот говор: *Да-е-к'абил' к'рфѿа би-му-е-'исцицал ч'ојку с'амо да-дојѿ до-ц'елѿа.; Да-се-к'абил' ск'ршен д'инар не-б'и-дале за-н'ишѿо.*

к'адар 'способен, оној што е во состојба нешто да направи' од турското kadir< арапско kādir со значење 'е во состојба нешто да направи, може' (Škaljić 1965: 378). Овој турцизам е исто така одбележан во РМЈ (РМЈ1: 312). Примери од кичевскиот говор: *Ко-н'е-е к'адар, шѿо-се-н'афаќал да-е-ѿ'оправаѿ маш'инаѿа.*

к'алдиса 'се умори, папса' од турскиот глагол kaldırmak којшто има повеќе значења: 'поткрева; собира; отстранува, ликвидира' (ТРС, 1977: 499). Грчката аористна наставка *-sa* е вообичаена за адаптирање на турските глаголи (види: Јашар-Настева 2001: 211). Пример: *К'алдисав од-'о:ње, н'осеѿе не-м'е-држаѿ.*

к'ијамеѿ 'невреме, бура' од зборот од арапско потекло kıyamet со значење 'воскреснување, крај на светот, катаклизма' (ТРС 1977: 546). Во РМЈ овој збор е наведен под ознаката 'разговорно' и со значење 'невреме' како и во кичевскиот говор. О. Јашар - Настева оваа лексема, според примерите најдени кај Пејчиновиќ и кај Шапкарев, ја толкува како 'мака, несреќа' (Јашар- Настева 2001: 103). Очигледно дека во процесот на позајмувањето во македонскиот јазик, дошло до изместување на првобитното значење на оваа лексема и до развој на нови преносни значења кои лесно можеле да произлезат од нејзиното основно значење (според речникот на турциз-мите во српскиот и хрватскиот јазик лексемата *кијамеѿ* значи 'sudnji dan, smak svijeta, но и: 2) fig: a) nesreća, uzbuna;..,b) žurba, hitnja; c) mnoštvo iskupljenog svijeta'; Škaljić 1965: 408). Во кичевскиот говор *кијамеѿ* се употребува само за означување на временска

непогода: *Што-ф'атил еден-к'ијамет н'адвор, сн'ек, в'етар, што-дати к'ажуа!; Вч'ера б'еше г'олем к'ијамет.; Н'адвор не-се-изл'егујт, к'ијамет е!*

к'имка 'лутина, омраза' од турската именка kin добиена од персиското kīn со значење 'лутина, потајно непријателство, освета' (сп. во српскиот односно во хрватскиот јазик kin, kim, ćin, kivnja (Škaljić 1965: 409). Примери: *Му-ф'рлил к'имка и-само г̄о-јадет. К'осара им-'имат к'имка на-Л'азофци 'оти и-г̄о-з'едо: насл'ецтвото.*

к'ошкат 'турка, потуркува' - *Не г̄о кошкај детено* (Видоески 1957: 88), *Ств'арите м'ој ќе-си-г̄и-з'ема, н'еќу да-ми-г̄и-к'ошкате п'окуќи.* Можеби е по потекло од турскиот глагол koşmak со значење 'бегам, впрегнувам, принудувам некого да работи со сила' чијашто императивна форма koş е преземена во некои дијалекти како повик на волот да се впрегне (БЕР2: 691).

к'р̨смет 'среќа, судбина' од турскиот збор kısmet со значење 'судбина, случка' (Škaljić 1965: 409). Во македонскиот јазик оваа заемка е пошироко позната, но во различни фонетски варијанти заради различната адаптација на турскиот глас /ı / во различните дијалекти (види: Јашар-Настева 2001: 177-178). Во PMJ заемката е забележена како *касмет* (PMJ1 323). Примери од кичевскиот говор: *Тој и женатa му беа многу п̄обожни и секој ден се молеа на Бога, да им навртит некој крсмет, ама се од лошо п̄олошо.* (Црско, 103). *Т'акоф и-б'ил кр̨смет̄от, што-моји да-п̄р'аји!*

кушкут'и 'ужива, нема грижа'. Потеклото на оваа лексема е нејасно. Можеби може да се доведе во врска со турското kuşku со значење 'неспокојство, страв, внимание' кое во синтагмата kuşku yatmak има значење 'дреме' (ТРС: 577). Примери од кичевскиот говор: *Си л'ег̄нал т'атко-ти к'ушкути!; ...ама тој „кушкути" од таа страна оти цар му се п̄оклонует.* (Црско, 190).

н'иет 'намера, намисла' сп. турскиот збор niyet со истото значење (ТРС 1977: 680). Зборот има широка употреба во македонскиот јазик. Во PMJ е нотиран со значењето 'намера' (PMJ, 504). Како и повеќето турцизми што означуваат апстрактни поими, и овај турцизам денес при употребата носи посебна експресивност во зборувањето, особено во говорот на младите. Ова што го истакнуваме за разговорниот македонски јазик важи и за кичевскиот говор. Примери од кичевскиот говор: *Стамболе имат ниет да е п̄родајт куќата. Немаф ниет да-'ода во стр'анство, ама ми-'испадна п̄р'илика и г̄р'еота-е да-н'е-п̄ојда.*

'русвај 'растурено, мешаница' од турското rüsvay <персиско rusway со значење 'осрамотен понижен' (Škaljić 1965: 537). Примери:

Н'е-йрај р'усвај 'оти ќе-йе-н'аѣеѣа.; Р'усвај ми-ѓи-найр'ајла кн'иѓиѣе. Во РМЈ оваа лексема е забележана со значење 'голема мешаница, метеж', но недостасуваат примери (РМЈ3, 132). Според примерите со коишто ние располагаме, можеме да заклучиме дека во македонскиот јазик дошло до извесна промена во значењето на оваа лексема, па така од конкретната придавска употреба во турскиот јазик, кај нас се добила лексема која се употребува единствено како перифрастичен израз *йрави русвај* во чијшто превод отсуствува значењето 'осрамотен'.

'ршум 'нешто несредено, нешто претерано, во големи количини', сп. hirs турска именка што значи 'лутина, гнев, негодување' или hirsiz 'крадец' (ТРС, 405). Примери: *Прајѣ 'ршум й'окуќи.; Н'айрај 'ршум йо-ф'ирмиве со-ѣ'о: осиѓур'ањеѣо.* И овде како и кај претходната лексема се работи за турцизам што се употребува најчесто како перифрастичен израз *йрави 'ршум* и со изменето значење во споредба со значењето во турскиот јазик.

с'ефѣе 'првиот пазар што ќе го направи трговецот; прв пат; почеток' од турското sifta, siftah со истото значење (ТРС 1977: 776). Во кичевскиот говор се употребува и со двете значења. Примери: *Дај йо'ефѣино од- јаб'лкава, за-с'ефѣе! С'ефѣе 'ида во-с'елово, не- с'убила д'осеѓа.*

с'ќеме 'луто, со желба за карање'. Потеклото не е многу јасно, најверојатно е добиено од турс. sıkı, 1. стегнат, строг; 2. напната состојба (ТБР, 500). Примери: *Ме-ч'екаш на-с'ќеме. 'Еден зб'ор да-к'ажа и-ѣи се-л'уѣиш!*; *Само на-с'ќеме-си с'о-мене!* Оваа лексема не е регистрирана во РМЈ, ниту пак во речникот на „Турцизмите во срхр. јазик". Во „Турско-рускиот речник" (ТРС, 770), лексемата sıkı се јавува со повеќе значења во зависност од контекстот. Сп. во изразот: sıkıyı yemek 'бара строга казна, строго се однесува'. Во примерите во кичевскиот говор овој збор се употребува само како израз *на-с'ќеме* којшто функционира како прилошка определба што може да се заклучи и од наведените примери.

ѣ'аксираѣ 'несреќен, -на, -но, -ни; малер, лоша судбина' од турскиот глагол taksirat со значење 'скратува, прави нешто да недостасува' (Škaljić 1965: 597). Примери од кичевскиот говор: *Колк'убила ѣ'аксираѣ сир'оѣаѣа, с'аде со-б'олни се-р'асправаѣ.*; *За крсмеѣоѣ неѓов ја испречи ѣаксираѣоѣ пред неѓо на йаѣоѣ една желка.* (Црско, 105).

ѣамин'а //ѣавмин'а 'отприлика, приближно, процена од око', од турското tahmin, tahminen, со значење 'претпоставува, нагаѓа'

(Škaljić 1965: 557). Во PMJ е забележан истиов турцизам во првата фонетска варијанта *тамина* како прилог со значење 'приближно, отприлика' (PMJ, 361). Во кичевскиот говор се употребува често и спаѓа во неутралната лексика. Примери: *Не чини завмеш да и броиш колку се, ами тавмина кажи дали се доста?* (Црско, 22) *По-тамин'а го-н'ајрајф фустанош, н'е-мојф да-е-н'ајда ш'емаша.*

тара'па:на 'многу, големи количини на пари, на луѓе или на стока' сп. darphane арапско-персиски назив darphane со значење 'ковачница за пари, за монети'. Во речникот на „Турцизмите во срхр. јазик" од Шкаљиќ се сретнуваат неколку фонетски варијанти на оваа заемка, се разбира адаптирани на српскиот односно хрватскиот изговор, но со значење исто како во турскиот јазик 'ковачница за ковање на пари' (Škaljić 1965: 600). Во PMJ се запишани и двете значења на оваа лексема, изворното 'работилница за сечење пари' и фигуративното што е карактеристично и за кичевскиот говор "изобилство на средства, предмети и сл.' и е поткрепено со пример (PMJ3, 363). Ние ќе дадеме примери од говорот што го разгледуваме: *К'олку р'аботиш п'усти Ш'ула, л'уѓе, тара'п'а:на!; Зараб'отујш п'ари, тара'п'а:на!*

тар'аф-тар'аф 'насекаде, на сите страни', од турскиот збор taraf со значење 'страна, крај, правец' (Škaljić 1965: 600). Во PMJ овој турцизам е нотиран како именка *тараф* што се употребува со значење на 'група луѓе; страна, странка' (PMJ3: 363). Во кичевскиот говор се употребува само редуплицираната форма и тоа со прилошкото значење 'насекаде' и, главно, се употребува кај постарите говорители. Примери: *Тар'аф, тар'аф е-б'арафме кн'иѓата, н'иѓде е-н'емаш.*

шеб'абија 'придружба', именка добиена од множинската форма на турската именка Tevabi (еднина: tabi) со значење 'приврзаници, следбеници, истомисленици' (TPC: 857; Škaljić: 615). Во текстовите од Црско ја сретнавме во формата *шебабија: ...а ој со шебабијата ѓолемци* (Црско, 111). Во PMJ оваа лексема е регистрирана со истата форма и со истото значење како во кичевскиот говор (PMJ3: 366).

ш'екран 'повторно; допрва' од турското односно арапското tekrar со значење 'повторно, повторување'. Помладите генерации го употребуваат овој турцизам само како жаргонизам, додека кај постарите генерации се употребува како неутрална лексика. Примери: *И-е-з'едоф ш'екран маш'инаша за-м'елење.*

ш'урфанда 'новитет, нов вкус, пријатно изненадување', сп. turfanda лексема од персиско потекло што значи 'ран плод, ран

зеленчук' и сл. (ТБР, 587). Во РМЈ оваа лексема е забележана со истото значење како и во турскиот јазик 'рани плодови, ран зеленчук и рано овошје' (РМЈ3, 414). Во кичевскиот говор имаме изместена семантика во правец на апстрактен поим со експресивна функција. Примери: *'Одамна не-с'у-јала м'акало, ми-д'ојде ш'урфанда.*; *Б'аба сш'ално ми-ши-йр'ајш ш'урфанда за-ј'адење.* Значи овде не се работи за назив на конкретно јадење, туку за истакнување на фактот дека јадењето за коешто се зборува е нешто ново, со убав вкус или дотогаш невкусено.

ќ'елейур 'без пари, со малку пари; пљачка' од турското kelepir со значење 'заработка, добиток на лесен начин, пљачка' (Škaljić 1965: 187). Во РМЈ е забележан зборот само со значењето 'она што доаѓа на лесен начин', а значењето 'пљачка' не е забележено (РМЈ3, 418). Во кичевскиот говор зборот се употребува со двете значења, иако денес се почесто само со значење 'лесна заработка, со малку пари'. При-мери: *Ти си имал добар крсмеш, денеска није арен ќелейур найрајфме.* (Црско 104). *Тој с'акаш ќ'елейур да-му-е-д'а: к'олава, е-н'е-мојш шака!*

ќ'ул'че 'наводенет, накиснат' од турското külçe што значи 'istopina od neke rude, komad rudače' (Škaljić 1965: 198). Во РМЈ овој збор е даден со српско толкување што одговара на изворното значење во турскиот јазик, односно како 'komad livenog metala' (РМЈ3: 420). Во кичевскиот говор очигледно дошло до поместување на значењето, па од изворното значење е земено само значењето на 'лиење, растопување на нешто'. Се употребува со експресивна функција. Примери: *Л'еле, како-ќе-ш'е-суша, ќ'ул'че си-се-сш'орил*!

уб'ур-џуб'ур 'збирудија, мешавина од стока што не вреди', сп.турското abur:cubur, со значење 'мешавина' (ТРС, 20). Примери: *Н'ишшо н'емаше во- вр'еќаша, уб'ур-џуб'ур, йрос'обрано 'одваму, 'оййаму.*; *Ми-д'ала уб'ур-џуб'ур, ѓо-д'ојој.* Според примерите, може да се заклучи дека значењето на овој израз, кај нас, делумно се поклопува со значењето во јазикот позајмувач. Разликата е во тоа што во македонскиот јазик изразот добил уште едно значење, а тоа е пејоративноста, што придонесло за проширување на семантичкото поле на самиот израз.

'урүй 'грд, огромен, грамаден' (и за лица и за предмети), од турското urup 'мерка за должина рамна на една осмина од аршин' (ТБР, 597). Примери: *'Ами, к'ако-не, 'убав бил, ко-н'екој 'урүй! 'Ја ѓо-в'идоф со-св'ој 'очи!; Што- сше ѓ'о-клале шиф'оњерон 'онде, ко-н'екој 'урүй на-ср'еш-соба!* Како и кај лексемата *денѓере* и овде имаме

слична ситуација: една именка што во турскиот јазик означува мерка за нешто, кај нас се употребува како епитет со пејоративно значење.

'уџум 'далеку, во непознато' од турското односно арапското hücum< ar. huğūm со значење 'јуриш, навала, напад' (Škaljić 1965: 335). Овој турцизам не е забележан во РМЈ. Во кичевскиот говор, како што може да се забележи од погорното толкување, се употребува со изместена семантика за разлика од значењето во турскиот јазик. Се употребува од говорители од сите возрасти. Примери: *Се-пр'еселил 'уџум, н'егде нат-ст'аница, да-н'емоји да-го-н'ајш. Фатил уџум, н'езна к'ај-е.*

чакаг'докија 'немирна, бучна, ама способна, пробивна жена'. Потеклото на оваа лексема не е многу јасно. Можеби потекнува од турското çakır со значење 'син, небесносин', но и 'вид на сокол' (ТБР, 93). Во речникот на *Турцизмите во српскохр. јазик* за лексемата čakar како придавка, имаме толкување '1) onaj koji je raznobojnih očiju; 2) razrok'. (Škaljić 1965: 160). Во РМЈ е забележана придавката *чакарест*, со значење 'разнобојни очи' (РМЈ3, 529). Доколку овие претпоставки се точни, значи дека во кичевскиот говор дошло до промена на значењето, како и до промена на изговорот на консонантот *р* во *г* и тоа, веројатно, по пат на неточна интерпретација на заемката. Примери: *К'аква чакаг'докија е-т'а:!; Се распр'аваше ц'ел-ден с'о-мене за-ф'устаност 'и-и го-к'упиф. Пр'ава чакаг'докија!*

ч'ок-с'еир 'многу интересно' од турското çok со значење 'многу' и од турското односно арапското seyir< ar. säyr со значење 'гледање, посматрање' (Škaljić 1965: 554). Примери: *Тој р'екол: Ух, ч'ок с'еир. 'Она б'ило ц'рква* (Текстови, 284).

'шерсуз, шер'сузинка 'наивен, наивна'. Веројатно се работи за придавка добиена од именката од арапско потекло şer, -rri со значење 'лошотија, злоба, лукавство' (ТБР, 526) и постпозицијата **-siz** којашто внесува спротивно значење од она на зборообразувачката основа (Сп.: edep 'учтивост', edepsiz 'неучтив'). Според правилата на адаптација на турцизмите кај нас, постпозицијата **-siz** се претвора во -суз (Škaljić 1965: 28). Во кичевскиот говор оваа придавка се употребува за лица и од машки и од женски род со значење 'наивен, простодушен, дури и глупав човек'. Примери: *Ја с'у-си шерс'узинка, све им-в'ерува на-л'уѓево.*; *Ш'ерсуз, с'ите го-к'ористат!*

На крајот на овој дел посветен на лексиката како заклучок ќе го кажеме следново. Лексемите што ги разгледавме претставуваат специфични лексеми кои по потекло се или стари словенски зборови

или заемки, од грчкиот, латинскиот, но најмногу од турскиот јазик. Мал дел од овие лексеми спаѓаат во неутралната лексика. Кај поголемиот дел од нив, при употребата, на прв план доаѓа експресивно-оценувачката функција, а дел од нив се неутрални. Дел од оние што се неутрални во говорот на постарата генерација кичевчани, во говорот на помладите се употребуваат како жаргонизми, односно како посебно обележена лексика. За разлика од заемките кои се одомаќени во македонскиот јазик, лексемите – заемки што ги разгледавме во овој дел од трудов, при употребата го привлекуваат вниманието на слушателот и му даваат посебна експресивност на говорниот израз.

6. Избрани фразеологизми

Една од специфичностите на лексичкиот фонд на секој дијалект е постоењето на цели изрази, идиоми, пословици кои можат да бидат продукт на народниот дух на конкретното подрачје или да бидат позајмени од некој друг јазик при што, во таков случај е навистина тешко да се открие какво било првичното значење на дадениот израз. Ваквите изрази, кои ние во нашиов труд ги подведуваме под еден наслов *Фразеологизми*, се од најразличен состав и од најразлично потекло. Без да навлегуваме во подлабока анализа, ќе дадеме само скромен список на избрани фразеологизми од кичевскиот говор за кои сметаме дека му даваат на дијалектниот израз посебна експресивност и впечатливост.

- *Срчка да-г-' удрит!* 'да му се случи нешто лошо' (вид на клетва);
- *Не-прај скалибр'одој!* 'не прави неред, не растурај';
- *Исч'истила к'олку 'од-бел'а Шарко*! 'исчистила згора - здола';
- *М'оре, ќе-ѓадеш пак-Ѓана м'ајка д'а-е!* 'ќе јадеш по секоја цена';
- *Што-'е-живо 'опл'ачка*! 'краде без мерка, краде што ќе му дојде до рака';
- *Бож'убити д'елот, б'ожуби*! 'тешко тебе, господ нека ти е на помош' (изрека, клетва);
- *К'уцко му-се-к'ачил н'а-гла:*! 'ѓаволот го тера, ѓаволот му се качил на глава';
- *Кај-ниф-е 'урнек да-б'ереш*! 'кај ниф е да се чудиш';
- *Све н'апрајл на-пафт'е-пуфте*! 'направил на брзина, не со многу труд';
- *Гуле се-н'апрајф*! 'многу се изводениф';
- *Ф-ш'ештер ме-кл'аде*! 'ме исплаши';
- *К'ому б'унца д'а-бунца, м'ене м'ила м'ајчичка*! 'каква и да е, таа е моја мајка';
- *Да-му-д'ајт Господ кр'аста, орлој-н'окти и-з'ајачка б'рзина*! (вид клетва);

- *Е ќе-н'ајш такв'о-нешто, кај-Панде-К'укета!* 'нема да најдеш никаде';
- *Ако е забајно, не е заборајно.;*
- *Господ не-е-м'ачка 'одма да-т-'уґребет!* 'Господ казнува, но не веднаш';
- *Ми-'остана 'укма н'а-срце.* 'Ми е тешко, имам тежина на срце';
- *Не копај другему ґроп да не паднеш сам!* (Црско, 157);
- *Ум царует, ум робует.* (Црско, 192);
- *Мечка од планина побрзо ќе научит од него.* 'За човек, мрзелив или глупав';
- *Скрши гла:та.* 'отиде' (Видоески 1957: 88);
- *Си легна на брашно.* 'се смири' (Видоески 1957: 88);
- *Му дувнал во рогот.* 'не му мисли многу' (Видоески 1957: 88);
- *Легнаф на скок.* 'прилегнав, спиев на штрек' (Видоески 1957: 88);
- *В'оди-го б'уцат, т'ерај-го кл'оцат.* 'за инаетлив човек';
- *П'ојќе дни-се од- к'ѧбаси.* 'храната треба да се штеди';
- *На-ќ'орото п'иле Господ с'едело му-пр'ајт.* 'на неспособните Господ им помага';
- *По-т'уґ-ґрѧ ст'ајој н'е-болат.* 'туѓата мака не нè засега // најлесно е друг да одговара за нашите грешки'.

7. Заклучок

Од комплетната анализа на кичевскиот говор направена во овој труд, можат да се донесат повеќе заклучоци за спецификите со кои се одликува овој говор. Овде нема да ги наведуваме особеностите што се заеднички за целото западно наречје, на коешто всушност припаѓа кичевскиот говор, туку само оние особености што се сретнуваат само во овој говор или се сретнуваат на едно потесно подрачје во западниот дел на Македонија кое, поради различни причини, зачувало стари особености, или развило нови, не многу познати во останатите западни говори или во македонските дијалекти пошироко гледано.

Раководејќи се од концепцијата според која го работевме овој труд, јазичните особености на разгледуваниов говор ќе ги изложиме по следниов редослед: фонолошки, прозодиски, морфолошки, синтаксички и лексички.

7.1. *Фонологија*

На фонолошки план можеме да издвоиме неколку карактеристики во кичевскиот говор.

7.1.1. *Гласовниот систем*

Како највпечатлива карактеристика во рамките на гласовниот систем се јавува чувањето на вокалното /ѫ/. Кај постарите говорители сретнуваме една ситуација каде што вокалното /ѫ/ се слуша во сите позиции на местото на старото вокално *ѣ , па дури и во позиции каде немало вокално *ѣ, ами некој друг глас. Примери: *бѫ̄ва, вѫ̄к, вѫ̄на, гѫ̄тај, жѫ̄т, зѫ̄скат, зѫ̄сни, јабѫ̄ко, кѫ̄баси, кѫ̄к, пѫ̄јаф, сѫ̄нце, тѫ̄чник, 'ѫ̄скат, мѫ̄зет, сѫ̄зи* па и *мѫ̄кнет, измѫ̄кнет* добиено од стсл. мъкнѫти. Кај помладите говорители веќе се чувствува влијанието на стандардот врз изговорот на овој глас, па кај пофреквентните лексеми на местото на вокалното /ѫ/ го слушаме двофо-

немниот рефлекс /ол/. Изговорот помалку се менува кај лексеми кои се поретко употребувани во стандардот или се типични дијалектизми од типот: *кл̥кат̄, кл̥фат̄* и сл.

Друга специфичност што се јавува во гласовниот систем на кичевскиот говор е постоењето на долгите вокали. Долгите вокали најчесто се резултат на контракција на два еднородни вокали, а се јавуваат во повеќе ситуации заради губењето на интервокалното *в* и други консонанти (*ј, х, д*). Примери: *б'ара:т̄ (< бараат̄); в'етка: (<веткава), гла:та (<главата), д'еца: (< децава), 'едно: (<едново), комши: (< комшии), него:то (< неговото), сп'ука: (<спукаа), 'уба: (<убава).* Должината на вокалите добиена на овој начин во кичевскиот говор (како и во други западни говори, види: Видоески 1999б: 117), е секундарна, но во некои позиции има разликувачка вредност, како на пример: *к'оза / к'оза:* (< козава), *м'ака /м'ака:* (< макава). Како што се забележува од примериве, должината на вокалите има разликувачка вредност само кај двосложните именки каде што не доаѓа до промена на акцентот. Кај тросложните именки акцентот е тој што, освен должината на вокалот, укажува дека се работи за членувана форма: *к'ап̄инка / кап̄'инка:*.

Освен долги вокали, во кичевскиот говор во некои позиции на допир на два вокали доаѓа и до образување на дифтонзи: *бi̯а (<беа), ж'ивi̯ат̄ (< живеат̄)* (ваквите дифтонзи не се карактеристични за градскиот говор, туку само за говорот на селата што гравитираат јужно од Кичево) или до образување на секвенци од вокал + глајдот /ј/: *б'ајт̄ (<бае), в'етрејт̄ (<ветрее), ж'ивејт̄ (<живее); п̄рајл (<правел); зб'еснујт̄ (<збеснуваш), п̄ок'ажујф (<покажуваф); стан'ујла (<стан'увала).*

Во консонантскиот систем на кичевскиот говор како карактеристика се јавува чувањето на палатализираниот изговор на /л'/ кај постарите говорители, во следниве позиции: 1) пред предните вокали (палатализацијата не ја обележуваме со специјален знак) и пред /ј/: *К'оле, Л'иле, М'иле, Вел'јан, з'ел'је, ил'јада, л'ил'јак, п̄'ол'јак;* 2) пред задните вокали во следниве лексеми и лични имиња: *'Ил'о, Л"але, Л"амо, Л'ил'а, Л"убе, л"убоф, Л"уп̄ка, Л"ули, М'ил'адин, М'ил'ан, М'ил'утин,* 3) и во зборови од туѓо потекло: *Л"атиф* (муслиманско лично име), *л"уле, 'ил'ач, п̄л"ачка* и др. Се работи за глас со дентално - алвеоларна преднојазична артикулација со средна или со средновисока положба на палатумот (што фонетски се означува како [l '] (Савицка, Спасов 1997: 78). Ваков изговор би требало да имаме и во стандардот, но ова [л'] се повеќе се губи на сметка на палаталното /л'/

т.е. *љ* или пак целосно затврднува, па така наместо *л'убоф* слушаме *л'убоф,* наместо *Л'ил'а* слушаме *Л'ила* и сл.

Друга специфичност во рамките на консонантскиот систем е губењето на /х/ или негова замена со други консонанти во речиси сите позиции. Примери: (во иницијална позиција) *'итар, 'оро, 'еј, р'аниш;* (во интервокална позиција) *Вл'аинка, г̄л'уа, Ду'ојдни, м'еој, м'уа, с'уа;* (во средина на зборот пред консонант или на крајот на зборот има замена со /в/ или /ф/) *б'афче, д'увна, п'афташ, ш'ифко, ш'уфкаш, Влаф, вр̨ф, г̄реф, п'аштуф, п'аднаф, д'уваф.*

7.1.2. *Акценти*

Во рамките на прозодијата ќе наведеме неколку специфики на кичевскиот говор. Она што е особено впечатливо при слушањето на говорител од кичевскиот крај, тоа е доследноста во третосложното акцентирање и во образувањето на акцентските целости. Ваквиот начин на изговор којшто е карактеристичен и за поречкиот говор (сп. Видоески 1950: 30-32), му дава на говорниот израз посебна мелодиска контура по која се препознатливи говорителите од овој крај. Отстапки од третосложното акцентирање во кичевскиот говор има само кај извесен број прилози, како на пример: *овдев'ака, г̄один'ава* и кај извесен број именки: *каф'ана, од'ело, п̄остелн'ина*, а двоен начин на акцентирање се сретнува кај неколку заменски придавки: *к'олкаф – колк'аф, ш'олкаф – шолк'аф*. Како што се гледа од наведените примери, акцентот кај овие лексеми е пенултимски, или ретко ултимски. Таков е случајот и со туѓите зборови кои, освен со антепенултимски акцент, можат да се слушнат и со пенултимски или ултимски: *к'олектиф, ш'елефон* (но и: *шелеф'он), дефил'е, интерн'аш, комиш'еш, курс'исш, п̄алач'инка, факулш'еш,* и кај некои турцизми: *јаз'ак, саб'ајле, шам'ан,* и сл. Без разлика дали се работи за домашна или за странска лексика, правило е дека во кичевскиот говор не се сретнува лексема со акцент на четвртиот слог од крајот на зборот.

Што се однесува до акцентските целости, како што веќе кажавме, тие се карактеристика на кичевскиот говор и се образуваат од различни видови зборови: 1) акцентски целости со енклитички заменски форми: *ж'ена-му, друг̄'арка-ми, со-с'естра-му, со-јаш'р̨ва-е; ст'р̨чај-се, дон'еси-ми, бар'ајше-г̄о;* и сл.; 2) акцентски целости со проклитики т.е. со заменски форми, со сврзници и друго, пред глаголот: *да-н'е-г̄ледаш, што-с'е-стори, како-с'е-деси, од-к'ај-дошле, за-да-не-с'е-мачаш;* и сл.; 3) акцентски целости од атрибут и именка:

сш'ар-ерѓен, друѓ'а-куќа, вел'и-џеток, шреш'а-вечер, Горн'а-чука (возвишение во полето над градот), *Зајашк'а-река* и синтагми со членуван атрибут: *новаш'а-куќа, нашаш'а-нива* и сл.; 4) акцентски целости од предлог и именски збор: *н'ад-клуџи, н'а-вашар, н'а-сшол, н'из-враша, 'од-небо, 'од-ракаф, 'ош-куќа ф-к'уќа, џрек'у-река, б'ез-оѓон, џ'од-јазик, д'о-ѓла:, з'а-сшомак; с'о-неѓо, к'ај-ними, џред-к'ај-вас, н'ад-неѓо.*

7.2. *Морфосинтакса*

На планот на морфосинтаксата најпрво ќе ги истакнеме особеностите во формите на зборовите и во парадигмите во кичевскиот говор, како и во функциите на граматичките категории.

7.2.1. Во прегледот на зборовните групи и на категоријалните парадигми впечатливи се неколку работи кои претставуваат архаизми зачувани во овој говор поради изолираниот начин на живот во минатото, или пак се локални иновации.

Најпрво ќе ги наведеме карактеристиките на именскиот систем. Кај именките како специфичност се јавува постоењето (и формално и функционално) на формите за збирна множина за сите три рода: *б'озје, в'ирје, д'абје, к'осшење, сн'ошје, џр'аќе, ш'ашање; в'оѓе, ѓ'одиње, д'обриње, к'очиње, л'иваѓе, н'ивје, џ'адиње, сл'аниње, шр'евје; д'рвја, ж'ишје, кр'ил'ја, џ'ерја.* Друга специфичност на именките во кичевскиот говор е постоењето на морфолошки дативни форми кај личните и роднинските имиња (и кај мал број општи именки) и од машки и од женски род, како и постоењето на општа падежна форма или casus generalis кај личните и роднинските имиња од машки род. Примери за дативна падежна форма: *Речи-му Сш'ојану, Др'аѓану, Д'ушану, Ј'осифу, И'лију, Н'иколу, Б'оѓоју, Бл'аѓоју, 'Арсо(ј)е, Бл'ажее, Б'оѓее, Томее; Речи-му-ш'ашешу, ш'ешину, ф'ала-б'оѓу, д'ушаша ч'ојку му-е в'аѓа:ш; И-р'екоф Д'аници, Донч'о:јци, К'осари, М'илеви, Сш'ојанки, Цв'еши, И-д'адоф ш'ешки, б'аби, сшр'ини.* Примери за casus generalis: *Го-в'идоф 'Арсоша, Б'ожоша, Д'ушана, М'ил'ана, Сш'ојана, Тр'ајана; џ'ојди кај б'ашеша, в'ујчеша, д'едоша, ш'ешина, ч'ичеша.* Освен овие морфолошки падежни форми, во кичевскиот говор добро се чува и формата за повикување, т.е. вокативот: *Др'аѓане, М'ил'ане, Сш'ојане; В'есно, Д'обрице, М'илево, Мих'оје, П'ал'о, Сш'асијо, Тр'ајанке.*

Кај заменките во кичевскиот говор како специфични се јавуваат посебните падежни форми од показните заменки: *'овему,*

'овејси, 'овеѓа; 'онему, 'онејси, 'онеѓа. Кај посвојните заменски придавки, пак, постојат следниве специјализирани форми за блискост (оддалеченост): *'овеѓоф, 'овезин ('овејзин), 'онеѓоф, 'онезин ('онејзин).*

Во глаголскиот систем, паѓа в очи, пред сè, отсуството на наставката *-м* во прво лице еднина презент и чувањето на наставката *-т* во трето лице еднина од истото време: *'иѓра – 'иѓрат, ј'ада – ј'адет, н'оса – н'осит, п'еа – пејт.* Друга особеност на глаголскиот систем е постоењето на аорист од имперфективни глаголи: *к'опаф, к'опа, к'опа, к'опафме, к'опафте, к'опа:; п'асоф, п'асе, п'асе, п'асофме, п'асофте, п'асо:/ п'асоа; н'осиф, н'оси, н'оси, н'осифме, н'осифте, н'осија.* За употребата на овие форми ќе зборуваме во делот посветен на синтаксичките особености.

Во рамките на морфолошките особености ќе наведеме уште неколку специфични прилози кои се среќаваат во кичевскиот говор: *м'илум, р'едум, св'ередум; д'ореда, д'опати; бодин'аница, брк'аница, недо'апица; стрмногл'ајчки, оп'ачечки.*

7.2.2. На планот на функционалната анализа на граматичките категории во кичевскиот говор се забележуваат повеќе особености.

Во глаголскиот систем ќе наведеме неколку специфики. Една од спецификите, којашто веќе ја спомнавме, тоа е употребата на аорист од несвршени глаголи. Значењето што го изразуваат овие форми убаво го дефинирал Б. Видоески истакнувајќи дека имперфективниот аорист „покажува трајно дејство што се свршило (не извршило) во одреден момент во минатото. Тука нема никакво совпаѓање со имперфектната форма, која покажува дека дејството трајно се наоѓало во процес во времето за кое говориме. Со него се истакнува незавршеноста, неограниченоста на глаголското дејство, додека во имперфективниот аорист се нагласува неговата свршеност. "(Видоески 1962: 229). Примери од кичевскиот говор: *Кај беше вчера? И стриѓоф офците.* Рус. *Денот трипати месиф леј, толку арѓати имаше.; Али пеја жити тебе? Пејаф бре, зашто да не пеја, свадба је, пејаф, иѓраф и сфириф на ѓајда.* Ор. (Видоески 1957: 78); *Мајка-е ѓр'ебе, ѓр'ебе, п'иште, п'иште, та: една-пл'ава ' уба: ж'ена б'еше м'ајка-е, јок!* (Текстови, 277). *Исповедај-ме, р'ече, му-ѓр'ешиф на-м'аш-ми.* (Текстови, 296).

Во рамките на глаголскиот систем како специфичност се јавува и употребата на формите на потенцијалот или можниот начин. Овие форми не се употребуваат многу често, а нивното зачувување е уште еден доказ за бројните архаични црти што ги сретнуваме во кичевскиот говор. Кај постарите генерации говорители формите на потенцијалот се употребуваат главно за изразување на можност,

желба: *'И-ја би-д'ошла с'о-тебе!* или за искажување на укор за некоја неизвршена работа, функција што е нотирана и во стандардот (Б. Конески 1981: 499). Пример: *Би-си-т'ошол н'авреме н'а-школо, ја н'е-су-ти кр'ива!* Додека при изразувањето на првиот тип функција, во формите на потенцијалот најчесто отсуствува помошниот глагол *сум*, кај вториот тип функција, како што се гледа од примерот, се чува и помошниот глагол *сум*. Кога формите на потенцијалот се употребуваат за искажување на клетви, најчесто се засилени со партикулата *да*. Примерите што ќе ги наведеме подолу се од материјалот од Б. Видоески: *Да би те немало, пушу пушосан!* Орл. *Да би ослепел, господе личен!* Иж.; или со повторување на *да* и *би: Да би век не векуал, да би! Да би не станал од место, да би! Да би нош те дупнал, да би!* Иж. (Видоески 1957: 79).

Друга специфичност во рамките на глаголскиот систем тоа е прекажаноста. Се работи за комплетно изградена категорија чија семантичка инваријанта гласи 'не сум сигурен, не гарантирам за вистинитоста на она што го кажувам' (Тополињска 1995: 245). Во кичевскиот говор не може да се случи незасведочено дејство да се изрази поинаку освен со временските парадигми кои изразуваат прекажаност, а тоа се перфектот I (*сум + глаголска л-форма*) со кој се прекажуваат минати и сегашни настани, и имперцептив conditionalis (т.е. идното прекажано време) со кое се прекажуваат идни или постериорни настани. Примери: *'Е, 'имаше ф'устани св'илени, се-с'еќава, ш'арена св'ила т'огај се- н'осела, во-б'ифшата Југосл'авија...*(Текстови, 273); *Н'ие, ко-н'емаше во-алб'анското, т'аше з'амина во-Тир'ана да- р'аботит, т'арите не-ни-ги-д'авале н'ас, п'оште ни-ги-з'емале, и-м'ама, ќе- к'упеше к'остени од-'Осој, по'ефтини, или-ќе-соб'ерефме т'аму што-ќе- 'останет.* (Текстови, 275); *Си б'иле маш и ж'ена, си жив'ејле, с-'имале и комши:.* (Текстови, 285); *'Една мн'огу инт'ересна р'аботе во-Ман'астирец се-сл'учуват, с'ите ж'ени, н'е с'ите, но-пр'етежно, одл'училе да-з'емат д'ома д'еца од- д'омоф, без-род'ители...* (Текстови, 298); *Не-'е-најдоф Мар'ина д'ома, зам'инала кај-т'етка-е, пак 'оттука ќ-'ојла ф-ч'аршија.*

Со формите на перфектот I може да се изрази и адмиратив, односно чудење, иронија, несогласување. Притоа, овие експресивни значења што лесно можеле да се накалемат на основното резултативно значење на перфектот, можат да се однесуваат на веќе реализирано дејство, и тогаш со адмиративот се изразува фактивно дејство: *Л'еле к'олку 'убо: го-нап'ајла п'итево, пр̥сти д-'излижеш!; 'Абе ти си-'имал м'ачкина д'уша!* или со адмиративот може да се изрази неверување дека дејството е реализирано и тогаш се работи за

нефактивно дејство: *Зн'ајла та: н'ешто да-р'аботит к'ако да-н'е, зан'ишто не-'е-бивал!; Ти-си-м'ојл да-го-п'опрајш телев'изорот! Да-гов'ида то: не-го-в'еруа!*

Посебен вид на адмиратив, но само за веќе реализирано фактивно дејство, во кичевскиот говор се изразува и со формите на субјунктивот како во следниве примери: *То: с'обрана пр'ашина дог'осподa да-се-кр'евал г'оре...* ('прашина се креваше горе'..., Текстови, 273); *Тел'ефоноt ц'ела н'едела да-не-р'аботит.* ('телефонот не работеше', Текстови, 288); *И та: јат'рва-је, да-и-го-з'емеш д'етето и-д-и-го-ф'рлит в-еден-д'ол.* ('И го зела и и го фрлила в дол', Текстови, 296); *Ти-в'ела, 'овие да-в'ика:т, да-г'аламат.* ('овие викаа, галамеа', Текстови, 304). *Откаде -докаде еден ден да дошt вlкоt во гојдата и прао на кравата и теленцето негои да и заколет.* ('еден ден дошол волкот во гојдата и кравата и теленцето негови ги заклал'; Црско, 61). Ваквата употреба на *да* + презент од свршени глаголи ја нотирал и Блаже Конески укажувајќи на фактот дека презентските форми на глаголите свршени по вид не се употребуваат самостојно и во најголем дел влегуваат во составот на подредената реченица, но погоре наведенава употреба е еден исклучок каде со овие форми придружени со *да* се изразува минат настан (Конески 1982: 413).

И формите на негираниот кондиционал во кичевскиот говор можат да се употребат за изразување на фактивни дејства со посебна нијанса на чудење, изненаденост: *Ц'арскава Ќ'ерка и-по-тр'етпат неќе-г'о-удрит Пеплеш'аркота!* ('царската ќерка и по трет пат го удрила Пеплешаркота' Текстови, 271).

Една од повпечатливите особености на синтаксички план во кичевскиот говор е местото на партикулата *не* непосредно пред основниот глагол во сложени глаголски форми. Примери: *Мојш д-'издржиш да-се-н'е-топлиш н'оќеска?* (Текстови, 290); *...доси'ето, в'елит да-го-пр'очита ќе-н'е-можа да-го-преж'ивеа то:;* (Текстови, 303); *Ич да-се-не-д'умате з'а-мене, 'ами да-е-г'ледате раб'отата. За-Шабана да-се-не-сек'ирате.* (семинарска работа); *Ако с'акал би-н'е-видел.* (Мра); *Н'емој в'ојник, да-го-н'е-земаш, тој-је прос в'ојник.*(Ив). Оваа особеност се забележува не само во говорот на постарите говорители туку и кај помладите, особено во затврдени изрази од типот: *Да-го-н'е-видит; да-го-н'е-чујет; да-му-се-н'е-видит; жив да-се-н'е-вратит; д'амла да-го-н'е-фркнет* и сл. Се работи за линеаризација од словенски тип според која негацијата не се одвојува од глаголот. За разлика од балканската линеаризација со која негацијата ја отвора низата проклитики што му претходат на глаголот и која во принцип е карактеристична токму за западните македонски говори (Топо-

лињска 1995: 266), овде сретнуваме уште еден архаизам којшто е типичен за поречко – кичевскиот крај.

На планот на изразувањето на падежните односи во кичевскиот говор ќе го повториме делумно тоа што веќе го истакнавме во делот за морфолошките особености, а тоа е постоењето на морфолошка дативна форма кај личните и роднинските имиња од машки и од женски род и постоењето на casus generalis кај личните и роднинските имиња од машки род.

Дативната падежна форма освен што се употребува за изразување на дативен падежен однос во реченицата (т.е. за изразување на индиректен објект, пример: *Му рекоф Богетту да дојт да-ми-е-п'опрајт маш'инана*), се употребува и за изразување на посвојност кога се наоѓа во адноминална позиција: *Син-му Стојану пошол војник; Ќерка е Виски избегала бегалка за Петрета од Доленци.* Посвојност може да се изрази и со синтетските дативни форми на личните заменки: *Татко му нему, царот со тоари жлтици поарчил; Татко му овему беше кмет. Татко е нејзе, царот се научи от луѓе, отш Арапот го немат веќе.* (Видоески 1957: 76-77).

Општата падежна форма или casus generalis исто така се употребува со повеќе функции. Освен за изразување на акузативен падежен однос (*Го видоф Петрета*), оваа форма, кога е употребена со предлогот *на,* изразува дативен однос (*Му реков на Петрета*), а употребена со други предлози може да изразува различни релации: *И-ќе-појт кај-Кржиќа во-еден п'о-полноќ;* (Текстови, 278); *Збор'ујше н'ешто за-Бр'анкота;... 'и-таја не-зн'ајла да-му-к'ажет к'ако да-одг'оорит пред-с'ина -му од-ц'арот.* (Видоески 2000в: 79).

Кај сложените реченици чијшто конститутивен член претставува сврзнички предикат ќе наведеме неколку специфичности.

Кај конјункцијата, освен вообичаените сврзници што се типични и за стандардниот јазик, го сретнуваме и сврзникот *да* кој е хомонимен со субјунктивното *да: Не, не, не-му-вер'увале н'икако. 'От-тамо, да 'от-тамо.* (Текстови, 290); *Јунакот извај едно парче книга и си пушти малу крв од еден прс, да му напиша нешто и удри еден муур на неа и му рече...*(Црско, 44). *И тој штотуку го виде јунакот кај идет, на часот го позна, кој је и каков је, да отиде пред него и му се поклони.*(Црско,44). Во наведениве примери сврзничкиот предикат *да* има улога на *па*, односно ги подредува временски настаните изразени во двете дел-реченици. Употребата на *да* со ваква функција е карактеристична само за постарите генерации говорители.

Кај изразувањето на причинска релација како пофреквентен сврзник се среќава *отш: ...а-знајш з'ошто го-в'ика: П'атрикон, 'отш*

н'осеше пат'ерици. (Текстови, 282-348). Во кичевскиот говор *оти* се употребува главно како сврзнички предикат за причина и како прашално зборче. Употребата на *оти* во комплементарни реченици е маргинална и не е одлика на самиот говор.

Кај реченичните трансформи кои се конституирани од некоја нефинитна глаголска форма со којашто се изразува сврзничкиот предикат и неговиот втор реченичен аргумент, како навистина фреквентни се јавуваат трансформите со глаголска именка. Притоа, глаголската именка претходена од некој предлог може да заменува различни видови реченици, како на пример: *А-тој со-в'икање е-пр'ашујл што-му-к'ажуват та:.* (асоцијативни; Текстови, 287) ; *Дадојш на-б'ерење гр'озје.* (целни); *Во-то: през'емање тој н'осит п'оѓача, на-пример леј, па-е-к'ршат т'ука...*(временски; Текстови, 291); *И-т'ие ќе-ум'ира:т от-сме:ње.* (причински; Текстови, 281); *М'ажот и-п'омоѓнал малку за-кр'евање и и-р'екол на-ж'ената...* (целни; Текстови, 287). Глаголската именка во кичевскиот говор многу често се јавува и во апсолутни конструкции, т.е. употребена самостојно, како основно предикатско јадро, што е уште една од специфичностите на овој говор. Примери: *Само што-д'ошол и-'уште да-се-ф'рлит, и-'овај д'ошол, со-ст'аиот т'а:к, уд'ирање и-Б'оре пак 'избегал на-цр'ешната ѓ'оре;* (Текстови, 304); *'Овај, н'е-бе каквосл'аѓање;* (Текстови, 305); *...и-не-му-с'е-вдаде. р'ече, да-се-к'ачит п'ојќе, ск'окање и-н'а-него*; (Текстови, 305) *..Ја р'ече, п'уштање и с'анки стр'уја по-ѓ'азоф ми-п'омина...* (Текстови, 306); *В'ака, р'ече, ф'аќање и-с'е: ми-се-в'рти ф'илмоф све кај-в'рвеф....;* (Текстови, 306); *п'осле п'олсат, са:т б'арање, го-н'ајдофме;* (Текстови, 307).

На планот на референцијалната карактеристика на именската синтагма како специфичност во кичевскиот говор се сретнува употребата на морфемата *-ов* со значење што му се доближува на чисто членското. Б. Видоески од своите истражувања на терен во шеесетите години на минатиот век го констатира следново: „Во овој говор особено паѓа в очи честата употреба со чисто членско значење на формите со *-в: И на тоа што ќе напра:т комитиве. Пребегна: од четава српска во бугарскава. - Дојде кај мене поречанчево. Ама четава сеа је немат. Дојде после Пешо. Го предадофне детево. Во сета чета после Пешо'е најповерен поречанчево.* (Видоески 1957: 65). Од примериве се гледа дека се работи за употреба на членот *-ов* не со показно значење, ами за ситуациска определеност. Ќе наведеме примери и од нашиот материјал: *И др'угиот ден н'аново дефил'е, пак н'аново с'ите врват за-да-ѓ-'удрит со-јабл̥ко тој што ќе-го-б'ендисат ц'арскава ќ'ерка* (Текстови, 271); *Круша беше таја. Есенска*

круша. Пḍна, пḍна, пḍна. Кр'уфчево м'ало, р'одоӣ сӣ'о-кила. (Текстови, 273); Од дополнителни истражувања на терен успеавме да добиеме информација дека со членот *-ов* може да се изрази и генерично значење: *Чојкоф ӣи е ко камен, шӣо све не-изд'ḍржуӣ; Комӣјуӣериве ќе ӷи оќорашӣ децава.* Слична употреба на членот *-ов* се сретнува и во други говори од западното наречје, пр. во Гостиварско: *Си бил некој сӣар чоек со едно внуче. Сӣариоф сакал да ӷо однесеӣ внучево да се учиӣ.* (Поповски, 1970: 64). Сепак, треба да се нагласи дека во погоре наведените примери можеби се работи и за замислено пространствено определување на предметот којшто доминира во говорот во дадениот момент. Затоа, за попрецизно дефинирање на вистинската членска функција на членот *-ов* потребни се поопстојни истражувања на територијата на западна Македонија.

7.3. *Лексика*

Му-се-с'ојало на-кр'алот луб'еница ср'ет-зима. И-д'ал 'оглас с'егде, по-с'ите с'ела, н'аселби, гр'адој, к'ојшто ќе-му-д'онесет ср'ет-зима луб'еница, ќе-му-е-д'ајт ќ'ерката за-н'евеста. И-се-ч'уло во-ц'елото ц'арство то:. 'Ама 'имало н'егде, н'екое с'ело к'ајшто 'имало 'она: в'ода, т'опла, како-е-в'ика:т т'ермичка. Т'опла в'ода излег'увала и-тој си-с'адел и-з'имно вр'еме. Све-си-с'адел, сел'анецот. А-сел'анецот 'имал три с'ина. Три с'ина 'имал. И-ко-ч'уле за-'ова, р'екол: „Ај с'инко! Ти најст'ариот си. Ја-ќе-ти-д'а луб'еница, ќе-п'ојш кај-ц'арот и-тој ќе-ти-е-д'ајт ќ'ерката.“ И-д'обро. Е-зел 'овај во-д'исаќи, т'огај т'ие се-в'ика: т'орби 'едни, д'исаќи. Во-т'урско д'исаќи се-в'икале. Му-е-д'ал ф-т'орба т'аква, д'исаќи, лубен'ицата, и-т'ргнал. 'Арно-ама, ко-што-'е во-прик'азните, му-'излегла волшебн'ицата н'а-пат. Му-'излегла волшебн'ицата и-му-в'елит: „А-бре м'омче, шт'о-носиш ти во-т'орбава?“ А-па тој р'екол: „Па шт'о-носа ја, н'оса ж'елади.“ Си-се-прајл м'ајтап. Ж'елади, а-ж'елади се-'оние св'ињи шти-ги-ј'адат, 'едни ф-ш'ума р'астат. Ж'елади. И-т'ргнал тој п'отака и-та: му-р'екла: „Ја в'идоф ти шт'о-носиш, ама бид'ејќи м-'излажа, в'истина лубен'ицата да-ти-се-н'апрајт ж'елади.“ И-тој, в'ажен, в'ажен, п'ошол кај-ц'арот и-му-р'екол: „Ч'естити ц'аре, ја-ти-д'онесоф луб'еница.“ И-ц'арот р'екол: „Дај да-е-в'ида!“ И-ко-'извајл тој, в-р̣-р̣-р̣, една-т'орба ж'елади. И им-р'екол нас-л'угите: „Натеп'ајте-го и н'ека си-ојт! Тој ќе-ме-л'ажет м'ене!“ И-си-з'аминал. 'Отишол д'ома, р'екол: „Н'ишто т'атко! В'ака и-в'ака.“ Е тој р'екол: „С'ега еве ти-д'ава др'уга луб'еница (на-ср'едниот син), ти-д'ава др'уга луб'еница, 'оди ти, ќе-ти-е-д'а:т т'ебе.“ И-т'р̣гнал ср'едниот син. И волшебн'ицата пак н'а-пат: „М'оре м'омче, шт'о-носиш во-т'орбава?“ „А-бе, р'ече, ж'аби! Ж'аби ми-е п'л̣на.“ И-та: р'екла: „Бид'ејќи м-'излажа, ми-р'ече ж'аби, ж'аби да-ти-се-н'апрајт лубен'ицата и-то-кр'астај ж'аби!“ И-'овај ојт кај-ц'арот: „Ч'естити ц'аре, еве ти-д'онесоф луб'еница!“ И-тој: „'Отвори да-е-в'ида!“ И-т'ие п'очнале ж'абите кр'астај да-ск'ока:т т'аму, и-ц'арот се-н'алутил, г-изнат'епале и-г-изб'ркале. И-се: најм'алиот. Т'аткото му-в'елит: „'Еве, 'има уш-т-'една, 'оди може-т'ебе ќе-ти-е-да:т. И-тој е-з'ел лубен'ицата и-ојт и-волшебн'ицата, ф'ууп, н'а-пат: „А-бе м'омче:, шт'о-носиш ти во-

т'орба:?“ „А-бе, р'ече, да-ти-к'ажа пр'аво, луб'еница. Ќ-'ода кај-ц'арот в'ака и-в'ака.“ И-т'ргнал тој и-та: р'екла: „Бид'ејќи ми-к'ажа, да-ти-е-блос'о:на и-да-ти-'успејт, лубен'ицата 'уште п'уба: и-пог'олема да-ти-ст'анет!“ И-ојт 'овај кај-ц'арот. Му-в'елит: „Ч'естити ц'аре, ти-д'онесоф луб'еница!“ И-тој р'ече: „Дај да-е-в'ида!“ Е-д'ават т'аму. Ц'р̨вена вн'атре, 'уба:! Ц'арот е-'отворил и-се-ч'астил. Арно ама, ц'арот ко-цар, се: си-р'екол, ја н-'овај с'еланец, да-в'ида али е-'итар, т'ака н'е-можа да-му-е-д'а: ќ'еркава. И р'екол: „Д'обро. Ја т'ебе ќе-ти-е-да: ќ'еркава, 'ама ти н'оќеска ќе-сп'иеш г'оре во-пал'атава, а-т'аму во-с'обата кајшто-ќе-сп'иеш ќ-'имат дван'ајсет зај'ачиња. К'ако ќе-пр'ајш, прајш, да-гл'едаш ц'ела ноќ зајач'ињата д-'останат к'ај-тебе ф-с'оба. А-вр'атата ќе-б'идет отв'орена. Да-не-изб'ега:т. 'Ако 'имат вр'ата отв'орена.“ 'Арно, 'ама, та: ц'арската ќ'ерка го-в'идела 'убаф-бил, млат, убаф. И-се-б'ендисал. Р'екла, ај-ја да-си-го-з'ема 'овај. И сл'ушнала шт'о-рекол ц'арот и-тој ко-в'р̨вел г'оре за-ф-с'оба и-та: 'излегла и-му-р'екла: „'Ова кав'алчево 'еве ти-го-д'ава!“ (едно к'авалче). Рекла: „Т'ие зајач'ињата ко-ќе-с'ака:т д-изл'ага:т н'из-врата, ти само ќе-св'ирнујш, св'ирката ќе-ги-д'ржит ф-с'оба. И-н'икако н'емој да-з'аспиваш, д'р̨жи: зај'аците до-саб'ајле.“ И-т'ие за'излагај, тој св'ирни, т'ие за'излагај, тој св'ирни, и-до-саб'ајле. Ко-д'ошол ц'арот ко-в'идел с'ите з'ајаци т'ука, р'екол: „Ти-си 'итар ч'овек, 'еве ти-е-д'ава ќ'еркава!“ И-т'ака си-ст'анал кр'алски син и т'ака. 'И-ја си-беф т'аму, си-р'учаф, си-се-пров'еселиф и 'еве-су.

Д'евети број

Ког'а-беше р'оден? Ког'а-умре? Зн'ајш В'аса Пол'ежина 'ојше да-се-п'ородит со-М'омчила. На-к'олку г'одини 'умре М'омчило? Тод'амна, л'ани ког'а-умре? 'Еее, В'аса Пол'ежина и-'едни кај-гробн'ицана, како-'им-беше н'е-зна през'името... Т'аја, си-се-прес'елија т'ие за-ст'ално во-Б'елграт, а-како-се-в'ика:? Со-к'уќиче ко-ќ-'ојш д'есно кон-гробн'ицана, С'имјанка, 'а С'имјанка и- В'аса Пол'ежина, се-н'ајдофме на-ст'аница во-Ск'опје и-ј'а и-м'ама. И-т'а: С'имјанка н'осеше п'ојќе к'уфери. В'аса н'осеше мн'огу к'уфери, за-п'ороѓај си-"ојше во-Б'елграт. М'ожет 'уште н'екој д-'имаше, 'и се-к'ачифме се:, н'ие фак, трап, трап, се-к'ачифме во-в'озот. И-п'очна В'аса, В'аса д'ека со-мн'огу к'уфери, си-д'ошла прет-т'о: да-р'ечеме со-афт'обуси, н'емаше вос т'огај К'ичево, к'ујзнајт како-'ојфме с'ироти до-Ск'опје, со-в'офчето м'ало по-дв'а-дни, со-афтоб'усите, и се-п'ојави В'аса Пол'ежинка на-п'енџере и-п'очна да-в'икат: „Број 'осум, број 'осум!“ Н'осачи!

Нос'ачите т'огаш на-ст'арана жел'езничка со-бр'ојој бе:. Од-'еден, да-р'ечеме, до-петн'ајсет, до-дв'ајсет, си-н'осе: 'овде број и-на-к'апата број и-да-зн'ајш кому-си-г'о-дал. То: си-б'еше, м'исла, легит'имно, како-д'а-кажа, си-бе: т'ие од-стан'ицата пост'авени и п'очна В'аса да-в'икат: „Број 'осум, број 'осум!“ А-С'имјанка, нак'упила 'од-овде што-ти-н'е, к'уфери, т'орби и п'очна да-в'икат: „Број три, број три!“ На-п'енџере, за-д-им-д'а:т, да-д'ојдат, да-зн'а:т кај-д'а-дојдат нос'ачиве. И, т'уку м'ама, ко-шт'о б'еше м'ама! Се:, не-ме-пр'ашујт м'ене шт'о-е, т'уку си-се-п'одаде на-'ова и в'елит: „Б'рго да-в'икаме с'е: број.“ „М'амо м'ори, рекоф, т'ие им'а:т б'агаш, з'ато в'ика:т.“ „ Е-к'ако б'агаш?“ „Е-т'ака.“ И-та: си-се-п'омири, си-с'една. 'Ама, н'еѕи и-б'ило мн'огу то: интер'есно. И п'ојдофме Б'елграт, се-вр'атифме, сфе, и с'ега, та: и-с'обрала ц'ело м'ало и-в'елит: „Л'еле што-ми-с'е-деси да-зн'ајш, Цв'ето:!, Драг'ице:! П'енке:! 'Елате да-ви-к'ажа! 'ојме со-Л'ела (ја за-на-опер'ација, да-се-пр'егледа), 'ојме со Л'ела н'ие за-Б'елграт. Во-к'упето С'имјанка со-ш'ес к'уфери, В'аса Пол'ежинка на-п'ороѓај со-д'есет к'уфери, т'ој, ушт-'еден др'уги, и-с'ите се под'адо: и-си-в'ика:т: број 'еден, број пет, број..., и ја, р'ече, д'овде в'ака, фрам нис-п'енџере: д'евети број, д'евети број! (А-м'ожет и-в'истина да-в'икна м'ама, ја 'искараф.) Д'евети број! Д'евети број! И-и-и Л'ела ме-зд'р̥па ф'аак. „М'амо, м'ори, шт'о-прајш?“ „'Ами с'ите в'ика:т бр'ојој.“ Д'емек. 'Абе прос н'арот п'орано жив'ејше, шт'о-имат т'ука. М'ама им-б'еше ко-м'ајка н'ими. И-ј'а и-р'екоф: „М'амо м'ори, н'икако т'о:.“ 'Ама т'а: си-го-'измени и-'овде им каж'ујше. И-М'ито д'окторон п'окоен што-'умре, ќе-д'ојше на-Св'ети Н'икола и: „Вес'ојце! (Вес'ојца е в'икаше. Д'ека т'ие с'еде: кај-Др'агица, 'и ко-б'еше Н'аде м'ала, г'одини, две три, в'ака с'ирота, и-со-м'ама се-зап'озна: и-си-е-с'акаше мн'огу, и:) „Ај Вес'ојце за-д'евети број се: к'ажуј!“ И-ќе-к'ажујт м'ама, ќе-р'ечет: „Ј'а прек'у-вос ќе-п'аднеф, преку-пр'озорец, д'евети број, д'евети број! И-Л'ела ме-зд'р̥па за-'алишта.“ И-т'ие ќе-ум'ира:т от-см'е:ње.

За смокот

А м'ама со-Мил'анчета п'окоен ко-б'ила по-к'апинки, и ко-се-кр'енал см'окот 'олкав во-гл'а:та бил, со-'очите в'ака и-се-кр'енал. И м'ама т'олку в'икнала, во-план'ина: од'екнало, т'ие си б'иле распор'едени кој в'аму, кој т'аму кој 'онаму, по-кап'инкие, на-една-к'апинка с'е: н'е-мојш д-и-б'ереш. И, т'уку м'ама р'ече: „Се-'измл̥кна от-кај-кап'инката, 'олкав д'ебел смок, 'олкај 'очите му-б'е: и ми-се-кр'ена.

К'олку ја в'исока, т'олку тој в'исок, карш'и-мене.“ И м'ама: „Ааа!“ И т'ие ст'рчале, и тој с-'уплашил и ко-п'аднал, ко-сл'ушнале, б'ау ст'орил, за-д-'избегат. Е м'ама дур-'умре го-каж'ујше ка'ков-бил см'окот. Т'аква зм'ија ко-во-ц'унглине што-р'астат 'онамо.

С'ирота м'ама, тр'иста зг'оди и-н'езгоди, загр'еота, жими-с'е. 'Ама т'а: б'еше хр'абра.

Ами ко-п'ошла, ај п'ечес др'угарки ќ-'одат кај-Т'урчинка, с'ега. Со-Т'урчинки п'орано, во-'ист с'окак р'астеле, Т'урчинка се-ом'ажила т'амо, и-с'е: друг'аркие ќе-п'ојдат, си-се-с'акале, дев'ојчиња, н'емат т'ука в'ера. И п'ошле, тр'опнале на-вр'атата, три-ч'етири и вл'егле. 'Ама м'ама вл'егла нај'osади и п'есот т'ргал со-сиц'имката и се-'откинал и на-м'ама 'овде. Б'ез-лице м'ама ќ-ост'анела. Турч'инката за-мом'ент 'ако н-'излегла, 'ова в'ака све л'ицево на-м'ама ќ-и-г-'откинел п'есот. „'Олкаф, р'ече, з'ина во-'устата да-ми-го-ј'адет л'ицево.“ И Турч'инката 'излегла и-е-сп'асила. С'ирота м'ама, загр'еота. Све некој-н'езгоди, те-см'окој, те-пц'и, загр'еота. Тр'и-пати запал'ење пл'уќа л'ежала.

А за-конд'урите. Ја ѓо: в'ажна, в'ажна на-акад'емија во-Ск'опје. Б'уба се-вр'ати од-Б'итола: „Н'е-ода, ја без-м'ама н'е-можа.“ И си-е-зап'ослија в-б'анка, от-четр̥н'ајсет г'одини. Б'уба стаж, знајш колк'у-пари 'имат п'ензија с'ега Б'уба? Тр'и-пати, п'ет-п'ати к'олку м'ене. И е-зап'ослија в-б'анка, д'евојче четр̥најсетг'одишно, а-ј'а с'ирота ме-т'ера: 'од-дома 'или ојш да-се-шк'олујш или ч'аре не. 'Еве ти-се-д'есило, си-'имаш л'узна, све, ќе-ти-тр'ебет за-ж'ивотоф, ќе-ти-тр'ебет нешто, т'ефтер в-р'аце. И-'ај Ск'опје п'ојдоф, ов'а-време, тро п'одоцна, септ'ември ко-ќе-п'очнујт шк'олото. И: „'ајде В'есо д-'ојме по-к'апинки!“ В'еса е-в'икаше, и-ја м'ајка-е Цв'ета е-в'икаф, и-та: м'ама В'еса. И м'ама и-Б'уба и-некој-др'уги к'омши: ќ-'одат ф-ш'ума по-к'апинки. И-н'абрале кап'инките и-се-вр'аќале се: 'от-шума. И-д'ошле д'о-кај офиц'ерски дом. К'арши офиц'ерски дом с'едеше Ст'ојмир П'атрикон, а-зн'ајш з'ошто го-в'ика: П'атрикон, 'оти н'осеше пат'ерици, бол'едујл от-туберк'олоза на-к'оските и-ст'ално 'ојше со-пат'ерици. И ко-го-в'идела м'ама Ст'ојмира со-патер'иците и-с'акала да-му-д'ајт от-кап'инките да-к'аснет оти н'ешто р'однини б'ефме. И-т'ргнала к'он-него да-му-д'ајт от-кап'инките. 'Ама конд'урите б'иле откр'ојни, меѓу-ѓ'онот и-к'ожата 'имало пр'остор, и-се-п'икнал к'амен т'ука и-т'аја п'очнала да-се-зад'ржујт за-да-н'е-паднет и 'абир, д'ебир, гас прек'у-гла: и-се-к'утнала со-се-к'апинки. Кап'инките к'о-што б'иле во-дв'е котл'ичиња се-раст'уриле све п'о-земја. И-п'осле, тој ко-в'идел, Ст'ојмир П'атрикон, ко-в'идел зарди-н'его што-напр'ајла м'ама и-т'ој с'осе пат'ерици 'избегал д'ома. И-п'осле м'ама се-пропр̥п'елала, ст'анала, п'очнала да-се-тр'есет ('оти т'огај не'мало асф'алт, све б'еше

ѓ'убре, з'емја) и-п'очнала да-'офкат. И-Б'уба т'огај и-р'екла: „В'есо, не-се-с'екирај, ја ќе-ти-да: од-кап'инките мој!“

Добрица Лаброска (1935)

К'ако се-сл'авеа сл'ави

Е, п'орано сл'авите по'инаку се-сл'авеа. Ќе-ти-д'ојт п'ола град н'а-слава, 'ама не-с'едеа мн'огу л'уѓето. Ќе-д'ојдат, ќе-п'оседат и ќе-си-'одат. Ст'олој с'амо н'еколку ќе-ти-ст'аса:т за-да-пр'ечекаш појќ'е-луѓе. Т'огаш со-кол'ачиња, со-р'акија, в'ино и л'икер. Се-куп'ујше л'икер и се-пр'ајло л'икер од-в'ишни. И се- сл'ужеше во-м'алечки ч'афчиња, да-н'е-мојт н'икој да-с-оп'ијанит, а-н'е ко-с'ега од-п'ол-кило. Д'обро. Тој н'ачин п'онапред к'ако-што се сл'авеле сл'ави п'оарен -е, п'ојќе со-д'уша, се-'идеше за-ч'ест на-сл'авата, а-н'е за-ј'адење. К'акви се: пра:т пр'иеми, к'акви д'очеци, 'ужаси. Н'емат се: с'елани, гр'аѓани, св'е-е 'исто! Што-с'е-служит, што-с'е-спремат, тр'иста ч'уда. Маргар'инон го-'има:т ко-п'осен и 'од-него пр'а:т тр'иста ч'уда. Н'ие не-см'ејфме да-помир'исаме маргар'ин. П'орано евенту'ално р'ипчиња, 'ако-е п'осно, с'итни, с'алата и др'уго н'ишто. И со-см'окви пр'ајфме. Мн'огу-е г'олема р'азлика! 'Ајде, со-'оцкај ч'аши, ко-п'р̨стоф, и-н'икој не-з'емаше по-дв'е-чаши, ќе-му-е-стр'ам. С'ега-е 'ужас. И 'ако н'е-может д'ома, ф-к'уќа, 'ако-е т'есен ст'анот, ф-каф'ана! Д'ома г'ајле н'ема:т.

Настрад'ин-Оџа и Итар П'ејо

Настрад'ин-Оџа и 'Итар П'ејо т'р̨гнале да-л'ажат. Се-дого-в'ориле 'едниот да-л'ажет, др'угиот да-потв'р̨дујт. 'Едниот п'ошол н'апред, Настрад'ин-Оџа. Се-прист'емнило и вл'егол в-една-к'уќа. Шт'о-имат н'ово во-н'ивното м'есто – го-пр'ашале домаќ'ините. И Настрад'ин-Оџа им-р'екол: „С'ега, п'азар ко-б'еше, беф н'а-пазар и в'идоф т'аму, што-д'увна 'еден в'етар с'илен, во-н'ашето м'есто, магар'ињата со-се-с'амар ги-крена в'етрот.“ Др'угиот ден 'идет Итар П'ејо и во-'истата к'уќа и домаќ'ините го-пр'ашале: „Али в'истина во-в'ашето с'ело магар'ињата л'ета:?“ П'ејо им-р'екол: „Да-ве-л'ажа, н'е-можа. Н'е-видоф ког'а-дувнал в'етрот, 'ама гл'едаф с'амари ко-п'аѓа: 'од-небо.“ „Аф, зн'ачи в'истина б'ило!“ И му-повер'ујле на-л'агата. Тр'етата ден Настрад'ин-Оџа во-др'уго с'ело. Тр'опнал на-една-вр'ата.

Дом'аќинот го-пр'имил. Го-пр'имиле, го-наг'остиле и го-пр'ашале шт'о-имат н'ово к'ај-ниф. Тој р'екол: „М'орето 'изгоре.“ Др'угата ден тр'опнал 'Итар П'ејо на-'истата к'уќа. Го-пр'ашале: Шт'о-имат н'ово во-в'ашето с'ело? 'Али в'истина м'орето изг'орело?“ П'ејо им-р'екол: „Да-ве-л'ажа, н'е-можа, 'ама беф н'а-пазар да-к'упа н'ешто и т'аму со-к'ошој п'ечени р'иби се-прод'ава:.“ И им-'извајл п'ечени р'иби 'от-торба и т'ие повер'увале. Четв'ѓртиот ден Настрад'ин-Оџа пр'одолжил во ч'етвѓрто с'ело. Ко-се-прист'емнило, тр'опнал на-е'дна вр'ата и з'амолил да-пр'еноќит. Дом'аќинот го-пр'имил, му-д'але в'ечера и го-запр'ашале от-к'ај-идет и шт'о-е к'ако-е к'ај-ниф, во-нег'о:то м'есто. 'Оџата се-з'агледал нис-п'енџере и зд'огледал џ'амија. Ги-з'апрашал домаќ'ините; „Шт'о-е 'ова што-го-гл'еда? Али-е џ'амија 'ова?“ Т'ие му-р'екле: „Да, то: ни-е-џ'амија.“ Настрад'ин-Оџа им-р'екол: „'Ова н'е-личит на-џ'амија. К'ај-нас што-'имат, во-н'ашето м'есто, џ'амија, мин'арето е т'олку в'исоко, што 'орелот ко-ќе-се-к'ачит на-ш'илката г'оре sв'ездите и-кѓфат.“ Т'ака пом'инала н'оќта. Утр'едента 'Оџата си-з'аминал, а 'истата ден пр'иквечер н'аишол на-'истата к'уќа 'Итар П'ејо. З'атропал н'а-врата, 'излегол дом'аќинот, го-з'апрашал шт'о-барат. Тој р'екол: „Али м'ожа да-пр'еноќа п'ошто ми-се-ст'емни да-си-п'ојда во-с'елото м'ое!“ И т'ака 'Итар П'ејо го-пр'имиле во-к'уќата, го-наг'остиле и го-пр'ашале от-к'ај-идет, а тој го-к'ажал "истото м'есто што го-к'ажал пр'ет-него 'Оџата. Ко-р'азбрале дом'ашните д'ека -е од-'истото м'есто со-'Оџата, 'одма го-запр'ашале д'али к'ај-ниф 'имало т'олка: џ'амија што-'орелот ги-к'ѓфат sв'ездите. Тој р'екол: „Н'е-можа да-ве-л'ажа, не-су-се-'испулел да-в'ида колко:-е мин'арето, 'ама су-ч'ул д'ека на-м'ајсторот што-го-пр'ајл мин'арето, му-п'аднала т'еслата и д'ури п'аднала, р'ачката згн'ила.“ Л'уѓето ск'оро с'ите повер'ујле. Нар'едниот ден 'Оџата 'отишол во-с'осема др'уго с'ело. 'Одел, 'одел и пр'иквечер д'ошол до-'една к'уќа, тр'опнал н'а-врата да-му-'отворат и з'амолил да-пр'еспиет. Го-запр'ашале от-к'ај-идет, р'екол д'ека 'идет от-ф'ил'ан с'ело. Му-д'але да-в'ечерат, го-наг'остиле дом'аќински, а тој сл'учајно се-'испулил нис-пенџ'ерето и ги-пр'ашал домаќ'ините, што-е 'она бл'иску до-н'ивнава к'уќа. Т'ие му-одгов'ориле д'ека т'о:-е џ'ѓквата н'ивна. Тој р'екол: „Ух, ч'ок с'еир. 'Она б'ило џ'ѓква. К'ај-нас што-'имат џ'ѓква, р'екол, с'амо камбанар'ијата зб'ират тр'иесет ил'ади в'ојска, пак џ'ѓквата мојш да-з'амислиш колк'а:-е.“ Л'ага, ха. Л'уѓето мн'огу се-зач'удиле, н'екој повер'ујле. Г'олеми с'емејства, сн'аи, с'иној, не'-биле двајџ'а-луѓе. 'Утрото 'Оџата з'аминал, а прикв'ечерта на-'истата п'орта д'ошол 'Итар П'ејо. 'И-тој з'амолил да-пр'еноќит. Домаќ'ините го-пр'имиле и-го-запр'ашале от-к'ај-идет. Тој го-к'ажал 'истото м'есто што-го-к'ажал 'Оџата. Т'огаш, со-г'олема рад'озналос го-запр'ашале

д'али нав'истина во-н'ивното м'есто 'имат т'олка: ц'р̨ква. П'ејо им-одг'оворил: „Да-ве-л'ажа, н'е-можа, не-су-се-'испулил н'агоре во-камбанар'ијата, 'ама с'ега во-н'едела беф ф-ц'ркква, па-в'идоф д'ека кл'исарот за-да-го-з'апалит канд'илото, з'еде ск'ала, вл'езе во-ч'амец, 'отплови до-сред'ината на-канд'илото, го-з'апали и со-ч'амецот н'asat се-вр'ати и сл'езе по-ск'алата.“ Т'огаш л'уѓето б'иле кр'ајно уб'едени д'ека е-то: в'истина, д'ека т'аква ц'р̨ква 'имат. Настрад'ин-Оџа пр'одолжил во-др'уго с'ело да-'ојт. Од'ејќи по-п'атот што-'одел покр'ај-река и з'агледал 'аргати к'ајшто жн'еат на-ж'ешко с'р̨нце. Арг'атите го-поздр'авиле, а 'и-тој ги-отп'оздравил вел'ејќи-им д'ека мн'огу се-м'ачат и за-да-не-с'е-мачат да-си-п'ојдат 'угоре по-р'еката д'ека п'о-неа т'ечет зл'ато. Од-арг'атите н'екој повер'ујле и ги-ф'р̨лиле ср̨п'ојте и т'р̨гнале н'агоре 'уз-река, а н'екој се-попишм'аниле и ост'анале н'анива. Н'астрадин си-пр'одолжил по-п'атот. П'о-него од'озгора 'идел 'Итар П'ејо. 'Отко се-поздр'авиле со-'Итар П'ејо: „А'ирлија р'абота!“ „Аир д-'имаш!“ Го-пр'ашале д'али р'еката т'ечет зл'ато. 'Итар П'ејо им-р'екол: „Да-ве-л'ажа, н'е-можа, 'ама заб'ележаф де'ка ко-п'оминаф н'из-вода ч'измиве ми-пож'олте:.“ Т'огаш и посл'едните 'аргати се-ув'ериле д'ека в'истина р'еката т'ечет зл'ато и т'ие ги-ф'р̨лиле ср̨п'ојте и т'ргнале н'агоре, а 'Итар П'ејо си-пр'одолжил н'адолу, па т'ие 'али н'ашле зл'ато...!

За-Р'истоса

Н'екој 'овчар н'е-знајл н'ишто ни за-В'елигден ни за-Р'истоса. Ни з'ошто се-сл'авит ни н'ишто. З'апрашал н'екого: „Шт'о-е 'ова што 'идат 'олку л'уѓе во-ц'р̨квава?“ Т'ие му-р'екле: „Д'енеска е В'елигден, го-р'аспнале Р'истоса 'Евреите.“ „К'ако го-р'аспнале? И з'ошто?“-пр'ашал тој, 'офчарот. „Ете т'ака го-пр'едал Ј'уда Скари'оцки и Евр'еите го-р'аспнале н'а-кр̨с. Го-зак'ојле со-ш'ајки на-н'osете и нар'ацете.“ 'Офчарот пр'ашал: „'Ами бил ж'енет или н'е-бил?“ Л'уѓето р'екле: „Н'е-бил ж'енет.“ „Уф, р'екол 'офчарот. Што им-тр'ебало дого-расп'ињат. Тр'ебало да-го-'оженат, па да-му-д'ајт Г'оспот д'ечиња п'ојќе, пак в'ака за-пр'азник, ко-ќе-д'ојдат, ко за-В'елигден, да-му-поб'ара:т с'ите по-н'ешто да-им-к'упит: н'екое оп'инчиња, н'екое скут'инчиња, кавр'ачиња, фуст'анчиња и то: т'олку. Г'отоф-е. Р'аспнат Р'истос.“ Т'ака се-см'етало п'орано. Ќе-те-р'аспнат д'ецата, ко-ќе-в'елат ст'арине. Шт'о-ќе-ти ш'ајки т'ука, ш'ајки пог'олеми здр'авје!

За ж'ената што с'акала да-го- 'утепат м'аш-је

Си-б'иле маш и ж'ена, си-жив'ејле, си-'имале и к'омши:. Т'ака ж'ената се-спријат'елила со-'еден од-комш'и:те и и-ст'анал љ'убовник. Се-љуб'увале н'екое вр'еме и за-т'о: р'азбрал м'ажот-је. 'Ама 'одма не-се-п'обунил. Ж'ената и комш'ијата си-прод'олжиле и пон'атака да-се-вид'ува:т и та: п'очнала да-разм'ислујт к'ако да-го-сн'емат м'ажот-је. Ж'ената п'очнала с'екоја н'едела д-ојт ф-ц'р̨ква да-се-м'олит на-б'ога к'ако да-се-к'уртулит од-м'ажот-је. И за-то: р'азбрал и м'ажот-је. И 'една ден, во-н'едела, м'ајсторски 'отишол пр'ед-неја ф-ц'р̨ква и се-скр'ил позади-'олтарот. К'ога та: п'очнала да-се-м'олит на-г'оспода: „Г'осподи, к'ажи што-д'а-стора со-м'ојот маш?“ А м'ажот и-се-ј'авил од-зат-'олтарот ко-г'оспот и и-р'екол: „Ја ќе-ти-к'ажа што-д'а-сториш. П'ојди-си с'ега д'ома и зак'оли-ја кр'авата јал'ојца, н'апрај мн'огу к'олбаси и др'уго м'есо за-з'имница.“ Ж'ената се-заблагод'арила и ќе-зам'инела за-д'ома, а тој 'итро пр'ед-неја п'обрзо ст'асујл д'ома. Т'аја к'ога д'ошла д'ома н'ормално се-пон'ашала с'о-него и го-нагов'орила да-е-з'аколат кр'авата јал'ојца, да-си-н'апра:т к'олбаси и др'уго м'есо да-н'апра:т за-з'имница. М'ажот се-з'ачудел и и-р'екол: „З'ошто да-е к'олеме кр'авата?“ „Ама м'ажу, та: му-р'екла, ќе-си-'имаме за-ц'ела з'има м'есо. Т'ака тој се-н'еќкал и н'ајпосле се-к'андисал. Е-з'аклале кр'авата, си-напр'ајле к'олбаси и-др'уго с'ушено м'есо. Др'угата н'едела ж'ената пак 'отишла ф-ц'р̨ква и-'исто т'ака се-м'олела на-б'ога да-и-п'омогнет што-д'а-ст'орит да-се-к'уртулит од-м'ажот. М'ажот и-т'ој-ден 'отишол пр'ед-неја ф-ц'рква, се-скрил зад-'олтарот и-'оттамо и-р'екол да-си-п'ојт д'ома, да-си-кл'ајт 'една к'аца г'олема со-р'асол, да-си-'имат за-з'имница, да-го-р'анит д'обро м'ажот-је и-т'ака тој да-се-зд'ебелит да-'оќорет и-да-'оглувнет. Ж'ената го-ч'ула с'оветот и- 'отишла д'ома, а м'ажот-је 'исто к'ако и-прв'иот пат, пр'ед-неја се-вр'атил д'ома и-се-пр'ајл ко-н'ишто да-н'е-е. Ж'ената му-предл'ожила да-е-кл'а:т најгол'емата к'аца со-р'асол и-да-си-'има:т б'олук за-ј'адење. М'ажот-је во-прв'о-време не-се-согл'асувал и-зб'орувал д'ека: „што-ќ'е-ни-е мн'огу з'елка“, 'ама та: го-уб'едила и т'ака напр'ајле. Тр'етата н'едела ж'ената пак 'отишла ф-ц'р̨ква да-се-м'олит на-б'ога за-с'овет што 'уште тој ќе-е-н'аучит да-н'апрајт за-да-се-курт'улит од-м'ажот-је. М'ажот-је и-'овај-пат ко-претх'одните 'отишол пр'ед-неја ф-ц'р̨ква и се-скр'ил зад-'олтарот. А кога-та: го-зам'олила Б'ога што-д'а-ст'орит 'уште за-да-се-курт'улит од м'ажот-је, тој од-зад-'олтарот и-одг'оворил: „Сл'ушај ж'ено, те-сов'етува да-си-п'ојш д'ома, да-си-е-кл'ајте погол'емата б'очва со-в'ино и д'обро да-го-р'аниш м'ажот-ти со-к'олбаси, со-з'елка

к'исела и со-в'ино. Т'ака тој мн'огу ќе-се-зд'ебелит, та ќе-'оглувнит и ќе-'оќорит и ти ќе-се-курт'улиш 'од-него.“ Ж'ената го-сл'ушнала и 'овај с'овет, 'отишла со-т'р̨чана д'ома, м'ажот-је пр'ед-неја, 'исто ко-п'орано, и ко-н'ишто да-н'е-било и с'ега... Т'а: с'ега го-зам'олила да-е-кла:т најгол'емата б'очва со-в'ино, да-си-'има:т да-си-п'ијат ц'ела з'има. Т'ака, п'очнала мн'огу да-го-р'анит, т'ој п'очнал да-се-д'ебелит и п'очнал да-зам'ижуват со-'очите пр'ајќи-се д'ека оќ'оруват, а се-пр'еправал д'ека и-огл'увнујт. То: го-пр'ајл за-да-и-се-'осветит на-ж'ената за-то: што та: с'акала да-го-п'оништит н'его и-да-си-ж'ивејт со-љуб'овникот. П'осле н'еколку вр'еме, м'ажот-је т'олку мн'огу се-пр'еправал д'ека е-ќор и глуф што-та: стан'ујла пор'адосна и пор'адосна. Т'ака н'ајпосле и-се-прецт'авујл д'ека ич н'ишто н'е-слушат и-'ич н'ишто н'е-гледат. Та: се-ослоб'одила и го-в'икнала к'ај-ниф љуб'овникот ко на-к'омшилук. Т'ака, ко-д'ошол една-в'ечер п'одоцна комш'ијата к'ај-ниф, т'аја п'очнала с'илно да-му-к'ажујт д'ека е-комш'ијата, прij'ателот д'ојден, а м'ажот-је мн'огу с'илно е-пр'ашувал, к'ој-е д'ојден и к'аде:, пр'ајќи-се д'ека е-мн'огу глуф и-ќ'ор и-с'акал с'о-него да-се-п'оздравит, ама р'аката е-п'уштал на-друг'а-страна, пр'ајќи-се д'ека н'е-гледат. С'р̨дечно го-пр'имил ко-бај'аги бил р'адосен што д'ошол, и и-р'екол на-ж'ена-му со-н'ешто 'убо: да-го-п'ослужит и да-д'онесет в'ино заг'остинот. Ж'ената и- комш'ијата в'есели и сл'ободни, се-осиг'урале д'ека тој нав'истина н'емат ни да-ги-в'идит ни да-ги-ч'ујет. Ж'ената р'адосна го-посл'ушала м'ажот, го-з'ела б'окалот и п'ошла 'од-подрум да-д'онесет в'ино. Ко 'излегла од-'одаја, м'ажот-је ст'анал з'ашто н'е-бил нав'истина слеп и-глуф, зел 'еден к'олбас од-стапот што-се-с'ушеле к'олбаси во-од'ајата, му-го-п'икнал в-уста к'олбасот на-комш'ијата, 'убо: го-з'адавил и пак си-с'еднал на-'истото м'есто, к'ајшто си-с'едел на-ст'олот, 'исто т'ака з'амижал, ќо: н'е-гледат и н'е-слушат. Ж'ената т'огај д'ошла со-б'окалот в'ино, го-в'идела комш'ијата со-к'олбасот в-уста, 'удајн. Та: в'еднуш р'екла: „Уф-бе к'омшија, уф-бе ч'оеку, што-ти-тр'ебало да-з'емаш сам, ја ќе-ти-дајф!“ И п'очнала да-в'икат по-м'ажот-је, да-е-ч'ует, д'ека комш'ијата се-з'адавил со-к'олбас. А тој со-в'икање е-пр'ашувал што-му-к'ажуват та:. К'ога ко-бај'аги д'ознал д'ека-е комш'ијата м'р̨тоф, дв'ајцата се-вознем'ирале и п'очнале да-реш'ава:т што-д'а-пра:т со-комш'ијата. На-м'ажот-је мут'екнало и и-р'екол на-ж'ената да-з'емет една-вр'еќа г'олема за-да-гокл'а:т комш'ијата во-вр'еќата, а тој н'екако ќ-и-п'омогнет за-да-гофт'ера:т в'о-вреќа, а п'осле да-го-'однесат кај-р'еката и 'од-мос да-гоф'р̨лат в-река. Та: се-согл'асила и 'отишла да-б'арат вр'еќа, е-д'онесла, и п'очнале да-го-фтер'ува:т в'о-вреќа. М'ажот и-п'омогнал м'алку закр'евање и и-р'екол на-ж'ената: „Ти, ж'ено ќ-ојш н'апред ја ќе-ти-

п'омогна, ќе-'ида п'о-тебе, ќе-ти-п'открева, п'ошто е-н'оќе, и н'е-гледа, су-ќор. Ж'ената се-сл'ожила и и-је-п'откренал вр'еќата н'а-рамо, а тој, та: дур-е-барала пр'етходно вр'еќата, зел 'игла и-к'онец и ги-скрил во-п'алтото. Ко-т'ргнале да-го-н'осат комш'ијата во-р'еката, тој е-'извајл 'иглата и-к'онецот и п'очнал п'окроце да-ги-ш'иет вр'еќата и-ал'иштата н'ејзини отпоз'ади на-пл'ештите и и-в'елел да-вн'имават к'аде 'одат 'оти е-н'оќе, п'ошто с'амо та: гл'едат, а-тој н'аводно н'е-гледат. Т'ака д'ошле на-м'остот од-р'еката и тој и-р'екол да-гл'едат да-з'астанат на-т'о:-место к'ајшто-е најдл'абока р'еката. Т'ака д'ошле до-сред'ината на-м'остот и-т'а: му-р'екла: „М'ажу, 'овде м'исла е-најдла'боко.“ Т'огаш м'ажот-је и-р'екол: „Штом-е т'ака, дај т'ука да-го-ф'р̨лиме, и-в'икнал, 'ајде, т'урни-ја вр'еќата од-р'амото и-ја ќе-ти-п'омогна отпоз'ади.“ Та:, сак'ајќи нав'истина да-е-т'урнет вр'еќата, п'аднала з'аедно со-вр'еќата. Т'ака м'ажот-је им-се-'осветил на-дв'ајцата. Л'етнале п'о-вода дв'ајцата и т'о:-е.

За-тел'ефонот

Тел'ефонот ц'ела н'едела да-не-р'аботит. 'Идет 'Евжо и-ја му-в'ика: „Зн'ајш што? С'амо, р'екоф, да-д'ојше овие-д'еној 'овде, ќе-в'идиш што-ќе-ти-н'апрајф.“ „З'ошто?“ И-т'ој се-см'ејт. „З'ошто?“ „Па, р'екоф, ќе-т-избр̨каф, и, р'екоф, не-т-'остава в'о-двор оти р'екоф, тел'ефонот ц'ела н'едела.“ „Па, з'ошто, р'ече, т'етко-Д'обрице ти н'е-дојде к'ај-мене?“ „Па, беф, р'екоф, г'оре, во-т'ехничко, ти н'е-беше т'ука. Беф, р'екоф, 'онде кај-портирн'ицана, ч'етири п'ати беф, ќе-д'ојдат, ќе-д'ојдат и, си-'ојле, ф-с'ело и-го-напр'ајле н-'ова:, н'егде н'е-чинел, кај-Н'ада, 'овде, р'екоф, к'ај-мене, не. Е, каж'ујше, Н'ада, к'ај-нас, р'ече, н'е-беше, не-ч'инеше, ко-д'ојдо:, го-напр'аја. Ја-р'екоф, с'игурно к'уј-знајт к'ај-су, от-п'оштава д'алеку!“ му-се-р'азвикаф на-'Евжота. И-'Евжо: „зап'иши-го, р'ече, бр'ојот, и-уште-'еднуш, ако-'имат квар к'ај-мене да-д'ојш.“ И-си-з'амина К'анада. Да, т'огај 'убо: д'емек р'ече. „Ти ич, р'ече, н'ешто, м'алу, и-'одма к'ај-мене да-д'ојш, м'ене, р'ече, да-ме-п'обараш.“ Р'екоф: „да-ти-к'ажа, те-п'обараф т'ебе, ама ми-р'еко: н'е-си-бил т'ука, Ск'опје си-б'ил. Вистина, т'ака ми-р'еко:: „Скопје-е!“ Ја го-б'араф 'Евжота во-т'ехничко 'тамо г'оре да-п'ојда. И, ти-в'ика т'ака. И кај-'ова поштар'иштево Л'азе, тој пр'имат, 'овај комш'ијава од-'Анка. Тој т'амо зап'ишујт к'ој-имат квар. П'ојди ја. Ц'ела н'едела бес-т'акво: беф. И в'еќе т'огај се-ј'авил М'иха по-м'обилен кај-др'угар-му. И-др'угар-му д'ојде да-ми-к'ажет. Бес-т'еле-

фон т'огај. За-т'ие, т'акви мом'енти е-п'отребен тел'ефонот, н'е-е за-му'абети да-си-каж'ујме: шт'о-прајш, к'ако-си, али-пл'етеш, к'аква-е пл'етката! Н'е-е то:. Тие р'абоќе. (Б'або, з'ошто б'ефме бес-т'елефон?) Р'асипан, а-'онде к'ачени два-тр'ојца б'еа на-б'андера и-ми-сн'ема т'елефон. Ц'ела н'едела беф бес-т'елефон. Т'акви р'абоќе. И-'Евжо, и-т'огај 'убо: д'емек се-п'онесе, р'ече, „ти-р'ече, тетко-Д'обрице, ти с'амо на-'овај број ј'ави-ми и-'одма, и-н'емат пр'облем. Ја, р'ече ќе...“ Ја н'емаше к'ого, 'Евжо! С'амо н'его го-п'ознава. Др'угиве... 'Онај М'ирко н'е-зна, М'ирко, М'иха го-п'ознават. И-кај-'едно, су-б'ила п'орано, г'оре ме-пр'атија, во-т'ехничко, кај-технич'арине, 'и-тогај к'ажаф, т'ате на-м'ама, м'ама на-т'ате, знајш к'ако-е. Т'аму 'еден на-др'уг, к'ажи-му на-'овај, па-види т'ој-број, па-тој д'ошол, се-см'енил, тој з'аминал и-зн'ајш к'ако-е. Сл'ужбена р'абота. И-ништо, в'етар во-м'агла. А-за-'ова т'огај им-р'екоф. Па-р'екоф, т'ие, ама в'еќе т'огај ч'етврти пат п'ојдоф, па т'ие г'оре бе: к'ачени ко-маг'ариња на-б'андера пред-к'ај-нас, и-'оттогај, р'екоф, т'елефон н'емаме. Зошт'о-ми-е, р'екоф, с'ега, 'отсега, тел'ефоноф, с'ега...В'еќе ко-го-напр'аја. И-'ајде п'осле, пр'атил 'овај М'иле з'етоф, со-М'иха се-п'ознавал, со-с'естра-му 'учел М'иха и-в'еќе пр'атил чојк. „М'иле д'иректорот ме-пр'ати, али-ч'инит телеф'онот?“ „С'ега, р'екоф, ч'инит. Ја пак м'алу, нед'оветна знајш. С'ега, р'екоф, 'една-н'едела от-ко-н'емаф т'елефон, а-баш сна-ми тр'ебаше да-се-п'ородит. Ч'инит, р'екоф, с'ега. И-што-ќ'е-речет в'еќе, з'амина. Д'обро, М'иле пр'ашујт д'иректорон, с'ега го-зн'а к'ој-е.

Децата и ненапр'ајното п'ите

Една-ж'ена р'екла ќе-пр'ајла п'ите. Ама 'имала п'ојќе д'ечиња. И-една-д'ен и-т'екнало: „Д'еца:, ќе-пр'а п'ите.“ Д'ецата сл'ушнале и-п'очнале да-се-натпревар'ува:т кој-ќе-'е-земет погол'емата в'итка. Погол'емото р'екло: „Ја ќе-е-з'ема!“ Др'угото р'екло: „Не ти, ја ќе-е-з'ема!“ И-т'ака се-ист'епале, п'итето ненапр'ајно, т'ие лом се-напр'ајле.

'Еленот и-л'авот

'Еленот си-п'асел во-една-л'ивада. П'асејќи т'ака си-'одел по-м'алку и-дошол до-една-в'одичка. В'ака, се-'огледал во-вод'ичката н'аведнат и-си-ги-в'идел рог'ојте. И-си-р'екол: „Л'еле к'олку 'убај р'огој су-си-'имал. Н'ишто. Пак си-п'асел п'отака. Си-т'ргнал н'агоре. П'о-

него д'ошол л'авот. Л'авот 'исто п'оминал покрај-вод'ичката, се-'огледал в'ака, си-и-в'идел н'osете: „Оф, к'акви кр'иви nose су-'имал, ич н'еубај.“ И-си-пр'одолжил 'и-тој н'атаму. Т'уку в'ака, го-зд'огледал 'еленот пр'ед-него. 'Еленот се св'ртел м'алку, го-в'идел л'авот, се-'уплашил 'еленот и-п'очнал да-б'егат. Б'егал, б'егал и-д'ошол до-ш'умата, до-г'ората кајшто-'имало мн'огу д'рва. И-се: да-се-сп'асит, да-'избегат, се-п'икнал во, низ-д'рвата да-б'егат. Ама со-рог'ојте се-з'апнал, а-л'авот п'очнал да-т'рчат п'о-него с'илно и-го-ст'асал. И ко-з'астанал 'еленот, ко-в'идел дека-н'е-може да-б'егат п'ојќе, си-р'екол, еее, 'овие р'огој мој што-си-ги-бенд'исуваф, гл'еш што-ми-напр'аја, да-ме-ф'атит л'авот. А-л'авот т'огаш си-п'омислил на-н'osете. Е, си-р'екол, в'иди 'овие nose мој, кр'иви што-не-си-ги-б'ендисаф, в'иди колку-ми-пом'огна:. К'олку-су с'илен с'о-ними за-да-го-ст'аса 'еленот.

Милева Лаброска (1931)

Со-аран'ијата

К'азан, во-т'о: вр'еме ар'анија го-в'икале. И-с'е: комш'ијава 'одит, р'ече: Ќе-ми-е-д'ајте аран'ијава? „Ќе-ти-е-д'ајме, р'ече, к'ако-не!“ И-'овај с'ега, му-се-св'идела и-с'ега в'елит. По-н'еколку д'ена 'идет, р'ече: „Аран'ијата, р'ече, р'оди аран'ифче!“ „К'ако-бре?“ р'ече. „Е, т'ака, р'ече, р'оди аран'ифче.“ „Е шт-'убо:!“ му велит ж'ената на-м'ажот-је. „С'ега ќе-се нап'дниме со-аран'ифчина. Н'ие 'една ар'анија му-д'адофме, а тој ќе-ни-н'осит с'ега... С'екој две-н'едели р'аѓат ар'ани:, аран'ифчиња м'али. И..., и-н'осел, н'осел, н'еколку д'ена т'ака, по-н'еколку па'ти, и нај'osади 'идет, р'ече: „Зн'ајте што, 'умре аран'ијата!“ К'ако бре, 'умре?“ „Е, 'умре“– р'ече. „Л'еле, н'емаме п'ојќе ар'анија!“ П'осле 'овие се-ч'удат к'ако р'аѓат аран'ифчиња, аран'ијава. Т'о:-е к'азан, а т'ие по-ста'ро ар'анија го-в'икале. И т'акви р'аботи.

За-ч'ојкот што-се-т'оплел и'а-покриф

Тој што-го-к'ачиле на-к'уќи. „Мојш, р'ече, д-'издржиш, да-се-н'е-топлиш н'оќеска?“ „Е-м'ожа.“ И ко-д'ошле саб'ајлето: „'Аааф, р'ече, 'а-бре, како-'издржа? 'Ааа, ти-си-се-т'оплил от-н'екаде.“ Н'е-бре, р'ече, на-к'аршија, н-една-пл'анина, гл'едаф огон.“ „А от-т'амо си-се-т'оплил.“ Не, не, не-му-вер'увале н'икако. „'От-тамо, да 'от-тамо.“ И с'ега 'овај, к'ако д-им-се-реванш'ират. По н'еколку вр'еме и-в'икнал.

„Ве-к'ана, р'ече, н'а-гости, да-д'ојте н'а-ручек.“ И 'овие: „Аоо, н'а-ручек н'е-викат. Ќ-'ојме.“ И 'отишле. И 'овај: „Ж'ено! р'ече, 'оди 'ајде, б'рзо, р'ечи-му на-'офчарон од-б'ачило да-д'онесет ј'агне, 'имаме г'ости, ќе-к'олеме ј'агне.“ И ѓом го-з'аклале. И тој г-'обесил к'отлето, на-пр'имер, на-некој-'емиш, на-н'екое ј'абл̣ко, г'оре. Т'ие: „'А-бре, 'ајде ни-се-ј'адет, к'ај-е р'учекоф?“ „'Аха, се-г'отвит, се-г'отвит, се-г'отвит, ќе-б'идет, ќе-б'идет.“ И в'еќе н'екое вр'еме, т'ие ко-изл'ага:т и: „К'аде р'учекоф?“ „'Ене-го, р'ече, 'ене-го, об'есено.“ „К'ако, р'ече, б'ез-огон?“ „'Ами ја, р'ече, се-т'оплеф од-она: пл'анина од-'огнот, па 'и-то: се-в'арит 'одонде, што в'елите!“ И 'овие, ги-'излажал, ко-му-е-л'етнале да-б'ега:т. „Б'егај, р'ече, да-б'егаме, 'овај не-пр'елага!“

К'ако се-сл'ават В'одици

На-пр'имер, д'енеска е-В'одопос. И строк п'ос-је. И к'умот саб'ајле, и-н'овиот кум и-ст'ариот. 'Одат п'р̣во ф-ц̣рква, н'оќеска водван'ајсет сатот. На-сл'ужба. Се-к'р̣стуват в'одата. Се-пр'ајт к'иска со-б'осилек и со стр'ебрени п'ари, ц'р̣вен и бел к'онец. Се-пр'ајт к'иска. А 'обично т'ие котл'ината се-б'акарни, па-калајл'исани, ч'исти, к'ојшто н'емат б'акарно, пак т'ије со-к'рпа го-пр'а:т, го-украс'ува:т и-к'иската је-украс'ува:т и-т'ака. И 'одат во-дван'ајсет в-ц̣рква, н'оќот и-се-к'р̣стит т'аја. И се-н'осит и-л'епче, н'афора, и л'епчето п'осебно го-п'ејат, и то: л'епче го-к'р̣шат на-с'итни п'арчиња и-'одат на-с'екоја к'уќа и и-к'анат со-л'епчево и во-с'екоја к'уќа им став'ува:т п'осно. На-В'одопос.

На-пр'имер д'енеска е-В'одопос и д'енеска то: се-прајт. И 'одат на-с'екоја к'уќа и с'екоја к'уќа на-м'аса кл'ават ј'абл̣ко, леп, пч'енка, ж'ито, леп цел и тој бл'осуат на-пр'имер: „К'ако-што се-к'р̣шит л'ебоф (го-к'р̣шат, не-го-с'ечат) т'ака да-се-к'р̣шат 'амбари, ж'ито, (е-блос'ува:т ст'оката), да-се-р'аѓат ст'ока, да-се-мн'ожит ст'ока, да-се-п'олнат ќес'ињата со п'ари,“ пар'ичници п'орано и-в'икавме, по-ст'аро (и-с'ега гл'еда по-филм'ојне п'аричници) и утр'едента, п'осле, кум'ојте 'одат в-ц̣рква. И с'ега ф-ц̣рква, во-гр'адоф, на-пр'имер, 'еден кум-је, а-по-с'елава 'имат, с'екоје с'ело 'имат по-дв'ајца тр'ојца к'умој, 'еве на-пр'имер, к'ај-нас Ш'иргоски, Гргоски и Балдески. Н'ашиот кр̣ст б'еше н'ајголем от-Ширгофци. И с'ега ширг'оскиот кум си п'алит 'огон 'овде, др'угиот п'отака, тр'етиот п'отака, и н'осат т'опла р'акија, и 'од-дома с'ите се-спр'ема:т, кој пит'улици, кој к'л̣баси, кој ов'а-она, си-сл'ужат т'ука. И го-кр'ева:т с'ега, к'умоф стар п'р̣во, п'осле н'овиоф што-ќе-го н'аследит, па-тој п'осле ч'астит. 'Оттука се:, з'ема:т с'ите, п'ејат, по-

ст'аринскu п'есни, ж'ени ко-што-п'ејат, ја зна м'ајка-ми п'ејше. И 'оттука 'одат н'а-река, го-ф'р̨ла:т к'р̨стот, к'ојшто ќе-го-ф'атит п'осле ојт, с'ите го-бац'ува:т и д'ава:т п'ари. То:-е кр̨штев'ањето на-'Исус Хр'истос. Н'а-река л'ели. С'ега 'имаше во-Ск'опје на-М'атка, и с'ака да-р'еча, и п'осле ќе-се-вр'атат д'ома, п'р̨во кај-к'умот, м'ажите. М'ажите ќе-з'аминат, ќе-д'ојдат ж'ените. Ќе р'уча:т и п'осле на-с'екоја к'уќа ќе-'одат. 'Отко ќе-го-ф'рлат к'р̨стот. Си-и-зн'а:т т'ие к'уќите н'ивни (си-и-зн'а:т од-др'угиот кр̨с), с'ите си-и-зн'а:т. Во-с'екоја к'уќа ќе-се-ст'авит . П'оново в'ечерта се-вр'аќа:т кај-к'умот. И т'ука 'имат св'ечанос, в'ечера п'ак. Др'угиот ден пак 'одат п'р̨во м'ажите и-си-замин'ува:т, пак ж'ените 'одат. П'осебно ж'ените. 'И-тие 'исто т'ака от-к'уќа ф-к'уќа 'одат. И т'ака завр̨ш'ува:т д'ури кок'ошкини в'одици, т'о:-е тр'еќиот ден, кај-к'умот се-соб'ира:т с'ите, м'ажи, ж'ени, д'еца, све. И т'ука д'ават к'умот в'ечера, и-н'овиот кум пр'еземат. Во-то: през'емање тој н'осит п'огача, на-пр'имер леп, па-е-к'р̨шат т'ука, н'осит бл'аго, се-ч'астат с'ите и-му-го-пред'ава:т к'отлево. А с'екој 'еден со-к'отлето, по-к'уќите к'ај-што 'одат, д'ава:т п'ари или д'ава:т п'ари за к'р̨стот кој с'акат, дв'есте, тр'иста, петс'тотини. И то: се-зал'епујт с'ега и ќе-го-пр'еда:т к'р̨стот. И 'оттогај си-го-з'емат тој све 'она што-п'остојат л'онци, т'ањири, ш'ољи, р'абоќе све к'ај-него. Кај-н'овиот кум. 'Овај (ст'ариоф) в'еќе му-пр'едават, ч'астит т'ука, и-сум'ира:т п'арите, кој к'олку ќе-д'ајт, со-сп'исок. За-ц'р̨квата п'ари. И т'ака зав'ршујт, с'ака да-р'еча, то: В'одици. Три д'ена. Инт'ересно-је. Пак веч'ера:т кај-к'умот ко-ќе-се-с'оберат и-ќе-п'ејат. Ќе-си-пор'ача:т с'ега: „Исп'ејте-ми п'есна!“ И ќе-си-пл'атит. „Ej се: с'ака да-ми-п'ејте за-с'ин-ми.“

'Имат м'ајка м'илог с'ина,
Го-пр'атила во-к'омши:,
Го-пр'атила друг'о-село
да-му-б'арат д'евојка
да-го-ж'енит за-б'огата, за-'убава.

Аа, мн'огу 'убај п'есни. Пак н'екоја ќе-п'орачат: „П'ејте-ми за-ќ'ерка-ми.“ И за-ж'енското 'исто т'ака:

'Имат м'ајка м'ила ќ'ерка,
је-пр'атила н'а-вода,
т'аму се-ср'етнала со-м'омчето...

(м'омче по-ст'аро, с'ега д'ечко) и к'ако се-зас'акале, како-'и-рекол, што-'и-рекол, се:, т'ие р'аботи и-п'е:ја. И-п'амтат, како-н-'и-памтат, пост'арите. Е с'ега, ова:, М'ена знајт. И 'ова: од-'Ацета К'асапон 'имат п'ејно, В'аска. С'амо не к'ако ст'арите, на-пр'имер, не ка'ко ст'арите. 'Овие ко-б'еа кај-бр'ат-ми, с'естри-е на-сн'а:-ми, К'атица и Н'орка, и т'олку б'еа изнен'адени. „Ќе-не-н'осиш, м'ене ми-в'елат, ќе-не-н'осиш

ф-с'ело.“ „Аj ќе-ве-н'оса.“ От'идофме. Т'олку б'еа зад'оволни. На-В'одици, ааа, 'от-куќа ф-к'уќа. С'ега пак напр'аја д'омој. С'ите три к'р̨стој 'има:т. Ау, год'инава б'еше ов'ај од-фн'ук-ми, од-Благоја, от-с'естра-ми. Пак си-п'орача т'акво (си д'ават к'умот п'оклон н'екаков за-ц'р̨квата). Тој си н'апрај мн'огу уба: 'икона. Си-е-п'очува ф-цр̨ква и си-е-п'оклони на-ц'р̨квата.

К'ако пр'ајле св'адби

Св'адби пр'имер, п'орано к'ако пр'ајле. П'рво ќе-н'апра:т п'олу-в'енец. Со-п'опој п'орано пр'ајле п'олу-в'енец. Т'ака в'елеа п'орано, п'олу-в'енец. На-пр'имер ја-зн'а, еее Ж'ивко. Не-г'о-знајш. Од-'Осој 'имаше тој ж'ена. И, ко-се-св'р̨ши за ова: м'ајка-ми б'еше стр'ојник. А-нег'ојте ни-м'ајка-му ни-т'атко-му зн'аја. И с'ега 'от-село д'ојдоа и по-дуќ'аниве, пр'аја п'олу-в'енец, со-п'оп, ќе-д'онесат ј'адење, ќе-м'енат н'екој н'ишани, б'ило што, д'али зл'ато, д'али матери'ал б'ило -што. То: п'олу-в'енец се-в'икат. С'ега в'елиме н'ие збор, в'еридба. Ааа, то: п'олу-в'енец се-в'икало п'орано. Со-п'оп д'ури пр'ајле. Се-с'еќава ја н'а-дуќан к'ај-нас за-Жифкота, 'онај Жифко што-му-'умре ж'ена-му. Сн'а:-е раб'отеше во сток'овнана. Та: сн'а-му 'една д'ебела. На-Стеве р'однина и б'еше н'ешто. Една уба:. И ќе-н'апра:т п'олу-в'енец и п'осле в'еќе ќе пра:т дог'овори. И с'ега ќе-се-догов'ара:т за-св'адбава, с'ега св'екороф ојт кај-сфатоф и-го-пр'ашуват: „Шт'о-бараш? За-св'адбата да-донеса м'есо, р'акија?“ И н'екој кој с'акат дозв'олувал, д'емек: „Дон'еси-ми.“ А-н'екој не-си-дозв'олувал, кој-е п'оеснаф. И ко-ќе-е-пр'а:т св'адбата, на-пр'имер с'абота н'а-вечер, ќе-се-с'оберат, п'рво ќе-го-з'аклучат з'етот. К'умот го-закл'учујт з'етот. Пак с'ите окол'у-него со-муз'иката ќе-го-заключ'ува:т. Пак 'ајде по-т'о: п'осле, ќе-го-дотер'ува:т саб'ајлето к'оњот н'егоф, пак 'овие со-к'оњи 'исто т'ака, к'оњите ќ-и-н'акитат со-в'еленца 'убај, со к'ако 'оние пл'етенки ќ-им-пл'етат на 'опашкине, с'ака да-р'еча, па-ќ-'одат по-н'евеста, па-д'евер, кум, како-да-т'и-кажа. И с'ега ко-ќе-'идат со-нев'естата и муш'тулџија н'осат. Е тој, ко-ќе-се-пр'иближел до-к'уќата, а-т'ој пр'етходно 'идет, п'орано, и-го-з'емат муш'улокот д'емек. Е-н'осиме сн'а:та. А-свек'р̨вата д'ома ч'екат: с'ито, с'укалка, в'олна, в'ина, благ'а-вода. Свек'р̨вата е-доч'екујт нев'естата, е-'оцкриват, на-пр'имер, и-д'ават да-з'апредет од-в'олната, и-оп'ашујт ск'утина, и-д'ава:т од-м'анџите 'едно л'епче да-к'аснет. Од-помиј'арникот к'ајшто-се ф'рлени. Сл'ушаш! И ко-ќе-е-д'онесат в'ечерва нев'естава и с'ите об'ичаи и-пра:т с'ега. Ч'есна 'али б'ила. Се-соб'ира:т

с'абајле да-в'идат, девер'ицата, свек'р̥вата, св'екорот, с'ите т'ије, и п'осле т'оплат р'акија. 'Ако-је 'исправна, ќе-го-н'акитат 'ова мн'огу 'убо:, рак'ијата. И ч'ашата ќ-'одат кај м'ајка-е, т'атко-е да-им-к'ажат. 'Ако н'е-е пак н'естата, пак ќе-'однесат р'ушена ч'аша. Со-р'ушена ч'аша ќе-п'ојдат. Е н'екој д'о-тамо 'ојле, д'о-тамо 'ојле зн'ачи, на'опаку ќе-е-к'ачат на-маг'арено и ќе-е-вр'атат кај м'ајка-е. На'опаку на-м'агаре и н'asat. Б'ог-да ч'уват. А понед'елникот саб'ајле е-н'осат нев'естата н'а-вода. Нев'естата т'аму на-с'ите им-п'отурат да-се-м'ијат и-ги-д'аруват. П'осле е-вр'аќа:т д'ома и т'о:-е понед'елникот, д'емек крај. И с'ега се-догов'ара:т прв'ичето кога-д'а-бидет. Не-ко-с'ега 'одма се-вр'аќа:т. П'рвиче е "откај д'ејкава да-п'ојдат кај ќ'ерка-им н'а-гости. То: 'обично си-закаж'увале, 'обично по-две-н'едели или-за-празн'иците к'ако-се, и с'ега, т'огај 'обично с'учат п'итиња да-се-зас'учеле раб'оќето. И ќе-п'ојдат п'рво к'ај-ними, и п'осле кој с'акат от-фамил'ијава ќе-и-в'икат: „Д'ојдете и к'ај-нас, д'ојдете и к'ај-нас!“ и т'ака (Се: од-з'етоф фамил'ијава). Ќе-и-в'ика:т. Нејс'ините, од-дев'ојкава фамил'ијава. На-пр'имер с'ега, к'ако т'ебе ко-те-з'едо:, е па-с'ега да-д'ојдат от-кај-м'ајка-ти фамил'ијата на-г'ости, па-да-и-в'икнеме 'и-ние н'а-гости, па-да-и-в'икнат и др'уги р'однини от-м'аш-ти и т'ака. Т'ака завр̥ш'увала св'адбата.

К'ако пр'ајле к'р̥штефка

За-к'р̥штефка, да-ти-к'ажа, си-е-к'анеле фамил'ијата и-м'ајката н'е-ојт на-к'р̥штефка. И 'одат ф-ц'р̥ква и до-шес-н'едели б'ило кр̥што-в'ањето. Н'икако п'осле шес-н'едели. 'Исус 'Христос е-р'оден на-Б'ожиќ, рожд'ение на 'Исус и т'ие не-го-к'р̥стиле, з'ато: п'осле е-к'р̥стен. Кр̥штев'ањето б'ило на-Ј'ордан, на-р'еката, т'огај го-к'р̥стиле, на-В'одици. И, с'ега, ќе-д'ојдат ф-цр̥ква ц'ела фам'илија и ќе-да:т р'учек и-ц'ела фам'илија ќе-е-д'р̥жат и-'името н'емат ти к'ако с'акаш, к'ако ќе-си-к'ажет к'умот. К'умот! К'ако ќе-си-р'ечет к'умот т'ака. А-е дар'увале ц'ела фам'илија. К'умот н'осел 'основни р'аботи за-б'ебето: пл'атно б'ело, св'еќи и-во-т'о: пл'атно тој не-г'о-бришет п'опон ко-ќе-го-к'апет и-му-го-д'аваат на-к'умот во-пл'атното. И-во-пл'атното м'орат да-пр'еспијет д'етево. В'одено, в'одено. Без-р'азлика. Во-пл'атното, г'оло. Во-пла'тното от-к'умот зав'иткано и-с'о-него м'орат да-пр'ес-пијет па-п'осле... Р'учек обав'езно д'ома. Дар на-к'умот и-на-др'угите, на-с'ите. С'ите што се-пр'исутни. Не с'амо к'умот. И к'умот што ќе-р'ечет 'име, н'е ко-с'ега.

П'опот и сиром'ајот

Си-б'ил 'еден поп. Му-'умрела ж'ената и-тој к'утриот с-изн'амачил, б'ез-жена. Е 'имало во-с'елото н'екој с'иромаф, и к'ујзнајт к'ако е-пр'елагал скр'ишум ж'енава да-е-з'емет. Му-е-з'ел на-сиром'ајот д'ома. 'Овај: „Ж'ената ми-е-н'емат, ж'ената ми-е-н'емат, ај ч'иле што-ме-н'ајде". А-п'опоф пак, р'анел св'иња. И сиром'ајоф, с'ега се-с'етил, н'асетил д'ека ж'ена-му е-кај-п'опоф. И 'отишол му-'украл св'иња. И п'опоф с'ега, с'ите с'елани и-пр'ашујт: „Кој-ми-'е-зеде сфињата?" Е с'ега и-в'икат, и-в'икнал с'ите ф-ц'р̨ква, пот-петр'афилон. „Ти ми-е-з'еде сф'ињата?" 'Овај 'оздола одгов'арат: „Не, в'елит, ја не-с'у-зел н'икаква сф'иња." „Д'обро, 'ој-си." Др'угиот, тр'етиот, с'ите и нај'озади д'ошол до-'овај што-му-е-з'ел ж'енава. И тој в'елит: „Ти ми-е-з'еде сф'ињата?" 'Овај ќутит. „'А-бре, ја ти-в'ика, те-пр'ашува, ти ми-е-з'еде сф'ињата?" „П'опе, р'ече, да-ти-к'ажа пр'аво, н'ишто не-с'е-слушат 'овде в'ака. Н'ишто не-с'е-слушат." „Ај пак р'ече, да-пр'оба ушт-'еднушка." „Ај пр'обај ушт-'еднушка. Н'е-слуша н'ишто." А-т'ој сл'ушал, ама го-л'ажел. „'Ела, р'ече, да-в'идиш ти!" И с'ега п'опоф ојт пот-п'етрафил а-о'вај одозгора. „Ти ми-е-з'еде ж'ената?" „А-бре н'ишто н'е-слуша. В'истина, рече, не-се-сл'ушало н'ишто."

П'опот и п'итропот

П'опоф и-п'итропоф с'еднале ќе-пиш'ува:т к'олку 'имат рас'ипани ж'ени во-с'елово. И с'ите т'ие зн'ајле д'ека тр'иесет ж'ени 'имат. Пиш'увале, пиш'увале, двајст-'и-девет. И 'овај кл'исароф му-в'елит: „Ама п'опе, р'ече, триес'етата ќе-б'идет тв'ојна." „Ај, д'оста ти, р'ече, к'ако м'ојта? То: ушт-'еднуш да-не-си-ми-г'о-рекол." „Е, р'ече, п'опе, ќе-ти-д'окажа." „Е, р'ече, к'ако ќе-ми-д'окажеш?" „Знај што, 'утре ќ-'ојме, н'а-др̨ва." И п'ошле н'а-др̨ва и тој му-р'екол на-п'опот: „с'ега ти скр'и-се ф-пр'ачки." Пр'ачки, не д'р̨ва, д'ебели, в'ака. И го-с'еднал п'опот, 'ама п'опот бил мал, а 'овај п'окрупен маш. Го-с'еднал во-пр'ачките, т'ука го-скр'ил и-'идат. 'Излагат поп'аѓата: „А-бре, р'ече, к'аде: п'опот?, Д'ојдофте?" „Д'ојдофме." „К'аде: п'опот?" „'Остај-се, што-напр'ајфне. 'Имаше 'едно ш'упливо д'р̨во, в'елит п'итропоф, ја, вл'егоф, ама-ј'а кр'упен в'ака, не-ме-соб'ираше р'ече, п'опот вл'езе, си-пр'опадна вн'атре. И та:, с'ега, и-се-св'иде 'овај п'итропоф : „К'ако, к'ако т'ебе не-т'е-собра. Зн'ачи п'опот пр'опадна вн'атре!" А п'опот сл'ушат. 'Овај, п'итропоф с'акат да-му-д'окажет с'ега. И пак т'аја:

„К'ако, к'ако т'ебе не-т'е-собра. Па в'истина, р'ече, ти в'ака, д'емек, п'оубаф от-п'опоф, п'окрупен!“ Ф'изички п'ојќе и-одгова'рат и-т'ој п'опот 'оттаму: „Ах м'ајчето тв'ое, р'ече, в'истина ти си-б'ила триес'етата!“

За-нев'ерните ж'ени

"Отишле да-с-исповеда:т ж'ени кај-п'опот. „Испов'едај-ме, р'ече, му-гр'еших на-м'аш-ми.“ П'опот р'екол: „знајш што, к'олку п'ати си-го-изнев'ерила м'аш-ти, т'олку п'ати да-св'р̨тиш 'околу ц'р̨квава.“ И 'ова:, д'обро. Н'е-била та: мног'у-пати н'еверна. И с'ега ојт и-др'угава. И р'ече:„П'опе, ја... 'и-таја 'исто т'ака, р'ече, в'ака и-в'ака.“ И п'опот и-в'елит: „И-ти ќе-свр̨'тиш окол'у-цр̨ква, колк'у-пати си-го-изнев'ерила маш-ти, т'олку-пати.“ А ж'енава му-в'елит: „М'ожет да-е-з'ема биц'иклана 'од-дома?“

За-л'ошата ј'атрва

"Онде 'имафме дван'ајсет д'уќани л'ели. 'От-кај н'ашион да-п'очнеш, д'о-кај П'ирин д'о-горе, дван'ајсет, б'еа с'ите од-д'едо-ми. Е с'ега 'ова: м'ајка-му на-К'ицота, се-ск'арале со-јат'р̨ва-је. Се-ск'арале, се: што-в'елат ко-ј'атр̨ви, се-к'ара:т ко-ј'атр̨ви, р'етко ј'атр̨ви да-се-сл'ага:т. И та: јат'р̨ва-је, да-и-го з'емет д'етето и-д-и-го-ф'р̨лит в-едендол. Јат'р̨ва-е и-г-'украде, во-'една к'уќа дел'еници. Го-б'арале ок'оњи. К'оњиве знајш по-с'екакви уг'орници, по-с'екакви п'атишта 'одат. И го-н'ашле под 'една к'арпа, пл'акало, пл'акало, пл'акало в'еќе тр'и-дена, з'амисли. И го-дон'есо: д'ома, в'икна: л'екар, п'рво гокл'авале во-ст'удена в'ода, м'исла т'ака го-освест'ујле, к'ако зн'ајле, 'ама си-'остана д'ефектен.

Ко-от'идофме н'а-сфадба за-с'ин-му од-К'ицота, з'емаше од-Ск'опје н'евеста. Ej н'ие не-п'ојдофме т'аму, д'ома. И с'ега ко-сест'рашта ова: Киц'ојца: „Л'еле, рече, мори ја д'енеска се-зафатиф ср'абота, д'евер-ми не-г'о-видоф. К'аде: тој, р'ече, 'ако не-м'у-дајш да-ј'адет, н'е-јадет.“ Ааа, тој, ф'р̨лениоф, б'ебево, с'ега г'олем. „Н'е-јадет, р'ече, и-ќе-си-ст'ојт в'ака. М'ајка-му шлог'ирана н'е-зна к'олку г'одини, све тој 'измет, све. Да-му-р'ечеш д'енеска: 'оди к'опај-а н'ивана, ич не-с'еднујт, ќе-'ископат с'ета; 'оди дај-им в'ода, ќ-им-д'ајт, а 'инаку 'ако не-м'у-речеш, ќе-си-ст'ојт в'ака, ќе-си-ст'ојт.“ И 'умре на сед'умдесет и

н'еколку г'одини. Знајл да-зб'орујт, ја не-г'о-чуф. М'ајка-ми к'ошто ми-каж'уше. А в'ажно 'ова: ќе каж'уше, Киц'ојца: „Ако му-р'ечеш с'ега 'ела ј'ади, ќе-му-ст'аваф...“ Дод'уша мн'огу му-пр'ајше т'аја ч'естој, сна:-му. А м'ајка-му шлог'ирана. Тој: „Ост'ајте-ја м'ајка-ми ја ќе-е-гл'еда.“ Е па то: три д'ена, б'ебе, 'и-то: во-ст'удено вр'еме, во-д'ождлио, 'есење б'ило, на-м'озокот бре к'уј-знајт к'ако му-преп'уknујл. Ти, на-к'аква н'ега д'ецава, пак б'олести 'има:т што...К'олку да-б'ило 'отпорно, к'олку, то:-е вр'еме. Прем'ѫзнало, д'ете м'ало, к'ај-мојт да-п'однесет такв'о-нешто. И т'аква хр'аброст, да-го-гр'абнет д'етево и-да-го-'однесет н'егде, ж'ена! На-св'оја ј'атѫрва! Н'емат св'едоци. По-кар'ањето, што-се-к'арале. И-се-закан'увала та:. Н'а-сут ко-ќе-п'ојш с'екојпат кр'ивиот 'испаѓат праф. 'Оти т'ие зна:т да-се-бр'анат. И-ф'аќа:т, и-пл'аќа:т, к'ај-знајт шт'о-пра:т. Да, тој што прајт т'акво н'ешто, 'однапрет пл'анират, к'ако ќе-с'е-бранит. Ар'амија дур не-н'апрајт план, к'алаус, што-в'икаме, н'е-ојт тој ни-да-кр'адет, ни да-пр'ајт н'ешто.

Раскаж'ување

В'анѓу и-знајт како-се-в'ика:т с'ите. Тр'еќиот н'е-зна како-се-в'икаше, во-Ит'алија. Тие си-зам'ина: во Турско, 'уште с'о-време. Ја ко-се-м'ажеф ф'устанот го-ш'иеф нев'естински во-Б'ѭтола, и ќ'ерка-му на-тој Р'еџеп д'ојде да-го-з'емет за-м'устра от-к'ај-мене. 'Оти се-зн'ајфме со-т'атко-е. И тој ти-в'ела, ќ'остегот, ф'есот н'а-гла:, д'отеран и ќе-д'ојше пр'ед-дуќан, 'одма с'инот ќе-му-изв'ајше ст'олица и ќе-с'еднеше. Т'о-е 'еснаф. Е се:, б'аба-ми, н'икој н'е-бе:, ни-м'ајка-ми, т'етка Р'уска м'алце л'ичеше. Б'аба-ми б'еше праф маш. 'Еднава, џ'акет н'осеше, од-'еднава стр'ана ш'ише р'акија, од-др'угата стр'ана к'утија џ'игари. Ќ-и-з'авиткат в'ака циг'арите, р'авно со-м'ажот-је. И ќе-се-соб'ере: н'а-дуќан кај т'атко-ми, ко-с'ега се-с'еќава, Ам'ет-Оџа, П'аун, Мил'етија (т'атко-му на-к'умот ваш) на-Ст'ојана, да) и ќе-пра:т м'уабет.

В'ујко-ми му-'умре ж'ената, и 'отко му-'умре ж'ената и с'еа, т'акоф 'обичај 'имале, тр'ебало што п'обрѫго да-се-ж'енит. И е-з'еде за-ж'ена...А три д'еца 'имаше: м'ашкото б'еше дван'ајсет г'одини, др'угите п'омали с'ите. Анѓа, Анѓа што-с'едеше кај...Аце тој се-в'икаше, 'една џ'ѫрна, кај-Ецка с'едеше, во-електр'ичноно раб'отеше. А 'Аце, м'ажот-је н'ејзин, м'ајка-му се-пр'емажи за-в'ујко-ми. И т'ам'ан е-з'еде, и-го-з'едо: в'ежба. Во-Кум'аново. В'ежба, в'ујко-ми п'осилник на-н'екој

м'ајор, како-да-т'и-кажа, тој с'о-него. И в'ујко-ми д'ојден б'еше, се-п'оболе д'етето, од-ш'арлах, гол'емото, и-д'ојден б'еше, п'уштен н'еколку д'ена. Оти т'огај и-зема: в'ежба, три-м'есеци, четири-м'есеци. Не ко-с'ега, дв'а-дена, петнајс'ет-дена. Се: во-р'атоф петнајс'ет-дена и-з'ема:т. И ко-с'ега се-с'еќава, т'атко-ми н'е-беше ј'аден ич, и м'ајка-ми ми-в'елит, одн'еси-му 'аман ќе-му-се-сл'ошит, д'осега гл'аден. И ги-н'ајдоф т'ука: Мил'етија, П'аун, Ам'ет-Оџа и б'аба-ми. И б'аба-ми прајт м'уабет с'о-него. А в'ујко-ми д'ојден на-т'акво. А в'еќе весн'ициве пиш'ува:т д'ека ќе-капитул'ират Југосл'авија. Ко н'ападна Г'ерманија. И му-в'елат н'ему, на-в'ујко-ми: „Н'е-одај, 'еве и-весн'ициве п'ишува:т, н'е-одај 'овие д'еној." „Н'е-сме: да-н'е-ода. М'ора да-се-ј'ава, в'елит. Дезерт'ер ќе-б'ида, н'е-можа да-н'е-ода." 'Еден ден 'остана, четв'ртокот н'е-појде, п'етокот 'отиде, во-нед'елата г-'убија и-до-д'ен д'енеска не-гозн'ајме к'аде:. А с'ите три д'еца умре:. И 'оваја си-се-вр'ати. От-ш'арлахот. Па н'емало лек. Се-сп'ојујт г'рлово. К'ако-е то:. Т'аква е б'олес. Ја су ч'итала. 'И-сега т'ешко се-л'ечит, ако н'е-е н'авреме откр'иена. Ама не-ум'ира:т. Долготр'ајно л'ечење м'ожет 'ама...Т'огај н'емало, 'еден Ч'учковиќ, како-с'е-викал, 'еден л'екар во-г'радоф бил тој. Дод'уша и-гр'адоф т'олкаф бил. С'ега пак да-ти-к'ажа, све испотр'уени од-мн'огу л'екој. Мн'огу п'иеме л'екој.

Се вакцин'ира:т с'ега од-ш'арлах, од-сип'аници, од-з'аушки. М'ашките д'еца н'еплодни б'иле, ст'ерилни од-з'аушки.

А б'аба-ми, т'аја б'еше б'абица. На-ц'ела шипт'арија. На-н'аши, на-шиптар'ијана, н'оќеска ќе-д'ојдат, ќе-е-в'икнат. И к'обила 'имаше 'една, М'ица. И ќ-и-р'ечеше: „М'ицо! Н'а-место. 'Еден к'амен в'ака в'исок, г'олем за-т'упање. И до-к'аменот ќе-п'ојше коб'илата, и-б'аба-ми ќе-се-к'ачеше и-со-коб'илата 'ојше. Б'абица.

Валентина Крагујеска (1968)

За селото Ман'астирец и хуманоста

Свек'рва-ми е од-Ман'астирец. И п'ошто л'етово не-м'ојме да-п'ојме н'а-одмор, п'ари н'емаме со-к'уќава, одл'учифме да-пос'едиме т'амо. Да-пос'едиме 'едно п'ечес д'ена, к'олку што ќе-'имаме в'реме и 'една мн'огу инт'ересна р'абота во-Ман'астирец се-сл'учуват, с'ите ж'ени, не с'ите, но-пр'етежно одл'училе да-з'емат д'еца од-д'омоф безрод'ители со-т'о:-што н'е-ќе-ги п'осфојат, но за-одр'едена п'арична над'окнада ќр-ги-гл'еда:т. Ќе-ги-гл'еда:т и мн'огу инт'ересно што ги-гл'еда:т в'истина ко-св'ои д'еца. Ги-гл'еда:т ко-св'ои д'еца т'ака што

